УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# ИСТОРИЈА НА СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ ВО ВЕЛЕС МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

-МАГИСТЕРСКИ ТРУД-

МЕНТОР
ПРОФ. Д-Р ДАРИНКА ПЕТРЕСКА

КАНДИДАТ
ЈАСМИНКА НАЈДОВСКА

СКОПЈЕ 2006

# Содржина

Предговор....................................................................4

I.Општествено-Политичките и Економски прилики
во Велес Во Периодот 1918-1941.............................................9
1.Велес за време на Балканските и Првата светска војна...................9
2.Воспоставување на српската власт во градот (1918-1941)...............19
3.Работничкото движење и дејноста на КПЈ во Велес.......................31
3.1Изборите во Велес од 1920..........................................................35
3.2Дејноста на партијата по донесувањето на Обзнаната
и Шестојануарската диктатура.....................................................44
4.Дејноста на ВМРО(автономистичка) и ВМРО(обединета)
во Велес меѓу двете светски војни и нивното влијание
врз секојдневниот живот на граѓаните...........................................56
4.1Дејноста наВМРО(автономистичка).............................................56
4.2Дејноста наВМРО(обединета).........................................................64
5.Економската состојба во градот.....................................................68
5.1Земјоделството меѓу двете светски војни.....................................68
5.2Занаетчиството во Велес..............................................................72
5.3Развојот на индустријата и трговијата..........................................74
6.Улогата на Српската православна црква во секојдневниот живот
на велешани......................................................................................79
7.Велешките села и нивните врски со градот во периодот меѓу двете
светски војни.....................................................................................95

II.Начинот на живот и егзистенција на различните социјални слоеви
во Велес
1.Традицијата и културата на живеење меѓу двете светски војни..105
1.1Велешката куќа во домувањето и секојдневието
на граѓаните.....................................................................................105
1.2Велешките пазари и чаршијата......................................................124
1.3Кафанскиот, боемскиот и рекреативскиот живот на
велешани..........................................................................................128
2.Велешките празнувања.................................................................135
2.1Велешките свадби.........................................................................145
2.2Празнувањата на турското население.........................................149
2.3Турските свадби.............................................................................153

3.Животот на различните социјални слоеви во градот меѓу двете светски војни....................................................................................156
3.1Трговците и индустријалците во градот........................................156
3.2Велешките работници........................................................................166
3.3Велешките занаетчии..........................................................................181
4.Друштвата во кои граѓаните се организираат и членуваат независно од својата имотна состојба..................................................209

III.Културно-просветните прилики во Велес меѓу двете светски војни
1.Основното и гимназиското образование........................................216
1.1Основното образование.......................................................................216
1.2Гимназиското образование.................................................................224
2.Граѓанските училишта.........................................................................241
2.1Улогата на Народните универзитети.............................................248
3.Велешката студентска младина........................................................250
4.Развојот на библиотекарството во Велес........................................256
5.Велешките автори меѓу двете светски војни..................................261
6.Театарската традиција на Велес.......................................................272
7.Кината во Велес......................................................................................276
8.Музичкиот живот во Велес.................................................................278
8.1Велешките серенади..............................................................................284
8.2Велешките чалгии..................................................................................286
9.Спортот и спортското живеење во Велес.........................................290

IV.Здравството во Велес меѓу двете светски војни и хуманитарните здруженија.............................................................................................297
V. Улогата на велешанката меѓу двете светски војни.......................303
Заклучок...........................................................................................................317
Кратенки...........................................................................................................320
Извори и Литература.....................................................................................321

# ПРЕДГОВОР

Своето егзистирање, односно постоење македонскиот народ го овозможи преку еден навистина трновит пат, исполнет со доста препреки и кривини, кои најчесто умееше разумно и совесно да ги избегне. Тоа беше тешка задача која овој народ ја совладуваше со векови, борба која бараше и земаше многу жртви, благодарение на кои и умешно се испишаа страниците на македонската историја, традиција, култура, јазик ..., односно се она што ќе значи и подразбира македонска државност.

Таа борба продолжуваше и во почетокот на XX в., која во македонската историја ќе ги забележи своите најцрни страници, односно запише едно времето кога овој страдалнички народ ќе се обиде да стави крај на понижувачкото и тешко петвековното турско ропство и создаде своја посебна држава, за која многу голем интерес токму тогаш, ќе покажат неговите соседи.

Имено следува времето кога нови војни беа неизбежни за Македонија, по кои таа и нејзиниот народ ќе се соочуваат со познатите за неа поими: делби, окупација, асимилација, колонизација итн. Токму затоа, историјата на македонскиот народ е преполна со тага и болка, во која тој е поробен економски, политички и национално, подложен на најгруба експлоатација, на чиј грб се потпираа богаташите, разни претставници на корумпираниот отомански ражим, како и пропагаторите на големодржавничките идеи: грчки, бугарски и српски.

Како составен дел од нејзината судбина, трите држави, Србија, Бугарија и Грција, гледано низ историјата со векови station наназад, ќе се борат и овој пат да заграбат што поголем дел од македонската земја и да ја наречат своја сопствена, која "конечно" и "праведно" им припадна ним. Секоја од овие три држави нема да чекаат ниту момент во спроведувањето на власта, затоа што само така можеа да го докажат "историското право" на тие делови и народот којшто живееше таму.

При тие повлекувања на новите политички граници на Балканскиот Полуостров, уништувачки за Македонија, нејзиниот вардарски дел влезе во составот на новосоздаденото Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, од 1929 г. Кралството Југославија. Од овој период 1918 г., па се до 1941 г., секое населено место на

оваа територија, се мисли на Вардарскиот дел, ќе го почувствува навлегувањето, односно обидот за продирање на српскиот дух, преку општествено - политичкиот, стопанскиот, црковниот живот, културно - просветниот, односно преку целокупното секојдневие, составен и неизбежен дел на секое семејство.

Меѓутоа, токму тоа секојдневие, се покажа како еден од најважните фактори во начинот на одржувањето, обединувањето и продолжувањето на македонскиот корен, несовладлив колку и да се уништува и потсекува во моментите кога туѓи сили и влијанија интензивно настојуваа да го спречат неговото разгранување.

Овозможувајќи си и заземајќи видно место во македонската историја, но на кое му се посветуваше непогодно и недоликувачко внимание, секојдневен живот ќе биде и предмет на истражување на овој магистерски труд. Преку континуираните консултирања и соработка со мојата менторка проф. д-р Даринка Пачемска Петреска, проф. д-р Виолета Ачковска и проф. д-р Васил Тоциновски, се роди идејата за еден труд во кој основната идеја ќе биде прикажувањето на секојдневниот живот на моите сограѓани, велешани, меѓу двете светски војни, но живот кој во тој период го делеле сите Македонци.

Имено во моментите кога интензивно, преку широко отворени врати на нашите простори, навлегува влијанието на глобализацијата и почна да се занемарува и заменува она старото, нашето, традиционалното со модерното и туѓото, се почувствува потребата од прикажување и доближување до јавноста на секојдневието од минатото, кое го одржа македонскиот народ и доближи до степенот на кој се наоѓа денес. Токму затоа и се дојде до идејата за изработување на овој магистерски труд, односно преку прикажувањето и обработувањето историјата на секојдневниот живот на велешани во периодот меѓу двете светски војни, како и на тогашниот опстанок од масовните секојдневни нафрлувања и наметнувања на српската власт, која не бираше средства ниту пак методи во спроведувањето на својат режим и наметнувањето во традицијата, исполнета со народните обичаи и навики, култура, образование, односно сè она што значеше српски дух, да се дојде до сликата за цврстината на македонското семејство, неговата борба и преголема желба за егзистирање во чиста македонска средина, во која не ќе постои некој, кој би ја управувал и наметнувал.

Периодот меѓу двете светски војни ќе означува време кога на македонската територија, поточно во нејзиниот вардарскиот дел повеќе од две децении се наметнуваше српската историја,

традиција, јазик, односно "историски докажаното, вековно српско право и надлежности" на оваа територија и нејзиниот народ. Тие српски обиди за продирање во крвта на Македонецот нема да одминат ниту еден град и население. Меѓу нив ќе се вбројат Велес и велешани, кои токму тогаш, меѓу двете светски војни, нема во ниту еден момент да дозволат да се наметне нешто туѓо, посебно ако тоа значи негово национално обезличување.

Новите окупатори ќе се обидат да ја зацврстат својата власт, внесувајќи голем број мерки и промени, кои се однесуваа на неговиот секојдневен живот. Имено тие во почетокот се обидоа да се вкоренат преку начинот на управување, донесувајќи го и распространувајќи го својот многуброен административен, политички и воен апарат, кој работеше врз основите на она што истата оваа власт го имаше донесено за време на нивното навлегување веднаш после Првата балканска војна, за понатаму да воведе многу промени, закони и одредби кои тешко се одразуваа врз тамошното население и сеопштото егзистирање.

Неопходна за нив беше улогата на српската православна црква, која се обиде да создадеде вистински српски верници, лојални на српската црковна традиција, заземајќи ги веќе постоечките храмови и градејќи нови во кои наложуваше масовно посетување и восприемање на сето она кое го проповедаа српските свештеници, односно српски ориентираниот црковен кадар.

Истиот во соработка со државната големосрпска власт, ќе се обиде да продре меѓу личниот живот на семејството, исполнет со богатите македонски обичаи, верувања, домашен фолклор, односно меѓу сето она што овој народ го правеше поразличен и препознатлив од другите исполнет и надополнет со државните и верски празнувања и одбележувања. Сепак сите тие настојувања се покажаа како неразумни и залудни за оние кои мислеа дека да се изменат старите и наметнат нови обичаи, празнувања, славења, односно да се претопи целосно еден народ е многу лесна и непречена дејност.

Продреа и во рамките на велешкото, македонско село обидувајќи се да продрат меѓу редовите на себично чуваната македонска традиција, која успеа слободно без двоумење да егзистира, продолжи и предава на идните генерации.

Продолжија да навлегуваа во рамките на културно-просветниот живот, односно во рамките на основното, средното и високото образование, спроведувано од просветен кадар кој успеа само да

произведе уште поголеми и посовесни надалеку познати велешани, Македонци.

Не отсуствуваа ниту од спортскиот, музичкиот, театарскиот живот, како и од кинематографијата, организирајќи ги на свој начин преку создавање на мнгубројни режимски друштва и организации во кои наложуваа принудно засилено учество на велешаните, кои пак напротив покажаа одлични способности за нивно преориентирање и насочување на состојбата во своја корист, совесно искористувајќи ги можностите кои ги овозможуваше власта за свое лично презентирање.

Така велешкото секојдневие ќе биде исполнето со многу позитивни и негативни последици, предизвикано од времето во кое живееја, меѓутоа токму тоа ќе биде и причина за континуираното одржување на велешани, и нивната со векови создавана традиција, без која можеби и немаше да бидат она што денес тие значат, заедно со нивниот град, споен со минатото и сегашноста. Нарушувањето на македонскиот идентитет, ќе наиде на една генерација, на која ќе и биде оневозможено да го изучува своето историско минато, својот јазик, култура, но и една генерација која наоѓајќи се под силното влијание на својата вековна традиција ќе манифестира културни и политички појави, со изразено македонско национално чувство.

Имено Велес и велешани заедно ќе успеат да се одржат во овој период, онака како што тоа успешно го постигнуваа и во претходните години, децении, векови, но никогаш не го загубија своето македонско, велешко ЈАС, кое благодарение на вековните традиции ќе останат неуништени и незаборавени.

Поттикната од одлучноста и борбеноста на велешани, огледано во нивното вековно постоење, одлучив во ова прогресивно време уште еднаш да се навратам на оние стари генерации кои сеуште постојат и со силни емоции раскажуваат и потсетуваат за времето на својата младост.

Трудот е резултат на повеќегодишна научно-истражувачка работа во Државниот Архив на Република Македонија во Скопје и неговото подрачно одделение во Велес, Архивот на МАНУ, Архивот на ИНИ, НУБ"Св.Климент Охридски" во Скопје, градската библиотека "Гоце Делчев" во Велес, библиотеката на Институтот за Историја при Филозофскиот факултет, Државниот музеј во Скопје и Велес, Општината во Велес и други културни институции во Р.Македонија на кои во овој момент им се

заблагодарувам за неизмерната помош која умееја да ми ја овозможат. Трудот намаше да биде целосен доколку не постоеше и несебично дојде до израз, помошта од старите велешки семејства, богати како со добро зачуваните спомените од времето за кое трудот говори, така и со доста архивски материјал надополнет со фотографии, кои можеби и најдобро говорат и потврдуваат за сето она кое Велес и велешани го доживуваа во периодот меѓу двете светски војни. Неизбежна е големата благодарност до г-динот Славко Николов, кој не ги штедеше своите совети, сугестии, како и достапаноста до неговиот богат личен библиотечен фонд, за полесната изработка на мојот труд. Благодарност изразувам и до г-динот Никифор Смилевски еден од ретките велешани кои поседуваат прекрасна домашна библиотека сместена во просторија која одлично го доловува амбиентот на старата велешка одаја надополнета, односно исполнета со добро зачуван внатречен ентериер, карактеристичен токму за периодот меѓу двете светски војни. Трудот нема да ги заборави во своите спомени ниту старото велешко семејство Таневи-Јованови, кое ми овозможи евоцирање на своите спомени и користење на доста богатиот фотографски метеријал, семејството на Лазар Христов, г-динот Тони Андов еден од ретките нумизматичари, филателисти и колекционери на стари фотографии и предмети карактеристични и наменети историјата на Велес. Во текот на истражувањето посетив и дел од старите турски, велешки семејства, познати секое на свој начин, кои несебично ме примија и удостоија со внимание и драгоцено време посветено на основната идеја на мојот магистерски труд, на кои сесрдно им се заблагодарувам.

Искрено се надевам дека на сите овие сведоци, на времето за кое што истражував, времето на нивното детство и младост, им овозможив барем за момент да се вратат и потсетат на истото и пренесат со силни емоции, изразени преку нивното лице и душа.

# I.ОПШТЕСТВЕНО - ПОЛИТИЧКИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРИЛИКИ ВО ВЕЛЕС ВО ПЕРИОДОТ 1918 - 1941

## 1.Велес за време на Балканските и Првата светска војна

Почетокот на втората деценија на XX в. за Балканскиот Полуостров ќе значи еден пресврт, кој историјата ќе го запамети и запише како период кога само што беше прекинато едно господство-османското, настапи време кога балканските држави, започнаа со меѓусебни пресметки за создавање на нови граници, со кои тие би се прошириле. Македонија имаше важна улога за овие балкански држави, затоа што таа е во центарот на Балканот и онаа држава која ќе завладее со неа, себе си си осигурува политичка надмоќ над останатите балкански држави.[1]

Тоа се годините кога слабоста на Османлиската држава и обидите за нејзино протерување од балканските простори, ќе бидат рационално искористени од тогашните влади на Бугарија, Србија и Грција, кои веќе во 1912 г. го создадоа Балканскоит сојуз, како разултат на националноослободителните тежнеења на нивните народи и настојувања на буржуазијата да ги прошират своите национални пазари.[2] Меѓутоа тоа немаше да го постигнат доколку не излегоа на површина тајните игри на Антантата. Имено оваа сила под заветрината на новата клима, ќе го изврши својот хегемонистички план, односно својата казнена експедиција, за која Македонија и беше целосно потребна како жртва, како еден јазол, за изградбата на посакуваната моќ.[3]

Така и ќе започне Првата Балканска војна, која за Македонија значеше само пораз, срам, геноцид, рани кои и денес не можат да се излечат, граници кои никогаш нема да ја постигнат природната големина.

Имено Македонија стана арена каде ќе се концентрираат вооружени армии на балканските држави, кои во оваа војна насочена против совладувањето на Османлиската империја гледаа

---

[1] Коста Новаковиќ, Македонија Македонцима! Земља замљорадницима! , Историјски Архив "Чачански глас" , Чачак 1966, 15-16

[2] Саво Скоко, Други балкански рат 1913 г. , книга прва, Београд 1968 г. , 9 -10

[3] Ханс Лотар Штепан, Македонскиот јазол, Скопје 2005 г. , 285

начини и можности за балканска доминација - економска и политичка, служејќи на интересите на европските сили.[1] Овие држави, не заборавија повторно со измама да го повикаат Македонецот, желен за слобода, да им се придружи во протерувањето на заедничкиот повеќевековен непријател.

Меѓутоа, на сите овие случувања не беше рамнодушна ниту веќе однапред победената Турција. Истата во почетокот ќе го искористи тогашниот албански елемент, последната нејзина надеж, подготвувајќи го за еден поход кон Македонија. Имено турската влада "за да го реши македонскиот проблем", со кој би ги оставила нејзините претенденти пред свршен чин, ветила административна автономија за Албанија, вкучувајќи во неа и голем дел од Македонија.[2]

Овие нови настани не ќе ги избегне ниту градот Велес, во кој турската власт за последен пат ќе се обиде да го задржи нивното внимание. Меѓу другото, за таа цел бил исцениран еден албански поход во многу македонски градови, меѓу кои и Велес, каде "интелигентните Албанци се среќаваа со граѓаните, убедувајќи ги дека под нивно господство ќе им било многу добро, и дека Албанија ќе била проширена се до Демир Капија. Се разбира тие не можеа да најдат свои симпатизери меѓу Македонците, особено тоа не можеа да го постигнат вон градот".[3]

Непосредно пред и по објавувањето на Првата балканска војна, огромен број на христијанско и муслиманско население од градот било мобилизирано во редовите на турската војска, која набрзо ќе биде поразена, односно ќе биде ставен крај на една огромна сила која повеќе од пет века господареше со овие простори. Пресвртот на Балканот ќе го означи Лондонскиот мировен договор, со кој и заврши Првата балканска војна, поделувајќи ја Македонија на три дела, кои само на привиден начин ги задоволија интересите на српската, бугарската и грчката влада. На повидок беше, односно започнуваше еден сосема отворено груб пазарлак кому и колку да припадне од оваа земја наречена Македонија.[4]

Во овие поделби градот Велес ќе стане дел од српската територија. Имено како дел од Вардарска Македонија во Велес неизбежна била српката окупаторска власт, за која познатиот

[1] Ѓорѓи Абациев, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958, 12

[2] Алексо Мартулков, Моето учество вореволуционерните борби на Македонија, Скопје 1954, 242

[3] Ibidem, 242-243

[4] Ѓорѓи Абациев, Балканските... op. cit, 73

велешки социјалист Алексо Мартулков ќе напише: При окупирањето на нашиот град од српската војска, ние велешаните ги дочекавме "ослободителит" многу свечано. Не може да не се признае фактот дека во првите денови од војната голем дел од населението - со мали исклучоци - беше во делириум од радост. Та дојде крај на повеќе од петвековното турско ропство ! Нас не исполнуваше надежта дека ќе настапат поволни услови за подобар живот, кога ќе може да се гради, да се стави крај на тешкото минато и да бидат заштитени интересите на македонскиот народ.

Но, за жалост уште од првите денови, се виде кој ветер дува меѓу сојузниците - ослободители и какви изненади можеа да се очекуваат во блиска иднина".[1] Големо српските аспирации јасно и јавно беа изјавувани од власта, која сега ќе настојува да создаде добри Срби, српка историја, традиција, култура.

Во времето кога градот ја доживуваше српската окупација, обиди за спроведување на своја административна, односно целосна власт правеше и бугарската влада, иако постојано истапувала со проект за "автономија". Таа сакаше да го искористи народното незадоволство од српскиот режим, кој преку теророт од српските неодговорни фактори (Црна рака и комитациите), над недолжното население предизвика огромно незадоволство."Македонија за оваа соседна држава беше онаа земја, кон која се насочија сите копнежи и симпатии на бугарската буржуазија, која не се оддели од мечтата за ослободување на Македонија. Тоа е буржуазија која ја привлекуваа македонските плодородни полиња, пркрасните пристаништа и изобилните природни богатства, буржуазија која тамошните народни и работнички маси сакаше да ги стави под тешката тупаница на своето економско господство, да ги ограби нивните имоти и да ги претвори во безимотни работници, кои ќе ги експлоатираат во своите фабрики".[2]

Како главен центар на теророт од српските елементи, во Велес, многу луѓе биле претепани, убиени и фрлани во водите на Вардар, но еден дел и принудени својот спас да го побараат во соседна Бугарија, за да си го спасат животот, земјата во која од секогаш се трошеле милиони рубли за агитација, позади која се криела задкулисната игра на бугарската влада и дипломатија.

---

[1] Ibidem, 244

[2] Документи за борбата на Македонскиот народ за самостојност и за национална држава, томI, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Факултет за филозофско - историски науки, Скопје 1981, 543.

Но, не отсуствуваа ниту македонските обиди за спречување и оневозможување на соседните балкански политики. Од големо значење за велешани е иницијативата на нивниот сограѓанин Димитрија Чуповски, кој зимата 1912 г., решил директно да се најде на територијата на Македонија, каде "сојузниците" започнаа чистка пред се со македонските национални дејци.[1] Имено во Велес во куќата на Анѓел Коробар, под главно организаторство на Петар Поп Арсов и Ризо Ризов, се одржала конференција, на која требало да учествуваат сите политички партии кои се бореа за правата на македонскиот народ.[2] Сепак дејноста на овие велешки, македонски претставници не успеа да ги промени плановите и решенијата на претстојната Лондонска мировна конференција

Меѓутоа за многу кратко време ќе дојде до нарушување на меѓусојузничките односи. Нарушувањето на грчко-бугарските и српско-бугарските односи ќе колуминираат со нова, Втора балканска војна за која само три недели по склучувањето на Лондонскиот (прелиминарен) мир од 30 мај 1913 г., на една конференција на четирите премиери на членките на Балканскиот сојуз во Санкт Петербург, беше кажано дека "насекаде уште се зборува само за војна. Шансите за мировно решение на спорот, се паднати речиси на нула".[3] Имено големите сили, со сите расположливи средства, јавни и тајни, ги втурнувале балканските држави во меѓусебна војна, за пред почетокот на империјалистичката војна го срушат Балканскиот сојуз и отстранат таа моќна брана која стоела во правец на нивната империјалистичка експанзија во што и успеале.[4]

Барајќи спас и заштита во Антантата и Централните сили Балканските држави ќе ја започнат оваа војна, која водејќи се на територијата на Македонија истата и ќе ја уништи нејзината целост.[5]

Посебно тешки за македонскиот народ, се чинеле масовните и напорните докажувања на секоја од балканските држави, за

---

[1] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски и македонската национална свест, Скопје 1996, 82

[2] Перо Коробар, Панко Брашнар, Скопје 2003, 29

[3] Ханс Лотар Штепан, Македонскиот ..., op. cit,377

[4] С. Скоко, Други ..., op.cit, книга прва, 10

[5] Во делото Македонски јазол, Ханс Лотар Штепан за овие несреќни денови кои до денес ја одредуваат судбината на Македонците, ќе напише: На прашањето на војводата Лихновски(FÜRST LICHNOWSKI) од Долниот дом на Британскиот парламент само три надели пред Букурешкиот мир, дали на Големите сили би можел да им предложи создавање независна Македонска држава, министерот за надворешни работи Сир Едвар Греј, одговори дека смета оти тој предлог му се чини неможен за реализирање и не смете дека истиот би добил било каква поддршка.

историското право на територијата на оваа вековна територија. Бугарски и српски војски безмилосно се концентрирале на македонската територија посебно во правецот Штип-Велес, каде што началникот на српската команда војвода Путник посветил најголемо внимание, групирајќи три армии на просторот Штип, Криволак, Велес.[1] Тоа значело многу поголеми обврски и тешкотии за локалното население, кое покрај се морало дури и да се грижи за опстанокот на оваа огромна војска.

Сето тоа негативно се одразуваше во одржувањето на секојдневниот живот на велешани, кои повторно ќе бидат измамени, изманипулирани, угнетени и експлоатирани, со крајот на војната, означен со Букурешкиот договор, кој само ја потврди претходно нанесената неправда, срамна и уништувачка за Македонецот.

Велес и Вардарска Македонија, ќе останат под српска окупација, која значеше целосна нејзина управа. Имено по Балканските војни, теритиријата на Вардарска Македонија, ќе биде поделена на општински, околиски и окружни подрачја.[2] Велешкиот срез сега ќе се граничи на север со Св.Николскиот и Скопскиот срез, на запад со бродскиот срез, на југ со прилепскиот и на исток со Неготинскиот, до утоката на реката Брегалница. Соодветно на новата управно административна власт градот во овој период ќе биде поделен на седум квартови и тоа: Којник, Мегдан, Сармаале, Читкушева чешма, Прцорек, Палук Баба и Нова џамија. Секој кварт имал свој старешина.[3] Старешината во согласност со српската власт односно тамошните претставници, безусловно е задолжен да ги исполнува сите пропишани закони, одржува редот и поредокот во својот кварт, за што дури и му се определуваат и полициски надзорници и жандарми. Всушност, овие полициски надзорници и жандарми биле

---

[1] С. Скоко, Други ..., op.cit. , книга втора, (44 пешадиски баталјони, 8 коњанички ескадрони и 84топови- вкупно 70 000 луѓе од кои 55 000 борци, групирани се на просторот Штип, Криволак, Велес со Дринската и Тимочката дивизија.)

[2] Глигор Тодоровски, Македонија по распарчувањето 1912/13 - 1915, Скопје 1995

[3] Александар Христов, Зборник на документи за создавање на македонската државност (1893-1944),Скопје 1970, 239-242 (Старешина на квартот Којник е Илија Сребров,а членови на тој кварт се: Тодор Јоргов, Христо Владанов, Диме Гочев и Наце Грачанац; 2.Старешина на квартот Мегдан е: Димитрија Ангелов , а членови се: Пане Пешов, Диме Ванов, Андреа Јорганџија и Тодор Нејков; 3.Старешна на Сармаале е Јован Мајналов, а членови се: Никола Васков, Пане Ценев, Ѓоше Чадиев, Ристо Хаџи Ничов, Диме Попов и Алексо Попов; 4. Старешина на квартот Читкушева чешма е Глигур Димитриев, а членови се: Чучук Јонче, Михајло Бобесков, Ѓоше Петров и Ѓоше Данчов; 5.Старешина на квартот Прцорек е Ѓоше Кусов, а членови се: Јонче Сазов, Ѓоше Нацев, Јован Хаџи Попов и Душан Сараулев; 6. Старешина на квартот Нова џамија е Ванчо Котев, а членови се: Андон Кирков, Стојан Габеров, Алексо Дрндар и Алексо Шукаров; 7.Старешина на квартот Палук Баба е Ангеле Пецов, а членови се: Ристо Ѓорѓев, Јованче Кушов, Никола Настев и Никола Зафир.)

непосредните спроведувачи на владините решенија преку тогашните старешини на квартовите, за што биле должни да поднесуваат секојдневни информирања наменети до управникот на Велес и тамошниот командант. Меѓутоа мал дел од локалното велешко население ја имал можноста да врши јавни служби, затоа што само така српската власт можела да ја има контролата во градот како одбрана од несакани случувања.

По наредба на Министерството за внатрешни работи, уредувањето на Општината, како и поставувањето на соодветен кадар му било непосредно доверено на "Главната управа на здружението на деловодителите и општинските писари во Кралството Србија", единствениот орган подготвен да спречи несакани последици, од новиот начин на воспоставувањето и зацврстувањето на српската власт.[1] Истите требало да се грижат за одржувањето на редот и мирот, личната и имотната безбедност на сите граѓани, како и да ги помагаат воените власти и командантите на местата во извршувањето на воените задачи.[2]

Имено српскиот апарат, претставен од военото, судското, даночното, просветното и др. одделенија, веднаш почнал да се ангажира во сите домени на политичкиот, економскиот и културно-просветниот живот. За момент се добило српско обележје, кое тешко успевало да се наметне врз тамошното население, зашто едно население како велешкото, не сакаше и не можеше да се помири со фактот, дека тие сега треба да бидат што подобри Срби, изјаснуваат и делуваат како такви за туѓи интереси.

За да дојде до изесни успеси, ова српско чиновништво, доста често ја злоупотребувало својата власт, насочено кон граѓанството за што сведочат многубројните поплаки на локалното население, кои се покажале како неефикасни, затоа што власта занаела дека не може ништо да превземе против таквото неморално и несоодветно однесување, доколку сака уште во почетокот да ја зацврсти својата власт. Посебен проблем претставувал полицискожандармерискиот кадар, надополнет со приватни лица или комити, наменети за воспоставување на редот и мирот меѓу локалното население.

Иако имаа краток век, балканските војни за градот Велес како и за цела Македонија значеа катастрофални последици од кои никогаш нема да се опорават.

---

[1] Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914, Скопје 1979 , 70

[2] Глогор Тодоровски, Македонија по ... , op.cit. , 56-57

Војните на само што ги уништија природните и етнички македонски граници, туку значеа и уништување на неговото население, чиј број постојано се намалуваше, како резултат на многубројните човечки жртви на бојните полиња, жртви на многуте болести кои ги донесоа војните и сл. Многубројни и секојдневни биле злосторствата кои ги доживувало велешкото население, прследени со убиства, ограбувања, палења, разрушувања на државните и приватни имоти и сл.

Сето тоа ќе се одрази и на економско-стопанската состојба на целата територија на Македонија. Од град со развиено стопанство и трговија во текот на XIX в. , Велес ќе се претвори во град, кој почетокот на XX в. ќе го дочека со огромно назадување, кое велешани со децении ќе го чувствуваат. Економската криза најмногу ќе го погоди сиромашното население, претставено од занаетчискиот и работничкиот слој, кое секојдневно можеше да се сретне по улиците, не знаејќи како да ги надмине крајностите кои ги приредуваше сиромаштијата.

Балканските војни значеа и емиграција на турското население од градот, не можејќи повеќе да го издржи теророт, ограбувањата, убивањата, односно со еден збор, целокупната вистинска анархија. Со нивните напуштени имоти целосно ќе располага државата, согледувајќи во нив можност за брза и успешна колонизација, така што речиси во сите делови на Вардарска Македонија, со закон било одобрено "доброволно" населување на српски наклонетици, по претходно добивање на соодветни податоци за целокупниот расположлив напуштен имот.[1] Во градот останало само турското сиромашно население, кое на можело да најде начин за иселување од овие простори, живејќи со сето она што го носело тогашното секојдневие.

Несомнени негативни последици ќе се почувствуваат и на културно просветното поле. Новата власт задолжително морала да превземе интензивни подготовки на ова поле, затоа што тоа било едно од најмеродавните за наметнување на српскиот традиционален националистички дух, односно начинот на спроведувањето на асимилацијата и денационализацијата. Една од првите превземени мерки, било задоволувањето на потреби од наставен кадар, кој српската власт го доведувала од просторите надвор од границите на Македонија. Меѓутоа за веќе стекнатиот местен просветен кадар,

[1] Ibidem , 352-353

кој дотогаш работел во рамките на Егзархиските потреби, организирала тримесечни курсеви во Белград каде требало да се изврши доквалификација на македонскиот кадар. Меѓу овој кадар се наоѓале и многумина велешани, како Алексо Мартулков и др.

Велешани како и целиот македонски народ, имал право да се поплакува од новите окупатори. Тоа беа луѓе кои не се откажуваа така лесно од надежта за малиот дел праведност што им припаѓа, а за која знаеја сите, но, не се откажуваа од од жртвувањето на Македонија, ниту пак сакаа да ги слушнат повиците за помош.[1] Сепак тоа не беше крајот на делбите и борбите за оваа земја која и всушност во тие моменти, не постоеше на историската карта.

Па токму затоа започна, со огромен интензитет, нова војна, овојпат од светски размери, поведена од незадоволните новопројавени адути, која на светот ќе му ја докаже јавната тајна за прекројување на светската историска карта.

Првата светска војна на ја одбегна ниту Македонија. Нејзината територија во периодот од 1914- 1918 г. ќе стане објект за кој ќе се борат повторно силите на балканските држави и докажуваат во своите натпревари. Определувајќи се за еден од светските блокови, Антантата и Централниот сојуз, балканските држави само ќе ја смена улогата во однос на спроведувањето на својата власт.

Како незадоволна од она што и го донесоа балканските војни, Бугарија,"пролевајќи крокодилски солзи за изгубената Македонија"[2], во Централниот сојуз виде нова шанса за себе, која соодветно и ја искористи. Со парична помош од Австро-Унгарија во Вардарскиот дел на Македонија, таа ќе ги активира бројните врховистички чети од Бугарија и Пиринска Македонија, на која пак провокација српската власт одговорила преку активностите на војската, полицијата и четниците, кои не можејќи да се одмаздуваат на врховистичките чети од Бугарија, вршеле остри и крвави репресалии врз недолжното македонско, велешко население.[3]

Но, како и секоја претходна војна така и оваа, безмилосно зема многу жртви, кои беа резултат на неизбежната мобилизацијата на локалното население од страна на српската власт, која на познаваше за возрасна граница. Ваквиот начин на мобилизирање бил дочекан со бојкот во Велес, каде дури и се формирал одбор предводен од Алексо Мартулков. Тој ќе биде една од водечките

[1] Х. Лотар Штепан, Македонскиот ..., op.cit., 381
[2] Документи за... op.cit., 577
[3] Петар Стојанов, Македонија во периодот на Првата светска војна, Скопје 1969, 8

личности во организираното дезертирање на оние, кои требало да бидат испратени на тогаш формираните фронтови, каде овие Македонци фрлени на првите борбени редови, станувале месо на многубројните топови. Бројот на воените дезертери достигнувал од 1 500 до 2 000 од цела српска Македонија, испраќани во Бугарија, државата која секогаш "топло" ги примаше искористувајќи ги во вистинскиот момент.[1]

Велес овојпат ќе се најде на граничната линија која ја делеше Македонија на два дела, северен каде се наоѓаа војските на Централниот сојуз и јужен дел каде пак беа сместени војските на Антантата. Покрај градот, се до воспоставувањето на бугарската власт поминувале разни војски, кои оставиле само пустош позади себе. Токму тогаш за првпат велешани ќе видат и луѓе, припадници на црната раса, за кои долго ќе раскажуваат во чаршијата.

Воспоставената "нова", бугарска власт, значеше повторно нејзина управа и пресметка со цивилното население, посебно со она кое за време на српската власт беше ангажирано за нејзини цели, како и мобилизирано во редовите на нивната војска. Со истото ова население, на не помалку варварски начин од Србите се пресметуваа Бугарите. Жените кои биле омажени за Срби, српски службеници и офицери, ги малтретираа ги понижуваа, затвораа, казнуваа со парични казни, интернираа во Бугарија, еден дел од нив како "големи грешници", во "бела вреќа" пуштаа по Вардар.[2] Но не настрада само градот, настрада и селото. Во оние исти велешки "бугарски села", кои до пред малку беа "српски" биле извршени безброј насилства и убиства, кои дури станале забележани од Меѓусојузничката истражна комисија, предводена и составена од членови на силите на Антантата.[3] Познатите "Документи кои се однесуваат за кршење на Хашките конвенции и општото меѓународно право, во периодот 1915-1918",[4] понудуваат многубројни податоци за бугарскиот терор во Велес, меѓутоа и во други градови на Македонија, нанесен врз цивилното население.

---

[1] Алексо Мартулков, Моето учество... op.cit. , 291

[2] А ИНИ , Сеќавања на Бане Андреев-Ронката

[3] Веле Алексоски, Масакар врз цивилното население во Велешко во Првата светска војна според податоците на Меѓусојузничката истражна комисија(1919 г.). Во: Сп."Велес" , год.III бр.3,38-39

[4] Документи кои се однесуваат за кршење на Хашките конвенции и општото меѓународно право, сторени 1915-1918, Париз 1919

За Велес во времето на Првата светска војна, свое сведовштво ќе остави и Паул Кирх, приватен доцент на Универзитетот во Бон и полковник во големата војна, шеф на Генерал - штабот на 11 германска армија, стационирана во Македонија, во кое се вели:

"На почетокот на војната Велес беше окупиран од Бугарите, кои продреа преку Кочани и Штип. Неговата положба меѓу Таорската клисура и теснецот во Велес, го прават главна раскрсница и важен премин преку Вардар. Затоа во турско време се викаше Ќуприли-Град на мостовите. Велес е изграден од двете страин на Вардар анфитеатрално. Земјата и падините на долината се плодородни. Се одгледуваат сите сорти на жито , освен тоа афион и тутун."[1]

И оваа војна не донесе ништо добро меѓу велешкото население, освен глад, сиромаштија, многу болести, како дизентерија, колера и пегав тифус, намалување на самото население, секојдневен живот кој никој не го посакуваше и се плашеше од него. Велес се обидуваше единствено да преживее. Ужасите на војната посебно се почувствувале за време на дванаесетдневната крвава борба, забележува Перо Коробар, кога "завојуваните страни беа распоредени на левата и десната страна на Вардар. Експлозии на гранати го уриваа градот. Мртви и ранети насекаде. Населението беше изложено и на глад."[2] Секојдневни биле сликите на огромни редици пред бакалниците и фурните каде можело да се купи само најосновното за одржување во живот,[3] потоа сликите на разрушените занаетчиски и трговски дуќани од кои многумина се прехрануваа, сликите на деца како шетаат и молат меѓу војничките трупи за парче леб и друга храна, труповите кои со денови биле оставани пред вратите на велешани, грубо врежани во главите на најмладите кои најлесно настрадуваа од глад, студ и разни болести. Дел од оваа генерација сето тоа тешко можела да го разбере, а уште потешко да го заборави.

Оваа војна ќе значи многу жртви, за кои во Велес покрај постоечката воена болница, биле отворени уште две други, од кои едната во зградата на турскиот монопол (денес Музејот), со која

---

[1] Вера Весковиќ- Вангели, Запис на Паул Кирх за Велес во дните на Првата светска војна(1916-1918). Во: Сп. "Велес" , година VI ,број 6, Велес 2002 г. , 12

[2] Перо Коробар, Панко ... , op.cit. , 33

[3] А ИНИ, Сеќавања на Бене Андреев - Ронката

раководел д-р Панче Васков, меѓутоа целосно настрадала од бомбардирањето во 1915 г., и другата во кругот на касарните.[1]

Трага била оставена насекаде од колоните војски кои поминувајќи и задржувајќи се во градот, оставија разрушени и запалени куќи во кои самите биле сместени, како и докрај осиромашено население кое требаше да се грижи за опстанокот на сите воени контигенти во градот.

Пред повлекувањето на војските, велешките затвори биле преполни. Имено, почетокот и успехот на Октомвриската револуција насочена против тогашниот буржуаски поредок, делувал и среде војниците на балканските и другите држави што беа ја окупирале Македонија. Тоа ќе допринесе за зголеменото дезертирање на фронтовите, кое се казнувало со затвор. Еден од многубројните затвореници токму во велешкоит затвор ќе остави и пишана порака, која само ја одразила мислата и сваќањето за состојбата во која се наоѓаат војниците, но наметната од оние кои имаат најголама корист: "Ние војуваме за капиталистите! Војниче, напушти го фронтот и оди си дома! Долу развратната полиција! Ти гладуваш на фронтот, а тие во Софија уживаат и те ограбуваат ! Да тргнеме по примерот на болшевиците!" [2]

Крајот на Првата сватска војна не беше поволен за Македонија. Тој само повторно ја фрли оваа земја под окупација. Остана поделена, непризната, разграбена и национално уништена. Големите сили не се откажаа од своите планови, за кои Македонија значеше само жртва. Не делуваа ниту многубројните обиди на Македонците како од внатрешноста така и од подалечните простори, пред се обидите на Македонската колонија од Петроград предводена од велешанецот Димитрија Чуповски, потоа македонската емиграција во Швајцарија, Бугарија, многу самоиницијативни обиди до разни амбасади итн. Сепак она што беше решено на Париската мировна конференција, односно последиците од тројната поделба, Македонија ќе ја пратат и денес кога се уште таа не може да се врати во своите природни и етнички граници, а ниту пак да го докаже своето вистинско име и национална припадност пред меѓународната јавност.

---

[1] Д-р Никола Стојанов, Здравствената култура во Велес и Велешко од минатиот до крајот на XX в., Велес 1999, 128-130

[2] Документи за ... op.cit., 592

## 2.Воспоставување на српската власт во градот (1918 - 1941 г.)

Вардарскиот дел од Македонија, во чиј состав се наоѓаше и градот Велес, по завршувањето на Првата светска војна му припадна на тогаш новоформираното Кралство СХС, кое се до 1941 г. ќе биде единствениот креатор на целокупниот живот на оваа територија.

Српската власт, овој дел од Македонија, со Видовденскиот устав од 1921 г., го поделила на три области и тоа: Скопска, Брегалничка и Битолска. Велес и Велешката околија, пак, ќе станат дел од Скопската област, која тогаш беше поделена на 9 околии, 139 општини, 696 населени места, 62 704 домаќинства и 375 311 жители.[1]

Истата оваа власт по 1929 г. своето Кралство, ќе го подели на 9 бановини, меѓу кои и Вардарска бановина во чиј состав се наоѓала и територијата на Вардарска Македонија, поделена на 29 околии.[2] Со непосредна промена на името, тогашното Министерство за правда наредило промена на целокупната администрација, правни, статистички и друг вид на книги, односно на целокупната документација, на сега новото Кралство Југославија.

Велешката околина ја сочинувале 30 општини и 83 населби се до 1934 г., кога со акт број 27 897 од 6 октомври 1934 г., началството на срез велешки одлучило: Теовската, Оризарската, Горно Врановската, Војничката, Јаболчишката, Мелничката, Подлешката, Лисичката, Ивановичката, Рудничката општина, како и општината Чашка да останат самостојни.[3]

Според статистичките податоци од пописот во 1921 г., градот Велес како административен центар на Велешката околија, протегајќи се на површина од 121 км2 и 2 800 метри2, броел 5 811 домови и 14 155 жители, од кои 10 295 биле православни, 45 римокатолици, 5 евангелисти, 3 806 муслимани и 4 Израелци (неселението во овој период било попишувано според вероисповедта и мајчиниот јазик, така што македонскиот народ се

---

[1]Државен Архив на Република Македонија, Подрачно одделение Велес (во продолжение ДАРМ, ПО Велес), фонд Општина Велешка 1918-1941, кутија1, 9.3.1.35/550-555

[2] Надежда Цветковска, Административно-територијалната поделба, бројната состојба и структура на населението во Велешката околијамеѓу двете светски војни. Во: Сп. "Велес", год.VII, бр.7, 2003, 49

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф Општина велешка 1918-1941, к. 2, 9.3.2.130/39

евидентирал како православно српско, односно православно југословенско население, на кое мајчин јазик му е српскиот).[1]

Значи од град кој во втората половина на XIX в. беше населен со 18 134 жители и 3 259 домови,[2] почетокот на новиот век, односно после шест годишните војни, ќе го дочека со број на населението кој ќе претрпи драстични промени. Огромна улога за овие измени ќе има, како една од последиците на војната, иселувањето на турското население, кој процес активно ќе може да се следи се до 1924 г., по кој период ќе се забележи извесна стагнација. Токму оваа година се иселиле 207 турски семејства за кои податоците велат дека речиси сите емигрирале во Турција .[3]

Меѓутоа ваквото намалување на бројната состојба на велешкото население, ќе се забележува во текот на целиот период на српското владеење, за што потврдуваат пописите од наредните години. Имено пописот од 1931 г. забележува 13 455 жители од кои 11 591 православни, 267 римокатолици, 17 евангелисти, 8 други христијани, 1 556 муслимани и 6 непознати и без конфесија.[4] Пописот од 1941 г. забележа 12 350 жители, за што ќе придонесе новонастанатата состојба посебно на стопанско- економски план, кој најмногу ќе се одрази за време и после светската економската криза, кога Велес ќе го напуштат повеќето занаетчиски и работнички семејства.

Српската власт во градот, како важен административен центар, била презентирана преку Околијата - околиското начелство, во кое беа вработени 55 лица и тоа: 1 претседател, 4 кметови, 1 деловодител( тоа е еден од вработените кој имал најголема плата , но и задолжително високо образование и претходно работно искуство), 1 благајник, 1 архивар, 6 писари, 5 званичници и 36 одборника, избирани од редовите на граѓаните,[5] но покрај овие функции, како дел од самата општина се споменуваат и: книговодител, општински лекар, практиканти, чиновници, контролози, кантарџии, ноќни стражари, општински службеници, старешина на стражарите и службеници, чистачи, пожарникари,

---

[1] Ibidem

[2] Христо Чочков, Град Велес, Софија, 1929, 27-43

[3] ДАРМ, ПО Велес,ф.Општина велешка 1918-1941, Српската власт водела прецизни податоци за иселувањето на турското население од кои се дознава не само бројот на иселените лица, туку и нивните имиња и презимиња како и на членовите на секое семејство, потоа нивното занимање, целиот неподвижен имот, маалото и улицата каде живееле како и местото каде се иселуваат.

[4] Н. Цветковска, Административно-територијалната ..., op.cit. , 54-57

[5] Ibidem, 59

управувач на општинскиот саат, општинска бабица, општински мајстор и др.

Целокупниот чиновнички апарат во најголем дел бил составен од новодоведени Срби и српски приврзаници. Тоа чиновништво, луѓе со слаб морал и лош карактер, најчесто било испраќано по казна, неспособно, како и она што било без протекции и барало служба, не заради примена на своите стручни способности и за општа корист, туку заради експлоатација на положбата за лични цели и подобар опстанок во едно такво време.[1] Неспособно, запоставено, корумпирано, слабо наградено ова чиновништво со својот, само ќе придонесе за постепеното ослабување на власта, како и нејзиниот целосен неуспех.

Дел од ова чиновништво можело да се стекне и со право на пензиски надоместок, за кој од 1937 г. Управата на вардарскиот бановински пензионен фонд за општинските службеници, одлучила да се воведат посебни книшки на уплатениот и задолжен пензионен допринос, преку кои се евидентирале како членови на таа управа.[2]

Раководството на Општина Велес во овој период го сочинуваат повеќе управи [3] и тоа:

*Финансиското одделение* предводено од кметот, имало задача да се грижи за сите приходи кои треба да влезат во буџетот предвидени со закон. Непосредно под него се наоѓале сите оние вработени, кои биле директно плаќани од страна на Општината.

Ова одделение го сочинуваат уште и: благајникот кој раководел со касата и потребните благајнички книги, во кои се запишувале сите наплатни такси, кои на еден начин допринесувале за зголемување на буџетот, потоа званичниците или собирачите на даноци и трошаринските чиновници, распоредени по многубројните трошарински станици. Имено во ова одделение влегувал целокупниот благајничкиот одсек и сите чиновници и службеници чија дејност била поврзана со собирање на разни парични приходи

*Извршното одделение* предводено од судскиот кмет се грижи за спроведување, според законот, на сите оние предмети кои овде стигнуваа. На крајот од месецот, односно од 1-ви до 5-ти следниот месец ова одделение подготвувало сумарен извештај.

*Воено и статистичкото одделение* како што кажува и самото име се состоело од два оддела. Воениот оддел, раководен од еден од

---

[1] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојна и за национална држава, том втори, Скопје 1981, 32

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.1, 9.3.1.40/760-773

[3] Ibidem, 9.3.1/785-838

општинските писари, ги составувал тогашните регрутни списоци на сите воени обврзници од велешката општина. Сите административни акти кои потекнувале од командата на воениот округ или било која друга институција, а се од воен аспект и за задоволување на воената власт, се во доменот на ова одделение.Токму овде се издавале личните карти како и целокупната документација која е потребна за влез и излез во градот и надвор од него.[1] Статистичкиот оддел пак раководел со граѓанскиот регистар и составувал сите потребни статистички податоци, наменети за потребите на Општината (приватната, државната, семејната и имотната состојба).

Општината располагала и со своја *Архива* која ја сочинувале архивар, благајник и 2 званичници истовремено и дактилографки, кои пак се наоѓале под непосредна контрола на деловодителот.[2] Сите овие се грижеле за фасциклирање на актите, нивно хронолошко средување, како и добро зачувување на истите.

За целокупниот имот на Општината и негово попишување во инвентар се грижело *економскошо одделение,* во кое влегувале уште кошевскиот фонд и статистичкиот одсек.[3] Всушност, ова одделение водело сметка за снабдувањето на Општината со канцелариски материјал, храна на општинскиот добиток, искористување на сите општински добра и сето што е потребно за економскиот развиток на овој град.

Градот поседувал и *санишешско одделение* кое било претставено од тогашниот општински лекар.

За Велес како еден доста важен и значаен административен центар, голема улога ќе одигра *судскошо одделение*. Во градот од 1918 до 1934 г. постоел Првостепен суд, кој после 1934 г. ќе биде преименуван во Околиски суд на Велешката општина, сместени во просториите на Општината или околиската управа,[4] како и околиски Шеријатски суд сместен во просториите на Медресата која се наоѓала во маалото Дворови на улица Крал Петар.[5]

Во составот на Првостепениот суд, поточно во негова надлежност се наоѓале: интабулационото одделение, извршно-

---

[1] Ibid, 9.3.1/787-789 (Лични карти се издавале на лица членови на оваа Општина кои задолжително се воведени во граѓанскиот регистар и секое отстапување било со закон казнувано)

[2] Ib, 9.3.1/790-792 (ова е едно од оние одделенија каде можела да се забележи жената како државен чиновник. Во архивот на велешката општина во 1929 г. како архивар работела Ангелковиќ, а како званичници Родна Петровиќ и Пенка Менкациjевиќ)

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.2, 9.3.2.12/96

[4] ДАРМ, ПО Велес ,ф. Првостепен суд Велес, к.1, 9.382.1.1-61/1

[5] ДАРМ, Скопје, ф. Вакуфско-Меарифско повереноство- Велес 1919-1939, несреден фонд

доставното одделение, граѓанаското одделение, експропријација, кривични предмети, судски забрани, договори за посинување на деца, бракоразводни предмети, контролата и правилата за време и спроведувањето на изборите, купопродажните договори, менични и чековни предмети, признаници, разни известувања, решенија и уверенија, односно се она што законски треба да се спроведе во градот и околината судот е оној орган кој дозволува и без кој не може да се случи било каква правна работа.

Велешкиот Првостепен суд е онаа институција, преку која сите тогашни министерства ги спроведувале своите барања. Така уште во почетокот на спроведувањето на српската власт, истата преку судското одделение можела да воспостави контрола во докажувањето на сопственоста на имотот, за да може истиот да се продаде или додели на друго лице, посебно во времето на спроведувањето на познатата колонизација и аграрна реформа.[1]

Првостепениот суд, веќе споменавме дека имал голема улога во водењето и средувањето на бракоразводната документација и постапките за посвојувањето на деца, карактеристични како за христијаните, така и за муслиманите.[2] Имено овие постапки биле доста чести во Велес, за што потврдува зачуваната документација на архивите во Скопје и Велес. Ова е само дел од документацијата и надлежностите на велешкиот суд, која од периодот меѓу двете светски војни во целост е зачувана и доста обемна, така што може да послужи за едно прегледно понатамошно истражување, односно истата претставува извонредно архивско богатство за проучување на секојдневниот и личен живот во Велес..

Сите овие државни чиновници и службеници, со закон биле обврзани за своето совесно и одговорно работење, за што потврдуваат и прецизно водените архивски документи. Се разбира дека отстапувања постоеле, затоа што веќе споменавме дека еден дел од ова чиновништво не поседувало соодветно образование, но и било незаинтересирано за целта, која имала намера да ја постигне српската власт.

Новосоздаденото Кралство во прво време, за спроведувањето на својата власт, ќе почне да се потпира на воениот закон или специјалната "Уредба за обезбедување на општествената

---

[1] ДАРМ, ПО Велес , ф. Првостепен суд Велес, к. 1, 9.382.1.5/5

[2] Ibidem, 9.382.1.116/481(во еден од документите се споменува и разводот помеѓу Исмаил Абдул Мецид, по потекло од Приштина, и Сафија Алија од Велес.Од овие документи може де се дознае за целокупниот имот кој го поседувале за време на нивниот живот во брак , а кој после разводот се делел меѓу сега веќе бившите сопружници)




*Касарната и болницата во Велес*



*Велес со поглед кон касарната*

безбедност во освоените земји", донесен уште во 1913 г., а кој продолжи да важи се до август 1919 г., со што не само во Велес туку и во цела Вардарска Македонија српската власт беше одржувана преку воената власт, односно преку војската и жандармеријата, потоа преку командата на III армијска област, со седиште во Скопје.[1]

Во Велес ќе биде сместен 28 пешадиски полк, кој распореден во касарните, кои се наоѓаа на крајот од градот, заедно со жандармеријата ќе бидат непосредните и први претставници на српската власт. Знаејќи ја улогата на војската, власта ќе одобри за офицерите на велешкиот гарнизон, отстапување на општинско заемјиште, токму кај овие касарни, за изградба на Офицерски дом.[2] Според статутот на овој Офицерски дом, кој давал извесни објаснувања за воспитувањето, негувањето на друштвените обичаи и воени вештини, за исхраната, воените забави итн., членови на истиот можеле да бидат сите воени чинови, воени свештеници, воени ветеринари, воени административни чиновници, кои биле задолжени да даваат извесни приходи за одржувањето континуитетот на домот.[3]

Во соработка со велешкиот суд, командата на Велешкиот воен округ, во согласност на наредбите од Министарството за војска и морнарица од 19 јуни 1929 г., како и од командата на III армиска област и командантот на Брегалничката дивизија, задолжително морала да поседува воени регистри на сите машки обврзници во градот и околијата, на кои им се испраќале покани за отслужување на воениот рок.[4] Списоците се составувале според вероисповеста на регрутите ( во нив се давале сумарни податоци за регрутите, нивните семејства, времето на нивното спроведување од велешкиот округ итн).

Доста чести биле и конкурсите во градот, распишувани од военото министерство за подофицерското училиште "Крал

---

[1] Вера Весковиќ-Ванѓели, Еден поглед врз историската панорама на Велес и Влешко. Во Сп."Велес", год.III, бр.3, Велес 1999, 12

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина Велешка, к. 2, 9.3.2.132/555

[3] ДАРМ, Скопје, ф. Воена команда Велес, несреден фонд

[4] ДАРМ, ПО Велес, ф.Команда на Велешкиот воен округ 1921-1941, несреден фонд (Општинскиот суд во согласност нарадбата на командата на велешкиот воен округ изработувал: општински воени списоци, список за резервна комора, список на оние лица кои ќе ја предводат оваа комора, списоци на стража, список на патрола, список на обврзници кои се ослободени од воената служба, списоци на државни, воени коњски грла наменети за потребите на народот итн.)

Александар" во Загреб, како и други видови обуки, заради стекнување на воени вештини, привлекувајќи ги младите од 17 до 21 годишна возраст, преку примамливата понуда за понатамошно обезбедено стамбено сместување и добра плата.[1]

Оваа власт нема да престане, во целиот меѓувоен период, да инвестира во зацврстувањето на својата воена сила, посебно на жандармеријата која постојано се наоѓаше во контакт со локалното население. Така во Велес и надвор од него постоела мрежа од жандармериски станици. Надвор од градот дел од овие станици биле распоредени на следниов начин: една од нив се наоѓала на прилепскиот пат кај Оризари, друга кај кулата на штипскиот пат, во Отовица на скопскиот пат, кај Виларови бавчи на јужниот пат, како и една која се наоѓала во непосредна близина на влезот од градот и манастирот Св.Димитрија, во делот меѓу патот и пругата.[2]

Во самата внатрешност на градот постоеле повеќе жандарми, по националност задолжително Срби, кои го опслужувале околиското начелство, истражните и судски органи и железничката станица, како контролори на сообраќајот. Жандармериските станици биле еднокатни, жолто обоени, со спални за жандармите, канцеларии за командирот и писарите, затвор за приведување во подрумот и ресторан со кујна.[3] Заради својата безбедност пак задолжително морале да бидат оградени со бодликава жица, камен и сл., да имаат ископано ровови околу себе или ѕидови од камен заради одбраната, добро истренирани кучиња и стражари наоружани во секое време со пиштол и ракети за исфрлање, како начин на предупредување, доколку има потреба од тоа.[4]

Работата на полицијата во велешката околија била ограничена и под контрола на полицијата на Скопскиот округ која добивала месечни извештаи за целокупната поединечна работа на било која околија во составот на овој округ.[5]

Во настојувањето за спроведувањето на својата асимилаторска и денационализаторска дејност, српската власт преку полициските чиновници и жандармериски офицери, во градот ќе воведе

---

[1] Ibidem

[2] Петар Пановски, Грст пожолтени фотографии, Скопје 1994 г., 22 (Сите жандармериски станици наликувале една на друга. Затоа што беа градени покрај Вардар истите имале за задача да ја обезбедуваат меѓународната железничка пруга по која сообраќал експресниот воз Париз - Атина и обратно. Пругата посебно се обезбедувала за време поминувањето на Кралот Александар Караѓорѓевиќ)

[3] Ibidem, 23

[4] ДАРМ, Скопје, Микрофилм 348

[5] ДАРМ, Скопје, ф. Министерство за внатрешни работи, к. 1 , 1.1037.1.1/1-364

контрола и во спроведувањето на српските, народните обичаи, преку нивното присуство во велешките домови, за време одржувњето на свадбите, крштевките, одбележувањето на верските и државните празници и сл.[1]

Полицијата водела сметка за движењето на криминалот, подготовката на полициските извештаи, канцелариското работење во кривичното одделение, административното и извршното одделение на Начелството, кое секој месец било задолжено да поднесува извештаи за секојдневните случувања во градот, како кражби, разбојништва, ограбувања, силовања, елементарни непогоди и сл. Во почетните години од воспоставувањето на српската власт бројот на криминалните дела секојдневно се зголемувал, особено во домовите на поимотните, вдовиците, па дури и во некои од светите муслимански институции, како на пр. Џамијата во маалото Дворови и сл.[2] Контролата на жандармите ја вршел командирот на станицата, водникот и командирот на четата.[3]

Ваквата дејност на полицијата и жандармеријата, била посебно засилена во кругот на селата каде кражбите биле дел од секојдневието на населението.

Жупаните и командантите на жандармеријата и полицијата во Вардарска Македонија, постојано добивале известувања од претседателот на министерскиот совет и Министерот за внатрешни работи, за мерките кои треба секојдневно да ги превземаат, заради внатрешната стабилност во околиите. Се работело дури и со

---

[1] ДАРМ, Скопје, м.ф. 348

[2] Ibidem, (Овие архивски документи даваат извесни статистички податоци за движењето на криминалот во Велес за одредено месеци.

Така за месец јануари 1920 г. во месечните извештаи се забележани следниве криминални истапи:

- Навреда на чиновник во официјална служба - 1;
- Убиства со предомисла - 4;
- Убиства со одредена намера - 2;
- Обиди за убиства-2;
- Абортуси-1;
- Разбојништва-4;
- Пожари-7

За месец февруари 1920 г. :

- Пообемни кражби- 6 ;
- Помали кражби- 28 ;
- Злонамерни поништувања на туѓи предмети- 2 ;
- Други престапи и злосторства- 61;
- Истапи- 30 ;
- Самоубиства- 4;
- Пронајдени виновници за кривични дела -55 итн.Ова се само дел од податоците кои постојано, месечно и годишно драстично се менуваат.

[3] ДАРМ, м.ф. 348

привремени жандарми во цивилна облека кои се плаќале од буџетот на жандармеријата.

Еден од начините, преку кој српската власт гледала можност за зацврстување и целосно наметнување на својата доминација, е процесот на колонизација со кој интензивно на просторите на Вардарска Макадонија започнало нејзино населување, од страна на најголем број српски "доброволци". Имено за што побрзо и поефикасно остварување на асимилаторската и денационализаторска политика, новонаметнатата власт преку познатата "Уредба за населување на јужните нови краишта" од 24 септември 1920 г., започнал процесот на доселување на српското пред се земјоделско население, независно од тоа дали поседува своја земја или не.[1] Истата оваа законска одредба ќе биде изменета и дополнета во текот на 1931 и 1933 г., така што овојпат можност му се давало не само на земјоделското население, туку истовремено и на сите видови селско и градско занаетчиство, пониско државно чиновништво, агрономи и аграрни задруги, доброволци, четници и др, видови на српски елементи.[2]

Во периодот меѓу двете светски војни, во Велешката околија ќе бидат создадени 6 колонии со околу 50 доселени колонистички семејства, од кои само на градот Велес ќе му припаднат 9 српски семејства, на кои им била доделена земјишна површина од вкупно 15.80 хк.[3]

Меѓутоа, целиот овој апарат конструиран од српскиот режим, успеал донекаде да предизвика незадоволство кај одреден дел од велешкото население. Пред се треба да се споменат многубројните криминални дела, кражби, затворања, убиства и сл., кои уште во 1919 г. започнале интензивно да се спроведуваат врз локалното население. Поголемиот дел од него било обвинувано за нивна соработка и поддршка на бугарскиот апарат. Така според сеќавањата на Бане Андреев на доста брутален начин бил убиен Драган Игнов-Беличот. Имено обвинет како бугарски четник и полицаец кој колел Срби како пилиња во 1919 г. јавно бил стрелан во близина на градот. Настојувајќи ова затворање да го искористат

---

[1] Алаксандар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје s.a. , 64-65

[2] Ibidem, 65-73

[3] Надежда Цветковска, Селското стопанство во велешката околија меѓу двете светски војни. Во: Сп."Велес", год.V, бр.5, 35 (Од вкупната површина за доделување на српските претставници, 10.19 хк биле наменети за 7 семејства, 4.40 хк за доделување на 1 семејство од војската и жандармеријата и 1.21 хк на семејство од јавните институции.)

за да предизвикаат афера, од тогаш затворениот велешанец српските власти барале доброволна изјава во која би ги обвинил Ѓошо Органџиев, Јован Аџипанзов и Ѓошо Нацев за издадени наредби со кои се убивале српски граѓани, во што се разбира не успеале.[1]

Но, и покрај сите тие незадоволства предизвикани од новата власт, понижувања, оспорувања, занемарувања, бескруполозни малтретирања и сл., Велес и велешани нема да заборават кои се, кому му припаѓаат и што поседуваат. Всушност сите тие генерации кои се затекнаа и растеа во тоа време, не ја заборавија насмевката на своето лице. Напротив продолжија да живеат, судрувајќи се со наметнатото секојдневие, задржувајќи ја целосно својата вековна традиција.

[1] А ИНИ, Сеќавања на Бане Андреев

## 3.Работничкото движење и дејноста на КПЈ во Велес

Воспоставувањето на српската власт во Велес значеше и непосредно активирање на неговото граѓанство, како израз на големото незадоволство од состојбата во која се најде, понижено, осиромашено и едвај егзистирајќи. Истото не гледајќи заштита во системот кој се воспостави, ќе се приклучи масовно во революционерното движење кое земаше се поголеми размери.

Почетокот на движењето беше и очекувано, веќе однапрад подготвено во еден ваков град, каде корените на работничкото и социјалистичко движење датираат уште кон крајот на XIX век, кога истиот овој град, ќе стане носител на првото работничко културно-просветно друштво "Класно единство", основано од најпознатиот македонски социјалист, велешанецот Васил Главинов.[1]

Благодарение на таквиот брз развој на настаните во Велес, непосредно по 1918 г. наметнати и создадени услови од српскиот ражим, односно од страна на нејзиниот целокупен апарат ќе допринесат за алармантната политичка состојба, создадена од редовите на локалното население, така што градот ќе го вбројат во првите и најактивни центри во Македонија на развиеното работничко напредно движење.

Имено тогашните велешките приврзаници на веќе разгореното народно незадоволство, дел од нив вратени од Бугарија по завршувањето на Првата светска војна како демобилизирани војници, на 24 април 1919 г., во кафе расторанот "Солун" ќе ги постават основите на Месната организација на СРПЈ(комунисти), име прифатено на Конгресот на обединувањето на социјалистичките партии на Југославија истата 1919 г.[2]

Од тој момент па се до крајот на српската власт, оваа организација ќе се претвори во единствениот заштитник на народните маси, организатор на политичката сцена, односно поборник за слободна, автономна Македонија во своите етнички и природни граници.

Месната организација ќе ги спои во себе сите незадоволни елементи, комунисти и социјалисти, независно дали припаѓаат на занаетчиската или трговската комора, работничките или

---

[1] Славко Нилоков, Раднички покрет у Велесу до другог светског рата. Во: Тито. Градови, Београд 1977, 225

[2] Тодор Г.Зографски и Димче А.Зографски, КПЈ и ВМРО(Обединета) во Вардарскиот дел на Македонија во периодот на 1920-1929 г. , Скопје 1974, 17

интелектуалните слоеви итн. Имено организацијата за кратко време, периодот од 1919-1920 г., ќе забележи видни резултати во однос на нејзината бројна состојба и зацврстување на своите основи, како и партиски функции, не ограничувајќи се само на градската средина, така што слични резултати доста важни за неа, ќе оствари со своето проширување и на селските подрачја.

Организацијата располагала со свој клуб [1] во центарот на на градот, во непосредна близина на аптеката, препознаван по црвениот бајрак кој комунистите го истакнувале посебно за време на одржаните собири. Клубот ќе биде одржуван, на еден начин, со средства од членските влогови, иако недоволни за задоволување на сите потреби. За нејзино делумно помагање, во почетокот почнале да се формираат разни задруги како на пр. Варџиската задруга, која заработените парични средства ги наменувала за трошоците на Организацијата, потоа Задругата за правење на плитари и тули, основана по растурањето на претходно споменатата задруга итн.[2]

За подобро организирање и успешна работа не биле доволни само состанувањата во клубот, така што ваков вид на клубови ќе почнат да се формираат во речиси сите велешки маала, кои ќе добијат лик на еден вид училишта за комунистичкото воспитување и доближување до граѓаните, на кои истовремено ќе им бидат овозможени и многубројни предавања за моменталната состојба и напредните движења, односно поблиско запознавање со се она што значеше работничко движење и го носеше со себе, а требаше да биде применето токму од овие граѓани.[3] Како најдобри говорници се издвојувале Тошо Копандан, Кирков, Палаш, Тодор Шоптрајанов, Лазе Богдан, Ганчо Хаџи Панзов и др.[4]

Често комунистичките идеи се ширеле и за време прошетките на младинците, во градот или надвор од него, кои токму на ваквиот начин си овозможувале подобро меѓусебно запознавање, дружење, без било кој да се посомнева. Самата Организација ќе располага со своја библиотека богата со разновидна литература, весници и публикации.

---

[1] Сојуз на борците-Велес, Реконструкција на партиската организација во Велес за периодот 1919-1941 (стенографски белешки), 3, (Клубот се споменува под името "Клуб на социјалистичките избрани комунисти")

[2] Деса Спасовска, Историското значење на куќата на Шоптрајанови во Велес, Скопје 2001, 46-47

[3] Ibidem, 46

[4] Сојуз на борците-Велес, Реконструкција на партиската ... op.cit., 10-11



*Штрајкот на железничарите од 1920 г.*

Ваквата интензивна партиска активност, нема да остане незабележана од власта, која под разни обвиненија ќе започне со воведување на засилен полициски режим, ограничувања, затворања, односно целосно ослободување на било каков начин, од сите оние кои ја нарушуваа привидната српска хармонија.

Со самото поставување темелите на Партијата, во Велес ќе почнат да се формираат и работничките Синдикати, преку кои велешките работници ќе започнат да организираат низа штрајкови, одраз на незадоволството од положбата во која и се наоѓаат. Прва таква акција во која учествуваат е познатиот масовен штрајк на југословенските железничари, прифатен истовремено и од велешките железничари, кои со свои делегати учествуваа на Синдикалниот и Сојузниот конгрес[1] и транспортните работници.

Масовен отпор велешани ќе пројават преку обидот во оневозможувањето населување на руски бегалци, од контрареволуционерната армија на генерал Врангел. Ваквиот обид на граѓаните нема да се реализира до крај, за што потврдува меѓу другото и присуството на тогашните професори-Руси во Гимназијата, но истиот овој обид само ќе го предизвика режимот кон Комунистичката партија и нејзините приврзаници.

Се позасиленото издигнување на велешка Партиска организација ќе и овозможи, односно обезбеди сигурно и заслужено учество на Вториот конгрес на Партијата во Вуковар, одржан од 20 до 24 јуни, на кој како делегати од Велес присуствувале Никола Цураков, Панко Брашнар и Коста Новаковиќ.[2]

Меѓутоа, кулуминација, Организацијата ќе забележи во 1920 г. за време на успехот на општинските избори, време кога за прв пат нејзините носители јавно ќе стапат на политичката сцена, борејќи се рамноправно против владиниот партиски изграден режим. Овој период за велешани ќе биде еден од незаборавните периоди на секојдневниот живот, кога тие гласаа и избраа своја власт, која иако кратко егзистираше, сепак беше дел од нивниот значаен успех во периодот меѓу двете светски војни, на кој токму овде ќе посветиме посебно внимание.

[1] Историски архив на Комунистичката партија на Македонија, одбрани материјали од "Социјалистичка зора" за 1920, том I, Скопје 1951, 273

[2] Вера Весковиќ-Вангели, Досие Брашнаров, Скопје 2003, 53-54

### 3.1 Изборите во Велес од 1920 г.

Со самото воспоставување на власта на новосоздаденото Кралство СХС, неизбежно беше одржувањето на првите општински и парламентарни избори во градот и околијата, каде веќе подвижноста на политичките партии беше на преден план, пред се на приврзаниците и подржувачите на власта.

Распишувањето на општинските избори во градот, на 22 август 1920 г. претставувале огромен предизвик за тогашните политички партии. Имено во тој период можеше да се забележи активноста како на владините граѓански партии, Радикалната и Демократската, така и на тогаш единствената партија која потекнуваше од редовите на народот и за народот, односно дејноста на КПЈ и најзиното Месно претставништво во градот.

Непризнавајќи го постоењето на македонската нација, двете главни буржоаски политички партии, фаворизирани и подржувани од големосрпските хегемонистички управувачи кои беа ставени во нивна служба, ја започнаа предизборната активност во Велес и околијата, барајќи ја подршката од велешката буржуазија која за да го зачува дотогашниот статус, лесно се поткупуваше и спогодуваше.[1] За што поголем успех една од нив, Радикалната партија, ќе си дозволи спогодба, заедничко истапување и делување со агите и беговите од раководството на турската национална организација "Џемиет".

Истите веднаш ќе започнат со отворено настапување против комунистите и нивното движење како во градот, така и во селата. Многумина само за да не успеат да го дадат својот глас, по наредба од владините партиски претставници биле преместувани од своето работно место.Така во еден допис од Велес во весникот Социјалистичка зора се споменува преместувањето на Михајло Ивеш на кого само телеграфски му соопштиле за неговото преместување во Ќуприја заедно со целото негово семејство.[2] Меѓутоа на вакви провокации, најмногу ќе биде изложен учителскиот кадар, кој токму пред изборите ќе се стекне со нови работни места, во градот или пак надвор од него.[3]

---

[1] Надежда Цветковска, Општинскоте избори во 1920 година во Велешката околија. Во: Сп. "Велес", год.IX, број 9, 2005, 53

[2] Историски Архив на КПМ, одбрани материјали од ...op.cit, 182

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф.Министерство за просвета-Белград 1919-1940, несреден фонд (Така во овој период во Велес биле донесени како учители Лукиќ Јован, Блажо Милачиќ и Здравковиќ

Сепак, тоа ќе бидат само дел од причините поради кои овие две партии ќе наидат на отпор и незадоволство од страна на народот. Единствено, тој веруваше во дејноста на Комунистичката Партија, која токму во овие избори виде своја можност за извојување победа.

Затоа и започна со организирана агитација, која значеше раздвижување низ градот, одржување на секојдневни собири кои не изостанувале речиси секоја недела и за време празниците, а на кои се говорело за значењето кое би го донеле изборите, доколку победи Комунистичката партија, добивајќи ја поддршката од најголемиот дел од велешките граѓани.

Во тој предизборен период градот се наоѓал во една несекојдневна состојба кога за првпат требаше да гласа, процес во кој учествувале само полнолетните припадници на машкиот пол, како единстнени легитимни гласачи во тој период, но и целокупниот велешки политички, административен, полициски и воен апарат.

Подготовките започнувале многу порано пред одредениот датум, односно кога тогашното Министерството за внатрешни работи сите општински судови меѓу кои и Првостепениот суд на Велешката Општина со посебна наредба број 8 562 ќе ги задолжи погореспоменатите институции со запознавање на целокупното граѓанство преку службен весник со педвидениот датум на изборите и се она што е поврзано со нив, посебно со кадитатските листи и нивните претставници.[1]

Низ главните улици и сите видни јавни институции во градот, можеле да се забележат залепените соопштенија, еден вид пропаганден материал, со кои населението живеело во тие денови. Пропагандниот материјал не отсуствувал дури и на денот на изборите. Имено, Месната велешка комунистичка организација во самите утрински часови, успеала да го разбуди градот со веќе однапред подготвени ливчиња, на кои бил обележан бројот од нивниот избирачки список со податоците на нивните претставници.

На истиот овој суд, сите носители на кандидатската листа биле должни да ги достават истите пред почетокот на изборите, во кои се презентирале имињата на претставниците за претседател и кмет на Општината, како и имињата на сите одборници, чиј број можел да достигне и повеќе од 30-тина. Пред објавувањето на оваа

---

Ѓорѓе, сите од Призрен, додека пак Крговиќ Милош од Велес бил преместен во Кукљеш, Ѓуровиќ Љубомир од с.Раштани, Велешко, преместен во Барбарево, Милун Милошевиќ од с.Лисиче, Велешко преместен во Аљинце, срез жеглиговски итн.

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина Велешка 1918-1941, к.3, 9.3.38/21

кандидатска листа, Првостепениот суд задолжително морал да има проверено дали секој од предложените кандидати е полноправен граѓанин на градот, кој совесно се однесува и редовно ги плаќа општинските даноци, предвидени од државниот совет.[1]

Изборите ги опфаќале и селата. Имено секое село во составот на велешката општина, мора да има свој кмет, предложен и избран, преку поднесена кандидатска листа, која требало да ја потпишат 1/4 од гласачите на одреденото село.[2]

Исто така се одредувале со посебно решение од Министерскиот совет и местата, односно институциите каде ќе се врши гласањето, според правилата на гласачките списоци, заверени од страна на општинскиот суд, со одредена цел, да не се дојде до некои поголеми грешки кои би ја чинеле самата власт,[3] а самото граѓанство предупредувано да се придржува до предвидените правила и закони за да не се дојде до поништување на изборите. Низ архивските документи најчесто се споменуваат три гласачки места и тоа: општинската судница наменета за граѓаните од маалото Дворови и Поп Јорданови; училиштето Св.Ѓорѓи за маалото Дервента, Теќе и Брзорек, како и зградата на училиштето Св.Кирил и Методиј за маалата Којник и Мегдан.[4]

Според законските одредби на Министерството за внатрешни работи, гласачките списоци речиси секогаш се составувале во Велес по азбучен ред и соодветното место на живеење, односно маалото каде живее соодветниот гласач, така што истите биле познати како "Гласачка книга на машки полнолетни граѓани- членови на Општината" потврдена од надлежната, надзорна власт.[5] Значи за секое маало, општинскиот суд имал подготвено списоци кои ги содржеле сите лични податоци на граѓаните кои имале право на гласање и тоа само полнолетните, со наполнети 21 г., меѓутоа од ова правило речиси секогаш се отстапувало.

Ваков вид на списоци составувале и самите граѓани, членови и симпатизери на КПЈ, одејќи по куќите и дуќаните запишувајќи ги сите оние за кои сметале дека имаат право на глас, сакајќи да

[1] Ibidem, 9.3.3.13/26

[2] Ibid., 9.3.3.12/25

[3] Ib., 9.3.3.14/27

[4] Ib., 9.3.3.90/274-275

[5] Ib., 9.3.3.67/289



25 Новем. 20
Велес

Наредба

На основу чл. 70 зак. о избору народних посланика за уставотворну скупштину и сходно наредби Начелника среза Велешког бр. 15597 од 24-ог ов. м-ца суд општине града Велеса

Наређује:

Да се на дан избора, на дан пре избора и на дан после избора т.ј. 27, 28 и 29-ог м-ца не [illegible] ни на какав начин алкохолних пића.

Ко противно овога поступи, т.ј. дао или точио алкохолних пића биће кажњен по пропису чл. 113 изб. закона затвором до 6 шест месеци и новчано до 500 динара.

Деловођа [illegible] Председ. суда П. Алексић

[illegible]

27/XI-920. Председ. суда П. Алексић

Примили смо к знању:

[illegible]

М. [illegible]

Саопштена је [illegible] наредба дана 28/ двадесет осмог Новембра 1920 г. [illegible]

1 [illegible]
2 Т. [illegible]
3 [illegible]
4 Јово Андовић
5 [illegible]
6 [illegible]

*Наредба издадена од власта, со која се забранува продажба на алкохолни пијалоци за време на изборитево 1920 г.*

стекнат една приближна претстава за гласовите кои треба да ги добие комунистичката листа.

Гласањето било тајно и извршувано со помош на топчиња, кои после образложението кое го давал претседателот на бирачкиот одбор или одреден чиновник за гласачката кутија и нејзиниот партиски претставник, истиот бил должен да ја стави во една од понудените.[1] Постоеле и соодвети правила наменети за инвалидите, според кои не требало да се наруши тајноста на гласањето. Значи гласале сите без разлика на својот хендикеп, задолжително поведувајќи со себе уште едно лице. Ваквите луѓе, на пример комунистите на денот на изборите, ги носеле дури со пајтони за само да успеат да го дадат својот глас.

Секоја кутија за време на гласањето била обележана со соодветна кандидатска листа, на кој начин можело да се изврши полесно препознавањето на листата за која треба секој да гласа, обезбедувана од соодветни лица, одредени од самите претставници на Партиите.

Српската власт во периодот на изборите ја забранувала работата на сите дуќани, кафеани хотели и др. вид на вакви институции. Имено во текот на три дена, пред и после изборите, се забранувала продажба на било каков вид алкохолни пијалоци, во спротивно следувала казна според чл.113, односно затвор до 6 месеци и парична казна од 500 динари.[2] Власта предупредувањата ќе ги спроведе преку јавни огласни натписи на сите видни места во градот и главните улици.

После завршувањето на претстојното гласање, целокупниот гласачки материјал-кутиите со гласачките топчиња, катанци и клучеви се испраќале со посебно наменета придружба во Скопје, каде се средувале доставените материјали.[3]

На овие први општински избори Комунистичката партија во Велес ќе ја истакне листата чиј носител беше Петре Алчев, како претставник за идниот претседател на која се понудувале имиња на уште 3 кметови [4] и 37 одборници,[5] како и своја програма, која единствено ги задоволувала и штитела народните потреби.

---

[1] Ib., 9.3.39/22
[2] Ib., 9.3.39/23
[3] Ib., 9.3.3.85/67-69
[4] В."Вардарски глас", За кметови биле предложени: Јовче Ципунов, Никола Цураков и Јанко Шоптрајанов.
[5] Ibidem, Како одборници се споменуваат: Тихомир Јефтиќ, Милан Андов, Ѓошо Здравев, Киро Јосифов, Димче Крајничанец, Никола Страчков, Борис Ковач, Петре Кралето, Дончо

Крајот на првите општински избори претставувал голем пораз за владините партии. Имено од од вкупниот број на гласачи, 1 933, комунистите се здобија со најголем број на гласови, 1 285, потоа следуваа демократите со 582 и радикалите со 66 гласа,[1] за што најмногу ќе допринесе неуморната активнст на сите граѓани независно од возрасната граница.

Новоизбраните одборници, пред превземањето на своите задолженија, морале да испочитуваат една традиција: да положат јавна заклетва пред свештено лице во црквата Св.Пантелејмон.[2]

Победата на Комунистичката Партија во Велес беше очекувана единствено од домашното локално население, кое во очи на самата победа својот успех го прослави со организирани манифестации во повеќе места низ градот како на Којник, Мегдан, на пазарот од левата страна на Вардар итн, пеејќи и играјќи, песни и ора од македонското народно творештво.[3]

Чувството на искрената радост јавно беше декларирано и преку тогашниот службен работнички весник "Социјалистичка зора" во кој се вели: *"Велес го доби името "Црвена комуна". Не е повеќе оној Велес во кој народот молчеше и смирено проаѓаше покрај власниците. Денеска работниот народ се осеќа посмел, тој повеќе не се огледува и не е плашлив и недоверлив, гледа со посмели очи и горд е што ја покажува својата свест и својата цврстина. За него повеќе општинската кука не е страв и трепет, во која ќе го повикаат да трепери.*

*Ако пак ги погледнете довчерашните властодршци ќе видите пригушен гнев и прикриено шепотење. Тие се мртви, тие не се слушаат, тие во самотта размислуваат за својата пропаст и спремаат планови како на комунистите ќе им се осветат. Но нека знаат дека ние сме готови својот успех да го браниме со сите средства. Победата на црвените комунисти во Велес ја извојуваа другарите работници, земјоделци и занаетчии. За буржуаските партии гласаа само газдите, чиновниците и несвесната турска маса.*

---

Мирчев, Уста Ариф, Крум Гајдов, Ордан Шурков, Милан Ракициев, Мишев, Јаманди Алчев, Онче Васков, Симон Виларов, Ордан Карапетров, Тоде Јурлиев, Алексо Бабајанин, Тоше Коланданов, Левко Николов, Лазо Пешов, Петре Караколев, Коле Чуклиев, Ангел Шурков, Гело Грдчанац, Милан Дилкин, Трајче Самсаров, Јовче Нешков, Арсо Палашев, Ѓоре Варналиев, Алексо Аџиристов(Аџијата), Петре Стојанов, Пане Николов, Кузман Кантарџиев и Диме Дураков.

[1] Т. Г.Зографски и Д. А.Зографски, КПЈ и ... , op.cit. , 25

[2] ДАРМ , ПО Велес, ф.Општина Велешка 1918-1941, к.3, 9.3.3.51/ 81-82

[3] А ИНИ, Сеќавања на Бане Андреев-Ронката



*Пет̄ре Алчев*

*Тој се гордее, но не заборава дека патот кон власта, патот кон диктатурата на пролетаријатот, не води низ избори туку низ револуција. Тоа нека го запомнат сите оние што би се радувале напразно на некој преврат."*[1]

Веќе во наредните денови новата општинска власт започна со воведување на промените на секое поле во градот, иако веќе однапред знаеше дека тоа ниту најмалку нема да биде овозможено од претставниците на српската власт, кои веднаш започнаа со поставувањето на препреки, како на пр.: барање за преместување на гробиштата од црквата "Св.Пантелејмон", составување на списоци на градските богаташи, сменување на општинската управа, како и примена на постојани незасновани затворања на дел од одборниците, кои дури и ги принудувале на потпишување, односно "доброволно" откажување од своите легални политички права итн, како и на поистакнатите комунистичко докажани личности во градот.[2]

Новоизбраната комунистичка општина создаде една вистинска слика, за тоа како би изгледала народната власт, работејќи заедно со локално население, кое одговорно и мошне сериозно ја прифати својата задача во наредниот период додека постоеше и имаше можност да се докаже во своите способности, но и претстава за слабоста на српскиот шовинистички режим, кој доколку ја нема надворешната поддршка можеше и лесно да се победи .

Само неколку месеци по воспоставувањето на новата општинска власт ќе следуваат и други избори овојпат парламентарни, односно за избор на пратеници за во тогашниот парламент на Кралството СХС. Велешката месна организација како свој пратенички кандидат го именувала Панко Брашнаров, предложен за Скопскиот округ заедно со Душан Цекиќ, член на извршниот одбор на КПЈ, Петар Георгиев, областен секретар на КПЈ за Македонија и Ферит Бајрам, учител и уредник на турското издание на "Социјалистичка зора", меѓутоа како квалификуван кандидат (со високо образование), бил Коста Новаковиќ, член и новинар на ЦК на КПЈ.[3]

Предизборната борба повторно значеше, активирање на Партијата како во градот така и во сите околни села, но и повторни насилства од полицијата, жандармеријата односно од целокупниот

---

[1] Историски архив на КПМ, Одбрани материјали ..., op.cit.,201-202
[2] Н. Цветковска, Општинските избори... , op.cit. , 57
[3] Перо Коробар, Панко Брашнар , Титов Велес 1992 , 30

српски апарат. За самото население станало секојдневие, дел од животот кој бил очекуван, насилничкиот терор, мобилизацијата на машкото население, затварањето по затворите, тепањето во ноќните часови на извлечените граѓани од своите домови итн. Но, и ваквите мерки нема да ја спречат победата на кандидатот на Партијата во Велес, односно победата на Комунистичката партија во Македонија со 38 % и 15 мандати.[1]

Во една таква состојба на постојани неиздржливи притисоци, кои се повеќе се зголемуваа со секој постигнат успех на велешани, нивната од народот избрана Црвена комунистичка власт, ќе го доч ека и својот крај на општо задоволство на српските приврзаници и спроведувачи на сето тоа што се случуваше во градот. Имено исплашена од размерите на новонастанатите случувања, државната власт, ќе биде принудена да навлезе во еден нов период доста добро познат за неа, период на целосно замирање на се што ќе се појаваше како понапредно, истовремено унишувачко за неа.

---

[1] Историја на македонскиот народ, кн.III, Скопје 1969, 22

## 3.2Дејноста на Партијата по донесувањето на Обзнаната и Шестојануарската диктатура

Застрашувачките резултати кои ги доживеа српската власт, ќе бидат предизвик истата да воведе нови мерки, со кои би ги спречила во натамошните размери. Најдобро решение се гледало во донесувањето на Обзнаната на 29 спроти 30 декември 1920 г., како и "Законот за заштита на државата" во август 1921 г., кои предвидуваа забрана на дејноста на КПЈ, синдикатите и сите други младински организации, односно на целокупниот јавен живот на Партијата и на се она каде таа можеше да стапи на сцена.

Велес и Месната организација со овие закони, доживееја само едно големо назадување, во моментите кога се достигнуваа видни успеси на политички план. Тоа ќе значи и затворање на домовите, запленување на целокупната архива, средства, печат, со едно речено оневозможување на легалното изразување на националните интереси и барања на велешани, кои овој период ќе го забележат како времето на репресија, споделен со сите Македонци.

За денот кога била донесена Обзнаната во Велес и моменталното расположение, Бане Андреев се сеќава: "*вечерта началникот и радикалите со подршка на некои граѓани од градот за да и парираат на комунистичката манифестација, организираа своја и затоа ги повикаа оџите, муфтијата и други повидни Турци и Гупци на кои им наложија да ги соберат своите луѓе за да се организира манифестацијата. На тој начин, со закани и подмитување, успеаа да се соберат 2-3 стотини луѓе и со нив започнаа да манифестираат низ градот. Во среското начелство беа напишани некакви пароли, залепени лампиони и така подготвени започнаа да се движат по улиците на градот и да исфрлаат претходно подготвени пароли како "долу комунистичката опасност", "доле платениците и агентите на Москва", "смрт на црвената аждаја" и др*".[1]

Сепак најтежок удар доби самата Партија, која мораше да се приспособува на новонастанатите услови, како и нејзините членови. Се започна со растурањето на комунистичката велешка црвена општина, која успеа да се одржи само неполни 8 месеци од август 1920 до март 1921 г., од страна на тогашниот околискиот началник

[1] А ИНИ, Сеќавања на Бане Андреев-Ронката, 11-12

Велимир Прелиќ (правен референт од Скопје убиен подоцна од Мара Бунева).

Општинската власт повторно ќе биде превземена од рацете на српските наклонетици. Новите дополнителни избори се одржале само два месеца подоцна, во мај 1921 г.КП повторно ќе направи обиди за истакнување на свои кандидатски листи, така што во Велес тоа ќе биде листата на Пане Брашнаревиќ како нејзин претседател, составена уште од 3 претставници за кметови и 9 за одборници, сите занаетчии и работници.[1] Истовремено била поднесена и кандидатска листа за избор на одборници на судот на општина Велес, од страна на Димитрија Коробаровиќ, претставник на Демократската Партија,[2]а само неколку месеци подоцна односно во август 1921г. и нова кандидатска листа на Алексо Левков, за кмет и други 27 одборници.[3]

Меѓутоа рамнодушноста нема да биде одлика на велешките комунисти. Истите во тие моменти, ќе почнат да бараа погодни форми за легално делување на своите приврзаници. Така на сцена ќе се појави новоформираната НРПЈ, [4] чии ограноци во Велес за своите активности, ќе го користат просторот во непосредна близина на берберскиот дуќан на Тодор Боцев, а подоцна на кафеаната "Централ".

Користејќи го како свој дом, работничката младина веќе легално можела да се собира, да одржува состаноци, многубројни предавања организирани претежно од студентите, за време на нивните престои во градот и разработува разни партиски материјали, но и како седиште на синдикатите, односно како синдикален дом.[5] Тое е и место каде поголем дел од членовите на културно-просветните друштва ќе се состануваат и подготвуваат своите програмски цели, проби и приредби.

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина Велешка 1918-1941, к.3, 9.3.3.67/107 (Оваа кандидатска листа за функцијата кмет ги нуделе имињата на: Никола Крстиќ-јажар, Здравко Хаџи Анѓелевиќ-прекупувач, Михајло Костиќ-меанџија; додека како одборници биле предложени: Игњат Марковиќ-бакал, Тодор Најдовиќ-ѕидар, Димче Стевковиќ-надничар, Димче Давчевиќ-лончар, Ѓело Шумановиќ-чевлар, Јордан Брлевиќ-ѕидар, Јордан Пушчовиќ-пекар , Ѓорѓи Козаровиќ-железар и Милан Осмаковиќ-чевлар.)

[2] Ibidem, 9.3.3.96/254

[3] Ibid., 9.3.676/202-203

[4] П. Коробар, Панко ... op.cit., 36 (Во настојувањето за создавање на легална организација зад кој повторно ќе се крие името и дејноста на КПЈ во јануари 1923 г. во Белград ќе се формира Независната работничка партија на Југославија. На тој собир на комунистите од Југославија, како делегат од Македонија, ќе учествува велешанецот Панко Брашнар.)

[5] А ИНИ, Сеќавања на Бане Андреев-Ронката, 17-18



Кандидатска Листа

За ... кандидујући изборничким и одборни[illegible] општине Велешке, среза Велешког, округа Скопског на дан 8. Маја 1921 године.

I Председник и кметови:

1. Председник општине ПАНЕ БРАШНАРОВИЋ, бозаџија
2 Кмет Никола Крстић, ужар,
3 Кмет Здравко Хаџи Анђелевић, [illegible]
4 Кмет Михајло Костић, механџија.

II Одборници:

1. Одборник Илија Марковић, бакал
2 " Тодор Најдовић, зидар
3 " Цинце Стевковић, [illegible]
4 " Цинце Ђ. Здравковић, лончар
5 " Вело Т. Шумановић, обућар
6 " Јордан А. Брлевић, зидар.
7 " Јордан А. Пуличовић, пекар
8 " Ђорђе А. Козаровић, железар.
9 " Милан Осмаковић, обућар

Представници кандидатске листе у главном бирачком одбору:

Представник: Сотко Јовановић, кафеџија
Заменик: Алекса Хаџи Пешовић, бозаџија

Представници кандидатске листе у појединим гласачким одељцима:

За гласачки одељак општине:
Представник: Лазар А. Ницовић, чиновник
Заменик: Цинце Т. Секеровић, тишлар

За гласачки одељак школе „Св. Кирила":
Представник: Ђорђе Гајдовић, тишлар
Заменик: Јордан Шурковић, тулумбџија

За гласачки одељак школе „Св. Ђорђе"
[illegible] А. Ницевић, [illegible]

*Кандидатска листа на Панко Брашнар од 1921 г.*

Истовремено се создавале ќелии, односно работнички младински групи, составени од по неколку луѓе, работници и занаетчии, избирајќи привремено раководство во улога на местен комитет, чија цел била воспоставување на односи со скопската и сите други околни организации, како градски така и селски, така што за кратко време раните на партиските основи повторно се зацелиле.[1]

Голем успех се постигнал и со формирањето на младинската организазија СКОЈ, од страна на велешките работници и гимназијалци, како и со издавањето на весникот Искра, пишуван на рака со печатни букви на македонски јазик, иако со краток век на постоење.[2] Наменет за локалното население весникот во бројка од 40 до 100 примероци покрај во Велес, се разнесувал и во околните градови и села.

Велешките комунисти, синдикатот и младината нагорно движење на настаните ќе забележат, кога во градот се почесто ќе се сретнуваат личности од првите редови на НРПЈ, како Триша Кацлеровиќ поранешен секретар на ЦК КПЈ и тогашниот секретар на СКОЈ, Златко Шнајдер и др., кои својот престој во градот ќе го искористат за одржување на повеќе предавања по домовите на велешани и зацврстување на партиските основи.

Скоевската организација, своите членови на разни повечеренки и состанувања речиси секоја недела, успевала да ги запознае со својата програма, цели и актуелните настани и наслови за кои се дискутирало. Меѓу нивните редови се формирале групи, сочинувајќи го Месниот комитет на СКОЈ, во чиј прв состав влегле Андон Шурков, Панче Славков, Трајче Мишковски-Котре, Митко Богданов и Бане Андреев.

Погодна форма на делување, велешани ќе пронајдат во формирањето на многубројните културно-просветни друштва кои во себе ќе содржат и музички, драмски и спортски секции достапни за надоградување и дополнување на основната првична намена со политичката затскриена цел. Како едни од најактивните се споменуваат и Планинарското друштво, Клубот на есперантистите и др. Голема улога ќе одигра и разнесуваниот илегален печат, кој

---

[1] Т. Г.Зографски и Д. А.Зографски, КПЈ и ..., op.cit., 50

[2] Страхил Гигов, Работничкото движење во Велес до Револуцијата. Во: Сто години велешка гимназија, Велес 1957 г. , 80.(Весникот Искра ги носел сите амблеми на еден партиски орган: срп и чекан, петокрака, звезда и лозунгот "Пролетери од сите земји обединете се" на горниот дел од страната додека на долниот "Орган на комунистичката партија на Југославија".)

им овозможувал поблизок допир и тек со сите случувања надвор од градот.

Својата дејност синдикалното движење на еден начин ќе успее да ја поткрене, по добивањето на илегалната печатница од Белград, кон средината на 1924 г., сместена во куќата на ѕидарскиот работник Трајко Андонов Божјак се до 1929 г. кога и ќе биде откриена.[1]

Првиот пропаганден материал ќе биде испечатен кон крајот на 1924 г. после убиството на македонскиот револуционер Петар Чаулев, кога покрај во градот, летоци од страна на Панче Славков, Андон Шурков и Петре Кралев биле растурани и во Башино Село, по кој обид истите ќе бидат откриени и принудени да го напуштат Велес.[2]

Есента 1924 г. следува и забраната на НРПЈ, а со тоа и легалната дејност на месната организација во градот, домовите и клубовите така што истите ќе бидат принудени на повторна илегалност, посебно на нивните членови, кои беа подложени на поголем ризик од нивно затворање.

Ова е периодот кога Организацијата за зацврстување на своите редови, ќе започне да испраќа свои членови на едукација во Русија. Во годините од 1925 до 1928 г. од Велес, во редовите на тогашниот КУМНЗ(Комунистички универзитет на националните малцинства на запад), се сретнуваат имиња на тројца велешани: Никола Оровчанец, Трајко Мишковски и Алексо Демниевски.

Ќе почнат да се организираат и семинари, познати како партиски, марксистички школи, заради изградување на соодветни кадри. Познат бил семинарот одржан во куќата на Ковач, кој трел 3-4 месеци, во периодот од октомври 1928 г. до почетокот на јануари 1929 г., на кој како предавачи учествувале Панко Брашнар (одржувал предавања за политичката економија), Ристо Ципун (предавал за законодавството), Трајче Стаменковиќ (предавал за синдикалното движење) и др.[3]

---

[1] Т. Г.Зографски и Д. А.Зографски, КПЈ и ... , op.cit, 120

[2] После откривањето на погореспоменатите тројца припадници на Партијата, истите, откако не ги послушале намерите на Месниот комитет да бидат испратени во Австрија, а потоа во Советскиот Сојуз, одлучуваат да ја преминат грчката граница така што од Солун да заминат за Русија. Меѓутоа по нивниот обид за преминување на границата Петре Кралев бил убиен, Андон Шурков фатен и одведен во Солун, а потоа интерниран на некој грчки остров каде останал три години, од каде поврзувајќи се со некои советски морнари успева да сепрефрли во Советскиот Сојуз. Панче Славков исто така успеал да избега и засолни во Бугарија. Последниве двајца подоцна според податоците на архивите на Комунистичкиот универзитет на националните малцинства на запад, после 1927., односно 1929 г. студирале на истиот, останувајќи да работат во оваа земја до крајот на својот живот.

[3] Сојуз на борците-Велес, Реконструкција на партиската ...,op.cit., 46



*Трајко Мишковски и Никола Оровчанец*



*Алексо Демниевски-Бауман*

Во еден момент, велешката партиска организација ќе забележи паралелна дејност со тогаш формираната ВМРО (обединета).

Од посебна важност за велешани, е можноста за учество на нивни претставник на IV конгрес на КПЈ одржан во Дрезден, 1928 г.Изборот паднал на Кочо Рацин и не е случаен зашто покрај младоста овој борец на литературната и револуционерна практика, имал позади себе подолго искуство на партиски активист и функционер така што поради своите човечки и организациски способности ја уживал довербата на работниците и идејните истомисленици.[1] Овој конгрес ќе го спои засекогаш Рацин со уште едно хрватско име, Кајо Парач познат далматински револуционер, доближувајќи ја уште поблиску на тој начин состојбата во цела Македонија до хрватските народни маси.

Нагорниот тек во овие години на партиската организација, кон крајот на првата деценија од владеењето на српската власт, односно во 1929 г. ќе биде прекинат од еден период, кој народот ќе го запамети како Шестојануарска монархофашистичка диктатура, одраз на дотогашниот континуиран неуспех на големосрпските аспирации и претензии, насочена против се што беше напредно, свесно и интелектуално, а кое имаше цврста намера и да го уништи.Но како и секоја друга закана под каков и закон да се прикриваше не можеше лесно да се реализира, а во никој случај да доживее успех, покрај присуството на КП. Сепак последиците за неа беа неизбежни.

Неизбежни биле масовните затворања чија бројка во јули 1929 г. ќе достигне до 30 затворени активисти од кои 15 осудени. Но, сето тоа само ќе ги поттикне силите на народот и Партијата која изнајде и овојпат успешно решение за своето егзистирање какво и да се подразбираше.

Диктатурата нема да се покаже како соодветно решение, така што веќе во септември 1931 г. Кралот Алекасандар донесува нов Устав, со кој повторно се враќа привидниот демократски парламетаризам.[2] Истата година беа спроведени парламентарните

---

[1] Горан Калоѓера, Рацин у Хрватској, Риека 2000 г. , 9 (Рацин на 1 декември 1928 г. илегално ја преминал југословенско-австриската граница за преку Виена и Прага да допатува во Дрезден каде се задржал се до 15 декември, работејќи активно на конгресот. За време враќањето во малото словенско место Вухред заедно со Кајо Парач, далматински раволуционер и синдикален првак се затворени. Судењето било одржано во Сплит на 2 јануари 1929 г. под изговор за однапред подготвен план за атентат на кралот Александар но и како учесници на конгресотво Дрезден. Поради недостаток на докази и двајцата биле ослободени од обвиненијата.)

[2] Историја на македонскиот ..., op.cit., 69

избори за кои Вардарска бановина била поделена на 4 изборни окрузи, од бр.32 до бр.35 на кој му припаднал и велешкот округ.[1]

Партиската организација во градот успеа да го организира масовното бојкотирање на претстојните избори, затоа што на нив единствено можеше да се истакне владината кандидатска листа. Во градот, овие избори ќе го означат очекуваното "враќање на повеќепартискиот живот", како еден вид потврда на режимската задскриена диктатура.

Во овој период партиското владино активирање, ќе се спроведе преку новоформираната ЈРСД. Имено на 20 април 1932 г., во присуство на народниот пратеник за Велешката околија, бил одржан собир во салата на хотелот "Југословенска круна", на кој ќе дојде до формирање на срески одбор на чело со д-р Панче Васков, како претседател, во кој влегле претставници од целата велешка околија, потоа месен одбор на оваа партија за самиот град, под претседателство на Ѓошо Органџиев и младинска организација, во кои членството потекнувало од редовите на: занаетчиите, трговците, чиновниците, работниците и интелектуалците.

Но тоа е времето на големата економска криза, која ќе ги погоди сите работни луѓе во Велес, која од градот ќе создадат поле на кое единствено ќе се согледа желбата за опстанок и засилена експлоатација на последните исцрпени сили на локалното население, состојба надополнета со постојана обесправеност и национален притисок.

Кон крајот на 1931 г., во градот ќе се вратат поголемиот дел од велешките политички затвореници, кои повторно го формираа МК, а подоцна и МК на СКОЈ. Синдикалното движење ќе се засили до таа мерка така што ќе биде и еден од предводниците на организираните маси, кои од средината на 1932 г. масовно ќе започнат со стапување во редовите на познатите УРС-ови синдикати. До 1938 г. во нив ќе влезат повеќе од 1 500 работници. Ќе се формираат берберско-фризерска, дрводелска, чевларска, монополска градежничарска, каменорезачка и индустриска подружница, кои за кратко време ќе започнат со интензивно организирање на повеќе курсеви, преку кои се настојуваше да се

[1] Н. Цветковска, Парламентарните избори во 1931 и општинските избори во 1933 г. во Велешката околија. Во Сп."Велес" год.VIII бр.8, Велес 2004, 21 (Изборниот округ бр.35 опфаќал 13 изборни околии:Велешката, Кочанската, Малешевската, Овчеполската, Радовишката, Царевоселската, Штипската, Дојранската, Гевгелиската, Неготинската, Кавадаречката, Струмичката и Скопската, и градот Скопје.)

изградат кадри за пренесување искуството и знаењето во дејноста и залагањето на сите синдикални подружници, за намалување на безработицата во градот и подобрување на животните услови во градот.[1] Преку Синдикатот, скоевците растураа и читаа околу 800 весници месечно, организираа предавања кои имаа за цел нивно интернационално и хумано издигнување и подготвување за политичка и националноослободителна борба.

Голема активност, велешани пројавија за време на Шпанската граѓанска војна, собирајќи било каква помош наменета за шпанските борци меѓу кои се наоѓаа и четворица велешани: Ганчо Хаџи Панзов, Методија Ќамилов, Трајко Мишковски-Оскар и Алексо Демниевски. Се продавале фотографии на кои била насликани сцени од војната во Шпанија, како и ранета жена со дете во рацете; се организирале разни забави и вечеринки за да се дојде до извесна парична сума, како и изработувале повеќе видови на облека.

Ова е периодот кога во најголемите велешки претпријатија, Скоевската организација ќе си обезбеди масовно членство. Истата преку веќе здобиените искуства ќе направи обид за реорганизација во внатрешно-организационата поставеност на сите претпријатија во градот, ќе ја раздели работата по сектори така што секој член имал свои конкретни задолженија.[2]

Од непосредно значење била и акцијата за избор на претставници во Работничката комора, за кои Партијата превзела соодветни агитациони мерки кои допринеле за поголемо јакнење на синдикалното движење и растење на партиското влијание во нив, зашто од големо значење била припадноста на Комората, која според тогашните законски прописи имала свое место во системот на односите меѓу работодавачите и наемните работници.[3]

Ваквата дејност ќе резултира со повторни провали во редовите на Организацијата и масовно затворање на нејзините припадници. Така по провалата која го опфати обласниот комитет во Скопје во 1934 г. ќе резултира со затворање на повеќе членови на партијата во Велес, меѓу кои и тогашниот секретар на Местниот комитет, Страхил Гигов, потоа Мино Богдан, Владо Пармак и др.[4]

Сепак на партиската организација, најтешко ќе се одрази провалата од 1937 г. во Штип, кога ќе бидат затворени 70-80

---

[1] Данчо Зографски, Македонија и велешкиот крај пред вооруженото востание 1941 г. Во: Велес и Велешко во НОВ 1941, Титов Велес 1973, 19-25

[2] Н. Кирков, Работничкото ... , op.cit. , 27

[3] Ibidem , 39

[4] Страхил Гигов , Сеќавања, Скопје 1975, 104-105

Македонци, од кои само 37 велешани, меѓу кои 17 членови на Партијата.[1] Затвореници се доведувале и од други градови како Штип, Куманово, Гевгелија, Кавадарци, Прилеп, Скопје, така што покрај затворските келии во Велес, функција на исти такви простри ќе одиграат повеќе други згради, меѓу кои и една џамија во градот.

Велешани долго го делеле секојдневието со затворениците во градот, префрлени во една разурната зграда на левата страна на Вардар. Носејќи се што им е потребно за преживување, велешката младина денонокно се активирала, за да остане во понатамошен контакт со еден дел од политичките затвореници, запознавајќи ги со секојдневните случувања и начини за полесно издржување и држење заедно, во моментите кога полицијата правела обиди за нивно разединување.

Работничките маси во овој период, најактивно ќе се вклучат во масовните истапи за време на тогашните избори спроведувани во градот. Односно ако не беа во состојба да победат, тие наоѓаа друго решение-ќе ги бојкотираа или истакнеа свој кандидат, преку една од тогаш одобрените легални партии. Така за време на декемвриските парламентарни избори од 1938 г. откако претходно постигнатиот договор со претставникот на Демократската странка ќе биде нарушен, Партијата ќе направи обид за истакнување на свој кандидат преку Српската Земјоделската партија во рамките на здружената опозиција.

Предвечерјето на втората светска војна ќе биде обележано со интензивната борба на велешките рабонички слоеви за своите граѓански, политички и социјални права, предводени од партската и синдикална организација. Имено ќе започнат низа штрајкови, кои градот ќе го одбележат како еден вистински борец за економско подобрување, но зад себе криеја и низа други причини преку кои сакаа да го ослабнат тогашниот владеачки режим. Градот ќе го одбележат штрајковите на монополските, градежните работници, работниците во фабриката "Вила зора", работниците во фабриката за зејтин итн, кои со својата масовност и интензитет, ја покажаа подготвеноста на работникот за одбрана на своето социјално право.

Овие години беа исполнети и со постојани затворања, односно следења на одредени велешки личности и нивните активности, од страна на полициските власти, од кои ќе се бара, меѓу другото и

[1] Меѓу затворените партиски активисти се наоѓале и: Димче Мирчев, Ангел Мирчев, Славко Славков, Филимон Цеков, Цанде Дурмаџија, Киро Попадичев, Ангел Чучук-Аче, Трајко Капчев, Славко Георгиев, Ацо Карбев, Благој Нешов, Кочо Анѓуш, Боте Шкорков, Коло Бабунски и др.

поднесување редовни извештаи за сомнителни лица, до Командантот на III армиска област.[1] Така во август 1939 г. бил извршен полициски претрес кај д-р Богдан Поп Ѓорчевиќ и Митко Илиќ учител во Грнчиште, но жител на Велес, заради одредени сознанија дека поседуваат илегални материјали. Не е пронајдено ништо, освен некои летоци и една песна кај споменатиот учител, под наслов "Црвен е исток, црвен е запад".[2]

Со истата цел бил извршен и претрес кај Боривоје Трајковиќ-столар и Благој Весковиќ- дипломиран ветеринар на универзитетот во Загреб, син на општинскиот лекар, кај кого биле пронајдени 4 броја од брошурата "150 годишнина од Француската револуција", кон која бил додаден и текстот за Крушевското востание, преведен од српски јазик на велешки дијалект од страна на Страхил Гигов, потоа 1 брошура под наслов "Политичката положба на Македонија" и 4 броја од весникот "Наша реч", дописна картичка со карта на Македонија на која биле насликани петмина илинденци меѓу кои и ликовите на Даме Груев, Гоце Делчев и Христо Матов.[3]

Голем надзор бил вршен и врз Љубомир Маричиќ, архитект родум од Хвар, Далмација, кој веќе 10 години живеел во Велес, како копромитирана, комунистички настроена личност, позната по својата антирежимска дејност насочена против српската власт, како и врз Василие Стевановиќ, родум од велешкото село Оморани, тогаш адвокат во Скопје, кој се почесто доаѓал во Велес дружејќи се со познати комунистички имиња.[4]

Се почести биле затворањата на велешани обвинети за поседување на илегално оружје како и пеење на "бугарски" песни. Така во кафеаната "Ослободување" на 16 спроти 17 октомври 1939 г. тогаш затекнатите Кочо Пауновиќ, Милан Несторовиќ, Васил Зафировиќ и Коста Пеќанац биле обвинети од полициските власти за наклонетост кон бугарскиот народ, пеење на бугарски песни и навреда на државните чиновнички власти, односно тогашната

---

[1] ДАРМ, м.ф. 347 ( Меѓу имињата на сомнителните лица од Велес се споменуваат: Костадин Ванов инжињер по агрономија, Љубомир Маричиќ-архитект, Димче Зиграфски, Лазар Стојановиќ, Јордан Алчевиќ,Страхил Ѓоргов, Коста Солев, Алчевиќ Тодор, Кирил Црвеновиќ, Ѓорги Хаџи Ничевиќ, Дојчиновиќ Марија и др.

[2] ДАРМ, Скопје, м.ф. 345, (Штаб на брегалничката дивизиска област. Извештај до командантот на III армиска област.)

[3] Ibidem

[4] Ibid.

кралска власт, со мисла дека ќе се успее да се влее страв меѓу велешани за почит и наклонетост кон српската режимска власт.[1]

Во обидот за неутрализирање на се поинтензивната комунистичка дејност, српската власт ќе почне да организира и предавања на кои најчесто ќе се говори за српската културна и историска традиција. Така на 21 април 1940 г. во хотелот "Загреб" се одржало предавање, на кое говорел Тодор Живковиќ, на тема "Духовната врска на Јужна Србија со Србија во 1912 г.", во присуство на претставници на општинската власт во градот и околу 100-тина велешани. Меѓутоа КП во градот нема да остане рамнодушна на овој вид предавања, така што истите и ќе се обидат да го спречат понатаношниот тек, поради што во затвор ќе се најдат повеќе од 20 велешани.[2]

Низата случувања во Велес само ќе ја зајакнат партиската и скоевската организација, која во 1940 г. ќе ја достигне својата максимална масовност, повеќе од 200 приврзаници. Овие членови ги заземале сите асоцијации во градот, интензивно била привлечена гимназиската младина, посебно женската младина итн. За своите потреби наметнале одредена членарина која за вработените изнесувала до 5 динари, додека за невработените не повеќе од 1 динар. Тоа била и годината, кога власта чувствувајќи ја опасноста од УРС-овите синдикати, го забрани нивното постоење низ целата земја.

Наоѓајќи се на прагот пред нова светска војна, велешани интензивно ќе се подготвуваат за моментите на отфрлувањето на српската власт. Сепак за нив тоа беа незаборавни години кога, тогашната непосакувана, насилно воведена српска власт ќе се обиде да ги промени неговите корени и докаже дека му припаѓа на српскиот народ, години кога народот интензивно ќе се бори за својата гола егзистенција, период кога по улиците само се гледаа незадоволни маси, растерувани од полицијата, жандармеријата и работодавачите, слика на едно секојдневие, кое носеше свои позитивни и негативни моменти и карактеристики, денес споменувајќи и пренесувајќи се преку неговите живи современици, директни доживувачи на тие години на повеќе од две деценија на српската режимска власт.

---

[1] Ib.

[2] Ib.

## 4.Дејноста на ВМРО(автономистичка) и ВМРО(обединета) во Велес меѓу двете светски војни и нивното влијание врз секојдневниот живот на граѓаните

### 4.1.Дејноста на ВМРО(автономистичка)

Воспоставувањето на српската власт во Вардарскиот дел на Македонија ќе предизвика општо незадоволство како во нејзината внатрешност, така и надвор од границите меѓу македонската емиграција, која во најголем обем беше сконцентрирана во Бугарија.

Токму овде единствено ќе бидат создадени услови за политичка активност на оваа незадоволна емиграција, организирана во разни друштва и асоцијации, постојано искористувана од оние кои и даваа место за делување и поддршка, мислејќи дека така полесно ќе дојдат до остварување на својата замисла, обединета и присоединета Македонија со Бугарија.

Во тој период, непосредно по Првата светска војна македонските емигрантски елементи во соработка со политичките сили во Бугарија, незадоволни од неостварените планови за "обединување на целиот бугарски народ во една држава", односно од изгубените територии во Македонија добиени во периодот од 1915 г., предводени од Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев се вратиле на изворниот принцип за автономија на Македонија, формирајќи организација под името ВМРО(автономистичка) чија основна задача била навлегување со своите чети во Македонија, под српска окупација и оневозможување на брзото консолидирање на нејзината власт со целокупниот апарат.[1] Имено, во овој период, Тодор Александров со своите "автономисти" во Вардарска Македонија, само ќе предизвикува терор врз српските административни власти, со убиства на генерали и слично, што ќе повлече одмазда врз македонското население, подложено на тотална асимилација од страна на Кралството СХС.[2]

Првите навлегувања ќе се забележат во средината на 20-тите година на дваесетиот век за време на првите општински и парламентарни избори, кога ВМРО(автономистичка) преку своите

---

[1] Даринка Петреска , Малешевијата низ историјата 1912-1945, Берово 2003 , 124-125

[2] Верољуб Андоновски, ВМРО- подем и раскол, Скопје 1992, 111

агитатори ја изразија подготвеноста за поддршка на кандидатите на КП, но истата одбиена од Обласниот комитет на КП.

Токму после овие избори и затворањето од страна на полициските власти на Петар Кралев и Тодор Копанданов, за наводно извикување на бугарски пароли, Месниот комитет, на пазарот во Велес, во соработка со целокупното велешкото граѓанство на 17 октомври 1920 г. ќе го организира првиот помасовен митинг на кој учество ќе земат повеќе од 3 000 граѓани со мото: "Против комитската акција во Македонија и против скапотијата", на кој говореле Панко Брашнар, Никола Цураков и Милан Андов.[1]

Посебно внимание заслужува донесената резолуција, преку која говорниците ги повикувале народните маси под заштита на Комунистичката Партија, која околу себе веќе го има придобиено работничкиот народ на Југославија, водејќи го во борбата против трулиот и злочинест буржуаски поредок.Преку него се осудуваат бугарските, шовинистички елементи и пропаганда, чии интереси ниту најмалку не се поклопуваат со македонските, со оние на народот работничкиот и селанскиот.[2]

Владата, иако јавно се обидувала да докаже дека тогашниот нејзин неуспех се должи токму на дејноста на вмровските приврзаници и носители, сепак во своите воени и полициски извештаи оставила писмено признание за врските на народните маси единствено со начелата на Комунистичката Партија, насочени против тогашниот југословенски режим.[3]

Сепак таквите делувања и навлегувања на четниците на ВМРО(автономистичка), ќе и бидат од корист на власта кои спроведувајќи безмилосен терор меѓу градското и селското население, во обидот за справување со комитските чети, ќе имаат затскриена цел: полесно спроведување на денационалицијата, асимилацијата и колонизацијата врз македонското население.

Поинтензивни навлегувања, вмровските извидници ќе забележат од средината на 1922 г. Така во обидот за

[1] Историја на македонскиот народ , том четврти, Скопје 2000 г. , 140

[2] Јосиф Гонев, Неколку документи за "Белиот терор" во Велес и Велешко во 1924 г. , ГИНИ, година XXV, бр.2-3. Скопје 1981 г. , 265-267 (Документ објавен во Радничке новине, бр.254 од 24 10 1920 г.)

[3] Зоран Тодоровски, Активноста на ВМРО во Велес и мерките на државните власти за спречување на нејзините комитски акции. Во: Сп. "Велес" год VII бр.7 , Велес 2003, 24

воспоставување на врска со членовите на ВМРО во Велес,[1] ЦК на оваа организација на 5 август 1922 г. во градот ја испратил Павлина Ангелова, жена на софискиот адвокат Димитар Ангелов, по потекло од Велес.[2]

Меѓу четите подготвувани за навлегување во Македонија летото истата година се наоѓала и четата на велешанецот Илија Кушев кој заедно со уште 6-7 свои приврзаници извршил обиколка по селата од левиот и десниот брег на реката Вардар, како и самиот град Велес, организирајќи мрежа од селски и градски комитети.

Понудувајќи им на велешките комунисти безусловна соработка, во почетокот преку Никола Цураков, а потоа и лично самиот, во извојувањето на автономна Македонија ќе наиде на отпор и неразбирање од истите. Во овие обиди младиот поет трагично ќе го заврши својот живот токму овде недалеку од неговиот роден град. Имено предаден од припадниците на неговата чета, неколкумина Турци од селото Оризари обвинети за криминал, на 29 ноември 1922 г. Илија Кушев ќе биде убиен од истите, кои веднаш потоа ќе бидат ослободени од обвиненијата од страна на српската власт, за кои биле неодамна осудени. Неговата смрт долго ќе се памети од велешките граѓани, секогаш предизвикувајќи го чувството на жалење, поради загубата на една голема личност.

По трагичниот настан, српската власт ќе спроведе низа затворања и бескруполозни малтретитања врз велешкото население обвинето за соработка и помагање на бугарските платеници.

Истовремено со доаѓањето на Кушев, обиди за формирање на чета од приврзаниците на комунистичката партија ќе направи уште еден велешанец, Љубомир Весов. Но како и претходно споменатиот така и овој интелектуалец неправедно ќе го прекрати својот живот, односно ќе биде убиен на 15 ноември 1922 г. непосредно после заминувањето од Велес за Крушево, во с.Острилци.

ВМРО(автономистичка) истата година повторно ќе превземе активности во градот, овојпат преку Никола Гулев, син на Питу Гули кој со некакво полномошно дадено од Т. Александров ќе бара остварување на заедничко дејство меѓу неговата организација со комунистичката, чија реализација остана неуспешна и неприфатена; и подоцна во 1925 г. преку помалиот брат на Илија,

---

[1] Според кажувањата на Тодор Зографски, ВМРО(автономистичка) во Велес имала по некој приврзаник, за чии имиња не дава податоци, како ниту за било каква нивна активност во градот.)

[2] З. Тодоровски , Активноста на ... , op.cit. , 25



*Илија Кушев*

Item description: * See scan - very good condition. Extremely scarce and rare collector piece printed in France. This French macedonian patriotic postcard shows a real photo / photograph portrait of the Macedonian Revolutionary VMRO hero Ilia Kouchev - born in the Macedonian town of Veles in 1896 and worked for the Central Revolutionary Freedom fighters' Committee and who was killed / assasinated in 1922. There is a good quantity of text written in French and printed at the back of the card. Really great collector

Тодор Кушев кој на патот кон велешката околија бил откриен и убиен од полицијата.

Ваквите навлегувања на четите испратени од ВМРО (автономистичка), неминовно го привлекувала и навлекувала револтот на српскиот режим. Во овој период, на засилено револуционерно раздвижување меѓу населението, како и на се поинтензивните навлегувања на комитските чети на ВМРО, кај одредени воени кругови во Кралството СХС во 1920 г., се наметнало меѓу другите и мислењето за предавање на целата власт во Македонија на воени лица, како и предлог за подигнување на нов град Велес, покрај железничката станица, мерка за оневозможување на дејства опасни за самата држава.[1]

Испраќањето на вооружени чети од Бугарија, ќе го предизвикаат државниот апарат да пристапи во 1923 г. и кон организирање посебна воено четничка организација позната како "Удружење против бугарских бандита" со седиште во Штип, во чиј состав често се сретнувале некогашни бугарски војници, сега безусловни наклонетици на српската власт и спроведувачи на истата.

Една од таквите чети кои делувала во Велес била четата на Јован Стојковиќ Бабунски,[2] кој создал една секојдневна слика за велешкото и околно население на невиден терор пропратен со малтретирања, постојани тепања, ограбувања и сл., слика која тешко некој можел да ја преживее доколку стане дел од неа. Овој војвода од српската власт бил сметан за еден од најхрабрите борци во спроведувањето на српскиот национален дух. Цели 16 години ги крстосувал падините на планината Бабуна, оставајќи позади себе пустош, плач и мнгубројни жртви. За ваквата дејност, само после 4 г. по неговата смрт на иницијатива на здружението на резервните офицери и војници во центарот на велешкото шеталиште бил

---

[1] Иван Катарџиев, КПЈ во Македонија до Обзнаната, Скопје 1961 , 35-36

[2] В."Вардар", (Јован Стојковиќ Бабунски потекнува од с.Мартолци, Велешко, каде го завршил основното образование. Гимназија завршил во Беллград и Ваљево додека учителското училиште го започнал во Ниш , а завршил во Белград. По завршувањето бил поставен за за учител во с.Теово. Оваа професија набрзо ја напушта целосно предавајќи се во рацете на српската власт станувајќи нејзин верен пропагатор уште од 1912 г. Својот живот ќе го заврши на 4 февруари 1920 г. Постојат повеќе верзии за неговата смрт, но поголем дел од старите велешани раскажуваат дека починал од инфекција на раната со која се имал здобиено во обидот да убие еден велешки поп од с.Крајници, или пак дека починал од тогаш познатиот смртоносен шпански грип, кој заземал се поголеми размери. Погребан бил во црквата "Св.Пантелејмон", меѓутоа неговите остатоци по доаѓањето на Бугарите, после 1941 г., биле откопани и фрлени во водите на Вардар.)

подигнат споменик во негова чест и како што ќе речат српските власти "како заслуга за годините кои ги помина во одбраната на својот народ во најтешките денови". Осветувањето на споменикот, како и знамето на четничкото здружение било извршено на 28 октомври, датум кој во периодот меѓу двете светски војни се славел како ден на ослободувањето од Турците и навлегувањето на српските "ослободители".

Други озлогласени војводи кои делувале во Велес и околијата биле Василие Трбиќ, Луно Војвода, Минциќ и др.[1] Доста често кон овие злоставувања се приклучувала војската и жандармеријата, извршувајќи "успешни акции против бугарските контрачетници" за кои добивале и соодветни одликувања.[2] Од сите овие елементи единствено ќе настрада цивилното население кое не можеше да ги избегне последиците, ниту пак да допринесе за нивно намалување и исчезнување.

Често изговорот, соработка со бугарските комити, се користел за да се овозможи затворање на повидни членови на месната организација. Акциите се изведувале во вечерните часови кога насилно одвлечените граѓани од своите домови се носеле во одреден правец каде биле подложени на ѕверски измачувања.[3] Дел од секојдневието била појавата, таквите личности да бидат убиени и во "бела вреќа" фрлени во водите на Вардар, метод веќе применет и докажан за време на нивното прво навлегување во Македонија.

Ваквите напади биле мошне интензивни по селата, за кои дури се дознавало и во Министерството за внатрешни работи. Така

---

[1] А ИНИ, Сеќавања на Василие Трбиќ

[2] Ј. Гонев , Неколку документи ... , op.cit , 269 (Според наредбата на Командирот на Скопските жандармериски чети, заради успешна пресметка на жандармите:поднаредникот Радивој Стојановиќ, капларите Живко Мисаиловиќ, Арсо Илиќ, Бадрија Даздаревиќ и Симо Пешиќ, потоа привремениот жандарм Вукосав Милосављевиќ и кадровците Павле Петровиќ и Никола Кузмановиќ, со осумина бугарски комити од кои двајца биле убиени и шестмина ранети, погоренаведените српски воени лица биле предложени за одликување.)

[3] Ibidem, 277-282 (Доста долго еден настан предизвикувал раздвижување меѓу граѓаните во Велес. Имено четниците од т.н. Кратовска чета, составена од бивши бугарски(македонски) комити сега во служба на српските власти, примениле најсурови инквизиторски мерки над тројца велешани, Анѓел Пендов, Димко Стојанов и Левко Јорданов, под лажно обвинение за поседување на илегално оружје зад кое се криела нивната намера да дојдат до тогаш активните партиски членови Јован Ципунов, Никола Крстев и Тодор Копанданов. Тројцата велешани на овој начи го опишуваат злосторството кое го доживеале: со врзани раце не однесоа надвор од градот во местото Петрова Чешма каде не тепаа со дрва, кундаци, нозе, камења, ставајќи ни ножеви во устите. Потоа ни наредија да легнеме застанувајќи ни по еден на нозете и главите удирајќи не со дебели мотики се додека не можевме да се помрднеме, по што следуваше наредба за да се исправиме, а и зедно да играме. Кога сето тоа заврши ни наредија да трчаме се до нашите домови.)

познати се насилничките постапки, убиства и затворања на селаните од страна на четниците во селата Оризари, Дреново, Бањица, Рлевци, С'лп, Бистрица, Карабуниште, Крива Круша, општината Лисиче, Чашка и Отиштино. Имено под изговор за откриени комитски организации од Дреново биле затворени 24 селани, додека од Отиштино 12, спроведени во затворот во Велес, каде од постојаните тепање еден дел од нив се наоѓале дури и во смртна опасност.

Доста чести биле појавите по наредба на српската власт на организирани селани од 50-100, во т.н. доброволна милиција, како по неколку денови измрзнати, гладни, голи и боси се определувале за чување на селото и неговата околина, патиштата и пругите, а дел од нив и за потера по бугарските комити. Ваквите акции знаеле да завршат и со смртни последици: така за време чувањето стража на влезот во Велес, велешанецот Трајко Лукар, изморен и изгладнет заспал по што бил прегазен од возот.[1]

Затворите по неосновани обвинувања биле преполни, каде со политичките затвореници се постапувало како со најлоши криминалци и терористи. Секојдневни биле случувањата на умирање од прекумерно тепање и мачење. Во велешкиот затвор долго се паметел настанот со касапот Стефан Босота, кој толку бил тепан што по еден месец лежење в затвор бил пуштен како невин, но во килим бил однесен дома.[2]

За спречување на понатамошните вакви случувања, кои само допринесувале за нарушување на хармонијата во секојдневниот живот на велешани, претседетелот на Општината се обидел да воведе еден вид заштита на локалното население, преку тогаш формираните вооружени патроли, кои за кратко време биле расформирани по наредба на поглаварот на околијата.

По доаѓањето на Иван Михајлов на раководното место на ЦК на ВМРО во 1925 г. начинот на дејствување на просторите од Вардарскиот дел на Македонија, ќе доживее некои измени. Имено сега ќе се применува методот на организирани терористички групи, кои се подготвувани за извршување на атентати со кои би предизвикале извесни разбранувања и страв меѓу српските носители на власт.

Началството на велешката околија постојано било подложувано под притисоци од Кралската банска управа на Вардарска бановина,

---

[1] Документи за борбата ... , op.cit. , 26

[2] Ibidem, 27

за воведување на строга контрола во нивната околија на влезовите на градот, на пазарите, поради постојани засилени навлегувања на атентатори од ВМРО, истовремено барајќи списоци на сомнителни личности. Се предвидувало поставување на командир на градската стража, кој требало да формира две десетини од по осум стражари и да им поставува десетари, чија задача се состоела во денонокно патролирање по градот, како и засилување на градската полициска станица со двајца полициски чиновници, двајца практиканти, двајца агенти, еден командир на стражарите, еден помошнок командир и 20 стражари.[1]

Дејноста на ВМРО во Македонија ќе престане со нејзината забрана по Деветнаесеттиот мајски преврат, по кој нејзините приврзаници ќе се активираат преку ММТРО(Македонска младинска тајна революционерна организација), се до почетокот на Втората светска војна, заедно со граѓанските опозициони партии во борбата против фашистичкиот режим на југословенската власт .

[1] Ibid., 35-36

## 4.2. Дејноста на ВМРО(обединета)

Во еден период на крајно драматични услови како и под силно влијание на меѓународното комунистичко движење, на историската сцена ќе се појави ВМРО(обединета) како нова, лево ориентирана организација и револуционерно движење.[1]

Оваа организација во својство на вистинска револуционерна сила имала задача да се бори за ослободување и обединување на раскинатите делови на Македонија, во една наполно самостојна политичка единица, во нејзините природни етнографски и географски граници, во соработка со целото македонско население, во рамките на еден македонски револуционерен фронт, засилувајќи ја борбата како против српската и грчката, така и против бугарската влада, односно потпирајќи се врз единствен балкански револуционерен фронт, во тесна соработка со сите прогресивнореволуционерни движења на Балканот и во Европа, организацијата би успеала да ја извојува слободата и независноста на Македонија, наложувајќи го создавањето на Балканската федерација, стабилизирајќи го мирот на Балканот, за да го потпомогне воспоставувањето на мирот во цела Европа.[2]

Како резултат на тоа на 6 мај 1924 г. во Виена ќе биде потпишан претходно прифатениот Манифест, со кој нејзините потписници се обврзувале повторно да ги соберат и активираат Национал-револуционерите од Илинденскиот период, во трите дела на Македонија, како и целокупната македонска емиграција, во безусловна борба за извојување на независна Македонија.[3] Овој документ ќе стане закана за самата бугарска влада, под чиј притисок двајцата членови на ЦК и потписници на мајскиот манифест Т.Александров и А.Протогеров, ќе се откажат од истиот и подоцна настрадаат.

Меѓутоа, одредбите зацртани со Мајскиот манифест, за создавање на комитети и групи, како дел од новата македонско национално ослободителна организација за извојување на обединета, независна и слободна Македонија, продолжиле континуирано да се следат, така што во периодот кој следи, ќе се

[1] Историја на македонскиот народ ... , op.cit. , 390-391

[2] Документи за борбата на ... , op.cit. , 85-86

[3] Даринка Петреска, Учеството на Панко Брашнаров во ВМРО (обединета). Во: V Научен собир, Панко Брашнаров- живот и дело (1883-1951), Титов Велес 1991, 71

забележи посебно забрзана активност во Вардарскиот дел на Македонија за создавање на ограноци на ВМРО(обединета).

Велес ќе претставува центар каде ќе се создадат првите национал революционерни групи, како дел на новоформираната вмровска организација. Иницијативата ја покренал Ризо Ризов, еден од најстарите приврзаници на ВМРО и Серската група, кој по советувањето со Тодор Паница, таквата идеја ќе ја наметне на еден дел од велешките комунисти, меѓу кои и Панко Брашнар. Непоредно потоа Местниот комитет на КП во Велес ќе организара собир, на кој се разработувало прашањето за основањето на револуционерни групи врз принципот на Мајскиот манифест, како и кој треба да го изврши самото основање, за кое прашање Ризо Ризов ја наметнал потребата од подршка на комунистичката организација, како единствена која може тоа да го направи.[1]

Поголем дел од членовите на КП, меѓу кои и тогашниот покраински секретар на СКОЈ за Македонија Т. Шоптрајанов, не се согласувале со мислењето партиската организација да ја создава организацијата на ВМРО(обединета), име добиено веќе следната година. Според нив КП и нејзините членови може да ја подржуваат и станат дел од неа само откако ќе биде создадена од страна на други елементи. Партијата во тој период се согласувала со мислењето, дека учеството и активноста на новоформираната организација е против политиката и тактиката на Партијата, а со создавање на федеративни организации се оди кон нејзино ликвидирање и омаловажување како политичка сила, која може успешно да ја води борбата за ослободување на Македонија.[2]

Независно од тоа, истата 1924 г. Панко Брашнар и Ризо Ризов заминуваат во Виена, каде требало да добијат поконкретни сознанија за понатамошната активност на новата националноослободителна организација.[3] По враќањето од Виена на "недисциплинираниот" П.Брашнаров, кон крајот на 1924 г., била одржана и Првата обласна конференција на која се избрал и Извршниот одбор, кој требало да раководи со создавањето на ограноците на федералистичката организација, за која активност

---

[1] Т. Г. Зогравски и Д. А. Зогравски, КПЈ и ... , op.cit. , 134

[2] П. Коробар, Панко... , op.cit , 45

[3] Даринка Петреска, Учеството и ... , op.cit, 73

заедно со Тодор Зографски во 1924 или 1925 г. за кратко биле исклучени од Партијата.[1]

Основачката конференција на ВМРО(обединета) за Вардарска Македонија се одржала во Велес, во куќата на Борис Ковач, на која присуствале делегати од Велес,[2] Штип, Скопје, Прилеп, Куманово, Кавадарци, Струмица, Радовиш и Царево Село(денес Делчево).

Во понатамошниот период, под водство на Панко Брашнаров, се до моментото на неговото затворање во летото 1926 г., се забележала интензивна активност во омасовувањето на ВМРО (обединета), како во градот така и во велешките села. Имено за време одржувањето на еден состанок на активистите во месноста Пчеларник, Брашнаров ќе биде затворен заедно со Бане Андреев, Јовче Џипун, Никола Крстев и Борис Карбев и осуден на две години затвор заедно со последно споменатиот активист.

Провалата не претставувала причина за прекинување на активностите напротив се продолжило со дотогашното темпо, настојувајќи уште повеќе да се засили преку добиваниот печат од Белград и Загреб, како "Македонско дело" и "Балканска федерација", потоа преку опфаќање на младината итн., така што веќе во текот на 1926 г., организацијата располагала со 4 групи и 12 членови, меѓу кои имало и комунистичко настроени елементи,[3]за веќе во нередните години зголеми според кажувањата на Т. Зографски на повеќе од 30. Во соработка со членсвото на Комунистичката Партија ВМРО(обединета) ќе успее да дојде до набавка на печатница, преку која се отпечатиле одредени материјали, апели упатени до поширокатa Велешка околија.

Интензивна активност на двете организации во градот, КП и ВМРО (обединета), ќе се забележи за време изборите од 1927 г., кога неможејќи да се претстават со своја листа и кандидати, истите ќе пристапат кон нивно бојкотирање. Меѓутоа наредната 1928-29 г. мерките на полицијата толку ќе се зголемат така што во редовите на ВМРО(обединета) ќе настане провала по која 19 членови биле затворени, од кои деветмина во јули 1930 г. ќе бидат и осудени.[4] Овој судски процес најстрого ќе го казни Панко Прашнар, со пет

---

[1] В. Весковиќ-Вангели, Досие Брашнаров, Скопје 2003, 83-85 (Нешто подоцна заради својата предана дејност, на основачката конференција на ВМРО (обединета) во Виена, Панко Брашнар, во отсуство, бил избран за член на ЦК.)

[2]П. Коробар, Панко ... , op.cit., 147 (делегати од Велес биле: Панко Брашнар, Дончо Мирчевски, Никола Крстев Бацко, Здравко Хаџиангелов, Јанко Шоптрајанов, Јовче Ципунов и Борис Ковач.)

[3] Дечо Добринов, ВМРО(обединета), Софија 1993 , 96

[4] Т. Г. Зогравски и Д. А. Зогравски , КПЈ и ... op.cit , 244-245

години затвор и доживотно губење на граѓанските права, казна одржана во Казнениот затвор во Скопје и  Сремска Митровица.

Овој настан го привлекло вниманието и на странскиот печат. Виена, Берлин, Париз, Женева и др. градови како во Европа така и во Америка, интензивно пишувале за фашистичката диктатура на Кралството Југославија и се позасилениот асимилаторски и денационализаторски притисок кон македонскиот народ

Меѓутоа тоа е времето кога на сцената се појавила познатата Шестојануарска диктатура, период кога се што е легално па дури и илегално тешко можело да опстане без некои последици. Тоа ќе го доживее и ВМРО(обединета) во Велес и Варадрскиот дел на Македонија кога и целосно ќе престане да постои.

ВМРО(обединета) во периодот на своето постоење заедно односно во соработка со местниот комитет на Комунистичката Партија во Велес која и целосно ќе ја раководи, ќе постигнат видни резултати во делувањето, организирањето, омасовувањето и афирмирањето на тезата за независна Македонија, иако имало некое постојано несогласување и оспорување од одредени членови.

Делувањето ВМРО (автономистичка) и ВМРО (обединета), видно ќе се одрази на секојдневниот живот на велешани, на кои доволна им била сиромаштијата со која живееле, како и казната себеси да не можат да се наречат велешани, Македонци. Секое нивно појавување и организирање само ќе ги надополни страдањата на кои и без тоа биле навикнати  граѓаните од Велес, но и населението од селата затоа што истото нема да биде одминато од "заштитничкиот" однос на српската власт.

## 5. Економската состојба во градот

Градот Велес во периодот меѓу двете светски војни ќе егзистира како еден од позначајните економски и стопански центри во Вардарскиот дел на Македонија. Меѓутоа ќе му недостасуваат сите оние одлики кои го красеа само до пред половина век, кога го имаше достигнато својот максимум и беше познат како важен занаетчиско-трговски центар во цела Македонија, па и пошироко, благодарение на својата географска местоположба. Тоа е град каде тогашниот поимотен граѓански слој успеа да се издигне благодарение на влијанијата од светските и европските случувања, пренесени во градот токму преку врските и директното учество на овој велешки трговски слој.

Но никој од нив не можеше да претпостави дека мошне брзо на Македонија ќе и се случат шестгодишните војни, кои секој Македонец секој велешанец, ќе го соочат со борбата за секојдневен опстанок и обидот за егзистирање во таа реалност.

Како и да е велешките граѓани после Првата светска војна ќе опстануваат, благодарение на земјоделството, занаетчиството, трговијата, индустријата и др. стопански гранки кои се развиваа континуирано, во тек со тогашните услови во кои се развиваше и цела Македонија.

### 5.1.Земјоделството меѓу двете светски војни

Како и целокупното население во Македонија под српска власт, така и велешкото, во периодот меѓу двете светски војни, својот опстанок ќе го должи и на земјоделството. Велешани беа само дел од 87% од целокупниот број на македонско население, кое се занимаваше со оваа стопанска гранка, за што ќе придонесат и климатските услови, кои го карактеризираат градот.

Голема улога во развојот на земјоделството ќе одигра и тогашната аграрна реформа и процесот на колонизација. Со аграрна реформа и се даде можност на државата да располага со најголем дел од обработливата површина, која понатаму ја даваше под закуп на локалното население, за нејзина обработка, надевајќи се дека ќе дојде до извесни финансиски средства.

Имено по навлегувањето на српската власт нејзиното Министерство за аграрна реформа, водело голема сметка за

целокупниот општествен имот, како и за оној кој постојано го ставала под своја надлежност, ливади пасишта, шуми, овоштарници и др. вид на земјиште, како и она оставено од страна на турското население, по неговото иселување. Доста чести биле барањата од државата за докажување сопствевоста на имотот, без чија согласност судот не можел да потврди било каква тапија или да изврши продажба и давање под закуп на одредени земјишни површини, така што неизбежни биле и судските процеси, интензивни по доселувањето на српските колонисти.[1]

Меѓутоа дел од обработливата земја ќе се најде како сопственост на велешките поимотни претставници, кои секогаш обработката на земјата ќе им ја доверат на наемните работници, аргати и аргатки или пак ќе ја даваат под закуп, за кој и ќе наметнат големи даночни оптоварувања.

Земјоделството било доста екстензивно, нешто кое се должело на се уште нерационалното обработување, како и заостанатоста во извршувањето на тој чин. Стручната подготовка на замјоделското население во тој период се наоѓаше на многу низок степен.[2] Се чувствувала потребата од подигнување на стручни училишта, преку кои земјоделското население многу полесно би можело да дојде до новите сознанија од областа на замјоделството и неговото повисоко категоризирање, за која истовремено било задолжено тогашното Министерство за земјоделство и вода.[3]

И покрај тоа што се работи за едно градско подрачје околината на Велес, како и пределите покрај рекатa Вардар, на најголем дел од населението ќе му овозможи одгледување на разни култури. Речиси секое велешко семејство напоредно со другите занимања, поседувало своја или обработувало туѓа земја.[4]

Од земјоделските, односно од житните култури велешани најмногу ги одгледувале: пченицата (озима и јара), јачменот (озима и јара), ржта, овесот и др. кои ги задоволувале потребите на локалното население. Многу поголема била улогата на селското население чии производи секогаш биле дел од велешкиот житен пазар.

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф. Првостепен суд Велес 1918-1934 , к.1, 9.382 1.7/7-10

[2] Јанко Вукичевиќ, Привреда Јужне Србије. Во: Споменица двадесетпетгодишњице ослобоћења Јужне Србије, Скопје 1937, 526

[3] ДАРМ, ПО Велес,ф.Општина велешка 1918-1941, к.3, 9.3.4/10-11

[4] Ристо Христов , Селото во Врдарскиот дел на Мкедонија меѓу двете светски војни, Скопје 1993 , 64 (За 1931 г. постојат податоци според кои во цела Вардарска бановина како наемни земјоделски работници живееле 27 440 луѓе.)

Велес бил еден од најпознатите градови по одгледувањето на градинарските култури како: пиперки, домати, познати по својот квалитет и најмногу извезувани, потоа компири, лук, кромид, грашок, краставици и др., кои во периодот на Големата економската криза, ќе одржат во живот многу велешки семејства.

Најголема одлика на градот биле индустриските култури: афионот и афионовото семе, сусамот, тутунот и памукот. Неговото подрачје ќе се најде меѓу 12 реони, каде била интензивно распространета оваа култура.[1] Познат како "*мак*", *афионот* бил еден од најзастапените и најплатените култури во велешкиот крај се до 1927 г., кога површината на неговото одгледување видно ќе се намали, поради се поголемата конкуренција однадвор, меѓутоа и поради ниската откупна цена. Со *Женевската конвенција* од 1929 г. и *Законот за опојните дроги* од 1931 г. се предвидувало засилена контрола и ограничување во производството на опиумот, додека пак извозот му бил доверен на Привилегираното акционерско друштво за извоз[2], така што сите тие промени видно ќе делуваат на одгледувачите на тутунската индустриска култура.

Поради неможноста на македонскиот производител да дојде во допир директно со трговија на европскиот Пазар, истиот ќе доживее огромни финансиски штети, кои ќе се одразат на целокупното македонско стопанство меѓу двете светски војни. По својот квалитет, кој се ценел според содржаниот процент морфиум, велешкиот афион со 13-15% се рангирал на второто место, веднаш после кавадаречкиот.[3] Не постоело велешко семејство кое не сакало да дојде до тој црн катран, за кој било во состојба и да се задолжи и покрај големиот ризик, кој постоел при одгледувањето на афионот, како една доста чуствителна култура на ниските температури.

Посебна улога за градот имало *афионовото семе*, од кое се добивало маслото за јадење познато како шарлаган, кој содржел околу 40-50% масленост и се продавал по многу пониска цена. Истиот се произведувал и од *сусамот*.[4]

Друга индустриска култура по својата застапеност во Велес е *тутунот*, за што сведочи и тогаш отворениот Монопол по наредба на кралската власт, која тогаш го ограничувала како количеството на засадениот тутун, така и на неговата слободна продажба.

---

[1] Благоја Рогановиќ, Биљна производња, Споменице ... , op.cit. , 549
[2] Ibidem, 550-551
[3] Тодор Мировски, Стопанството меѓу двете светски војни, Скопје 1998, 48
[4] Ibidem, 59

Големо значење имал и *памукот*, кој Велес и велешката околија, според засеаната површина, ги рангирала на петтото место со 35 хк и 15 200 кг принос во периодот од 1920 до 1930 г.[1]

Во периодот меѓу двете светски војни, доста широка била застапеноста на *овоштарството*. Се одгледувале: црници, јаболка, круши, ореви, цреши, вишни, кајсии, дуњи, бадеми, костени, лимони, праски и др. од кои најзастапени биле сливите, кајсиите и праските, по кои надалеку бил познат Велес, најчесто употребувани за производство на ракија, мармалад, сок итн.

Велес и околијата бележеле поволни услови за развојот на *лозарството*. Имено според податоците кои ги дава Александар Тасиќ, само во околината на Велес, Скопје и Тиквешијата, постоеле повеќе од 10 000 хк површина засадена со винова лоза.[2] Ретки биле велешаните кои не поседувале лозје, од кое ги подготвувале прочуените по својот вкус и квалитет, вино и ракија.

Што се однесува на *сточарството* Велес не забележува видни резултати, со исклучок на неговите селски подрачја. Во градот бил застапен како ситниот така и крупниот добиток: коњи, магариња, мазги, мулиња, крави, волови, биволи, биволици, свињи, овци, кози, гуски, кокошки, мисирки и др.

Како град кој се протега покрај река неминово ќе го наметне и развојот на *риболовот*, како една споредна дејност на граѓаните, која пред се била потикната од личните потреби, како спорт и рекреација.

Доста застапено било и *пчеларството*, посебно во околијата на градот или периферијата, каде постоеле услови за исхрана на пчелите и поставување на кошинците. Љубителите на оваа дејност биле организирани и во свое друштво, за кое сведочат и зачуваните архивски документи.

Поголем дел од локалното население се занимавало и со *свиларство* односно одгледувањето на свилената буба, пред се поради присуството на црницата во градот. Со оваа дејност претежно се занимавале велешките жени. Семето за свилени буби кое се мерело со напрсток за шиење, ситно со темна боја и големина на афионско семе, се купувало или добивало од одредени велешки трговци кои се занимавале со откуп на свилени кожурци и природна свила.[3]

---

[1] Ibid., 81

[2] Александар Тасиќ, Виноградарство , Споменица ..., op.cit. , 570

[3] Петар Пановски,Грст ..., op.cit., 94

На тој начин успеваше земјоделството во градот, како една стопанска гранка, од која се опстојуваше во периодот меѓу двете светски војни. Меѓутоа, речиси секогаш земјоделското население, своето егзистирање го надополнуваше со други дејности.

## 5.2 Занаетчиството во Велес

Значајна стопанска гранка која го карактеризира Велес со векови наназад, е занаетчиството. Имено градот бил познат по своите занаети, кои својот максимум ќе го достигнат непосредно во втората половина на 19 в. Таквиот тек на настаните, ќе биде запрен од војните кои следуваа, како и од новите општествено-политички и економски промени кои настанаа во светот, карактеристични за тој временски период, а во кој оваа стопанска дејност може да се следи преку големиот број на свои претставници во градот.

Голем број на занаети, со почетокот на меѓувоениот период, ќе бидат осудени на целосно пропаѓање и исчезнување, како резултат на нивната замена од се поинтензивното навлегување на готовите, помодерни и донекаде поевтини производи кои ги преплавуваа речиси сите македонски градови. Голема улога ќе одиграат и нововоспоставените гранични линии на балканските држави, меѓу кои Македонија се најде целосно поделена, потполно изолирајќи го секој дел од неа, без кои таа тешко опстануваше.

Но, како и да е градот преку тогаш постоечкото занаетчиство и понатаму ќе остане значаен занаетчиски центар, чие население во најголем процент егзистираше токму од него, градот едноставно пулсираше преку него, за кое и граѓаните најмногу знаеја и најдобро го совладуваа.

Во овој периот, развојот на занаетчиството ќе биде условено од потребите и секојдневието, кое го носеше тогашниот живот на локалното население, навикнато на таквите производи, тешко восприемајќи ги драстичните промени. Истото ќе биде условено и од потребите на неговото селско население, кое и најчесто се поврзуваше со градот преку задоволување на потребите од занаетчиските услуги.

Од воспоставувањето на големосрпскиот, премногу амбициозен режим, во градот опстојуваа повеќе од 720 занаетчии, меѓу кои претставници на: чевларскиот, терзискиот, јажарскиот, ковачкиот, грнчарскиот, јорганџискиот, сарачкиот, самарџискиот, касапскиот,

калајџискиот, шарлаганџискиот, пајтонџискиот, механичарскиот, бојаџискиот итн, сите подоцна дел од велешката занаетчиска еснафска управа, организирана заради заштита на занаетчиските права и интереси.[1]

Иако ќе се најдат во една тешка состојба, сите меѓусебно ќе знаат како да си го продолжат својот опстанок, постојано борејќи се со времето, во кое постојано се надополнуваа и натоваруваа некекви казни, закони, даночни оптоварувања итн, кои пак неминовно делуваа на секојдневната егзистенција, продолжувајќи ја борбата на овие луѓе, исцрпувајќи ги и оставајќи без понатамошни сили.

Состојбата во занаетчиството видно ќе се измени во почетокот на третата деценија на XX в., наметната како од Големата економска криза, така и од се поголемиот прилив на увезените поевтини индустриски производи, преку кои тогашното Кралство Југославија ќе внесе еден раздор, кој само ќе допринесе за уништувањето на велешкото занаетчиство. Тоа ќе се најде на прагот од невозможноста да ги пласира своите производи, така што полека, но сигурно многу од велешките занаети и дуќани ќе исчезнат од дотогашната сцена.За егзистирањето на занаетчиите во овој временски период (1929-1933), Еснафската управа на велешките занаетчии ги презентирала следниве податоци:

"Скоро сите занаети се во пропаѓање, за што ќе придонесе слабата куповна моќ на населението и конкуренцијата на фабричките производи.Стариот обичај и навика да се работи и дава на вересија многу занаетчии ги остави без обртен капитал и така постепено дојдоа до пропаѓање.Фабричката конкуренција, големите вересии, лошо изработените и евтини производи, меѓусебната конкуренција, немањето свест за меѓусебно помагање и организирање, се се тоа болни појави на нашето занаетчиство, против кои е потребна борба и радикален однос, но во овој момент на најголема и страшна стопанска криза, на секој одделен занаетчија сето тоа му изгледа илузорно и бесмислено. И ако се уште некако се одржуваат нашите занаетчии во сите краишта, тоа е благодарение на големата штедливост што ја заведоа, спуштајќи го на тој начин стандардот на својот живот под минимум".[2]

Така велешкото занаетчиство се бореше со суровостите кои му ги донесуваше периодот меѓу двете светски војни, истовремено

---

[1] Данчо Зографски, Македонија и Велешкиот крај ... op.cit., 22

[2] Ристо Христов, Трудбеничките и општествени слоеви во Македонија (1918-1941), Скопје 1994, 14-15

наоѓајќи начин да опстане и продолжи својата традиција. Никогаш нема да да го добие поранешното значење, губејќи ја истовремено и бројната состојба.

## 5.3 Развој на индустријата и трговијата

Иако не може да се говори за некој поголем развој на индустријата во Вардарска Македонија, сепак градот Велес како дел од неа, истовремено ќе претставува важен административен, индустриски и трговски центар.

Имено, градот меѓу двете светски војни ќе располага со 8 индустриски пратпријатија, со машински инсталации, односно само 7,2 % од вкупниот број на сите индустриски претпијатија во Вардарска Македонија, кои претежно беа од видот на лесната прapaботувачка индустрија.[1]

За нив може да се рече, дека тоа беа претпријатија со мали постигнувања во производствените достигнувања, минимален капитал, примитивна технологија, поради која сопствениците беа принудени да вработуваат поголем број од градската работна сила, но не ретко и од селската поблиска околина. Истата, во овој период помасовно ќе се доселува во градот, мислејќи дека овој вид на стопанство ќе им ги реши секојдневните проблеми, поврзани со егзистирањето и подобрувањето на својот социјален статус.

Во градот главно, односно задолжително и неминовно се негуваше развојот на мелничката индустрија претставена од 2 мелници: мелницата "Регулатор" на Трајко Зиков и мелницата "Вардар", изградена во 1927 г. од Алексо Зафиров, истата продадена во 1930 г. на Ѓошо Органџиев, Андон П. Кирков и Анѓел Органџиев, познати велешки трговци и индустријалци.[2]

Индустријата за зејтин била една од најважните стопански гранки за Велес, која се должела на богатата суровинска основа со која градот располагал, односно благодарение на присуството на афионовата култура. Во почетокот ќе започне да се развива преку

---

[1] Д. Зогравски , Македонија и Велешкиот крај ..., op.cit., 20

[2] Коста Сидовски, Развитокот на индустријата на територијата на денешна СР Македонија во периодот меѓу двете светски војни(1918-1941), Скопје 1980, 39 ( Новите сопственици ја реновирале мелницата така што таа сега располагала со комплетна мелничка инсталација купена од Чехословачка. Функционирала на саугас мотор од 45 кс и 1 електромотор од 70 кс со вкупен работен капацитет од 21 вработен)

производството на шарлаган во малите и едноставни шарланганцилнички работилници.[1]

Како резултат на тоа, меѓу двете светски војни, поточно во 1923 г. во непосредна близина на железничката станица ќе биде основана првата фабрика, во овој период за зејтин, на Ѓошо Органџиев, Андон Кирков и Ангел Органџиев, вбројувајќи се во редот на најмодерните фабрики не само во Кралството СХС, туку и во цела централна Европа.[2]

Само една година подоцна ќе биде основано второто индустриско пртпријатие, познато како велешко шарлаганџиско друштво, кое во 1929 г. ќе се преименува во акционерско друштво. Во периодот додека постои, односно се до 1933 г., шарлаганџиското друштво претежно тргувало со градови од Македонија, Ј.Србија и Косово, остварувајќи доста добри врски со тие делови од Кралството Југославија, успевајќи на еден начин и да го афирмира самиот град Велес.[3] Архивската документација потврдува дека ова друштво одржувало врски и со градови од Романија, Австрија, Палестина, Германија, Грција, Англија, Бугарија, Италија итн.

И понатаму не престанаа да функционираат, малите шарлагаџилници во градот наменети само за задоволување на потребите од локалното население, кое шарлаганот го гледаше како поевтин производ и со тоа многу подостапен за нив во исхраната.

Поради се поголемата конкуренција, која се појавувала од страна на другите простори на кралството Југославија, после триесетите години, двете фабрики се соединуваат во едно, познато како "Здружени фабрики за зејтин за јадење, Велес" во кое функционирала само фабриката на Ѓошо Органџиев, во соработка

---

[1] Миленко С. Филиповиќ, Шарлаганџије у Велесу. Во: Гласник Скопског научног друштва, 284 (Едни од најпознатите шарлагаџилници биле оние на: Петре Миновиќ, Гиго Аргировиќ, Панче Пешевиќ, Илија Кртиќ, Лукаревиќ, Оровчанец, Милан Војницалија, браќата Ѓорѓевиќ кои уште од втората половина на 19 в. почнале да употребуваат поевтини но модерни машини во процесот на производството, потоа Илија Кртиќ кој во 1888 г. основал и еден вид помала фебрика, Петар Зиковиќ и др. со кои на еден начин започнало индустриското производство на маслото за јадење.)

[2] Надежда Цветковска, Состојбите во градското стопанство, сообраќајот и банкарството во Велес меѓу двете светски војни. Во: Сп"Велес", год.VI бр. 6, Велес 2002, 18 (фабриката располагала со комплетни модрни инсталации за преработка на зејтин, таан и бел сусам како и со рафинерии донесени од Германија.Машините работеле на парен погон поседувајќи парна локомотива од 200 коњски сили, дневен капацитет од 10 000 литри зејтин и 2 500 кгр. Таан за алва.)

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф. Велешко шарлаганџиско друштво 1929-1933, к.10, несреден фонд

со трговските имиња како Андон Кирков, Ангел Органциев, Јован и Никофор Костови и Димитар Настев, како негови соработници.

Велес е еден од градовите, каде била присутна и индустријата за градежен материјал, односно за производство на коцкест камен за калдармисување на улиците, тули и керамиди.Оваа индустриска дејност ќе се одбележи преку формирањето на керамидницата "Бон Марше", во 1937 г.[1]

Керамичката индустрија во градот, бележи развој уште многу одамна, развивајќи се во рамките на тогашното занаетчиство. Во рангот на индустријата, производството на керамички производи ќе започне од 1921 г. кога ќе биде основано и првото претпријатие од страна на Тодор Левков и неговите синови.[2] Имено Тодор Левков бил последниот грнчар од ова семејство кој во обидот да внесе промени во својот занает, преку своите синови, овозможувајќи им соодветно образование токму за оваа дејност дури во Германија, непосредно ќе влијае врз подигнувањето на керамичката индустрија,

Претпријатието во почетокот се занимава со производство на разни украсни фигури од глина, пласирани на пазарите од Гевгелија до Марибор. Подоцна, односно од триесетите години истото ќе се преорентира, поради огромната конкуренција и се послабата заработувачка, на приозводство на керамички цевки од глина за канализација и водовод како и фасонски делови, непосредно условени и со изградбата на градскиот водовод, како во Велес така и во другите градови на Македонија и надвор од нејзините граници.

Ова претпријатие во првите 2-3 години, после 1932 г. кога завршил процесот на инвестиција и набавување на машини, остварувало годишен капацитет од околу 35-40 вагони, кој број до 1940 г. успеал да се зголеми до 140 вагони.[3] Истото своите производи ќе ги претставува насекаде преку богати и илустрирани каталози, во кои била претставена целокупната работа на оваа индустриска дејност.

Во периодот меѓу двете светски војни во градот, ќе се забележи и развојот на тутунската индустрија, каде по самото навлегување на новата власт, со нејзино одобрение во 1919 г. се формирал и првиот Монопол, во непосредна близина на железничката станица, како

---

[1] К. Сидовски, Равојот на ... , op.cit , 20 (Керамидницата располагала со една преса за керамиди, еден цилиндар за мелење на земјата, два електромотора од 29 кс и саугас мотор од 25 кс. Нејзиниот годишен капацитет до крајот на меѓувоениот период успеал да достигне до 80 000 тули и 400 000 керамиди.)

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф. Мемоарски материјали 1900-1945, к.1, несреден фонд

[3] Ibidem

дел од Управата на државните монополи на Кралството СХС.[1] Истовремено за поинтензивниот развој на овој вид индуструја, државната власт ангажирала многубројни вработувања на познати мајстори, како од просторите на целото Кралство, така и на многубројни работници од градот и околијата. Градот во тој период се наоѓал и пред остварувањето на планот за отворање на фабрика за цигари, меѓутоа настаните после спроведените избори од 1920 г. биле една од причините за отфрлувањето на истиот.[2]

Благодарение на овој вид индустриска гранка, Велес ќе ги забележи и првите камиони со чија помош се вршел транспортот на тутунот кој дотогаш се вршел со помош на камили.[3] Преку работата во Монополот, многу од велешките семејства ќе успеат да го пронајдат својот начин на егзистирање, истиот исполнет со многу неправилности, на кои вработените речиси во секое време беа спремни да се спротивстават и обидат да ги поправат.

Во периодот меѓу двете светски војни Велес ќе располага и со една фабрика за кеси од хартија, позната како "Вардар", сопственост на синовите на Петар Лукаревиќ, потоа фабрика за мраз чиј сопственик бил Живојин Јанакијевиќ, како и со работилница за талк во негова непосредна близина, односно во Градско, основана во 1929 г.

Каков и да беше развојот на индустријата во градот, сепак истата ќе го направи поразличен од другите секогаш издигнувајќи го меѓу првите македонски градови по остварените капацитети. Сето тоа беше и дел на тогашните општествени услови, предводени како од тогашниот граѓански слој така и од ограничувањата кои ги поставуваше воспоставениот српски режим.

Перидот меѓу двете светски војни ќе го одбележи Велес и како еден значаен трговски центар, кој сепак нема да успее да го постигне оној дострел, со кој се одликуваше непосредно во веќе изминатиот XIX в.

Истовремено ќе биде развиена како внатрешната така и надворешната трговија, за што ќе допринесе и новоизградените патни и железнички линии, кои го поврзуваа Велес со останатите

---

[1] Ѓорѓи Малковски , Монополот во Велес 1919-1945, Титов Велес 1998 , 13

[2] Ibidem

[3] Ibid., 16-17 (Првите 10 камиони во градот пристигнале во 1924 г. од марката "Бенц Генаују", стари типови камиони запленети од германската војска. Многу побрзи и помодерни камиони биле донесени дури во 1932-33 г. од марката "Интернационал". Како први нивни возачи се споменуваат: Душан Јаблан, Саво Петрониевиќ, Димче Ацков, Никола Џарџаров, Момир Јанковиќ, Илија Џипунов, Димче Аџитонев, Перуш Карпуз и др.)

делови на Македонија, односно целокупното Српско кралство. Од ова подрачје најмногу ќе се извезуваат градинарски, индустриски, сточарски култури и занаетчиски производи, меѓутоа во доста големи количини се увезуваа готови индустриски производи.

Велес ќе забележи многубројни помали или поголеми трговски имиња, дел од трговската комора во Скопје, чии дуќани го преплавуваа градот, преку кои се задоволуваа и потребите на околните селски и градски подрачја. Истовремено тие ќе се занимаваат и со други дејности како индустриските, меѓутоа ќе поседуваат и поголеми површини на своја сопствена земја, со што на еден начин нивната егзистенција се чинеше многу полесна за разлика од опстанокот на останатите слоеви во градот.

На тој начин Велес егзистираше преку својот стопански развиток, односно преку неговите стопански гранки: земјоделството, занаетчиството, трговијата и индустријата, кои ќе му овозможат на граѓанството една несигурна безбедност, но и безбедност која го одржуваше во дочекувањето на секое наредно утре.

## 6.Улогата на Српската православна црква во секојдневниот живот на велешани

Со воспоставувањето на српската власт во 1918 г. на просторот на Вардарска Македонија неизбежно, како еден составен дел било и воспоставувањето на црковната власт во православните храмови, односно наметнувањето на прашањето за создавање на единствена автоќефална православна црква, во границите на новосоздаденото Кралство СХС. Ваквата состојба неминовно веднаш требало да се реши, затоа што црквата отсекогаш преставувала една институција преку која во православната црква се препознава и претставува еден народ, на кој доколку му се одземе верското прашање, тешко да може да се докаже некому како одделна нација, со своја вероисповест и сопствено име, а сето тоа доста добро го имаше совладано и врежано во своите мисли, Српската православна црква.

Прашањето за црковното приклучување на "новоослободените српски" територии, од српската кралска влада било покренувано уште по завршувањето на Блаканските војни, преку преговорите со Цариградската патријаршија на која и ветуваше голем материјален надоместок во вид на субвенции, како и доживотни пензии на грчките патријаршиски владици, кои требало да ги напуштат катедрите на македонските епархии, кога истите потпаднаа под српската власт.[1] Меѓутоа ова прашање, ќе наиде на поволни моменти токму по 1918 г., односно по непосредното конституирање на новото Кралство СХС.

На овие простори постоеле три автокефални цркви: Архиепископија и митрополија на Србија со пет епархии, Карловачката митрополија со седум епархии и Архиепископија и митрополија Црногорско-приморска со три епархии, додека црквите во Босна и Херцеговина со четири епархии и во вардарскиот дел на Македонија со шест епархии се уште биле под директна зависност од Цариградската патријаршија.[2]

Преговорите по ова прашање, меѓу државно-црковната делегација на Кралството СХС и Светиот Синод на Цариградската патријаршија, конечно завршиле есента 1919 г., по кои патријаршијата неизбежно морала да се откаже од своите права над

---

[1] Драги Костадиновски, Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на Српската православна црква (1919-1941), Скопје 1995, 35-36

[2] Јован Белчовски, Афтокефалноста на МПЦ , Скопје 1989 , 136

епархиите во Макединија и Босна и Хецеговина, во кои преговори непосредна улога имал и Велешко-дебарскиот епископ Варнава, застапувајќи се за приклучување на "новите црковни области" кон Белградската митрополија.[1]

По овие настани дотогашната поделба на 6 епархии сега била заменета со 4 и тоа: Скопската, Охридската, Битолската и Злетовско-струмичката епископија, во кои веднаш била донесена одлука за постоењето и реализирањето на српската црковна власт, преку која полесно би ги остварувала своите цели.

Градот Велес, после преговорите ќе влезе во составот на Скопската митрополија, со што Велешко-дебарската епархија ќе биде укината. Во 1931 г. со Уставот на Српската православна црква, повторно ќе дојде до санкционирање на границите на епархиите што се наоѓале во вардарскиот дел на Македонија, со кој Скопската епархија со седиште во Скопје ги опфаќала: скопската, качаничката, велешката, жеглиговската (кумановската), прешевската, кривопаланечката, босилградската, масуричката (Владички Хан), долнополошката (Тетово), горнополошката (Гостивар) и галичката околија, како и градот Скопје, односно од 1932 г. Скопската митрополија ќе биде поделена на 11 архиерејски намесништва, меѓу кои ќе се најде и Велешкото со седиште во Велес.[2]

Во периодот меѓу двете светски војни Велес располагал со три цркви, еден манастир и повеќе парастоси и метоси, изградени уште многу одамна, односно овој период нема да се карактеризира со градење на нови црковни изданија, затоа што веќе и доволно постоеле, туку со извесни доградувања и надополнувања.[3]

На само два километра одалеченост од почетокот на градот, на десната страна на р.Вардар, под р.Тополка, се наоѓа манастирот Св.Димитрија.[4] Како религиозна(света) институција, манастирот во

[1] Драги Костадиновски, Вардарскиот дел ... , op.cit. , 41 (Велешко-дебарскиот патријаршиски митрополит Варнава уште за време на Цариградската патријаршија на овие простори ги застапувал српските интереси, управувајќи со сите македонски епархии, иако за таквата дејност се уште намал канонски отпуст.)

[2] Ibidem , 54

[3] Кокан Грчев, Црковното градителство во Македонија 1918-1940, Скопје 1998, 269 (Од црковните градбите, во периодот меѓу двете светски војни, во Велешко ќе биде доста позната спомен-капелата во с.Долно Каласлари, подигната како меморијален споменик на загинатите војници во војните од 1912-1918)

[4] Стеван Симиќ, Манастир Светога Димитрија, Скопје 1923, 1 (Стеван Симиќ вели дека овој манастир се наоѓа на просторот на средновековната градба од градот за што постојат се уште видливи докази.Понатаму дава податоци кои потврдуваат за состојбата на манастирот за време навлегувањето на Турците, затрупан под урнатините на градот и откопан после 469 години, односно во 1855 г. од страна на Петар Здравев, велешки воденичар со помош на

овој временски период во своја сопственост, благодарение на која и во најголем дел опстојувал, поседувал имот од: една нива од 8 донума подарена од Коста Хаџи Ангелковиќ, нива од 4 донума подарена од Хаџи Ангелко, потоа одредена обработлива површина подарена од семејството Карталовиќ, како и друг имот во кој влегувале лозја и домашни животни купени од манастирските сопствени приходи, меѓутоа спореден со оној имот поседуван од пред Балканските војни, е навистина многу помал.[1] Со целокупниот имот управувале тројца настојници, епитропи: Јордан Вановиќ-бакалин, Ѓошо Крајничанец- трговец и Анѓел Славковиќ- кројач, функција на која биле поставени од 1912 г. и ја вршеле се уште во 1923 г., до кога и се презентираат податоците од С.Симиќ.[2]

Манастирот покрај свештеничкиот кадар, имал и други вработени: момоци, служители, орачи, овчари, старешина на манастирот, наместник и др., за кои потврдуваат многубројните признаници и партијални изводи, сопственост на архивските фондови на државниот архив во Скопје.[3]

Во непосредна близина на манастирот се наоѓаат три црквички: "Св.Никола",[4] "Св.Јован", позната меѓу народот уште како "Маркова

---

целото тогашно граѓанство.Неговиот гроб се наоѓа се уште во манастирот и е единствениот во оваа света црковна институција.)

[1] Стојан Христов, Православните светилишта од Титовелешкиот крај, Титов Велес 1987, 44 (Непосредно пред Балканските војни, овој манастир поседувал огромен и доста богат имот. Имено поседувал богат чифлик со плодна земја и стока во с.Бабуна,кое се наоѓало на истоимената река кај месноста Пешти, потоа имот во месноста Венуле, северно од Градско на кој се сееле житни култури, афион, бубаќ и др. Познати биле неговите богати лозја и овоштарници во Пресветасо мигдали(бадеми), кајсии, ореви и др. Во месноста Виларови бавчи како и во самата своја близина, манастирот поседувал бавчи и простирни зеленчукови градини. Поседувал и свои воденици на р.Вардар, Тополка и Бабуна. Од грозјето и овошјето се варела ракија чувана во бочви и буриња кои се сместувале во визбите на зградата од западната страна на дворот.

Манастирот поседувал и голем сточен фонд од овци и кози, чии трла се наоѓале по висорамнините на Црн Камен, на висот Голик и еден дел во Долно Оризари покрај р.Тополка, од кој се здобивал со големи количини на млеко, сирење, месо и кожи.)

[2] Стеван Симиќ, Манастир... , цит. , 14

[3] ДАРМ, Скопје, ф. Српска православна црковна општина -Велес 1921-1931, несреден фонд

[4] Коста Балабанов, Антоние Николовски, Димитар Ќорнаков, Споменици на културата на Македонија, Скопје 1980, 149 (За времето на постанокот на црквата не е откриен ниту еден пишан документ, меѓутоа имајќи ги предвид изразените тенденции за оплеменување на фасадите, стилските и ликовни одлики карактеристични за живописот од XIV в., црквата Св.Никола најверојатно е изградена и живописана во XIV в.Во периодот меѓу двете светски војни, во нишите на јужната и северната страна од наосот, се насликани ликовите на Св.Никола, Св. Архангел Михаил на вратата од иконостасот (1939 г.), како и иконата "Воскресение Христово" од Ѓорѓи Зографски, заграф-сликар од Велес (1940 г.)

црква" или "Маркова меана" [1] и "Св.Недела", изградени на повисоките карпести делови околу манастирот. По долината на реката Бабуна, на одалеченост од само три километри од манастирот постојат и неколку црквички, сместени во самите пештери од кои најпозната е Марковата црква.[2]

На десната половина од градот, југозападно од него, под ридот Вршник се издигнува црквата "Св.Пантелејмон",[3] една од најубавите цркви во "целата наша држава" ќе се изјасни тогашниот српски дневен весник "Вардар". Тоа е трокорабна црква со голем трем на јужната страна, и пространи внатрешни лоѓии-чардаци, низ целата должина на обете страни.[4]

Високо пак над левата расположена страна, на висорамнината наречена "Рамина" возвишена во просторот како Светиот Сион, доминира со својата големина и белина црквата "Св. Спас".[5]Убавината на црквата ќе биде надополнета со подарените икони од велешките занаетчиски еснафи, на кои се претставени еснафските патрони, нивни заштитници.Така на јужниот ѕид се подредени иконите на: Св.Димитрија, Св.Антониј, Св. Спиридон, Св.Архангел Михаил и Св.Петар, додека на

---

[1] С. Христов, Православните ..., op.cit.,57 (Прецизни податоци за постанокот на црквата, посветена на Св.Јован Крстител, не постојат, меѓутоа егзистираат две верзии, легенди за нејзиното името. Имено според првата се вели дека црквата е подигната од Крали Марко, додека според втората името "меана", црквата го добила според меаната која се наоѓала веднаш до неа, а во која Крали Марко на пат кон својата престолнина престојувал, пиејќи црвено вино заедно со својт неразделен Шарец)

[2] С. Симиќ, Манастир ..., op.cit., 16 (Пештерата се наоѓа на висина од 85 м од речното ниво. За судбината на црквата Стеван Симиќ запишал дека некој од тогашните велешки стари Турци велел дека до пред само 50 г. оваа црква била целосно зачувана. Некој Турчин од Велес, Адил, влегол во црквата и со нож им ги извадил очите на тамошните свештеници. Друг пак велешки Турчин, Бејто Осман, во 1878 г. ја срушил црквата за само да го продаде материјалот од неа.Пред самата црква имало вдлабнатина која според преданието ја направил коњот на Крали Марко.)

[3] С. Христов, Православните ..., op.cit., 19-25 (За времето на изградбата на црквата постојат повеќе верзии како на пр. дека е изградена врз темелите на веќе постоечки храм, но како и да е црквата доживеала повеќе обновувања зашто Турците не дозволувале изградба на нов божји храм туку обнова на веќе постоечки надвор од населеното, место каде живеат турски семејства. Донекаде денешниот изглед го добила со доградбата во 1837 г., за веќе на 9 август 1840 г. да биде и осветена.)

[4] Петар Пановски-Пецо, Патувања кон белите мугри, Скопје 1991, 15-16

[5] Прота Стојко Ристовски , Црквата Св.Спас, Титов Велес сведок на едно бурно минато, Титов Велес 1990, 11-20 (За оваа црква постои мислење дека потекнува од 17 в. притоа доживувајќи повеќе доградувања, обновувања и декорирања од почетокот на 20 в. , односно во 1908 и 1910 г. како и во 1921-22 г. кога биле завршени последните зографски зафати од страна на велешкиот зограф Ѓорѓи.)



*Црквата Св.Пантелејмонтмеѓу двете светски војни*



*Дел од манастирот Св.Димитрија*

северната страна се наоѓаат иконите на: Св. Ѓорѓи, Св. Трипун, Св. Василиј, Св. Тодор и Св. Стефан.

И двете цркви располагаат со пространи дворови, околу кои на самите ридски места се наоѓаат градските гробишта. Овие две цркви ги поврзуваат и т.н. костурници или заеднички гробници на познатите велешки семејства.[1] Меѓу познатите костурници се издвојуваат на семејството Зографски, Дерменџиеви и др.[2]

Третата по ред и најнова е црквата "Св. Богородица", која се наоѓа на источната страна на градот во маалото Дервен, или Влашкото маало, име добиено според бројноста на влашките семејства.

За црквата "Св.Богородица", архивските документи потврдуваат дека била сопственик на огромен имот, шуми и пасишта со комплексите познати како "Јуручица", "Мал и голем лисец", "Сипочане" и "Османбежица", кои се наоѓаат во атарот на општина Јаболчиште, односно на околиите Скопска и Велешка, јужно и источно од Солунска глава, почнувајќи од село Дреново, делејќи го со браќата Ајрула и Даута Фети, доделен на нивниот татко Фета Абаз од Горно Јаболчиште заради заштитата на истиот од разбојничките банди.[3]

Поголемиот дел од ова земјиште, чија вкупна површина изнесувала 1 277 хк, било непошумено и неплодно, единствено полза се имало од извозот на ќумур, разнесуван од околните селани кои и живееле од таа дејност.

Редовните приходи се движеле од 15-20 000 динари, а од правењето на ќумур 5-10 000 динари.[4] Пасиштата истовремено им се издавале на сточарите под кирија на определено време, една, две, а

---

[1] Миленко С.Филиповиќ, Костурнице у Велесу. Во: Гласник Скпског Научног Друштва, 289-292

[2] Ibidem

[3] ДАРМ. Скопје, ф. Српска православна црковна општина - Велес, 1921-1931, несреден фонд (Овој имот на црквата од пред 40 г. и бил поклонет од пок. Михајло Чекрдековиќ, бивш трговец од Велес,од кој се до 1912 г. собирала соодветни приходи. После оваа година државата го земала под своја заштита, односно го национализирала, така што целокупниот приход одел во државната каса. Тоа ќе биде причината и за исценираниот судски процес во 1926 г. воден од прота Никола Јовичевиќ, по кој црковниот имот после три години, односно во 1929 г. бил повратен и поделен помеѓу првобитните власници: црквата и браќата Фети. Меѓутоа после овој настан од државата и е одземен комплексот "Јуручица" кој воедно и бил најголем, 600 хк и истиот бил издаван под закуп на Власите по цена од 4 000 дин.)

[4] Ibidem, (Меѓу архивските документи постојат и целосни годишни извештаи за одредени години напоредно за трите цркви во градот, како и потврди за се она што се внесувало или изнесувало од црквата)

подоцна и на четири години по цена од 260 000 динари.[1]Односно секоја од овие велешки цркви целокупниот свој буџет го имала искреирано од внатрешните приходи во кои спаѓале средствата добиени од продажбата на свеќи, разни такси, крштевања, венчавања, од опела и парастоси и продадени дарови, како и од надворешни приходи во кои влегувале средствата од киријата од издадените дуќани, црковни куќи, црковни пасишта, шуми, доброволни  и други непредвидени прилози.[2] Меѓутоа дел од тие средства биле наменети за лични потреби, материјални, потоа за државните и општински даноци, како и за црковната управа.[3]

Во триесетите години, поточно во 1934 г. во градот била покрената иницијатива од страна на велешките католици за изградување на една католичка црква.[4] Проектот за зградата бил изработен од тамошниот инжињер Љубомир Мартиќ.Почнувајќи од септември истата година се започнало со изградба на зградата за сместување на жупанот, на периферијата од градот позади касарната, каде бил сместен 28 пешадиски полк, која истовремено служела за извршување на богослужбата до конечното завршување на храмот. Изградбата била привремено стопирана, поради недостатокот од финансиски средства и планирана да продолжи веќе пролетта следната година.

Осветувањето на зградат било извршено на 8 декември 1934 г. од страна на скопскиот бискуп г. д-р Гнидовец, во присуство на целокупното католичко претставништво од градот, офицери и војници од католичка вероисповест. Од владините претставници присутни биле: тогашниот началник на Велешката околија Душан Костиќ, претседателот на општината Никола Цураковиќ, управникот на банската болница д-р Антун Сасо, инжињерите Љубомир Мартиќ и Крампер како и маногубројно велешко граѓанство пред кое била одржана миса и пеење од страна на милосрдни сестри.

Во сите црковни храмови покрај целокупната црковна администрација, од многу големо значење биле новововедените

---

[1] С. Христов, Православните светилишта..., op.cit., 37

[2] ДАРМ, Скопје, ф.Српска православна црковна општона -Велес 1921-1931, несреден фонд

[3] Ibidem, ( Имено еден дел од паричните средства се наменувале за исплатување на станарината и издржувањето на свештениците, служителите во црквата, црковниот хор, чуварите на црковните шуми, црковната администрација, потоа за купување на свеќи, темјан, канцелариски материјал, црковни облеки, литературни материјали, знамиња, поправка на самите цркви, за осигурување на црквата, црковниот адвокат , за помош на сиромашните, се она што предвидувале даноците итн.)

[4] В. "Вардар"

епархиските црковни судови, совети и управни одбори, кои и всушност се грижеле за дел од погореспоменатите потреби на црквите и манастирите.

Пред се, по навлегувањето во овие институции, нововоспоставениот апарат правел се поголеми напори за пресметка со затекнатото свештенство, од кое еден дел не им било наклонето, па со овој вид црковни судови, српската власт на еден начин, не судела само за црковни престапи, туку ги користела и за месното македонско свештенство, доколку истото јавно се произнесувало за нивната македонска национална и верска припадност. Таков бил случајот и со тројцата велешки свештеници: Симон Петровиќ, Иван Андоновиќ и Игнат Цветковиќ, кои тврдејќи дека се Македонци, биле судени од епархискиот црковен суд, за што сведочат нивните судски пресуди.[1]

Имено по стапувањето во српска служба, целокупното свештенство задолжително морало да положи заклетва, со која се обврзува дека од истиот момент, како лојални Срби, ќе бидат верни проповедници на Исусовото дело, истовремено влегувајќи во редовите на друштвото на српските свештеници, како соодветен дел на српската, кралска автокефална црква на која и се обврзуваат се до својата смрт.[2]

Епархиските совети пак биле оние органи, кои се грижеле за проект-буџетите, завршната сметка на епархијата, односно за обезбедувањето на соодветните материјални средства потребни за егзистенција на овие институции. Овие совети се грижеле за целокупниот расположлив имот на црквните институции, кој носел одредени приходи, задолжително попишуван по наредба на српската власт.

Затекнатото месно велешко свештенство било принудено, по пат на "доброволна" изјава, да се откаже од Егзархијата и стапи под заштита на Српската автокефална црква.

Во соработка со државата, Српската православна црква ќе се обиде да постигне позитивни резултати, надополнувајќи се една со друга, во спроведувањето на денационализаторската, колонизаторската и асимилаторската политичка цел. Во овој период кралската власт ќе биде единствениот организатор во црковните редови, така што во нив ќе настојува да внесе што поголем број на српски припадници, распоредувани во сите тогаш,

---

[1] Д. Костадиновски, Вардарскиот дел... , op.cit. , 57

[2] ДАРМ, ПО Скопје, ф. Православен епископ Велешко - дебарски, к. 1, фасцикла 1, несреден фонд

финансирани од државата, црковни друштва и организации. Затекнатото локално, месно свештенство, прогласено за наследник на бугарската егзархистичка пропаганда, било принудено да оди на специјални курсеви за изучувањето на српскиот јазик и историја, како и "доброволно" да се изјасни за целосната посветеност на српскиот верски, религиозен и националистички дух. Еден дел од тој свештенички кадар, како и голем број на нови наклонетици, по барање на Српската црква морал да се посвети на монаштвото, начин за да се дојде до млади и беспрекорни проповедници на големосрпските политички амбиции.

Имено државата отсекогаш внимавала на изборот на вистинските одбраници, наклонетици на српскиот националистички дух, за да може полесно да стане хегемон врз "целокупното српско христијанство" во рамките на својата новоформирана држава, а на тој начин единствено и ќе може што подолго и да ја одржи во егзистенција, не размислувајќи во употребувањето на видот на методите и средствата. Посебно тоа ќе се однесува за скротување на немирниот дух на одредени припадници од велешкото, македонското граѓанство.

Не секогаш изборот се покажувал како вистински, зашто еден дел од свештенството, уште во почетокот ја злоупотребувало својата функција, искажувајќи ја преку големата слобода во јавното однесување, особено спрема верниците, односно локалното население кое било во состојба и да поднесе барања до соодветните институции, заради нивно разрешување или превземање на соодветни мерки, затоа што наместо да се сретнуваат по светите храмови, овие свештеници доста често можеле да се видат во градските кафеани, за што сведочат многубројните архивски документи.[1]

Посебни мерки биле превземени во однос на свештениците, кои задолжително морале да работат напоредно со интересите на државата, така што во секој момент требало да располагаат со одредени статистички податоци, користени и наменети за контрола на целокупното граѓанство во градот, на секојдневниот живот, како и полесна регрутација на машкото население. Тие биле должни да подготват списоци за сите новородени, како и за починатите во градот, потоа за оние кои стапувале во брак и сл.

Црквата имала огромно влијание и во бракоразводните постапки. Со нејзино одобрување, односно на духовниот суд

---

[1] Ibidem, ,1-13 , k.8 , 1-63

можело да дојде до посакуваниот развод во еден брак, како и до благословот за стапување во друг.[1] Доста често црквата била таа која за стапување во брак, после неколку неуспешни, издавала соодветни уверенија за здравствената состојба на молителот, затоа што само на таков начин можеле да се избегнат несогласувањата со власта, која вонбрачните врски не ги поддржувала, барајќи нивно легализирање со нормален брачен статус.[2] Без нејзина дозвола ниту малолетните девојки не можеле да добијат статус на легални законити сопруги.

Исто така имала влијание и при склучувањата на мешовити бракови, како и крштевањето на децата од таквиот брак, кој морало да биде според одредбите на Српската православна црква, која наложувала меѓу другото еден од сопружниците задолжително да ја промени својата верска припадност, одрекувајќи се од сопствената.[3] Голема е нивната улога при секое ново крштевање на велешко новороденче. Покрај наметнувањето на српските обичаи во извршувањето на тој чин, неминовно се наметнувало и името од страна на свештеникот, кој со претходно веќе понудени имиња, напишани на со закон одобрени списоци, го одредувал името без согласност од претставниците на велешкото семејство. Затоа доста честа била појавата, во периодот меѓу двете светски војни, на велешанчиња со повеќе имиња. Под едно име се запишувани во крштеничињата, под друго во општината, училиштата итн.

Српската православна црква била огорчен противник против самоубиствата, така што лицата кои го завршувале животот на тој начин не биле погребувани со нејзиниот благослов, како и најстрого се забранувале одржувањето на сите спомени на гробот на покојникот од страна на семејството.[4]

---

[1]ДАРМ, ПО Скопје, ф. Српска превославна црковна општина Велес 19121-1931, несреден фонд (После покренатата бракоразводна постапка од Панче Стојановиќ и неговата сопруга Пандора, Духовниот суд со седиште во Скопје бил тој кој ја давал согласноста на бракот како и последиците кои произлегуваат од него за двајцата сопружници. Според донесената одлука Пандора можела повторно да се омажи, додека Панче за стапување во нов брак морал да го добие благословот од надлежната архиерејска власт како и да плати одредена парична сума наменета за неговата поранешна сопруга. Целиот судски процесс бил воден врз основа на посведочувањето на соодветни сведоци.)

[2] Ibidem , ф. Православен епископ Велешко-дебарски, к. 1 , 1-19

[3] Д. Костадиновски, Вардарскиот дел ... , op.cit. , 108

[4] ДАРМ, Скопје ф.Православен Епископ Велешко - дебарски, к.9, несреден фонд (Според еден од документите се вело дека по самоубиството на Ристо Сираковиќ бакалин од Велес, неговата сопруга морала да поднасе соодветна молба до епископот велешко-дебарски за неговото пограбување, така што истото било одобрено, меѓутоа без присуство на свештено лица и можност за одржување на спомените со нивно присуство.)

Без свештенички благослов не било возможно ниту да се почне со работа во редовите на Општината од страна на секоја новоизбрана власт. Се работи за задолжително положување на заклетва пред српските свештеници во велешката црква "Св.Пантелејмон", од страна на новите одборници за совесно извршување на новата дејност во согласност државните интереси. Свештенството се појавува и меѓу образовните редовите, предавајќи го предметот веронаука, еден од главните и задолжителните предмети во основното и гимназиското образование, меѓутоа и во наложувањето на редовното причестување на учениците во некоја од црквите, што ќе значи нивна обврска за постење во време на празниците.Речиси задолжителна била обврската на нивната соработка со преостанатиот наставнички кадар во сите програми, културни манифестации и подготовки, изведувани според барањата на државната власт и Министерството за просвета.

Српската православна црква во меѓусебна соработка со државната власт, настојувала на просторот во Вардарска Македонија, соодветно на тоа и во градот Велес, да воведе што е можно поголем број од своите црковни и државни празнувања, мислејќи дека така ќе се дојде до побрзо српско обележување на овие простори. Па така едно од задолжителните прославувања било прославувањето на донесениот Милански едикт со кој се дава белег на христијанството.[1] Понатаму додека Српските свештеници настојувале да го подигнат култот на Свети Сава, македонското население се повеќе се врзувало за прославувањето на словенските просветители Св.Кирил и Методиј.[2] Прославувањето на Св.Сава, како дел од српската традиција, со закон донесен од државата во 1928 г. било задолжително, особено во сите културно-просветни институции, како нивни еден вид патронен празник, ден кога славело целото Кралство.

Таквите црковни, упорни настојувања во прифаќањето на наметнатите српски прославувања во Велес, резултирале и со една акција во 1930 г. од страна на државните власти, главни иницијатори за растурање повик до граѓаните со следнава содржина:

"Врз основа на оваа мудрост се налага заветно решение, ниту во еден момент да не се размислува. За свој интерес да го напуштиме

[1] ДАРМ , ПО Скопје, ф. Православен епископ Велешко-дебарски, к.1,1-28
[2]Д. Костадиновски, Вардарскиот дел ..., op.cit. , 81

досегашниот начин на имендени и родендени. Да го прегрнеме својот убав и низ векови очуван наш народен обичај, славата и начинот на кој досега го прославуваме именденот да го пренесеме на славата. Со тоа, како јужносрбијанци, во потполност ќе се изедначиме со нашите браќа србијанци па и на овој начин да им речеме: наши сме, бидејќи во се сме еднакви."[1]

За да ја прикрие својата денационализаторска немера, политичката власт наредила повикот да биде претставен како чесна иницијатива на велешките граѓани: Манушевиќ, Мајсторовиќ, Варналијевиќ, Лукаревиќ и Дебарлијевиќ.

Прославувањето на Св.Сава, ќе биде надополнувани и со прославување и празнување на многу други карактеристични празнувања за Србите, како Видовден, денот на создавањето и обединувањето на Кралството СХС - 1 декември, денот на ослободувањето на градот, потоа прославувањето на роденденитe и помените на кралевите од династиите Караѓорѓевиќ и Немањиќ и сл., застапени како по градовите така и по селата, прослави редовно пропратени со учество на претставници од владиниот режимски апарат, со кој се вршело надзор на правилното однесување и почит кон српската традиција. За време на ваквите празнични одбележувања, власта често знаела и да награди со соодветни одликувања дел од "заслужните" велешки граѓани, прогласувајќи ги за почесни, лојални и беспрекорни Срби.

За да не се заборави на верските и државните празници, власта настојувала да се дојде до изработување на одреден верски календар, еден вид религиозен потсетник на сите верници за претстојните празници, како и вниманието и начинот на нивното одбележување, поосебно на домашните слави, односно на светите домашни заштитници, одредени според правилата на државната и црковна власт.

За време на ваквите денови свештенството настојувало присуството на граѓанството да биде што помасовно во црквите, каде се одржувале богослужби во нивна чест. Со денови наназад, велешани од свештенството ќе бидат известувани, за да не заборави дека тој ден треба да му се посвети на претстојниот празник и однесува според црковните правила. Асимилаторската политичка, задскриена дејност, не изостанувала од речиси секоја богослужба, особено во неделите кога присуствовто било поголемо, но и

[1] Ibidem, 84

задолжително. По наредба на претседателот на Архиерејскиот Синод на српската православна црква, неговата светост архиепископот на Пеќската Митрополија-белградски, карловачки и Патријарх српски г.Варнава, до сите општински судови, неделните и празничните денови, било забрането да се користат како работни, односно тоа биле денови, наменети на црквата, во која присуството на граѓанството требало да биде масовно, покорувајќи се на она што го проповедаат свештеничките кругови.[1]

Својата денационализаторска и асимилаторска дејност, СПЦ сметала дека ќе ја спроведува најдобро преку уништувањето на дотогашниот библиотечен фонд во црквите и манастирите и формирање на нов, исполнет со литература наменета за ширење на српската вера, култура, историја и традиција со чија помош би успеале да создадат горди и лојални Срби.

Целокупниот библиотечен фонд претходно проверен од Министерството за просвета и култура, се разнесувал по сите библиотеки, дел од световните институции, каде задолжително се наоѓале издадените многубројни весници, списанија, брошури од страна на самата СПЦ, која насекаде низ Вардарска Македонија имала свои друштва и организации, чија задача меѓу другите била и континуираната издавачка дејност на црковни гласила, кои истовремено трба да се наменат за спроведување на пропагандната цел.[2]

Така, тогашната книжевна задруга на свештениците од Јужна Србија околу "Христијанско дело", развила издавачка дејност во Скопје и објавила околу 28 разни книги, дел од нив во сепарати и расправи, разнесувани низ сите црковни, свети храмови на просторот на Вардарска Македонија.

Велешкото население, во овој период ќе се најде во многу тешка положба, изложувано на постојани и тешки удари, издржливи но сепак многу болни, зашто биле директно упатени во неговата внатрешност, за едноставно расипување на срцето и душата, кои требало само да се изменат и станат српска творба. Уште со самото воведување на српската црковна власт ќе дојде до појава на негодувања, непослушност како од редовите на локалното население така и од самите свештенички редови. Ниту власта не можела целосно да биде сигурна дека новововедениот свештенички кадар нама да подлегне на македонските страдања, сочуствувајќи со него.

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941 , к.1 , 9.3.1.132/551-552

[2] ДАРМ, Скопје, ф. Православен епископ Велешко-дебарски, к.8, несреден фонд

Велешани никогаш нама да ја стават својата вера на искушение. Ќе останат верни сладбеници на божјото дело, задржувајќи ја свеста за македонската религиозна припадност. Успешно ќе се борат против сите наложувања кои доаѓале од српските свештенички проповедници, настојувајќи да ги зачуваат своите обреди, вековни народни традиции и обичаи.

Овие граѓани се покажале како доста бунтовни во однос на наложувањата и барањата од црковните власти.Добро познат бил нивниот истап против доведувањето на српски наклонетиот, свештенички кадар, заштитувајќи ја на тој начин својата црковна автономија.Така "на Петровден, (12 јули) 1925 г., откако била завршена богослужбата, собраните велешани излегле во дворот на црквата, да протестираат.Предводени од адвокатот Диме Јоветиќ, се собрале над 50 граѓани, без да имаат дозвола од власта за ваквиот собир, користејќи го како изговор поставувањето на црковните служители и свештеници од страна на власта, од која тогаш се барало, автономија и слободен избор од страна на народот и црковната велешка општина по овие прашања. Исто така имале отпечатено циркуларно писмо кое било прочитано пред народот, задржувајќи го тогашниот благајник на црковната општина Тодор Тевчевиќ."[1]

Друг карактеристичен истап за нив била организираната акција за време прославата на 100-годишнината од постоењето на црквата Св.Пантелејмон, во октомври 1940 г. Имено по повод ваквото одбележување за вековното српско присуство во градот пристигнале добро познатиот г.Варнава, придружуван со одредена делегација како и учениците од штипската гимназија. Притоа со денови station наназад било најавено задолжително присуство на велешкото граѓанство и целокупниот образовен систем. Истото ќе се однесува спротивно на владините барања, бојкотирајќи ја прославата и посетата на црковните лица во градот, преку недолично однесување и неизлегување од сопствените домови.

Деновите пред одржувањето на прославата меѓу граѓанството бил растуран и еден повик насловен и посветен до "браќата велешани", а насочен против српските дејства и обиди за нивни, владини самоволија познат како "Село се пленило, баба се чешлала". Самиот повик бил одраз на преголемата омраза која велешани ја чувствувале спрема недобредојдените пропагатори, кои насилно сакале да присвојат нешто што ниту им припаѓало

[1] Д. Костадиновски, Варадрскиот дел ... , op.cit. , 106-107

некогаш. Во тие денови непосредно во предвечерието на новата светска војна, велешани ќе напишат:

*"Нам ни се спрема уште една "свечаност" на гладен мев и преку целото наше катадневно гајле. Бесните, ситите и угоените претставители на големосрпскиот шовинизам, сакајат да отпразнуваат стогодишницата на црквата Свети Пантелеум.*

*Денеска кога гори цел свет, кога гинат иљјади и гладуваат милиони кога целиот наш народ стрепи от неизвесност и се мачи за бедната прехрана на својата фамилија и за издршка на државата на неговите гнетачи, денеска ситите и со сичко задоволни управители и мирно помазани дембели решиле да направат уште една фалсификација на нашата историја и уште едно умирање и злоупотребување на нашата народна уметност.*

*Не се прави се овова случајно и без цел. Денеска кога целиот македонски народ влезуе у една нова борба за своето крајно ослободуење, а денот на таа слобода не е далеку, српските шовинисти и јадачи запињаат со сета своја снага да го оддалечат тој ден и да не нас Македонците прикажат како Срби. За таја цел напишаја цела книга, заедно со македонските предатели, дека на најбезобразен начин сакаат да го турат во услуга на големосрпскиот шовинизам, уметничкиот гениј на нашиот народ. И сега како и секогаш ќе се проба да се прикаже као српски архитектонскиот и уметничкиот (гениј) на нашиот народ, на нашите вредни мајстори, што направија неброено историски паметници, напишаја неброено живописни икони, фрески и дуборези од најстарите времиња па до денес.*

*Ако Србите не знајат кој ја правел таја црква неке идат и нака прочитаат што пишуе на зазиданата плоча. Това је најхубав доказ.*

*Тија безбожни попови, владици и јадачи не давајат ни пет пари за верското чувство на народот. Одеа како питачи по чаршијата и ги присилуеја нашиот осиромашен чаршилија, да даде онолку калку сакаа они, за да имајат да јадат и да пијат.*

*Но нашиот народ треба да им каже, оти не је веќе балама. Како секогаш така и сега ќе им покаже дека у денешно време не му дошло до неканети гости, и до лудо празнување оти он има свој гајлиња и своја мисла, оти не му дошло до това да го укрепује овој пљачкашки и угнетувачки режим, но до това како да се ослободи од него.*

*Должност е на секој Велешанец и Македонец да НЕ ЗЕМЕ участије во оваа "свеченост". Секој еден Македонец што ќе биде*

*тогаш со нив и меѓу нив нека знае оти ќе се есапи за издајник на својот народ*."[1]

Желбата на велешани за изговор на своето македонско име, јазик, македонска православна вероисповед во рамките на слободна Македонија била огромна. Токму затоа и нивните спротивставувања кон српските државни и црковни власти, во периодот меѓу двете светски војни, ќе бидат континуирани и се позасилени така што ќе резултираат со вистински успеси, за што сведочи зачуваната традиција која ја одржуваше секојдневниот живот токму во едно време кога се настојуваше истиот тој живот да се промени од корен и даде една нова насока, целосно одделувајќи го од македонската. Меѓутоа ниту тогашните свештенички организирани институции нема да пронајдат ниту начини, ниту пак сили за да издејствуваат создавање на лојални српски национално определани припадници на својата верна држава, Кралството Југославија, кое и за мошне краток период ќе исчезне од историската сцена, мислам во границите со кои се здоби непосредно по Балканските војни. Последиците се уште се видливи и нерешени во меѓусебните односи на двете цркви, мекедонската и српската православна црква, која се уште, во изградувањето на своите ставови, се потпира на она што се случуваше во минатото.

[1] Документи за борбата на ... , op.cit. , 187-188

## 7.Велешките села и нивните врски со градот во периодот меѓу двете светски војни

Во периодот меѓу двете светски војни Велешката општина, како дел од Скопскиот округ, опфаќала 83 планински, ридски, ридско-рамничарски и рамничарски селски населби.[1] Поголемиот дел од нив се наоѓаат од десната страна на р.Вардар, односно на просторот околу планините Бабуна, Клепа[2], Гроот и Азот.[3] Со својот развиток од сите овие селски подрачја се издвојуваат селата Богомила, познато по својот пазар и дуќани, Башино Село, Војница, Оморани, Чашка, Оризари, Бањица, Иванковци, Чичево, Теово, Лисиче, Водоврат, Бистрица, Оморани, Подлес, Папрадиште и др.

Војните кои што се случија на овие простори ќе остават зад себе видни последици, огледани пред се во намалувањето на населението, поврзано со тешките економски, политички и др. последици. Според пописните податоци од 1921 г., бројот на населението во Велешката општина изнесувал 43 329 жители и 8 781 домаќинство, од кој на селското население ќе му припадне бројката од 29 174 жители,[4] број кој во меѓувоениот период постојано ќе се изменува, зависно од бранот на миграционите движења, кои се повеќе доаѓаа до израз токму кај селската популација, меѓутоа и од процесите како морталитет и наталитет во оваа средина.

Најголемиот дел од населението беше македонско, меѓутоа во доста значителен број се сретнуваат и Турци, Арнаути, Цигани како

---

[1] Јаким Синадиновски, Стоилко Ивановски, Митко Панов, Титоввелешките села, Скопје 1969, 54

[2] В."Вардарски глас" (Дваесетина километри јужно од градот Велес како продолжение на планината Бабуна се протега масивот Клепа, со највисок врв од 1 149 км. Своето име овој масив го добил според легендата која вели дека многу одамна во пазувите на Клепа постоел манастирот Св.Костадин од кој останале само дебелите, разурнати сидишта. Бил богат со обработлива земја и добиток, а го одржувале 40 калуѓери. Манастирските порти им ги отварале само на комитите, додека за турските зулумќари постојано бил затворен. Иститe набрзо ќе го опожарат, при што ќе загинат сите калуѓери, освен оној кој токму тој ден се наоѓал во планината со добитокот. За да ја зачува традицијата, овој калуѓер изработил дрвено клепало(камбана), со кое клепал секој празник од врвот на планината каде живеел.

Слушајќи го селаните веледе: "Некол клепа на планината!", име кое и истата ќе го добие и зачува се до денес.).

[3] Ibidem, 55

[4] Н. Цветковска, Административно-територијалната поделба ... , op.cit., 49-50 (Авторката споменува и податоци објавени во "Речник места", први део, Административна подела Краљевине Срба Хрвата и Словенаца,според кои бројната состојба на населението во Велешката околија изнесувала 44 870 жители и 9 145 домаќинства, од кои на селското население му припаѓале 30 493 жители.)

и еден поголем дел на Срби дојдени по спроведените реформи од српската власт, односно со процесот на колонизацијата.

Населението живеело во два типа на куќи, чифлички и оние на самостојните селани. Основен градежен материјал бил каменот, плитарот, најчесто немалтарисани, со кал меѓу камењата, неизбежно покриени со прут, кровина, слама, камени плочи, многу поретко со керамиди.[1] Постоеле и градби кои се одделувале од останатите. Тоа претежно биле куќите на познатите и богати трговци од селата како Војница, Башино Село, Богомила, Чашка, Бистрица и др.

Во зависност од тоа дали се градени во рамничарските или планинските предели, селските куќи се граделе како приземни или еднокатни и речиси задолжително со отворен трем, кој обично се наоѓал под чардакот и служел за чување на храна, земјоделски алатки и сл. Средиште на куќата била кујната, просторот каде се поминувал поголемиот дел од секојдневието, место каде се подготвува храната, користи за ноќевање како и за пречекување на гости, во оние домови кои го поседувале само овој собен простор. Но кај поимотните селски семејства се сретнуваат повеќе простории, малтарисани и варосани, подови и тавани од штици, најчесто во гостинските приемни соби.

Составен дел на речиси секој простор за домување била куќата, гумното, визбата, скривницата, плевната, амбарот, фурната, кочината, кокошарникот итн., кои се сместени во обемниот дворски простор, како дел од самата куќа или пак надвор од дворното место групирани на едно место, ако селото е мало или повеќе ако селото е поголемо[2], поврзувајќи го живот на селанецот со животот на она што го одржувало во тоа секојдневие. Како место за живеење, но и еден вид одбрана, во селата населени претежно со турско население, се сретнуваат и кули, составени од приземје и два ката.[3] Кога сме кај турското население, за дел од нивните куќи може да се каже следново: секогаш се скриени во дворниот простор, ограден со високи ѕидови. Тие се свртени со лице кон улицата, со дрвени решетки на прозорците, од кои може да се види се во надворешноста, но не и во внатрешноста на самата куќа. Дворовите

[1] Марула Николовска, Градските куќи од XIX в. во Македонија, Скопје 2003, 66

[2] Ристо Христов, Селото во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни, Скопје 1993 , 246-261

[3] Марула Николовска, Градските куќи ..., op.cit., 67 (Пример за ваква куќа има во велешкото село Подлес. Истата во приземјето има трем покрај кој се појавува и шталата. Приземјето и првиот кат се затворени простори, со мал број и мали прозорци, пушкарници. Вториот кат е отворен со поголем број на прозорци, отворен и затворен чардак со балкон итн.)

се калдармисани со камења или цигли, засадени со разновидни овошни дрва. Во овој простор се наоѓа и импровизираното веце.

Внатрешноста на собниот простор е секогаш беспрекорно чиста, пополнети со долапи во кои е сместена целокупната покуќнина.

Најголем дел од селските куќи биле наменети за големи семејства, заедница која ја сочинувале и по неколку генерации, верни на дотогашната патријархална традиција, во кои семејството само произведувало, задоволувајќи ги на еден начин сите свои најосновни потреби. Покрај живеалиштата, велешките села изобилувале и со други објекти, училишта-само основни, соколски домови, како и објекти каде биле сместени други видови на културно-просветни друштва и организации, дуќани, кафеани, цркви и сл.

Начинот на живеење ќе добие еден сосема нов колорит во периодот меѓу двете светски војни, во кој главна улога имаше стопанскиот развиток. Истиот ќе доживее огромни промени и остави драстични последици, токму врз населението кое и беше негова движечка сила, но сега немоќно во услови кога не поседуваше земја ниту можности за нејзина обработка, да направи нешто со што би си ја подобрило својата состојба.

Основната дејност со која населението успевало да опстане во тој период било земјоделството. Имено според статистичките податоци земјоделското население во 1921 г. било застапено со 86,8%, кој веќе во 1931 г. ќе се намали на 82,4%.[1] Земјоделството како стопанска гранка беше екстензивно, примитивно, проследено со голема употреба на човечка сила, за чиј лош одраз ќе допринесе тогаш спроведената аграрна реформа, со која се спречи отстапувањето и поделбата на беговската земја на селаните во вардарскиот дел на Македонија, која тие ја обработуваа, како и процесот на колонизација. Во овој период селанецот интензивно ќе биде уништуван, како од државата, која се прогласила за сопственик на поголемиот дел од обработливата површина, така и од закупувачите кои настојувале да извлечат што повеќе, подложувајќи го на сурово искористување селското население, на што ќе се надополнат многубројните даноци и нивната презадолженост.[2]

---

[1] Јаким Синадиновски,Стоилко Ивановски, Митко Панов, Титоввелешките ... , op.cit., 98-99

[2] Ристо Христов, Селото во Вардарскиот дел ... op.cit, 68

Од земјоделските култури најмногу се одгледуваа житните култури, како пченката, пченица, јачмен, р'ж, овес, просо, ориз и др. Успеваа и индустриските култури како тутун, афион, сончоглед, градинарските култури, овоштарството и лозарството.Меѓутоа тогашните услови, како и начинот на кој оваа стопанска гранка се развиваше, не можеше да ја подобри состојбата во која се најде селското земјоделско население.

Сточарството е исто така присутно како важна стопанска гранка, но во помали размери. Велешката околија располагаше со ситен добиток, како говеда од расата "буша", овци, кози, коњи, магариња, свињи и др., но сепак како една значајна стопанска гранка, сточарството слабо беше развиено, резултат на тогашната власт, која ништо не превземаше за подигнувањето на животниот и општествен стандар на селото во вардарскиот дел на Македонија.[1]

Покажувајќи се како недоволни во егзистирањето на селското население, овие стопански гранки, секогаш ќе бидат проследени со уште многу дополнителни дејности, пред се насочени кон занаетчиството. Така голем број на луѓе од велешките села, посебно од Горно Врановци и Богомила, работеле како ѕидари во околните места, но и во поодалечените градови, започнувајќи од крајот на летото кога привршувале полските работи, завршувајќи до почетокот на зимата.[2]

Колективното производство најчесто ги задоволувало само нивните местни потреби, но често и потребите на велешкото градско население. Нискиот степен на развој на производствените односи, не можеше да допринесе за некои драстични промени во тогашниот начин на егзистирање. Најголемиот дел од неселението не поседувало своја сопствена обработлива површина. Велешката околија се вбројувала во една од оние во кои успевале речиси сите видови на земјоделски култури, житни, градинарски и индустриски во помали или поголеми размери. Токму овие дејности ќе ја претставуваат врската меѓу двете средини, селската и градската, односно она што во моментот можеше да го понуди селото на пазарот во Велес е еден од моментите кога селското население ќе има можност да дојде во допир со градското, преку кое го примаше влијанието, начинот на нивниот живот, промените, идеите, движењето, политичките струи, односно се она што значеше нивно организирање и напредување.

---

[1] Н. Цветковска, Селското стопанство... , op.cit. , 38-39
[2] Р. Христов, Селото во ... , op.cit. , 214-215

Од самиот почетокот овие селски средини ќе бидат опфатени од партиското, комунистичкото движење предводено од напреднито велешко граѓанство. Имено градот како центар и седиште на месната Комунистичка Партија, ќе има цел да го активира и земе под своја заштита селското население. Велешката Партиска Организација, поврзаноста со селото ја остварувала преку своите активисти од секоја ќелија и скоевски актив, одговорни, односно задолжени за селото и продирањето во таа средина.[1]

Уште во првите години на консолидирање и омасовување на партиската мрежа, истата во поголем број села како Војница, С'лп, Двориште, Лисиче, Ораовец, Крајници и др., ќе основа свои разграноци, значајни за приклучување на селското население во редовите на напредното комунистичко движење.[2] Партиската организација во Војница формирала и свој клуб, познат како "Народен дом", преку кој ќе ја презентира својата партиска дејност.

Организирана од луѓе, во градот, верни на Партијата, селската средина ќе постигне видни успеси, меѓу кои и оние јавно и најдобро презентирани на општинските и парламентарните избори. Такви јавни истапувања против актуелната власт, масовно биле искажани за време парламентарните избори од 1931 г., кога на истите спроведени во 28 општини со 33 гласачки места, од вкупно 10 698 полноправни гласачи, своето право го искористиле само 7 940 гласачи, како и општинските од 1933 г., кога од целата Велешка околија од 11 083 избирачи гласале 7 582 или 68%, на кој начин српскиот режим се здоби со огромен и непредвидлив удар, потпомогнат и многу од селската средина.[3]

Воспоставување на српската власт со целокупниот нејзин апарат ќе значи и воспоставување на целосна контрола на селските подрачја, кои постојано ќе бидат обиколувани од комитски разбојнички банди, чети на ВМРО и српски четнички формации. Селското население ќе биде подложувано, уште од самиот почеток на воспоставената српска власт, на постојани ограбувања. Се земало се што е вредно од внатрешноста и надворешноста на селските домови, како покуќнина, храна итн. Така познати биле

---

[1] Боро Мокров, Велес и Велешко спроти втората светска војна. Во: Велес и ..., op.cit. 75

[2] Документи за борбата ..., op.cit. , 84-85

[3] Н. Цветковска, Парламентарните избори во 1931 и општинските избори во 1933 година во Велешката околија. Во: Сп."Велес", год VIII, бр. 8 , Велес 2004 , 21-31

ограбувањата во велешките села Еловец и Оризари, потоа опожарувањето на истите, силување на женската популација и сл.[1]

Оваа средина нема да биде уништена ниту од многубројните српски четнички формации, дел од Здружението против четничките бандити. Лажно обвинувано како соработник на бугарските елементи, ова селско население ќе биде масовно, бескрупулозно ограбувано, малтретирано, претепувано, затворано, изложувано на секојдневен теророр на кој долго му немало крај. Во своите злоставувања посебно се истакнале четите на Јован Бабуннски и Василие Трбиќ.

Ваквото секојдневие било надополнувано уште и со постојаното затворање во велешките затвори на дел од селското население, под обвинение дека ја нарушуваат, јавната безбедност и поредок на државата[2], каде поголемиот дел и завршиле со смрт или пак биле на чекор до неа. Од 1924 г. постојат архивски документи кои потврдуваат за злосторства од страна на српските четнички формации во селата Дреново, Бањица, Рлевци, Карабуниште, Бистрица, Крива Круша, општините Чашка и Отиштино.[3]

"*Селаните биле терани да кулучат и одат во потери против комитите. Се собираат по 50 -100 души каде ќе се затекнат и се водат во потери. Не им се дозволува ниту облека ниту храна да си земат, туку по неколку дена скитаат измрзнати и гладни. Едни од нив го чуваат селото, други патиштата и пругите, а трети одат во потера по комитите и кога ги има и кога ги нема, пропаѓајќи од глад студ и замор. Многумина не успеале да ги совладаат и преживеат тешките временски услови. Така на влезот на Велес од замор и студ заспал Трајко Лукар, та возот го прегазил. На пругата Градско - Криволак возот прегазил двајца.*"[4] Ова било само дел од тешкото секојдневието со кое морал да се соочува велешкиот, македонски селанец.

Велешкото село ќе се покаже како еден од најверните чувари на својата македонска, велешка традиција. Тоа најдобро можело да се

[1] ДАРМ, Скопје , ф. Министерство за внатрешни работи, к.1 , 1.1037.1.1/1-364

[2] Ibidem, (Меѓу овие документи наидов на списоци на дел од затвореното селско население составени по месеци.Така во месец ноември 1922 г. биле зтворени следниве лица:Данчо Петрушевски од с.Долно Врановци, Никола Димов од с.Извор, Мустафа Шафировиќ, Јуние Ајрабин, Сулејман Алиловиќ, Сали Османовиќ, Насуф Асановиќ, Селим Ибраим, Абас Сали, Исеин Макуд, Сулејман Асан, Бајрам Асановиќ, Али Мула Емин, Исеин Сулејман, Беќим Керим, Јусуф Амед, Мустафа Ајред и Ибраим Зекир, сите од с.Мелница и др. од селата како Голозинци, Еловец, Дреново, Крива Круша, Горни Раковец, Бистрица, Црешнево, Горно Карабуниште, Богомила, Бусилци, Попадиче итн.)

[3] Ј. Гонев, Неколку документи ... , op.cit. , 270-277

[4] Документи за борбата ... , op.cit. , 25-29

огледа во начинот на празнувањето каде и покрај силните црковни влијанија, преку кои се изразувала асимилаторската и денационализаторската политчка дејност на српската власт, се задржале дотогашните обичаи, односно македонската верско национална традиција.

Покрај задолжителните одбележувања на српските празници како Св.Сава, Видовден, родендените и помените на членовите од кралското семејство, во речиси секое село посебно внимание се посветувало на прославувањето на традиционалните христијански македонски празници како имендено, семејните слави, кои во Велес и околијата, именувани како служби се прославувале три дена познати како: заслуг, денот и патерица. Најчести биле службите во чест на: Св.Петка, Богородица, Св.Никола, Св. Архангел, Св. Димитрија и др.

За време на овие селски, односно црковни и манастирски слави, кога истовремено славеле сите домаќинства и светиот храм, истите свети институции не заборавале да ја наметнат мислата за верноста кон српската вера и кралската династија, заслужна за моментите кои што им се случуваат. Биле проследени со општи обичаи за сите села, како поднесување на жртва или курбан на сред село или на место кое се сметало за свето, потоа подготвување на голем селски колач, како и пречекување на гости од другите поблиски села и околни градови. Три дена со зурли, тапани и гајди селаните се оттргнувале од реалноста во која живееле, целосно посветувајќи се само за момент.

Често на ваквите прослави било присутно и муслиманското население, кое знаело на доста добар начин да ја изрази својата почит кон христијанската верска традиција, чувствувајќи се како дел од неа.[1] На тој начин и се пренесувала хармонијата, која ја ширеле овие велешани, обединети во одбраната на она што единствено им остана.

Посебно внимание и важност од страна на селските велешки подрачја се придавало и на големите христијански празници Божиќ, Водици, Велигден и др. кога масовно луѓето се собирале во светите храмови, задолжително придржувајќи се кон традиционалниот македонски начин и обичаи за време на нивното одбележување. Тогашниот менталитет на селското население ќе допринесе за одржувањето на празноверието, поврзано со секојдневито, посебно

[1] В."Вардар", (Масовната посетеност на муслиманските елементи во велешките села за време на празниците била доста честа појава. Така на пр. без нив не можела да се замисли славата на манастирот Св.Богорогица во велешкото село Согле итн.)

со начинот на обработката на земјата, на која и единствено се надевале во процесот на опстанок.

Кога сме веќе кај начинот на празнувањето во велешката околија, во текот на истражувањето наидов на интересни податоци за свадбените обичаи во селата кои го сочинуваат об;астите на Азот.[1] Според нив се вели дека во овие предели доста присутна била појавата на купување на невестата за парична сума која знаела да достигне и повеќе од 2 000 динари, чин којшто на еден начин ги прави соодветни едни на други финансиските трошоци и од двете страни, посебно однесувајќи се на девојката, која која задолжително морала да подготви голем број на дарови, но и чеиз наменет за новиот дом. Во тие свадбени преговори, момчето и девојката, не учествувале, независно од тоа дали се познаваат. Девојката понекогаш, односно доста често дури не се ни прашувала за направениот избор. Преговорите биле водени од лице познато како проводаџија, во кое и двете страни имале беспрекорна доверба.

На Велешката околија му припаѓале и села кои покрај македонскиот елемент, во многу поголем број биле населени со турско население, кое настојувало да ја задржи и продолжи својата верска традиција, од која неизбежно било присуството на македонското население. Посебна чест за муслиманското население претставувал, меѓу многубројните празнувања, чинот познат како сунет или обрежување на машките деца, доста присутен во велешките села.

Посебна традиција во овие денови покажувало велешкото село Горно Врановци, каде покрај македонскиот елемент во многу поголен број бил застапен муслиманскиот. Секое нивно празнување крие свои белези и убавини, доста интересни елементи, затоа што се работи за една култура различна од македонската, негувана од припадниците кои и ја создале.

Чинот на сунетот знаел да трае и по неколку дена, неизбежно проследен со музиката од зурлите и тапаните. Денот кога се изведувал обредот од куќата на домаќините, сите присутни гости зедно со децата подготвувани за овој чин, со коњи се упатувале на прошетка низ селото (алај), од каде застанувале на местото познато како "Топило", каде државниот имам ги запознавал сите присутни со значењето на нивниот верски обичај, меѓутоа не се заборавало и на благодарноста кон Кралот. Чинот незаборавен го правеле и

[1] Ibidem

присутните пеливани со своите карактеристични спортски игри, односно боречки вештини.

Покрај со празнувањата, велешкото селско население ќе се издвојува, препознава и заштити на еден начин од посакуваните резултати на српското влијание и преку начинот на облекувањето. Истиот е доста интересен, но веќе почнуваат да се забележуваат извесни промени внесувани од разните туѓи, постојано присутни влијанија, но и од поимотните граѓани и нивните потомци, дел од нив школувани надвор од територијата на Македонија, но сепак се успеало во најголем дел, да се зачуваат велешките традиционални народни навики и обичаи, жестоко бранети од нападите и промените, кои посакувала да ги внесе тогаш, српската режимска власт.

Машката секојдневна носија се состоела од беневреци (шалвари), некаде заменувани со црни чакшири, еден вид пантолони, широки од појасот до коленото, а тесни до стапалото, волнен темноцрвен појас селски или градски (селскиот бил долг до 15 аршини, а градскиот попрост), кошула, елек преку кој се носело памучна антерија и кожуф, опинци на нозете и шубара на главата. Доста честа кај селскиот машки свет била појавата на тетовирање на рацете, со нацртан крст и испишано лично име.[1]

Турската машка носија пак се состоела од: чакшири од конопно платно или смеѓ шајак, кушак (појас), елек без ракави, антерија со ракави, како и градски капут (сетре), зимно време. На главата носеле фес обвиткан со шилвета (марама).

Составни делови на женската селска носија биле: фустанот или сукњата, фланели (блузи), сако, шамија и чевли. Турските жени носеле шалвари, минтан (елек), антерија, шамија преку која се наметнуваат со бел чаршав, задолжително фереџе и опинци или чевли на нозете.

Женскиот свет бил тој кој што се грижел за изработката на облеката за целото семејство. За таа цел секоја куќа, се разбира онаа која можела да си дозволи, задолжително поседувала по еден разбој. Меѓутоа се почеста била појавата и на купување на истата од градовите, особено од оние семејства кои можеле да си го дозволат тоа, внесувајќи нови влијаниа и во селската средина, успешно и со задоволство прифаќани, посебно од помладите генерации.

---

[1] Мил. С. Филиповиќ, Етнолошке белешке из северних велешких села, Београд 1932 , 5

Новата власт за целата Велешка околија ќе значи нови културно - просветни прилики, според кои целокупното велешко селско население како српско, треба да се воспитува во духот на српскиот образовен систем. Поголем дел од ова население имало можности да се здобие само со основно образование, но помал дел и со средно. Дел од селското население можело да си дозволи, образованието на своите деца да биде изведувано во градот. Интензивно просветување на селското население ќе превземе тогашната партиската комунистичка организација, како и синдикалното движење од градот, непосредно поврзани со околните велешки села. Ќе започнат да се формираат и младински читачки групи, на чии членови од градот ќе им бидат носени политички материјали за нивно брзо консолидирање, активирње и прилагодување на тогашните услови и случувања. Така во 1940 г. во село Ораовец била формирана Младинска организација, во која како членови се организирале Ивана Малезанова, Румена Мишкова, Трајко Шишков, Крајшев Блаже и др.[1]

Тоа ќе биде еден од начинот на поврзување на селото со градот. Овие две средини во овој период ќе ги поврзе и тогашниот стопански развиток, кој наложуваше голем дел од селските земјоделци да најдат надеж за себе и за своето семејство во рамките на градот и она што тој можеше да им го понуди. Селото и градот несомнено во текот на целиот меѓувоен период, беа поврзани не само на стопански, туку и на политички и културен план, одржувајќи ја само на тој начин строго македонската мисла за своја слободна национална, верска припадност, обидувајќи се заемно да допринесат за дочекување на денот кога себеси ќе се наречат слободни македонски припадници на Велешката околија.

[1] Александар Илиевски, Основањето и дејноста на Народниот Универзитет во Велес во периодот меѓу двете светски војни. Во: Сп.Велес , год. 8 бр. 8 , Велес 2004, 76

# II.Начинот на живот и егзистенција на различните социјални слоеви во Велес

## 1.Традицијата и културата на живеење меѓу двете светски војни

### 1.1Велешката куќа во домувањето и секојдневието на граѓаните

Градот Велес отсекогаш претставувал значајна и мошне интересна архитектонска зона истражувана до денес. Не е возможно да се патува покрај него, а да не се забележи вековната трација зачувана во неговата изградба. За тоа сведочат записите за градот од многуте патеписци кои поминувајќи покрај него, заминувале инспирирани толку, за да можат да оставаат по некоја напишана забелешка, мошне значајна за неговите жители.

Како град-раскрсница низ која поминуваат значајни патишта поврзувајќи го со цела Македонија, Велес ќе забележи низа трансформации на секое поле.

Традицијата свој белег ќе остави и во периодот меѓу двете светски војни, кога Велес мислам дека за последен пат ќе може да се опише како посебно значаен занаетчиски центар, кој остави видливи спомени во велешката чаршија, односно во едно секојдневие кое е збогатено, како со негативни, така и со многу позитивни случувања, пренесувани од генерациите, непосредни негови сведоци.

Изграден покрај реката Вардар, овој град свесно ќе почне да се проширува на левата и десната страна од реката, во предели кои претежно се карпести. Доволен бил само еден поглед при самото навлегување од брегот на Вардар, за да се забележи тогашната архитектура, која измешана од старите и новите влијанија за градот давале една слика на простран двор исполнет со збиени куќи, згради и кровови.

Протегајќи се на површина од 121 км2 и 2 800 м2, градот ќе го сочинуваат 7 квартови и 7 кварталници, односно маала и тоа: Којник, Мегдан, Бузаана, Дворови, Дервента или Влашкото маало, Црна џамија, Долни пат или Долни дуќани и Брзорек или Прцорек, распоредени на двата дела од градот, со куќи градени по целата должина на ридовите Свети Илија и Вршник.[1]

[1] ДАРМ, ПО Велес , ф.Општина велешка 1918-1941, к.2, 9.3.2.99/256-257 (Меѓу овие архивски документи често наидував на имиња и на други маала како: Поп Јорданови, Теќе, потоа

Од овие велешки маала најкарактеристично тогаш било (меѓутоа и денес), маалото Којник. Наоѓајќи се на десната страна од р.Вардар, изградено на рид, се издвојува од останатите како посебен независен дел, кој слободно можел да егзистира не соработувајќи со преостанатите делови од градот[1]. За тоа допринесувале многубројните тамошни дуќанчиња од најразлични типови, бакалници и фурни[2], потоа малото пазарче сместено над плоштадот во центарот на Којник, на чија убавина се надополнувале двата големи јавора и чешмата, место каде се собирале речиси сите којничани и одржувале многубројни манефестации, односно се случувал еден секојдневен живот исполет со многу настани, јавни тајни, случувања, за кои сведочат дури и песните испеани од и за народот, посебно онаа која вели "На Којник дуќан да имам". Во најсеверниот дел од маалото се наоѓал воениот полигон, еден вид стрелиште, за одржување и изведување на воени обуки на целокупното граѓанство.[3]

Надополнувајќи се на маалото Којник, односно како во еден континуитет, на највисокиот, најстрмниот и најстудениот дел од ридот Вршник се наоѓало маалото Бузаана, име добиено уште за време на Турците во градот, со кое и се означувало место доста осојничаво, каде дури и сончевите зраци тешко може да допринесат за негово затоплување. Ова маало криеше и една своја огромна карактеристика. Имено тамошните жители ја поседуваа единствената можност, од своите домови како на дланка да ја гледаат целокупната површина на градот, овозможувајќи поглед до кој секој еден не бил достапен.

До триесеттите години токму во оваа маало со компресори на амонијак, посебно слаткарите, зимно време во ископани дупки натрупувале снег, покривајќи го со земја за да дојде до негово замрзнување, кој потоа го користеле како средство за ладење на сладоледот и разните видови алкохолни и безалкохолни пијалоци.[4] Ваквиот начин на добивање на мраз, го применувале поголемиот дел од велешките семејства, населени во ова маало, надополнувајќи го така својот плиток домашен буџет.

---

Турците во градот ги споменуваа трите маала каде биле најмногу населени како: Црна џамија, К'и маало(кај Железен Мост) и Баир маало)

[1] Велес низ вековите, Општина Велешка, Велес 2003, 91-103

[2] Во ова маало работеле три фурни, три бакалници, една млекарница, дел од берберите, кондураџиите, кројачите, слаткарите како и кафеаните.

[3] Од разговорот со Лазар Христов во Велес на 5 август 2004 г.

[4] Од разговорот со Славко Николов, на 27 септември 2005 г. во Велес




*Панорама на Велес*




*Велес и Стариот Мост на Вардар*

Под плоштадот Којник пак се надоврзувало маалото Мегдан. Овие маала, непосредно ги поврзуваат многубројните заеднички настани кои не можеле да ги одминат, маѓутоа има нешто посилно што ги поврзува, а тоа се најзначајните личности забележани од македонската историја, кои потекнуваат токму од овие простори на градот.

На левиот брег од р.Вардар на ридот Свети Илија се наоѓале маалата Прцорек, Влашкото маало и Црна џамија, додека во рамните делови на почетокот, средината и крајот на градот се протегале маалата Долни пат, Сармаале и Дворови[1]. Покрај ова маало поминува и железничката пруга, истовремено водејќи кон железничкиот мост. Истиот е направен во 1925 г. за време изградбата на железничката линија Штип - Кочани. На крајот од градот се наоѓа местото Гроот, еден непошумен дел, каде велешанчињата ги остварувале дел од своите игри.

Често низ велешките маала можеле да се сретнат и слушнат надвикувањата на ѓеврекчиите, во обидите да ги продадат своите ѓевречиња, но и штотуку испечениот леб и алва, потоа бозаџиите, млекарите како продаваат кисело млеко, касапите, како го продаваат свежо месо и сл.

Ваквата градба и местоположба на градот ќе му овозможат доста стрмни улици, дел од нив калдармисани, [2] тесни сокачиња над кои куќите надвиснувале една врз друга, водејќи ги сите оние кои не го познавале доволно добро градот секогаш до неговиот центар. Оваа карактеристика посебно се однесува на сокачињата кои воделе од маалата на десниот дел од градот.

Главните улици, Крал Петар и Крал Александар, во овој период биле целосно калдармисани, преуредени и проширени, преставувајќи го на еден начин шеталиштето во градот, на кое ќе се надополни и паркот Соколовец. Истите биле и осветлени. Имено Општината постигнала договор за целосно осветлување на овие улици, со што е можно поголем број на сијалици.[3] Заради заштита на граѓаните од прашината во овие улици, Општината кон крајот на

---

[1] Името Дворови, ова маало ќе го добие, по своите карактеристични и пространи дворови, одлика која не ќе ја поседуваат преостанатите малаа како резултат на својата местоположба во градот.

[2] Во градот постоеле повеќе од 90 улици дел од нив именувани според личностите од кралските српски семејства како улица:Крал Александар, Крал Петар, Варнава, Кралица Марија, Царица Милица, Цар Урош, Кнез Михајло, Црногорска, Цар Урош, Дринска, Св.Ѓукиќ, Драшковичка, Шабачка, Херцеговска, Мостарска, Војвода Митиќ, Тополска, Крал Томислав, Танаско Рајиќ и сл.

[3] ДАРМ, ПО Велес , ф.Општина велешка 1918-1941, к.1, 9.3.1.16/60-74




*Маалото Дворови со поглед кон Железничкиот Мост*



*Поглед на градот кон маалото Којник*

1929 г. успеала да дојде и до еден автомобил со резервоар од 1 000 л. вода и прскалица.[1]

Често по велешките улици можеле да се забележат и автомобилите. Според архивските документи од 1931 г. во градот имало 14 патнички автомобили, 17 теретни автомобили и 2 моторцикли.[2]

Покрај велешките улици можеле да се видат и магарињата, така што неизбежна била споредбата на Велес како градот на расните магариња. Низ велешките стрмни, едвај проодни улици секогаш можеле да се забележат каравани од магариња, како со тешки напори се обидуваат да ги искачат истите. Дневниот весник "Вардар" во еден свој напис за градот ќе рече: *На хоризонтот, во далечината се појавува прво облак од прашина најавувајќи го доаѓањето на 20-30 измачени животни, кои со напрегнати жили ги донесуваат - после лебот- најпотребните за живот дрва и ќумур. На пет до десет чекори пред нив се наоѓаат 2 до 3 "кампери" на овој "одред",кои за жал доста често ќе се сетат со својот неразделен другар - младата фиданка, немилосрдно да удрат по и така изнемоштеното магаре. Тешко и мошне сомнително е дека може да се дојде до некое друго превозно средство за сите потребни животни намирници во градот, затоа што овие "велешки трамваи" допираат и онаму каде е опасно и за самите пешаци. Тие допираат и ги снабдуваат жителите во најстрмните улици на велешките маала Којник и Прцорек, како и оние улици кои со исто таква стрмност се спуштаат речиси до Вардар.*

*Во деновите на тридневниот панаѓур во овој град може да се купат магариња какви што не може да понуди било кој друг град во Вардарска бановина.* "[3]

Впрочем велешани биле навикнати и на автомобилите, но и на добитокот зашто истите ќе бидат дел од напорите да го поминат своето секојдневие, се разбира со она што го имаат.

Какви и да биле, за поголемиот дел од велешките улици, маала, паркови и сите државни институции, општинската власт имала задолжено соодветни лица-чистачи, кои се грижеле за одржувањето на хигиената во градот.[4] Истите овие чистачи својата дејност ја извршувале со помош на двоколки, магариња, метли и лопати,

[1] Ibidem, к.2, 9.3.2.132/554

[2] Ibid., 9.3.2.147/576 (Од патничките автомобили 7 биле од марката Ford, 2 од Rugbi, 1од Fiat, 1од Dodz, 1од Tragha, 1од Wilis и 1 од Chevrolet; 10 со 3-4 седишта, 3 со 5-6 и 1 со 7-8 седишта, додека теретните автомобили биле од марката Benc i International.

[3] В. "Вардар"

[4] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.1 9.3.1.1/136-141



III Превозна средства

Са моторним снагом у 1931 години

| Путнички ауто. | количина | | количина | Мотоцикли | количина |
|---|---|---|---|---|---|
| са 1-2 седишта | | до 1 тоне | 14 | са приколицом | — |
| " 3-4 " | 10 | од 1-3 тона | | без приколице | 2 |
| " 5-6 " | 3 | " 3-5 тона | | Товарних | — |
| " 7-8 " | 1 | " 5-10 и преко | | | |
| свега | 14 | свега | | свега | |

Превозна средства

према фабричкој марки и држави из које су у 1931 г.

| Путничка аутомобили | | | Теретни аутомобили | | | Мотоцикли | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Држава | Марка | количина | Држава | Марка | количина | Држава | Марка | количина |
| Америк. | Ford | 7 | Немач. | „Венс" | 7 | Франц. | Je Fran | 1 |
| -"- | Rugbi | 2 | Америк. | International | 10 | Немач. | Zerat | 1 |
| Италија | Fiat | 1 | | | | | | |
| Америк | Dodž | 1 | | | | | | |
| Чехосл. | Pragha | 1 | | | | | | |
| Америк | Wilis | 1 | | | | | | |
| -"- | Chevrolet | 1 | | | | | | |

*Список на превозните средства во Велес за 1931 г.*

сопственост на градската коњушница, секојдневно, освен недела и за време на празниците, од 6 до 11 часот претпладне и од 2 до 18 часот попладне. Целокупното ѓубре се фрлало во водите на р.Вардар. Општината имала одредено и соодветни лица, во кои спаѓале и старешината на чистачите, општинскиот амбулантар и контролор, кои секојдневно вршеле рутинска контрола по улиците, согледувајќи и оценувајќи ја нивната хигиенска состојба. Сите овие лица-чистачи, го сочинувале работничкото одделение, до кое можело да се обратат сите општински органи, во задоволувањето на хигиенските потреби.[1] Секако за тогашното секојдневно опстојување на велешани, оваа хигиена била неопходна.

Велес, како град со околу 14 200 жители и 5 811 домови,[2] својот изглед во периодот меѓу двете светски војни ќе го добие благодарение на вековните напредни модерни влијанија, внесувани преку тогашниот добро ситуиран граѓански слој, во текот на нивните односи со многу европски центри. Меѓутоа некои посебни вложувања во обновата и надоградбата на градот власта не покажала, добро знаејќи дека тоа се огромни парични средства до кои тешко можела да дојде. Во овој временски период, градот ќе забележи поинтензивно проширување на просторот кон железничката станица, како место погодно за населување.

Тој сплет од постојано воспримани информации, најдобро ќе успеат да ги доловат тогашните велешки мајстори-градители, поединци или организирани во тајфи. Најпознатите од нив потекнувале од селата Враниште и Мелница,[3] кои покрај во Велешката околија работеле дури и надвор од границите на Македонија, постојано надоградувајќи се и збогатувајќи се со креативност во градителските вештини, успешно пренесувајќи ги во Велес во меѓувоениот период, најдобро огледани во домашното жариште, а со тоа придонесувале за менување на семејните и личните навики во секојдневното живеење и домување. Голема улога во архитектурата во овој период, ќе одигра и влијанието на руските градители-архитекти. Имено во Велес, како и во другите поголеми градови во Вардарска Македонија, ќе се концентрираат голем број на Руси, кои организирано ќе го развиваат рускиот културно-национален дух, патриотизам и чувство на взаемност.[4]

---

[1] Ibidem

[2] Ibid., k.2, 9.3.2.132/551-552

[3] Крум Томовски, Дејноста на велешките мајстори и зографи во XIX и XX в. Во: Сто години велешка гимназија, Велес 1961, 157-168

[4] Кокан Грчев, Црковното градителство ..., op.cit., 87

Во овој период за велешката куќа, ќе биде карактеристична појавата на најзино преминување од помисла за обична потреба од покрив на главата, во потреба за едноставна човекова егзистенција, простор во кој живеело велешкото Јас, негова внатрешна слика на секојдневно препознавање во идентитетот, културата, материјалниот статус, односно целокупниот начин на традиционално живеење и менталитет.[1]

Поголемиот дел од куќите се состојат од приземје и еден или два ката чиј основен материјал бил каменот, плитарот и дрвото, додека за кровната конструкција се користеле ќерамиди или камени плочи од шкрилец. Градени на карпести површини, поголемиот дел од велешките куќи имале неправилна форма, кај кои се среќаваат еркери, дрвени греди испуштени, понекогаш и прикриени на сите страни, со кои се овозможува исправување на површината над приземјето, односно негово издигнување во просторот. Градени на поголеми височини едни врз други, гледани од далеку за овие катови се добивало впечаток дека едноставно лебдат во просторот.[2]

Велешката куќа неминовно, како едно непишано, но сепак задолжително правило, имала директна врска со улицата, независно од тоа дали има или нема двор околу себе. Затоа што се градени на карпести и стрмни предели поголемиот дел од куќите биле поврзани со два влеза, од горната улица на катот и од долната улица на приземјето.

Архитектурата во надворешниот изглед на дел од поимотните велешки куќи бил посебно препознатлив по испуштената стреја, фреско декорацијата на покривниот венец, декорацијата на прозорците и вратите, еркерниот испуст на спратот со скриени или јасно видливи дрвени косници итн., зачувани и до денес како еден вид велешки најпознати експонати.[3]

Веќе од триесетите години, велешките куќи ќе почнат да добиваат европски изглед, се разбира кај оние значајни и познати трговци, градени во центарот на градот. Тоа биле огромни изданија, нарекувани дури и згради, кои се одделувале од велешката стара традиционална градба, без отворени надворешни чардаци, на повеќе катови со мансандри во поткровјето и просторот за дуќани

---

[1] Марула Николовска, Градските куќи..., op.cit., 11

[2] Во Велес се уште се зачувани еден дел од старите грдби посебно во маалата на левиот дел од р,Вардар, Којник,Мегдан и Бузаана. Позната таква куќа, за која се вели дека лебди во просторот е куќата на Касапови.

[3] Во периодот меѓу двете светски војни најзабележителни биле куќите на велешките семејства Прнарови, Паунови, Тренчови, Матови, Шукареви, Ѓоргови итн.



*Куќата на Прнарови, Тренчеви Чокалови и Сулеви*



*Изглед на дел одВелешките куќи покрај Вардар*

во приземјето.[1] Поголем дел од ова побогато население, ќе започне со откупување на поубавите турски куќи, лесно давајќи им христијански белег и дух.[2]

Во куќата се влегувало преку доста масивна дрвена широка порта, на која задолжително имало железно ѕвоно, за најавување на секој кој доаѓал во таа куќа, а која водела кон дворот или пак доста често и кон тремот, елемент кој во велешката куќа имал големо значење и посебна убавина. Тремот секогаш е поставен на приземјето, поплочено најчесто со камења. Во овој дел обично се чувале бардачињата со вода, затоа што бил најладниот дел од куќата, или пак дел од домашните животни, кај оние семејства кои не поседувале подруми. Под нивото на приземјето се наоѓал потонот, визбата или подрумот-простор за складирање на огревните дрва, разни намирници, бочви со вино и ракија и домашните животни.

Тремот, односно приземјето од едната страна е поврзано со работилницата кај занаетчиските домови, а од другата со познатите "зимски соби" мали простории, во кои целото семејството ги поминувале зимските денови, свртени кон јужната страна, најдобро осветлени благодарение на многуте прозорци и лесно топливи соби, но често играла улога и на брзо приемни соби, посебно во домовите на занаетчиите.

Преку скали, најчесто дрвени и во зависност од имотната состојба на семејството најразлично обработени, со резба на оградата, од тремот се излегува на познатиот велешки чардак, простор околу кој се наоѓаат останатите соби во куќата. Овој простор, односно таваните и подовите на чардакот во секоја велешка куќа се дрвени. Велешката куќа може да изобилува со повеќе чардаци, отворени или полузатворени, но секогаш свртени кон исток, заради рационално искористување на светлината, со оглед на тоа што ретко која куќа можела да си дозволи насекаде поставување на петролејски лаби. Во велешката куќа, единствено и доста често, можеле да се сретнат чардаци поврзани со мост.

Поради својата големина, чардакот се користел како место за работа на велешката домаќинка, простор за спиење во летниот париод кај многучлените семејства, потоа како простор за прием на гости, организирање на семејни прослави, сведок на многу

[1] Такви куќи кои и денес го привлекуваат вниманието, настојувајќи да се задржат во својот првобитен пред се надворешен изглед, се куќите на Шукареви, Ѓоргови и др.

[2] Зорица Мечкаровска, Мирјана Недева, Никола Ќурчиев, Мимоза Димковска, Во старата велешка одаја, Велес 2004 , 13



*Велешки куќи со карактеристичните дрвени еркери*



*Велешки куќи*

повечеринки, севдалинки, но и на собири на младите комунистички партиски дејци и нивните револуционерни идеи. Како таков простор и потреба од приватност, чардакот го збогатуваат миндерите, софрата и дрвените мали троножни столчиња. Тој истовремено може да биде поврзан и со доксат, дел кој се наоѓа на повисоко ниво, и најчесто бил користен од велешката чалгија за време семејните прославувања.

Поголемиот дел од велешките куќи, како најзначаен дел од себе ја сметале кујната, затоа што токму во тој дел се случувал секојдневениот живот, карактеристичен за посиромашните семејства, кои ќе се најдат во улогата на обединувачи и чувари на традицијата, обичаите, суеверијата итн. Овие претежно мали простории, изобилуваат со повеќе прозорци, наменети за искористување на светлината, покрај кои се поставени дрвените миндери обложени со слама или сунѓер, прекриени со најубавиот ткаен прекривач на домаќинката, со многу перничиња, искористени за потпирање до ѕидот.

Кај оние семејства кои кујната ја користат како простор за спиење, неизбежно има дрвени вградени плакари за сместување на целокупната постелнина и кујнски прибор, кој најчесто се наоѓа на дрвените полици наместени и приковани покрај самите ѕидови. Се работи пред се за глинени или бакарни садови како: тави, тенџериња, бардачиња, чинии, чаши, бокали, грниња во најразлична големина, лажици итн. Меѓутоа кај поимотниот слој од велешкото граѓанство, во поседуваните предмети за секојдневна употреба, се чувствувало европското влијание и фини манири, така што порцеланот, кристалот и стаклото биле неизбежни делови од секое такво семејство. Неизбежни делови се и софрата и малите троножни столчиња, вешто изработени од дрво и шавар (карактеристичен плет во жолто-зелена боја). За најмалите членови, бебињата, овде била поставувана мрежа, од едниот до другиот крај на ѕидот, за искористување на просторот меѓу многучлените велешки семејства.

Меѓутоа во побогатите велешки куќи, кујната е наменета само како простор на домаќинката. Во овие кујни, покрај вградениот мебел се сретнува мусандра со т.н. влажен јазол, вграден камин, долапи, водник за миење на садови, кој може да се наоѓа и на оградата на отворениот чардак, во близина на кујната. Но, најчесто како место за миење на садовите се користеле чешмите во тремот или дворот, се разбира оние кои имале услови за тоа.

Со необично пријатен изглед се карактеризираат и гостинските соби за престој, зимски и летни, кои најчесто се наоѓат на катот и се најубаво уредените простории со присуство, односно еден сплет од старото, традиционално и новото европско влијание, кое убаво ги вклопуваше: дрвениот мебел, рачно изработен и резбан, украсните огледала со дрвени резбани рамки, боро-вид дрвени наткасни со многу фиоки и доста често во различни бои, декорирано со елементи од флора и фауна, миндери, високи столчиња (коклици) и дрвени големи маси, во округла или јацевидна форма, дрвени или месингени корнези, покрај кои се спуштаа свилени или рачно изработени чипкани пердиња, потоа касели во кој се чувал чеизот на девојките итн. На ѕидовите има полички на кои се чувале украсните предмети, кои во одредени куќи, пред се поранешни турски, се чувале и во уџериња (отворен дел од долапот). Во овие соби на побогатите семејства, како Левкови и Шукареви, големи љубители на музичката уметност, се сретнуваат грамофонот и пијанинoто, како дел од внатрешниот декоративен ентериер на велешката куќа.[1]

Во гостинските соби, посебно внимание привлекувале таваните со изработки во најразлични форми, карактеристични за поимотните домови на кои се поставувале декорирани и раскошни ламби.[2] Подовите речиси неизбежно се прекриени со најдобро

---

[1] Јулијана Жабева- Папазова, Историја на македонската пијанистичка умртност 1900-2002, Велес 2004, 30-35 (Имено семејството Левкови, пијанинoто го купиле во 1926 г., од фирмата "Шимел" во Лајпциг, Германија, за што сведочи и документот за склучениот договор помеѓу Александар Левков и клавирската фирма, сочуван во Музејот на истата. Според овој документ, пијанинoто: 46, бр.12642, било со црна боја, полирано, со многу добра клавијатура од слонова коска и со еден пар држачи за свеќи; Семејството Шукареви пак пијанинoто го купиле од Виена во 1935 г., кое после завршувањето на Втората светска војна заедно со преостанатиот имот на ова семејство е конфискувано, односно во почетокот било сместено во Офицерскиот дом, а со отворањето на Музичкото училиште во Велес, пијанинoто било однесено во просториите на ОМУ.)

[2] Зорица Мечкаровска, Мирјана Недева, Никола Ќурчиев, Мимоза Димковска, Во старата..., op.cit., 13-16 (Посебно убава таваница обработена во 19 в. истовремено кога бил правен и фреско живописот во црквата "Св.Пантелејмон", поседува куќата на Габерови која е обработена со дрвени квадратни рамки, над кои има полулак од пола аршин со стилизирани листови, а во средината има десетокрака ѕвезда, која како капка во вода се шири со трапезни и триаголни облици по целата таваница. Десетте краци се исполнети со раскошендезен од флора, со нијанси од окер до зелена, додека единаесетте баклавични завршетоци се насликани со стилизирани гранки исполнети со листови и цвеќиња од ѓул трендафил. Тоа се муслимански елементи кои се надополнуваат со четири исти лика на млад човек, во заоблените длабнати страин, кој на вратот носи огрлица од грозд и афион која од страните се шири со гранки и листови од лозница. Наместо раце од рамениците се шират крилја; Позната велешка таваница поседува куќата на Гајдови. Истата започнува со розетна која има облик на афион и која се шири со зраци изработени со плитка резба, кои пак завршуваат со кружни дрвени опшивки.)

изработените, рачно исткаените волнени ќилими во најразлични бои.

Неизбежен дел, декоративен, од овие соби биле иконата и кандилото секогаш запалено, поврзани со празнувањето на имендените или заштитниот светец на одреден дом. Претежно се негувал култот кон: Св.Богородица, Св.Петка, Св.Ана, Св.Недела, Св.Никола, Св.Арангел, Св.Јован, Св.Димитрија, Св.Ѓорѓи, Св.Стефан, Св.Тројца и др.[1] Дел од овие икони се наоѓале и во кујнските простории. Тоа сведочи за големата улога што ја имала религијата кај православните верници како во нивното секојдневие, така и во нивниот духовен живот.

Некои од овие простории воделе кон надворешна тераса, балкон со редок поглед кон Вардар, посебно од оние куќи градени на ридско карпестите, стрмни предели од градот. Побогатите велешки претставници, обрнувале доста големо внимание на изгледот на овие тераси, посебно на оградите, кои биле дрвени или од ковано железо.

Независно за каква и куќа да се работи, истите за време на зимскиот период биле затоплувани со бакарни мангали или глинени лакањи, во кои се ставало дрвен јаглен, кој оставал и соодветни последици посебно на децата, преку испуштањето на јаглероден моноксид, меѓутоа доста често во куќите на побогатите се среќаваат и вградени огништа, еден вид камини, во кои дрвата биле основното средство за затоплување.

Санитарните простории клозетот и купатилото, може да се *наоѓаат во дворот надвор од куќата или во рамките на самата* внатрешност на куќата, која не поседувала дворски простор.

Карактеристични за велешката куќа се и скривниците, кои секогаш се наоѓале под една од просториите под приземјето, потполно вкопани под земја.

Еден дел од велешките куќи поседувале и дворен простор, вешто уредуван од домаќините, украсен од многубројните цветови како и од заштитниот знак на велешката куќа, бршленот, дел од нивното суеверие за надополнување на домашната среќа. Неизбежно, речиси секоја куќа го поседувала, ако не во дворот тогаш како ползавец околу куќата. Куќите во маалото Дворови изобилувале со навистина големи дворови, по кои и маалото го добило името.Овие велешки дворови, често преку капиџици, мали премини од едниот во другиот двор, истовремено ги поврзува

[1] Од разговорот со Галаба Солева на ден 17 август 2005 г.

блиските домови, така што преминот меѓу нив бил полесен и побрз до некоја поодалечена куќа. Овој дворен простор, како и просторот во поблискиот круг на куќата, секогаш бил што е можно подобро хигиенски одржуван. Постоеле дури и одредени места, во близина на домовите, на кои единствено можело да се фрли ѓубрето, за што дури била наплатувана соодветна такса-ѓубретарина во износ од 70 динари годишно.[1] Во ниту еден двор не смеело да постои бара или буриња со застарена вода во летниот период, заради заштита од појавата на комарци и болеста маларија.

Некои семејства можеле да си дозволат и сопствен бунар или чешма, односно вода која доаѓала преку градскиот водовод, изграден во триесетите години, наплатувана во драмови, односно во зависност од отворот на поставеното триаголниче кое ја пропуштало водата, додека преостанатиот и најголем дел од населението, со вода се снабдувало од маалските чешми, за чие одржување во градот се назначувало одредено лице, чешмаџија.[2] Меѓу најпознатите малски чешми во градот се одделувале: Прчиова, Бричкова чешма, Солено чешмиче, Гајгурова чешма-сите на Којник, Ристова чешма на Мегдан, Маалска чешма, Читкушова чешма во влашкото маало и др.[3]

Кон оваа стара градска архитектура на Велес, се придружува и посебното обележје на градот, еден вид негов заштитен знак по кој се препознава, старата саат-кула. Изградена кон крајот на XVI в. од цврст, масивен материјал и ѕидови од камен, во центарот на градот, односно на десниот брег од реката Вардар, оваа саат-кула со векови ќе претставува највeрниот чувар на многу велешки генерации и она што нивното време го носи, успешно пренесувајќи го во секоја наредна иднина.

Изграден на карпести предели од двете страни на реката Вардар, градот отсекогаш имал големи проблеми со водоснабдувањето. Градските бунари и чешми никогаш не биле доволни во задоволувањето на потребите од вода на целокупното граѓанство.

Првиот градски водовод бил Раштанскиот, меѓутоа се покажал како нерационален. Веќе од 1929 г. Велешката општина ќе ги направи првите посериозни чекори за изградувањето на градскиот водовод. Истовремено бил составен и нацрт план за чие реализирање во јули истата година бил подигнат заем од Државната хипотекарна банка во износ од 2 000 000 динари. Испитувањата за

---

[1] ДАРМ, ПО Велес ф.Општина велешка 1918-1941, к.1, 9.3.1.1/138
[2] Од разговорот со Игно Тасков од Велес, на 26 октомври 2005 г.
[3] Ibidem



*Читкушова чешма*



*Поглед кон Саат-кулата во Велес*

оваа градба се вршеле од 1929 до 1931 г. од страна на многи инжињери и професори меѓу кои и д-р В.Петковиќ, ректор на Белградскиот универзитет, професорите Петар Јовановиќ, Милан Луковиќ и др.[1]

Во 1931 г. утврдено е, благодарение на испитувањата направени од хидротехничарот А.Фредра, дека во местото познато како Бостанлук, се наоѓа подземна субартерска вода, истовремено погодна за пиење и задоволување на целокупните потреби на градот. По самото одобрување на реализацијата со големо залагање на општинската власт, како и на локалното велешко население, наоѓајќи начин да дојде до приближно потребната сума од 4 677 750 динари, градот конечно успеал да се снабди со здрава вода за пиење. Споменатата сума, Општината сметала дека ќе ја врати благодарение на приходите, кои таа ќе ги добие од спроведувањето на водоводната мрежа во градот.

На тој начин се овозможило подигнување и подобрување на здравствената состојба на населението, меѓутоа и положбата во речиси сите државни и приватни институции, со кои располагаше градот во тој временски период.

Покрај водоснабдувањето, за велешките граѓани голем проблем во секојдневното живеење, претставувала и електрификацијата. Иако тоа беше време на гасиените ламби, петролејот и дрвото, како основни средства за задоволување на домашните потреби, сепак како на град кој настојуваше индустриски, трговски и занаетчиски да се развие, неминовна претставуваше потребата од развојот на електрификацијата.

Така градот дури во 1929 г. ќе ја добие првата и единствена во тој меѓувоен период, електрична централа, подигната од Милан и Коста Стоилковиќ, трговци од Ниш и Душан Стоилковиќ, индустријалец од Лесковац, која успеала да ги задоволи потребите на она поимотно население, кое можеше да си ја дозволи електричната енергија, како и државните и приватни институции.[2] Имено тоа е времето на се поинтензивното навлегување на електричното осветлување, во речиси сите домени на секојдневното живеење.

Градот во овој временски меѓувоен период, располагал и со телеграфска и телефонска мрежа, спроведена само во државните институции. Според податоците на архивските документи, постои

[1] В."Вардар"

[2] Н. Цветковска, Состојбите во ... , op.cit. , 26

решение од 29 мај 1921 г., за инсталирање на телефонски линии во градот.[1]

Велес бил еден од ретките градови, кој во овој период на српската режимска власт ќе се здобие и со две банки. Со одобрување на Министерството за трговија и индустрија од Белград во 1921 г., се формирала Велешката банка, односно акционерско друштво "Велешка банка" од страна на Ѓошо Органџиев, Мустафа Усеин и др. трговци и индустријалци од Велес, со почетен Капитал од 1 000 000 динари.[2] Само 4 години подоцна, градот ќе се здобие со уште една банка, позната како "Јужна Банка", на иницијатива на Теодор Хаџи Алексов. Со истата се до 1940 г., кога и ќе престане да функционира, ќе управува неговиот син Аџиџорко.

[1] ДАРМ, ПО Велес , ф.Општина велешка 1918-1941, к.1, 9.3.1.16/16-20
[2] Н. Цветковска, Состојбите ..., op.cit., 34

## 1.2 Велешките пазари и чаршијата

Периодот меѓу двете светски војни, ќе биде обележан и со посебната привлечност која ја понудуваше во градот самиот велешкиот пазар, на кој се надополнуваа житниот пазар и пекмез или овошниот пазар, каде во небројни кошници се продавало овошјето и разноврсните велешки слатка и мармалади, подготвени од велешките домаќинки. Се наоѓа на левата страна на реката Вардар во непосредна близина на Дервенскиот потокот и Стариот мост, но до него од спротивната срана може да се дојде и преку Мало мовче. Многумина велешани токму овде на пазарот го пронаоѓале својот извор и начин на егзистенција, истовремено пренесувајќи ни дел од своето секојдневие.

Пазарен ден бил вторник,[1] ден кога доаѓало масовно населението уште во раните утрински часови со натоварени магариња, како од градот така и од околните села, без разлика на националната припадност, како купувачи, но и понудувачи на своите производи. Пазарниот ден бил и единствениот кога селаните доѓале во градот, продавајќи го она што го носат, како и купувајќи го она што им недостасува за подолг временски период. Токму овде доаѓало до израз јавно слободата на говорт. Покрај македонскиот, доста често можел да се слушне и турскиот, прифаќан без негодување од македонското население, кое и во најголем број се имаше стекнато со негово добро познавање. Во блиската околина на пазарот се наоѓале и многу кафеани, каде пазарџиите можеле да се одморат, видат со своите пријатели и разменат меѓусебни мислења за семејството, работата, односно за се она што токму тогаш ги опкружуваше или збиднуваше.

Во близина на пазарот, се наоѓала Сарачката чаршија, каде биле сместени дел од разните видови занаетчиските дуќани, наредени едни до други, на чевларите, терзиите, ковачите, слаткарите, содаџиите, сарачите, самарџиите, касапите, леблебиџии, ортомари, шарлаганџии и сл. Дел од занаетчиските дуќани биле сместени во познатиот и доста актуелен велешки безистен, еден полукружен

[1] За одредувањето на пазарниот ден во Велес постоело едно предание. Имено истиот бил одреден уште за време на Турците во градот. Така кога во градот во втората деценија на XIX в., пристигнал некој паша со два полка војска, еден познат трговец Ќор-Мише, за една негова мудрост, успеал да издејствува одобрување за изградба на црква и одредување на пазарниот ден во вторник, затоа што тогаш ниту христијаните ја посетуваат црквата ниту муслиманите џамијата, имајќи доволно време за да му се посветат на пазарот и она што може да се оствари на тој ден од страна на купувачите и понудувачите.)




*Велешкиот пазар*




*Житниот Пазар во Велес*

објект, каде истовремено биле сместени и дел од кафеаните и јавните куќи. Доста често овде, посебно за време на пазарните денови и празниците, грнчарите ги продавале своите производи.

Чаршијата завршувала со Дервенскиот поток, во чие корито пазарџиите го врзувале добитокот, посебно неубава слика за граѓаните, зашто токму во тој поток јасно се гледал како изметотот од добитокот, така и човечкиот,[1] причина повеќе за ширењето на заразните болести и кожните инфекции кај локалното население.

Меѓутоа, велешката чаршија имаше и свое второ издание на главната улица, поврзана со познатиот плоштад Сармаале, каде покрај многубројните дуќани, дел од нив сместени под убавите, високи и модерни куќи, повеќето слаткарници, секогаш привлечните бонбонџиски работилници на Подолешови, Палашеви и Фирфови, се наоѓале поштата, независниот работнички синдикат, градската управа со библиотеката и читалната, сместени на последниот кат и судската зграда. По должина на главната улица, од Сармаале во правец кон градскиот саат, чаршијата познавала и дел од дуќаните на златарите, јувелири, од кои најпознат бил оној на Манчето, потоа на часовничарите, меѓу кои и примерно уредениот со застаклен излог на Спиро Зограф, кој се наоѓал во зградата на Шукареви, до кој бил сместен и нивниот големиот трговски дуќан, од каде можеле да се купат најубавите материјали, како и гублени од француски конец кој не обелувал, потоа дел од велешките книжарници, меѓу кои и онаа на Лазар Смилев, дел од аптеките и сл.[2]

Покрај градското население, во чаршијата доста често можело да се сретнат полициските надзорници и жандармериските офицери кои облечени во цивилна облека вршеле постојана контрола во сите јавни институции, претежно на железничката станица, хотелите, кафеаните, кината, трговските и занаетчиски дуќани, односно секаде каде се движело во поголема масовност градското, локално население.

На тој начин, велешката чаршија ќе стане и место каде, покрај позитивните нешта ќе се случуваат и многу негативни настани, поврзани со секојдневниот живот на велешани. Имено таа е местото каде еден дел од граѓаните ќе го поминуваат поголемиот дел од денот, интересирајќи се и дознавајќи за сите моментални случувања, ширејќи ги како еден вид озборување, во поширочата околина, станувајќи опсесивни и зависни од нив, желни да го видат

---

[1] П. Пановски, Грст ... , op.cит. , 39

[2] Од разговорот со Митко Апостолов од Велес, на ден 14 август 2004 г.



*Дел од чаршијата во Велес-Сармаале*



*Велешани во центарот на градот*

искористувањето на недостатоците, исмејувањето, меѓутоа чаршијата е место каде ќе се случуваат многу јавни демонстративни настани, проследени со безмилосен терор, спроведуваат многу затвореници, обединуваат луѓето во барањата за граѓанските права и подобра иднина и сл.

## 1.3 Кафанскиот, боемскиот и рекреативскиот живот на велешани

Во периодот меѓу двета светски војни градот ќе располага и со многу кафеани и ресторани, како "Таково", "Бабуна", "Голема Србија", "Југославија", "Централ" и др.[1] распоредени во сите маала, во кои можело да се пробаат познатата велешка скара, риба, ракија и вино. Велес поседувал и три хотели. Имено веднаш до судската зграда се наоѓал хотелот "Солун", каде познатиот скараџија Стаменковиќ, ја правел најубавата скара, потоа од спротива на десниот крај на јужниот дел од главната улица, хотелот "Југословенска круна" и во центарот на градот, во непосредна близина на градскиот саат хотелот "Белград". Овој хотел, сопственост на Милан Војницалија, во кој за извесен временски период ќе живее велешката чаршија и се она што ја сочинува, бил најголемиот и најубавиот хотел во центарот на градот составен од 14 соби, на првиот спрат имало претсобје, кујна, продолжение на кујната, кафеана и кафе кујна.[2] Доста познати во градот биле и јавните куќи, за чиј број сретнав различни податоци. Според кажувањата на Петар Пановски[3] Велес располагал со 4 јавни куќи, меѓутоа според кажувањата на повеќето живи светоци на тоа време, постоеле најмногу 9 јавни куќи.[4]Сите имале карактеристични имиња како: "Девет магариќи", "Црвена ѕвезда" сместена во безистенот, "Земаљски рај", "Пролеќе" и "Балкан" на Сармаале, "Теле дигло ногу", "Адамово Јаболко" , "Шангај" и

---

[1] ДАРМ, ПО Велес , ф.Општина велешка, Финансисико одделение 1918-1941, к3, 9.3.23.59/224-225

[2] Васил Тоциновски, Поет изгнаник, Скопје 1990, 41

[3] П. Пановски, Грст ..., op.cit. , 88

[4] Според кажувањата на Јован Босотов, Лазар Христов и др.велешани.




*Паркот Крал Александар*



*Хотелот "Белград" сопственост на Милан Војницалиев*

"Ослободување". Претежно биле еднокатни градби, односно приземје каде била сместена кафеаната и спрат каде се наоѓале собите за извршување на услугите, кои ги понудувале јавните проститутки. Истите се носеле од просторите на целото Кралство СХС, односно Југославија, меѓутоа девојки од овој вид се сретнувале и од велешкиот крај.

Велешани биле познати како љубители на женската убавина, па така повеќето од нив, особено помладите, барем по еднаш може да се рече дека имале посетено некоја од овие јавни куќи. Но имало и граѓани кои и со денови не излегувале од овде, посебно по доаѓањето на некоја нова девојка, која секогаш предизвикувала љубопитство за да се види, дознае нешто повеќе и помине извесно време со неа.[1]

Ваквиот начин на живот ќе биде причина и за појавата на полови и венерични болести во градот, како сифилисот и гонореата, така што од општинската власт се барало поголема контрола на девојките од јавните куќи, нивно редовно носење на лекарски прегледи и едукација, во просториите на санитетската управа и сл.[2]

Велес располагал и со два парка и тоа: паркот "Соколовец", се протега по должината на главната улица Крал Александар, односно на простор од 4 хектари, од каде се добивал поглед кон градот, долината на р.Вардар и железничкиот мост. Истиот овој парк бил иницијатива на "Друштвото за разубавување на градот"[3] и младите велешки соколи, кои го извршиле целокупното уредување на стазите, бетонските мостови, скалите и главната влезна капија, по кои и го добил името; Паркот "Крал Александар" пак бил поодалечен од центарот на градот, наоѓајќи се на десната страна на Вардар (во непосредна близина на денешната бензиска пумпа и спортската сала).[4] Со закон било забрането уништувањето на ова природно богатство, како и шетање по парковите надвор од одредените патни стази.

Во интерес на младата популација било и тн. летно купатило, изградено на десната страна на Вардар во близина на железничкиот мост. Оваа велешка плажа, каде водите на Вардар биле најчисти,

---

[1] Од разговорот со Благојка Танева Јованова од Велес.. Меѓу ваквите велешани Благојка го споменува и нејзиниот дедо Илија Танев-Мајката.

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.4 , 9.3.23.4/4-5

[3] Ibidem, к.2, 9.3.2.132/554 (Друштвото за разубавување на градот егзистирало од 1925 г. меѓутоа се до 1930 г. не превземало некои посериозни активности)

[4] Ibid



*Велешанчиња во водиѿе на р.Вардар*



*Велешани во косѿими за каӣење кај Маркова меана*

располагала со 24 кабини, но истовремено биле поставени и гимнастички справи, така што младите велешани за цена од само 5 дин. можеле во текот на летниот период, секојдневно да се дружат.[1] Бањањето овде, било задолжително со поседување на соодветни костими за капење, за сите лица постари од 12 г., во спротивно постоеле казни наменети за родителите чии деца не се придржувале до пропишаните правила.[2] Со наредба од општинската власт бањањето на други делови на р.Вардар биле забранети, поради можностите од заразни болести, предизвикани од нечистите води, како и од се почестите давења на младите, посебно на децата кои често знаеле да скокаат од железен мост, стар мост и мало мовче.

Смоубиствата и убиствата, намерни или сличајни, биле доста чести во градот. Имено поради ниският едукативен менталитет на дел од населението, често се случувале непосакувани дури и смртни последици, заради употребата на афионот во поголеми количини, како еден вид лек за болки во стомакот. Познати биле многу самоубиства во реката Вардар, посебно од велешките деца, кои дел од детските игри ги остварувале токму покрај речните брегови. Како дел од секојдневието биле и убиствата на велешките вдовици, поимотни луѓе, убиствата на непосакуваните вонбрачни новороденчиња, злоупотреба на малолетни деца,[3] потоа употреба на лажни фалсификувани пари,[4] кражби по кафеаните итн.

Доста долго во градот се паметело намерното убиството на велешката вдовица Пандора Чифчиристовиќ, чии убијци 15 годишниот Илија Јаниќ и Епса Чифчиристовиќ, биле осудени на 10 години затвор.[5]

Во овој временски период градот познавал и еден свој сограѓанин Анѓел Кртиќ, како доста опасен крадец.[6] Овој т.н. чикашки гангстер, со црн шешир и долг црн капут, после повеќе извршени кражби по домовите на познатите скопјани, бил затворен од полицијата, на која 40 годишниот велешанец и признал дека пред

---

[1] Ib., 9.3.2.132/555-556

[2] Ib.

[3] ДАРМ , Скопје, ф. Министерство за внатрешни работи, к.1.1.1037.1.1/258-290 (Доста чести биле нападите и силувањата на малолетните деца. Така од 1930 г. познат бил еден случај на злоставување, односно блудничење или педофилија, на малолетниот Елмаз син на Асан Елмазовиќ, од страна на Амет Мемедовиќ -свирач во Велес.)

[4] Ibidem, (Податоци за фалсификување на пари во градот не постојат, меѓутоа се сретнуваат за подметнување на истите.Имено во јуни 1934 г. по повод монтирањето на бензискиот автомат во Велес, кој се наоѓал во непосредна близина на високата зграда на Попандови, познатиот велешки трговец Јордан Поп Андовиќ, се обидел да подметне лажни банкноти.)

[5] В."Вардар"

[6] Ibidem




*Железничката станица во Велес*




*Велес-Мало Мовче и железничката пруга*

повеќе од 20 г. на мистериозен начин го напуштил Велес, заминувајќи во Америка, од каде пред само два месеца бил протеран како опасен крадец после затворската казна од 9, 5 години.

Во периодот меѓу двете светски војни градот располагал и со 9 џамии, 5 текиња и медреса сместена во маалото "Дворови" која во својата архива ја содржела целокупната документација за муслиманските елементи.[1]

Од јавните општествени институции, кои го краселе градот со својата убавина и големина, се споменува и железничката станица, чија конструкција до денес видно ќе се измени, но никогаш не ќе ја постигне грациозноста со која се одликуваше во периодот меѓу двете светски војни. Имено во 1921 г. во Велес се започна со изградбата на новата станична зграда, раководена од секцискиот инжињер Никола Сонцев, а по проектот на инж.Хиба.[2] Оваа зграда ќе располага и со станичен ресторан, вбројувајќи се меѓу најубавите во градот. Во негова непосредна близина имаше и еден занаетчиски дуќан во кој можеше да се купат познати грнчарски производи.

Ваквиот изглед на градот со неговата стара архитектура, оставал несекојдневна и незаборавна слика, на која постарите велешани се уште доста добро се сеќаваат и раскажуваат. Истата во еден период ќе успее да ги одржи овие Македонци како посебен народ со своја традиција, несовладлива, по која и ќе се препознаваат. Борбата беше тешка, меѓутоа издржлива. Несомнено тогашното туѓо влијание ќе си го направи своето дејство, донекаде оставајќи и позитивни последици, но секогаш ќе биде соединето и претопено, со она старото, убавото и наследното.

---

[1] ДАРМ, Скопје (ф.Вакуфско-Меарифско поверенство - Велес 1919-1939), несреден фонд (Имено според архивските документи се вели дека Велес располегал со 9 џамии, меѓутоа според кажувањата на повеќемина стари велешани во градот во овој временски период постоеле околу 7 џамии.)

[2] Н. Цветковска, Состојбите во ... , op.cit. , 30

## 2. Велешките празнувања

Обиди за внесување на свое трајно влијание и изменување на дотогашната традиција, во градот и меѓу неговото население, ќе се прават со векови наназад. Иститe отсекогаш успешно ќе бидат отфрлувани, затоа што тоа беше единствениот начин овие граѓани да го зачуваат македонскиот дух во себе. Доследни на својата традиција, велешани ќе останат и во периодот на повеќе од две децении српска асимилација, денационализација и колонизација. Но, овој период, само ќе допринесе за зајакнување на националниот, македонски идентитет во кој најмногу ќе се истакне обидот за зачувување на велешките традиционални обичаи во начинот на празнувањето, затоа што иститe постојано се наоѓале под ударите на српските државни проповедници, преку кои настојуваа да се вовлечат во македонските корени и истовремено пресекувајќи ги, да им дадат нов облик.

Доста карактеристични за велешани, во меѓувоениот период, се прославувањата на имендените и семејните служби или слави, на кои тогашните српски црковни редови се обидоа да им дадат свои карактеристики. Свои слави имале и црквите, занаетчиските еснафи, училиштата во кои дури и со закон се вовело задолжителното прославување на Св.Сава и речиси сите режимски друштва во градот.

Најчести служби во градот биле оние во името на: Св.Богородица, Св.Петка, Св.Никола, Св.Јован, Св.Димитрија, Св.Илија и др.

Неизбежно, речиси секое велешко семејство имало свој црковен заштитник, чија икона задолжително била поставена во приемната, гостинска соба. Подготовките започнувале една недела претходно преку задолжителниот пост, како и се она кое требало да се постави на трпезата во зависност дали се работи за посна или мрсна слава. Тогашните свештенички кадри, настојувале на овие денови да го воведат подготвувањето на славскиот колач, кој велешани не го прифатија, како што не го прифатија и сето она кое се проповедаше за време спроведувањето и налагањето на богослужбата во честа на домашните заштитници.

Најголем дел од овие слави, велешани ги искористувале после задолжителната богослужба во црквите и манастирот, за масовни собири и прошетки во блиските места надвор од градот, претежно покрај водите на Вардар, Тополка и Бабуна, потоа на Пешти, Црн

камен,[1] Дурутовец, Башино Село итн, каде чувствувајќи ја духовната слобода, имале можност да запеат македонски песни, заиграат македонски ора, но истовремено и одржат предавања од политички карактер, преку кои мислата за слободно утре, наоѓала на огромен прием и задоволство. Но доста често вакните собири биле одржувани со неочекувано присуство на српските спроведувачи на ред и мир во градот, поради што била потребна огромна претпазливост за да не се дојде до несакани последици.

Доста карактеристична била славата на ридот Свети Илија, прославувана токму на ридот, проследена со селски панаѓур. Имено на 1 август овде "биле распослани разни угостители со печени меса, распалени скари, со разни газози и други лимонади и пијалаци, пречекувајќи ги изморените колони. Во присуство на зурли и тапани, младински мандолински оркестри, цела ноќ се пеело и играло. Девојките едвај чекале да се заврши вечерата, за да можат да се фатат на оро и со песна да се најдат со саканиот. Во таа весела мешаница, револуционерната и антифашистичка младина, македонските револуционери кои преку годината повеќе биле по српските казамати, отколку дома, секогаш наоѓале време за меѓусебна агитација и организација на прославата на револуционерниот Илинден, веќе следниот ден на 2 август, за кој претходно имале подготвено разни брошури, летоци, реферати и др. пропаганден материјал". [2]

Овој празник традиционално се прославувал во Дурутовец, место северно од ридот, засадено со лозја и овоштарници. Меѓутоа никогаш не изостанувало присуството на полицијата, која често знаела да го прекине излетот и затвори дел од присутните.

Многу поголемо внимание им се посветувало на имендените. Секој возрасен велешанец традиционално го прославувал денот на своето крстено име, па дури и оние кои не биле крстени со името на некој од црковните светци, истовремено со прославувањето на црквата во чест на тој заштитиник, но оваа верска институција немала речиси никаква улога во нивното наметнување.[3]

---

[1] Ова свето место се наоѓа во непосредна близина на манастирот Св.Димитрија, од каде извира вода, а според преданието, токму таму турски јаничари им ги отсекле главите на 12 православни свештеници од чија крв карпата поцрнела по што и го добила името. Од истата карпа истекува вода која бега од секој грешник, доколку се доближи до неа, додека вистинските верници ги попрскува со дел од својот млаз. Надеж за себе и своето семејство овде барале и несудените мајки, верувајќи дека, преку молитвата и оставените дарови помеѓу карпите и гранките од дрвјата, ова свето место ќе им помогне. Денес се уште се посетува како од велешани така и од сите оние кои се желни за задоволување на своето љубопитство.

[2] Петар Пановски, Никој без искуство не може да знае што било, Скопје1998, 10-11

[3] П. Пановски, Грст пожолтени ..., op.cit., 56-57

Празнувањето на имонденот започнувало со самото полнолетство, што значи најмладите велешаничиња ја немале таа чест, како ни можноста да присуствуваат на истите.[1]

Секој домаќин, во зависност од имотната состојба подготвувал богата трпеза, на која биле поканети сите блиски роднини и пријатели заедно да го прослават, само она чисто македонско име што им остана. Честа била толку голема, така што некои од нив дури и се задолжувале во некои од бакалниците, исплатувајќи го потоа долгот дури и по неколку месеци. Гостите редовно се пречекувале со слатко и кафе, послужено од страна на млада девојка. Домаќинката често знаела да подготви бел џигер, грав, риба, ориз тавче, зелка, а од благата шеќерлеме и фурми.

Имендените биле едни од ретките можности кога велешаните можеле слободно, без било кој да поставува некакви забрани, до доцните вечерни часови меѓусебно дружи, пеејќи покрај народни и многу револуционерни песни, играјќи и разменувајќи ги мислите за своето секојдневие, едноставно моменти кога беа вистински велешани собрани во одбраната на своето име. Чести гости биле велешките чалгии, испратени на изненадување на самиот славеник, за кои во велешките куќи имало дури и посебно место на чардакот.

Свои годишни прославувања имале сите цркви како во градот така и во селската околија. Најголемо, најкарактеристично и најмасовно било прославувањето и вниманието на славата посветена на манастирот Св.Димитрија, секој прв четврток после големиот христијански празник Велигден. Тоа е денот кога манастирот масовно бил посетуван не само од велешани туку и од посетители дојдени од околните соседни градови, како Скопје, Неготино, Кавадарци, Свети Николе, Штип итн, меѓутоа и ден кога чествувал целиот град.

Празнувањето започнувало уште од утринските часови. На овој ден граѓаните најчесто како поклон за манастирот приложувале одредени финански средства, додека селаните најчесто жива стока,[2] јагниња, живина, жито, разни видови ткаенини итн. Некои од граѓаните, претежно жените кои се уште не биле благословени со потомство, на овој ден гледале надеж, помош од светецот, преку изведувањето на еден вид пагански обичај. Имено водени од преголемата желба за род, стотици жени доаѓале токму на овој ден

---

[1] Ibidem, 57

[2] С. Симиќ, Манастир..., op.cit., 23 - 26 ( Оние кои како дар за манастирот носеле жива стока,на истата и отсекувал дел од увото и откако со крвта ќе ги натопеле се поклонувале пред манастирот влегувајќи во него палејќи свеќа за здравје за себе и за своето семејство)

обиколувајќи го манастирот со еден памучен конец, кој го оставале до наредниот ден, кога околу половината врзувале дел од него, оставајќи го преостанатиот дел во манастирот.

Сепак најголемо задоволство на овој ден пронаоѓале младите велешанчиња, како еден од деновите кога неограничено можеле да се забавуваат и дружат во присуство на велешките зурли и тапани. Дружењето во вечерните часови, знаело да продолжи во центарот на градот, во тогашните хотелски објекти "Југословенска круна", "Белград" и "Вардар", каде се подготвувале разни видови концрти и игранки.

Редовни посетители на овој ден биле и тогашните српски митрополити надвор од градот, проследувајќи се што се случува и на каков начин. Во нивна чест општинската власт задлжително морала да подготви свечен дочек, со масовно присуство на граѓаните, пред кои никогаш не се заборавало да се одржи пропагандна програма како и почитта која овие жители треба секогаш да ја искажуваат кон кралската династија.[1]

Неизбежни се и прославувањата на најголемите христијански празници, започнувајќи од Божиќ па се до Велигден. Секоја нова година се одбележува со подготовките за Коледе кои секогаш знаеле да почнат наколку недели порано, подготвувани особено од најмладите. За овој празничен чин, истите подготвувале коледашки, еден вид на суровици со чии удари на дрвените порти се најавувало доаѓањето на коледарите во секоја велешка куќа.

Ноќта спроти Бадник, во велешките маала на речиси секоја раскрсница се палеле огнови, околу кој се собирале повозрасните припадници на машкиот пол, прославувајќи ги претстојните празници со топла ракија и мезе испратено од секоја домаќинка, пеејќи песни до раните утрински часови. Велешани отсекогаш биле познати по овие заеднички дружења од кои потекнувале многу песни, познати меѓу народот како мрсни, одраз на скриените и потајни човечки копнежи, страсти, недоживеани и непочувствувани нешта.[2]

Веднаш после полноќ, во раните утрински часови започнуваат моментите за најмладите. Водени од помислата дека ќе бидат наградени, со за нив долго очекувани дарови, велешанчињата групирани според маалата во кои живеат, ги посетуваат

[1] В."Вардар"

[2] Никифор Смилевски, Коледарски велешки песни, Велес, 2000 (Мрсните песни се пееле со намера да се одвлече вниманието на сатаната да не го попречи Христовото раѓање, свртувајќи му го вниманието за нивно исполнување)

најголемиот дел од домовите, каде веќе ги очекуваат будните и вредни домаќини на чие барање се пеат коледарски песни.За добри испеани, меѓу кои најпозната, пеена и денес:

Коледе, леде,
Паднало греде,
Утепало дете,
Дете се мачи,
Баба го квачи,
Со четири јајца,
Гускини, шаткини!
О , о, коледе.

посебно пак за срамни, мрсни песни како

Сива, сива галабице,
Дека си се посивила
Таму горе на небото
Што правеше дедо Господ,
Си правеше златни чаши.
Кнали, кнали, утре е Божиќ,
Ќе јадеме свинско месо
Ќе пиеме рујно вино
Кој го има ќе го тучи,
Кој го нема ќе го бричи.[1]

и многу други со уште пословоден карактер, се добивале дарови како колачиња, специјално направени за празникот во вечерни часови пред да почнат да доаѓаат дечињата, така што често биле топли кога домаќинката им ги подарувала, потоа костени, ореви мигдали(бадеми), па дури и по некоја ситна паричка. Овие коледарчиња со денови потоа раскажувале за домаќините кои најдобро ги дарувале и наградиле. На овој начин несвесно, овие деца ќе се вбројат во најголемите продолжувачи на велешката стара традиција.

Истиот ден семејството со традиционално богата бадникова трпеза, го прославува Исусовото раѓање, збогатена со јаболка, костени, ореви, суви смокви, лук ракија, но посебен белег

[1] Ibidem

претставувало печеното лебче, во кое има паричка за среќа, наменета за оној кој ќе ја пронајде откако домаќинот истото ќе го подели. Под масата се ставало килимче со слама и кога сите членови на семејството ќе ја напуштеле масата, се прекривала со бел чаршав кој се вадел и тресел дури следниото утро.[1]

На таков начин велешани го започнуваат одбележувањето на големиот христијански празник Божиќ. Значи после деновите познати како Тлчник, кога се кршат ораси и колат свињи, и Бадник, велешани го прославуваат Божиќ уште од раните утрински часови, кога облечени во најновата и најубавита облека ги посетуваат трите цркви во градот, за кој се поврзува и еден обичај карактеристичен само за него. Во зависност од тоа на кој дел од градот живеат, велешани за време божиќните празници ги посетуваат своите роднини и пријатели. Оние од левата страна на градот преминуваат на десната и обратно. Божиќната трпеза била доста богата. Незамислива била без свинското месо, печено во фурна или добро подготвена свинска глава, торти и разни видови на топени блага.

Граѓаните посено внимание посветувале на празнувањето на стара-нова година, позната како Сурово или Василица. И на овој ден домаќинките подготвувале коледарски колачиња, а се берело и "сировица", ситни дренови гранки, со кои се подудирале луѓето за да бидат здрави како дрен, а истите се ставале и меѓу облеката за заштита од молци.

Василица е празник посебно интересен за мажите. Токму на овој празник "сите кафеани и ресторани беа за таа ноќ претворени во коцкарници, се играа карти за пари до раните мугри. Понекогаш некои ја продолжуваа уште неколку дена, цела недела, а потоа јавната коцка пак беше забранета".[2]

Следното празнување, кое велешани со задоволство го пречекувале и како да живееле за тие денови, било празнувањето на Прочка, проследена со традиционалниот карневал, подготвуван со недели наназад.

Неизбежен дел од празнувањето била познатата детска игра или скечот "Оптири лајлам...", изведуван од седум маскирани деца (баба, дедо, невеста, момче, арап, ѓавол и доктор).[3] За прикажаната

---

[1] Од разговорот со Благојка Танева Јованова на ден 8 август 2005 г.

[2] Петар Пановски, Патувања кон белите мугри , Скопје 1991, 53

[3] Ibidem, 54 ( Секоја маска на свој начин била изработена токму од маалските деца.Така **бабата** имала маска од картон обоена со жолта боја и со ишарани брчки, црна шамија и здолниште, кожено елече; **дедото** имал маска исто така жолто обоена на која имало залепено долги мустаќи и брада од памук или волна; **невестата** била со маска на млада жена во селска носија;

игра овие деца, на свое огромно задоволство од секоја велешка куќа добивале баклава и пари, целосно исполнувајќи ја нивната невина млада душа. Така од куќа до куќа, од маало до маало, оваа велешка детска игра до попладневните часови го разбранувал целиот град, кој веќе се подготвувал за семејниот собир и претстојниот карневал.

Верувајќи дека на овој ден си простуваат Небото и Земјата, старите велешани го одбележуваат празникот со своите блиски роднини и пријатели, со богата трпеза на која никогаш не одсуствува јагнешкото месо и традиционалната велешка баклава, украсена во најразлични форми. За овој празник се поврзува еден обичај познат како амка. Имено родителите на своите деца, за конец кој се испушта од таванот им врзуваат едно јајце, кое симболично означувало раѓање на нов живот, околу кое се редат сите и натпреваруваат кој ќе го дофати прв со устата, по занишувањето на конецот.[1]

Во доцните попладневни часови започнувал и карневалот на кој секој на свој начин преку својата маска долго оставал белег, овековечени на фотографиите специјално направени по повод овој празник од познатите велешки фотографи. Како познати Турци, анами и што ли уште не, се маскираа не само мажите туку и припадничките на понежниот пол, поминувајќи во масовни групи низ сите улици во градот, за најпосле да стигнат до плоштадот на маалото Којник, место каде како да бил собран целиот град." Со огромно задоволство се проследувало поминувањето на импровизираниот коњаник, односно дрвениот модел на коњска глава носена од двајца велешани. Карневалот го надополнувале со свое учество и православните македонски Роми или мининци. Настапувале организирани во групи, со лица обоени во најразлични бои. По нив коњи влечеле полска кујна, од која се раздавала на граѓаните варена зелка.„[2]

Токму на којничкиот плоштад на овој ден велешките занаетчии ги поставувале своите тезги, гледајќи можност за поинтензивно продавање на своите производи, натпреварувајќи се со гласовните извикувања во понудувањата и фалби на сопствените изработки.

---

**момчето** пак имало маска со црвени образи и нацртани веѓи и мустаќи облечено во селска носија; **арапот** со картанско црно обоена маска или без маска со саѓи црно обоено лице, со црна или зелена капа на главата и појас на појасот; **ѓаволот** имал маска со рогови, уста и очи искривени, црна облека и дајре во рацете ; **доктoрот** имал маска со нацртани очила и кусо брадиче, градска облека слушалки и кошничка во рацете)

[1] Од разговорот со Славко Николов од Велес на ден 7 октомври 2005 г.

[2] П. Пановски, Патувања ..., op.cit., 57



*Велешанчиња за време на празникот Прочка*



*Велешани во традиционални костими за празникот Прочка*

Овој ден бил наменет и за изразувањето почит кон постарите преку посетата на помладите и подарувајќи им портокали и лимони го барале нивниот благослов. Меѓутоа се носела и бела погача, позната меѓу велешани како пармак, симболично преставувајќи го помирувањето меѓу постарите и помладите.

Наредниот ден градот го чествувал "чисти понеделник". Имено после традиционалното чистење на домовите, дуќаните и сл., во попладневните часови секое семејство ручало бел грав, лути пиперки и вино или пак посни пити со ким. После традиционалниот ручек поголемиот дел од граѓаните пешки или со пајтони, во големи групи, оделе до блиското Башино Село, дружејќи се до доцна во ноќта со тамошните селани, пеејќи и играјќи, следејќи ја музиката од зурлите, тапаните, велешките оркестри или чалгии, [1]чин кој до денес се одбележува, меѓутоа многу поскромно и не со сјајот кој току тогаш го поседуваше ова празнување.

Во периодот помеѓу Божиќ и Прочка, традиционално само еден ден секое велешко семејство појадувало пити пастрмајлии, печени во фурна уште од раните утрински часови.

После овие празници градот се подготвувал за празнувањето на најголемиот христијански празник, Велигден. Неговото приближување се означувало со неколкудневно чистење и варосување на домовите, а потоа подготвивање на обоените јајца и богатата трпеза со велешки специјалитети од свинско месо, за прв пат после 40-те денови строг пост.

Ноќта спроти Велигден најмногу славеле младите. До полноќ кога ќе се означело воскресението Христово, во огромен број биле дел од црковната богослужба, по која можеле меѓусебно да се дружат до раните утрински часови. Точно на полноќ, собрани во дворовите на велешките цркви, се кршеле велигденските јајца, чии лушпи се собирале и фрлале во водите на Вардар, за да нема вошки и болви во куќата.

Првиот ден од празникот бил посветен за кумовите и родителите на женската страна во семејството, носејќи пармаци со суво грозје и наут, додека вториот ден го прославувале граѓаните од десната страна на градот, дочекувајќи ги оние од левата, а третиот ден Велигден, пак посетата се возвраќала на граѓаните од левата страна на градот.[2]

Меѓутоа доста често власта била таа што успевала да наметне дел од своите празнувања, за само да може многу полесно да му се

---

[1] Од разговорот со Ружица Арсова- Нацева, на ден 29 септември 2005 г.
[2] Од разговорот со Рада Лазарова од Велес на ден 6 јули 2004 г.

даде српско национално чувство и обележје на македонскиот народ. Покрај чествувањето на Св.Сава, задолжително било и прославувањето на роденденот и годишнините од смрта на членовите од кралското семејство, пред се на Кралот Александар Краѓорѓевиќ. За секоја институција како и за приватните домови за време прославата на родениот ден на Кралот, со закон било воведено нивно задолжително украсување. Уште во раните утрински часови се подготвувала парада предводена од младите соколи со блех-музика, сите ученици и наставници од градот, кои присуствувале на свечената, за таа цел подготвена свештеничка богослужба во црквата "Св.Пантелејмон", на која во присуство на сите поистакнати личности од градот се изразувала благодарност на оваа престолонаследна династија за "слободата, состојбата и благодетот" во кое ужива целото српско Кралството.

Сите овие празнувања биле неизбежен и доста значаен дел од животот на овие граѓани преку кои, зачувувајќи ги во границите на традицијата успеале себеси да се наречат вистински стари велешани достојни на името кое и го ност. Било какви од страна наметнувања, не може да се рече дека немале никакви влијанија, но сепак тие траги не биле видливи со човековото око. Секогаш знаеле максимално да се искористат создавајќи една симбиоза помеѓу традиционалното и она новото случување кое самото време го носи посебе. Затоа ќе бидат и на постојаните удари, кои се покажале како доста издржливи за овој народ, останувајќи доследен на своето барање да биде едноставно само велешанец, вистински Македонец.

## 2.1.Велешките свадби

Велешките свадби отсекогаш, па дури и денес, важеле за едни од најубавите и највеселите, богати со многу обичаи карактеристични само за ова подрачје. Во периодот меѓу двете светски војни, можеле да се забележат свадби во зависност од имотната состојба на семејствата, но сите тие во себе ги содржеле истите народни обичаи, задолжително беспрекорно почитувани.

Подготовките за свадбата започнувале веднаш после договорот помеѓу двете семејства, односно после самото свршување на младите. Тоа биле моменти кога станувало збор за финансиските трошоци. Традиционално момчето морало да плати одредена парична сума, додека девојката да подготви дарови за сите најблиски роднини, неретко достигнувајќи и бројка од 30 па и повеќе. Бовчата за момчето била најголема и најбогата, украсена со женска глава, додека преостанатите биле поедноставни, но добро украсени.

На овој свечен чин, секогаш присуствувале најблиските роднини и пријатели, поканувани од двете семејства усно, меѓутоа доста често од страна на поимотните семејства, се подготвувале и свадбени покани, мошне слични на денешните како по содржината, така и по надворешниот изглед, преку кои пак поканетите се повикувале да присуствуваат на венчавањето на младоженците.[1]

Речиси секогаш се правеле во недела, меѓутоа почетокот на свадбата се смета среда кога и во домовите на двете семејства, во присуство на најблиските роднини се потфаќал квасец за погача, која пак кај момчето се месела во петок, а кај девојчето во сабота. Квасот се замесувал пред зајдисонцето, симболично навестувајќи ја светлината во бракот, од страна на машко и женско дете, со сукало на чиј врв се ставало бело крпче, златен прстен и цвеќе заврзани со бел и црвен конец. Насобраните жени околу малото момче ги пееле познатите велешки народни песни, како "Проштевај мајко", "Црешна се од корен корнеше", "Го пратиле дедо на нива" и др.

Подготовките продолжувале во петок, кога момчето заедно со другарите го носеле фустанот кај невестата, најчесто изработуван од самата девојка или скроен од познатите велешки терзии, купен

---

[1] Меѓу многубројните архивски документи во фондот Мемоарски сеќавања, наидов на една таква покана од 31 август 1930 г., упатена до Јанко Шоптрајанов и неговото семејство, од страна на Думника и Коста Арждентару и Евгенија и Милан Гајдовиќ. Меѓутоа денес повеќето од нив се дел од домашните приватни архиви, љубоморно чувани од љубопитните очи на јавноста која ретко има можност да ги види и потсети на времето во кое живееле старите велешки семејства.



*Велешка свадба*



*Велешка свадба*

од некои познати трговски центри, но не ретко и позајмуван, секогаш во бела боја, меѓутоа оние кои биле во можност носеле и злато за невестата. Неизбежно и доста интересно било и пренесувањето на чеизот на девојката, најчесто со пајтон, како и бовчите кои ги имала подготвено, во домот на младоженецот. Во тие моменти целокупната рачна изработка на девојката доаѓала до израз, преку покажувањето на љубопитните погледи од насобраната јавност во моментите на неговото пренесување.

Меѓутоа пајтонот бил составен дел од речиси секоја свадба, секогаш натоварени со дотерани, накитени и весели сватови, со чалгации и други музиканти, што значи биле ангажирани во поголем број од поимотните семејства, токму на денот на венчавката во неделата претпладне.[1]

Свадбата започнувала во претпладневните часови кога откако кумот ќе се покани со чалгиите, се оди по невестата. После чинот на венчавањето, свадбата продолжувала во куќата на младоженецот, каде пред да влезе невестата застанувала пред влезната врата гувеејќи и бакнувајќи и рака на свекрвата, од која добивала два леба симболично означувајќи ја среќата на младоженците, како и полот на првата рожба. Во присуство на поканетите гости, прославувањето продолжувало во текот на целиот ден, надополнувани и намамувани од музиката на чалгиите и богатата трпеза, која претходно ја подготвувале жени - акчиици, оставани во домот само за таа намена, додека трае чинот на венчавањето. Покрај ручекот се послужувало и пилав (ориз со млеко, денес познат како сутлијач).

Младиот брачен пар како свадбени поклони, најчесто добивале предмети за во домаќинството како: тави, бардаци, грниња, лажици и сл.

Крајот на свдбениот чин се означувал во понеделникот, кога во домот на младоженците, свекрвата уште во раните утрински часови пред врата кршела бардачиња, во име на претстојната среќа на штотуку основаната брачна заедница. Потоа доаѓал кумот за да види дали невестата е чесна. Ако одговорот бил позитивен, најблиските роднини на момчето, припаднички само на понежниот пол маскирани, одат во домот на невестата, носејќи во шише завиткано со украсно китче, црвена блага ракија и бардак полн со ораси кој го кршат, а орасите собираат, меѓутоа доколку се

[1] П. Пановски, Грст ... , op.cit. , 72

потврдело спротивното невестата носела црно по што се препознавал бараниот одговор од кумот.[1]

Овој чин е проследен и со пеење на срамни песни, кој потоа продолжува во домот на младоженецот. После една недела, на првиче, младоженците оделе кај постариот девер и мајката на невестата, кога се изведувал чинот познат како миење глава на невестата.

Но, не ретко можеле да се случат во градот и мешани бракови, кои единствено биле одобрувани од црковните власти, внесувајќи на еден начин промени во самата традиција, кои сепак се само дел од она што тогашните случувања, неизбежно ќе го донесат, меѓутоа во ниту еден момент нема да дојде до надминување на границите во однос на туѓите влијанија.

Доста ретко во градот, знаат да се случат и свадбените патувања на младоженците, на било кое место и од било која социјална средина да потекнуваат. Така во почетокот на 1941 г., познатиот велешки страствен планинар Киро Анѓелов- бакалчето, по стапувањето во брак со сопругата Цветанка Симонова, своето свадбено патување го поминале на Пелистер.[2]

Велешките свадби, на еден начин претставувале збогатување на секојдневието и потсетување дека тие припаѓаат и се организираа од личности, горди велешани и Македонци, кои не заборавија таа традиција да ја пренесат на идните генерации, односно на своите наследници. Резултатите се неизбежни и денес, затоа што велешките семејства се уште ги следат и применуваа овие свадбени обичаи, надополнети со новите влијанија.

---

[1] Од разговорот со Рада Лазарова,

[2] В. "Вардарски глас"

## 2.2 Празнувањата на турското население во градот

Со векови наназад, во Велес неизбежно било присуството на турското население, чиј број во периодот меѓу двете светски војни видно ќе се намали, поради тогашните настани кои интензивно и се случуваа на Македонија. Меѓутоа тоа нема да биде причина за нивното целосно исчезнување од градот. Турското население и понатаму ќе продолжи да егзистира заедно со велешкото христијанско граѓанство, во наметнатото секојдневие од српската власт, незаборавајќи на својата вековна традиција и несовладлива религија, успешно одбранувајќи ја од интензивните напади на туѓите влијанија. Истите ќе успеат да ги одржат преку нивните верски институции, како џамијата, теќето и турбето, меѓутоа истото се должело и на семејното воспитување во духот на исламот.[1]

Туркото население и во овој временски период продолжи да живее со сите свои обичаи кои токму тогаш ги делеше со преостанатите велешани, кои беа неизбежни делови од секое турско прославување и празнување. Имено муслиманскиот и христијанскиот елемент силно ќе бидат поврзани во едно секојдневи, во еден соживот кој не за кој и не ќе се раскажуваше денес, доколку и не постоеше во размери и врски, паралелни и нераскинливи.

Секојдневниот живот на едно турско семејство значеше една богата верска традиција која неизбежно мораше максимално да се почитува, доколку се настојува да се живее како вистински Турчин. Воспитувано според учењето на Мухамед, турското население во периодот меѓу двете светски војни, познавало многу верски празнувања, од кои најизразени и најпочитувани биле Рамазан бајрам и Курбан бајрам.[2]

Именуван според името на месецот, празнувањето на Рамазан бајрам, за Турците во Велес значело 30 дневен пост, започнувајќи

---

[1] Имало два вида теќиња и тоа: теќе кое имало улога на верско училиште, односно свои приврзаници, познати како дервиши, предводени од Шеих, кој го спроведува и наложува воспитувањето. Овде претежно се образувале припадниците на побогатите семејства, затоа што истите самите со свои средства се грижеле за егзистенцијата на теќето; Постоеле и теќиња познати како турбињата кои пак имале повеќе верски карактер и овде доста често се погребувале познати и почитувани турските верници. Денес во градот постојат уште едно теќе, кое се наоѓа во непосредна близина на турските гробишта.)

[2] Овие празници секоја година се славеле во различен временски период, односно нема одреден датум и месец, затоа што истите се определуваат според арапските месеци кои имаа по 28 дена.

од раните утрински часови, а, завршувајќи после 12 часа, време кога единствено можело да се употребува храна.

На самиот ден бајрам, во утринските часови припадниците на машкиот пол заминувале во некоја од поблиските џамии во велешките маала, каде се изведувал посебен и карактеристичен за ова население верски ритуал, после кој се одело во посета на гробиштата. Жената пак во секое семејство била задолжена да ја подготви трпезата на која неизбежно било јагнашкото, овчкото и телешкото месо, како и благото, односно познатата баклава и тулумбите, одржувајќи го на тој начин околу себе целокупното смејство, беспрекорно потчинувајќи му се на најстариот претставник од машкиот пол, без кој не можело да се замисли еден семеен ручек или вечера, односно без неговата гласно изговорена молитва.

Овој празник кој траеле три дена, помладите Турци го искористувале за посета на постарите роднини од своето семејство, но и пријателите. Голема чест за секое турско семејство претставувала посетата од велешкото, македонско население, кое никогаш не заборавало на своите сограѓани да им го честита празникот и придружи во чествувањето. Честа била појавата на собири во турските дуќани, затоа што турските занаетчии и во овие денови работеле во попладневните часови, не заборавајќи да посветат дел од денот на претстојното верско празнување.[1]

После 75 дена од овој празник, започнува одбележувањето на познатиот Курбан бајрам. Истиот го одбележувале Турците, со одењето во некоја од велешките џамија, од каде се упатувале кон турските гробишта. Се празнува четири дена, време кога како што покажува и името на празникот, оној кој бил во можност, односно поимотните турски претставници, задолжително поднесувале курбан, колеле овца или јагне, чие месо било делено само меѓу сиромашното турско население, односно во зависност од количината на месото, истото се разнесувало во 3, 5, 7, 11, па и повеќе турски домови, чиј број секогаш бил непарен.[2]

Овој празник овозможувал учество на децата, кои во тоа тешко секојдневие, можеле да ја исполнат својата детска душа со неизмерна радоста и задоволство, во моментите од посетата на секоја турска куќа добивајќи подараци, односно бонбончиња или ситни парички.

---

[1] Од разговорот со Ќемал Салиев

[2] Од разговорот со Нијазим Мустафовски од Велес



*Тиӣична ӣурска носија(1917ӣ.)*



*Груӣа Турци околу ӣазароӣ*

Турското население познавало одбележувања на многу свои т.н. вечери, наменети на некој настан од нивната историја и култура. Така на пример традиционално било одбележувањето на раѓањето на Мухамед, односно вечер кога во џамијата се говорело за значењето на астралното патување-Мирац, на нивниот пророк.[1]

Понатаму карактеристично било и прославувањето во месецот Мухарем (јануар). Во овој месец се постело девет дена, додека десетиот во посебно големи казани, поставени околу теќето, Турците 10 часа вареле пченица-Ашуре, која потоа ја јадат или разделуваат по маалските турски семејства. Веќе во попладневните часови се изведувале посебни верски поуки, односно се учеле делови од Коранот, кој задолжително секое турско семејство го поседувал, потоа стихови од турскиот писател Јунуз Емре, но се споменувала и легендата за Нух.[2] Празнувањето завршувало со започнувањето на првиот ден од наредниот месец, време кога во секој дом задолжително морало да се вари пченица во мали количини.

Посебни карактеристики во себе крие и празнувањето на Хидрелес.[3] Овој ден бил наменет за посета на теќињата, каде се палеле свеќи. Потоа следувала општа веселба, надвор од градот, на целото велешко население, преку песните и ората, односно музиката на велешките чалгаџии, организираните пеливански борби и сл. Хидрелес бил еден од ретките празници кога се забележувало присуството на женскиот свет, посебно девојките. Имено еден ден претходно младите во маалата во посебен сад, собирале разни предмети, кои наредното попладне се ваделе од одредена личност, чин кој бил проследен со читање на претежно љубовни стихови.

Неизбежно било и прославувањето на Султан Невруз (23 март). На овој ден турското население ги посетувало теќињата, од каде на девојките и момчињата им била давана можност за земање на камчиња чиј парен или непарен број, значело нивно блиско стапување во брак. Во теќињата задолжително биле поставувани одредени лица, кои на секој верник му понудувале да се напие вода.

Големо значење посебно за машкото население, бил чинот на сунетот. Секое семејство во зависност од својата имотна состојба, различно го прославувал, меѓутоа чинот за сите деца од 3-7 годишна

---

[1] Мирац во превод значи астрално или телесно патување, способност која ја поседувал Мухамед, така што оваа вечер била току посветена на таа неразјаснета мистика.

[2] Под името Нух, всушност се подразбира името на дедо Ное

[3] Од разговорот со Нијазим Мустафовски ( Празникот Хидрелес се славел во деновите на христијанскиот празник Ѓурѓовден)

Возраст, бил ист. Облечени во традиционалната сунетска носија, чиена од турските терзии во градот[1] и картонска капа опшиена со извезено платно, овие деца не разбирајќи ја суштината на обредот, подоцна станувале горди приврзаници на истата. За начинот на ваквото одбележување во градот сведочат зачуваните фотографии од малкуте стари турски претставници во градот.

Сите овие празнични одбележувања на турското население, како дел од секојдневието меѓу двете светски војни, значело зачувување, опстојување и продолжување на нивната традиција, култура и историја, паралелно со секојдневието на велешкото, македонско население. Тоа било време на едно заедничко живеење, кога не постоеле верски и национални ограничувања, време кога најважно било продолжувањето на својата лоза, на своите корени, без да се дозволи нивно и најмало потчинување и подлегнување на она кое српската власт се обидуваше да го спроведе и од нив да направи покорни жители на Кралството СХС-Југославија.

Начините на празнувањата на турското население во Велес меѓу двете светски војни, одржани со векови, побудуваат навистина голем интерес кој верувам дека ќе побуди љубопитност меѓу нивните претставници за едно идно истражување.

---

[1] Еден од најпознатите турски терзии во Велес, во периодот меѓу двете светски војни бил Муртеза Мустафов.

## 2.3 Турските свадби во Велес

Како дел од своето секојдневие меѓу двете светски војни, градот Велес успешно ќе ги запемети и запише и турските свадби. Тие беа дел од еден живот кој го доживуваше турското население, незаборавајќи на своите обичаи за чии промени не беше заинтересирана српската власт. Истата единствено ќе настојува да ги одржи на тогаш затекнатото ниво, постојано стравувајќи од нивно издигнување и бунтување.

Турските свадби задолжително се славеле 4 дена и посебно одбележувале од машката и женската страна. Имено после семејните преговори помеѓу двете семејства, свадбата започнувала во четврток кога во домот на невестата доаѓале претставници од машката страна носејќи го невестинскиот фустан, рачно изработен, сошиен или купен, разни украси, чевли и златен накит. Истовремено се покажувал и чеизот на девојката, по што и се препознавала вредноста на една девојка.

Следниот ден на невестата, немажени девојки и ставале к'на на рацете и нозете, истовремено играјќи и пеејќи околу неа, придружувани од звукот на дајрето.

Свадбата продолжувала во сабота, кога машката страна ја започнува свадбата со земање на невестата и нејзиниот чеиз, натоварен на пајтон, кој пак се ставал во посебна соба во новиот дом. Пред да замине невестата ги дарува дел од своите роднини.

Овој ден младоженците се венчаваат во теќе, а потоа во домот на младоженецот доаѓаат поканетите гости, меѓу кои неизбежно се среќевале и православните велешани, пријатели и соседи од маалото, за кои претходно се прават списоци и се распоредуваат во дворот. Истите се веселат придружувани од музиката на музичките тајфи, доста често и чалгии, додека во недела напладне се дава ручек, односно јанија(овчко месо со компири) или грав и пилав. Ручекот го подготвувале дома во казани или пак купувале од акчиите. Свадбата завршува во понеделник, кога се прави блага ракија доколку се потврди девственоста на невестата, во спротивно истата на магаре ја враќаат кај нејзините родители.

Во едно Вакво секојдневие, заемно поврзани и соединети со своите, иако со потполно различни, традиции и обичаи, успеало да преживее велешкото македонско и муслиманско турско население, во еден период кога им се закануваше опасноста од наметнување на туѓа за нив, но неприфатлива власт, која значеше нова историја,

традиција, јазик, култура итн. Меѓутоа истата наиде на граѓани кои знаеја како да се соочат, опстанат и продолжат да егзистираат. Денешните живи сведоци, припадници на турското население, од периодот меѓу двете светски војни, иако во мал број, постојат за да го потврдат неуспехот на тогашната српска власт во остварувањето на нејзиниот вековен сон за ова парче земја на Балканот.

## 3.Животот на различните социјални слоеви во градот меѓу двете светски војни

Во периодот меѓу двете светски војни градот можеше да распознае припадници на три различни групи и тоа: трговската, работничката и занаетчиската.

Секоја од овие групи или слоеви, имаше различен начин на живот, односно секојдневие кое привлекува внимание, затоа што во услови кога им се закануваше опасност од асимилирање, денационализирање и колонизирање, истото успеа да опстане, иако кај еден дел од нив одржувањето на секојдневниот начин на живот беше проследено со големи тешкотии. За да може да се види тој начин на опстанок и егзистирање за секој од овие велешки слоеви на што е можно подобар начин ќе ги презентирам најосновните за нив карактеристики.

### 3.1.Трговците и индустријалците во градот

Велес е еден од еден од оние градови каде уште од XVIII в., меѓутоа, многу позасилено во XIX в. ќе се создадат услови за развојот на трговијата и појавувањето на многумина велешки трговци, кој својот максимум ќе го достигнат благодарение на се поинтензивните трговски врски, со повеќе европските градови.

Меѓутоа економската криза која се појави како резултата на настанатите промени во светот, изградбата на железницата, се поинтензивното продирање на странските производи, но и шестгодишните војни кои и се сличија на Македонија во почетокот на XX в., како и новите услови кои настапија по нив ќе бидат само дел од причините за намалување на бројните трговско-индустриски претставници.

Сепак тоа не беше причина за нивно целосно исчезнување. Така градот, во периодот кој следува, ќе познава многу видни претставници и велешки семејства кои пронајдоа начин да опстанат и да продолжат со својот живот. Како дел од овие трговци и видни индустријалци се споменуваат: Милан Војницалиев, Димитрија Крајничанац, браќата Галистојанови, браќата Јаневи, Асен Кртев, браќа Добреви, Јован и Димитрија Киркови, Анѓел Ецов, Хаџи

Мишеви, Тодор и Ѓорѓи Алексови, Алексо Ќупев, Цане Танев, браќа Каранфилови, Милеви, Здравеви, Анѓел Хаџи Василев, браќа Весови, Дара Хаџи Панзова, Јован Хаџи Панзов, браќа Ѓоргови, Алексо Шукарев, Алексо Левков, браќата Анѓушеви, Перо Ржарев, Лазар Смилев, Петар Лукаревиќ, Живоин Јанакиевиќ, Теодор Хаџи Алексов, Мустафа Усеин, Поп Андови, Тефчеви, Лазо Крепиев, Лукарови, Ќупеви, Аџи Ничови, Анѓушеви, Ванови, Дебарлиеви, Богданови, Машови, Пешеви, Ризови, Борис Ковачев, Лазар Малезанов и многу други.[1]

Тргувале претежно со прехрамбени производи, алкохолни пијалоци како вино и ракија, односно колонијални производи, разни видови на семенски материјал, потоа со жито, наут, афион, грозје, односно разни видови земјоделски и индустриски производи, волна, кожа и други производи од животински потекло, свилени кожурци итн. Дел од нив купувале и препродавале се што мислеле дека ќе им донесе одредена заработувачка. Понекогаш и повеќемина од нив се здружувале заради заедничко снабдување на градот со разни видови артикли.[2] Покрај со градови од Македонија најчесто врските ги одржувале со трговски фирми од другите делови на Кралството СХС, поточно со делови од Ј.Србија и Косово, за што постојат и соодветни прецизни податоци, дописки, признаници, сметки со кои се утврдува нивниот карактер.[3]

Нивните дуќани биле сконцентрирани претежно во главната улица, но и во речиси секое маало во градот, декорирани со разни рекламни натписи, како во надворешниот така и во внатрешниот

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф. Семејни и лични фондови, несредени фондови

[2] ДАРМ, Скопје ф.Ризови, трговци Велес 1843-1925, к.3 ; 0,3 несреден фонд

[3] ДАРМ , ПО Велес фонд Велешко шарлаганџиско друштво 1929-1933 кутиа 10, несреден фонд(овој фонд ги содржи во најголем дел од преписките со разни фирми со кои била остварена меѓусебна соработка. Ќе ги споменам само дел од нив како пример за односите и врските кои ги воспоставувале велешките терговски птерпријатија и нивните претставници: 1.Трговско шпекулативно и извозничко претпријатие на Петар Војиновиќ и Спиро Киселички-Градско; 2.Ѓорѓи Соколевиќ-Криволак, трговија со сусам; 3.Бакалска и мешана трговија на Ејуб Мехмед и Хасан Бехлул од Призрен, трговија со шарлаган; 4.Колонијално-мануфактурно претпријатие на Абдураман Рамадан Дина од Косовска Митровица; 5.Фабрика за сапун "Мерима"-Крушевац; 6.Првата овластена фабрика за конзервирање на зеленчук, овошје и преработка на месо , фабрика за пекмез и буриња на Светозар Стефановиќ-Крагуевац; 7.Фабрика за бонбони на Јован Лолиќ-Крагуевац; 8.Трговија на големо и мало на Владимир Милошевиќ-Књажевац; 9Југословенска фабрика за оксиногенски и железни буриња-Загреб ; 10.Трговија Србиновиќ и Пашиќ-Приштина; 11.Никола Кралис со синовите-Солун; 12.Фабрика за сапун "Аеро"-Врање; 13.Трговско претпријатие на Јован и Никифор Костиќ од Скопје; 14.Железара браќа Галиќ од Скопје; 15.Лазар П.Пешиќ-трговец со колонијална роба, вино и ракија; 16.Анѓел Ѓорчевиќ-поседник на хотелот и ресторанот "Заграб" - Велес ; и др. од просторот на Кралството како и со многу македонски градови.)

дел на дуќанот. Во овој период исто така постоеле и големи трговски дуќани кои служеа за снабдување со стока на трговците во помалите околни населени градски и селски подрачја, познати како "Магазини" од каде се купувале артикли само на големо.[1] Често во Велес можеле да се сретнат и трговците од други градови, како ги понудуваат своите производи или снабдуваат некои институции. Претежно се носело кафе од Свети Николе, сапуни, тоалетни води и др. производи за кои дури се изработувале и соодветни реклами.

До 1929 г. забележани се 212 трговски дуќани од различен вид, број кој по оваа година ќе се зголеми на 263 од кои 224 им припаѓаа на православни, 38 на муслимански трговци и 1 на Евреин.[2]

Покрај како познати трговци дел од нив, односно најголемиот дел ќе се најдат и во улога на тогашни градски лихвари(кредитори). Имено целокупната документација што е оставена за нив, содржи и записнички книги, еден вид тефтери во кои мошне прецизно и уредно се запишувани сите нивни должници, вредноста на сумата која ја земале, каматата која требало да ја платат, денот кога требало да ја вратат извесната сума, како и залогот(гаранцијата) кој го имаат оставено, доколку не можат истата да ја вратат на време.[3] Значи сите овие трговски поимотни велешани, правејќи им услуга на многу велешки, посиромашни граѓани успевале и да заработат од нив и нивната мака, понекогаш или доста често земајќи им го и тоа што единствено ги одржува во живот, земјата, односно и она малку нешто што го имаат како своја приватна сопственост.

За да можат да се одржат, дел од овие претставници, како месни збогатени луѓе, не ползувајќи одредени олеснувања и привилегии како фабрикантите од српско потекло,[4] мораа да покажат извесни симпатии кон претставничкиот српски режим, за да можат успешно да егзистираат и непречено извршуваат своите функции. Исто така соработуваа и со трговци и индустријалци од другите македонски градови, како и со оние од српските делови на Кралството. Така во поставувањето на основите на индустријата за градежен материјал, претставена од керамидницата "Бон Марше", велешките трговци ќе остварат врски со Тоза Лозаниќ, Душан Китановиќ и Александар

---

[1] Н. Цветковска, Состојбите во градското стопанство ... , op.cit. , 29

[2] Ibidem

[3] ДАРМ, ПО Велес , ф. Семејни и лични фондови, несредени фондови

[4] Данчо Зографски, Македонија и велешкиот крај пред вооруженото востание 1941 г. Во: Велес и велешко во Народноослободителната војна 1941, Титов Велес 1973 , 20

Поповиќ, познати тулари од Лесковац, потоа браќата Шекеринови од Скопје и др.[1]

Тоа беа и личности кои доста често комуницирајќи со надворешноста, во градот ги носеа сите европски и светски нови влијанија, применувани на секое поле, домен и во секоја општествена дејност и гранка. Врз основа на тие влијанија градот ќе почне да добива нови облици во градежната дејност, нешто кое ќе се огледа во надворешниот и внатрешниот ентериер на куќата.

Од големо значење бил и доприносот кој го оствариле во културно-просветните прилики. Можноста членовите на нивните семејства да се школуваат на дел од познатите балкански и европски универзитети, влијаела позитивно на градот истиот да се здобие со едуцирани, интелектуални кадри кои му биле потребни.

Овие велешани ќе имаат можност да си создадат доста богати домашни библиотеки. Имено, најголем дел од овие трговски и други познати семејства, почнале да ги создаваат своите библиотеки уште за времето на забрзаниот трговскиот развиток на градот. Одржувајќи трговски врски со градови од Европа, велешани како љубители на пишаниот збор, станале едени од најстраствените претплатници на тогашните актуелни дела. Не постоело патување од кое тие не се враќале со по некоја книга, списание, разгледници, фотографии и тн. Тие станувале составен дел од нивното секојдневно живеење.

Континуирано оттогаш па се до периодот меѓу двете светски војни, нивниот книжевен фонд постојано ќе се збогатува, не знаејќи за пречки или пак за услови кога и не така лесно ќе може да се дојде до купување на книгата.

Меѓу најпознатите и најбогатите домашни библиотеки во меѓувоениот период ќе се вбројат домашните библиотеки на Војницалиеви, Хаџи Панзови, Ѓорѓови, Левкови, Поп Ѓорчеви, Солеви, Крајничанци, Дрндарови, Палашеви, Смилеви, Трајчеви, Шукареви и др.

Еден ваков значаен претставник, споменавме дека е семејството на Хаџи Панзови и неговиот претставник Јован, кој како страствен библофил, филантелист, нумизматичар, овој познат трговец своите доблести кои ќе ги одржи благодарејќи на многу бројните патувања низ Европа, од каде ќе донесе богат литературен фонд, составен од разгледници книги, списанија, стари ракописи и предмети за што

---

[1] Н. Цветковска, Состојбите во градското стопанство ... , op.cit. , 20

сведочи и неговата коресподенција која се чува во Народниот музеј во Велес и семејната архива на Иван Хаџи Панзов.[1]

Наклонетоста кон книгата, како една традиција ќе биде пренесена во неговото семејство, чии членови како видни интелектуалци, меѓу кои посебно се издвојува Ганчо Х.Панзов и неговата сестра Руменка, ќе придонесат за културниот развој на Велес и Велешани .

Меѓу велешките семејства со најбогат книжевен фонд и ден денес се вбројува и семејството Смилеви. Благодарејќи на својата професија Лазар Смилев, познат учител, кижар новинар, поет, печатар, фотограф, артист, ќе создаде една домашна библиотека, со која ретко некој може да се пофали, но истовремено и ретка можност истата и да ја создаде.[2]

Токму во овој период, после Првата светска војна Лазар Смилев, откако ќе го напушти учителствувањето со кое се занимавал уште од 1906 г. до 1920 г., незадоволен од училишниот образовен систем кој го налагаше српската власт, активно ќе се посвети на книжарската дејност како најсродна и најблиска на првата.[3]

Во центарот на градот ќе отвори книжарница благодарејќи на своите познанства со тогашните актуелни издавачи. Најголем дел од книгите и списанијата ќе бидат донесени од повеќе европски градови, а некои од нив ќе ги добива и од прва рака. Неговата книжарница ќе стане место, каде ќе се собира тогашната најнапредна младина, која токму тогаш ќе почне да твори.Доволно е да се споменат имињата на Кочо Рацин, Кире Димов-Мал Кире, Богдан Сираков чија драма "Последици од војната" ќе успее да се најде на излогот од оваа позната книжарница во градот, и др.

Лазар Смилев ќе биде еден од оние кој ќе ја развијат и печатарската дејност. Со купените машини од Загреб самиот ќе печати разни брошури, календари, соопштенија, а негов најзначаен потфат е печатењето на Сегаловита книга , "Развитие на државата".[4]

---

[1]Васил Тоциновски, Домашни библиотеки на Велешани. Во: IV Научен собир, Библиотекарството во Велес и Велешко, Титов Велес 1991, 66

[2]Неговиот библиотечен фонд, денес, донекаде зачуван во целост, се наоѓа во сопственост на неговите синови

[3] Васил Тоциновски, Велешкиот културен деец Лазар Смилев. Во: Литературата во Велес и Велешко меѓу двете светски војни, Скопје - Титов Велес 1995, 43-47

[4] Ibidem, 50

Книжарницата ќе биде и место каде можеле да се најдат многубројни фотографии од кои биле изработувани и разгледници, а истовремено за Велес и велешко ќе ги изработува и набавува сите печати.

Многубројните доблести на овој човек ќе дадат огромен придонес за развојот не само на библиотекарството, туку и на целокупниот културно-просветен живот во градот, во еден период кога тоа навистина се чувствуваше како голема потреба.

Доста значаен е и напредокот кој велешките трговци и индустријалци го остварија во музичката уметност. Имено поголем број од членовите на познатите велешки семејства, задолжително свиреле и по некој инструмент, претежно пијано, виолина или мандолина, истовремено имајќи можност да ги поседуваат овие инструменти, пред се пијаното, кое оддавало една слика на голема елеганција и удобност во домот.[1]

Тука е и влијанието кое го остварија и постигнаа со промените во модниот стил на облекувањето, однесувањето и сл.Облечени во црни или сиви костими, кошули и кравата, долг чоен мантил, со паларија на главата, неизбежно било нивното внимание кога поминувале низ велешката чаршија или седеле во градските кафеани, хотели и ресторани.Едни од најпознатите кројачи на костими и шапки, посетувани од овие пратставници биле браќата Ќурчиеви.[2]Меѓутоа својата облека често знаеле да ја донесат и од градови во кои престојувале за време на нивната професионална или приватна соработка.

Овие претставници, секогаш биле во првите редови на речиси сите културни манифестации, организирани од било која институција, вбројувајќи се дури и меѓу организаторите заедно со своите сопруги, потоа во редот на најчести донатори на доброволни парични прилози за сиромашното население, посебно за време на верските празници, дружењата по разни поводи, намени и сл.

Што се однесува на прославувањето, односно на задржувањето на традиционалните навики и обичаи, на верско-црковните празници, ќе се разликуваат од останатиот дел од граѓанството, меѓутоа не по начинот, туку по раскошот, изобилието и фините манири кои ќе ги покажуваат во своите домови. Доста често, трговските фамилии, речиси сите празнувања, државни и црковни,

---

[1] Јулијана Жабева-Папазова, Историјата на македонската пијанististичка... op.cit., 30-35 (Меѓу овие претставници се споменува и Александар Левков, кој се занимавал со музика и свирел на виолина која ја купил во Букурешт, 1910.)

[2] Од разговорот со Митко Апостолов од Велес на ден 14 август 2004 г.







*Млади момчиња од Велес и нивниот начин на облекување*

меѓутоа и разни други поводи, меѓусебно си ги честитале преку посебно за таа цел изработени украсни, дописни картички со соодветна содржина.

Велешките трговци и индустријалци ќе бидат дел и од Трговско-индустриската комора со седиште во Скопје, односно ќе имаат свое трговско-индустриско здружение.[1] Притоа редовно биле распишувани избори за членови на Комората во споменатото здружение. За Велес било одлучено, избраните коморски претставници да гласаат заедно со оние, избрани од Скопје, со што на еден начин повеќе им се намалиле можностите за решавање на проблемите и прашањата, поставувани од страна на велешките трговци и индустријалци. Меѓу поистакнатите претставници во Комората, од Велес се споменува Алексо Левков.[2]

Истите овие трговци, ќе имаат можност да ги користат и услугите кои ги нудеа во тој период формираните банки во градот, како Велешка банка и Јужна банка, потоа на Народната банка и Француско-српската банка во Скопје, од кои ќе добиваат соодветни кредити за нивните трговско-индустриски реализации, односно се она што го нудеа тогаш банките.

Меѓутоа најголемиот дел од овие трговци позади себе веќе имаа свои претходници, кои и им го овозможија тогашниот статус, вбројувајќи се на тој начин во едни од денес најпознатите стари велешки семејства, од кои ќе спомeнеме само еден дел.

Едно од тие семејства е и семејството Војницалиеви, односно неговиот најистакнат претставник Јован Војницалиев, кој во трговијата со жито ќе пронајде своја егзистенција, станувајќи така еден од најбогатите граѓани во Велес, кој ќе поседува повеќе убави куќи, мелница за жито, работилница за шарлаган, чифлик во Војница, но позади себе ќе има остварено и трговски врски со градови од повеќе балкански земји.[3] Ваквиот развој на настаните во

---

[1] ДАРМ, Скопје, ф.Трговско-индустриска комора Скопје, к. 1, папка 1, 1093.5/1-47 (Комората имала свој управен одбор кој го сочинувале претседател, потпредседател и членовина на истата.Истата работела според одредбите на тогаш изработениот Правилник.

Според него,сите тие членови на Комората, биле претставници на целокупниот трговско-индустриски капацитет во вардарскиот дел на Македонија, застапувајќи се за интересот на истиот, односно за заштита на трговците и нивните права како и неправилната, интензивно пројавена конкуренција.Преку одржуваните седници се вршело општо запознавање со состојбата во стопанството, буџетот, проблемите во производството, увозот и извозот, односно трговската размена, конкурентните цени на одредени култури, приликите во сточарството, даночната политика, односите во сообраќајот од кој зависат овие меѓусебно поврзани дејности и сл., на кои редовно присуствувале и одредени претставници на Кралската банска управа.)

[2] Ibidem, к.1, ф.1, 1.1093.1.3/31-41

[3] Васил Тоциновски , Поет Изгнаник, Скопје 1990 , 10-11

ова семејство ќе му овозможат на Милан Ѓорев Војницалиев, претставник на ова семејство меѓу двете светски војни, да се вброи меѓу видните граѓани, кој меѓу другото ќе го поседува и познатиот хотел "Белград". Како претставник на овој слој, Милан Војницалија, ќе му овозможи на своето семејство запознавање и патување во еден дел од европските градови, образование на својата ќерка надвор од границите на Македонија, потоа истиот ќе прикаже доста активна општествено-политичка ангажираност, како и голем допринос во културно-просветното издигнување на неговите сограѓани. Велешани ќе имаат можност да бидат дел од сето она што се случуваше на културен план како во неговиот хотел, така и од се она што тој самиот го постигнуваше преку своето, односно за него богатото литературно творештво, за кое и дури трагично ќе го заврши својот живот, целосно губејќи го богатството стекнувано со генерации наназад.

По своето интелектуално издигнување се издвојува и семејството Машови, кое во своите редови ќе познава видни адвокати и јувелири, доктори, фармацевти, трговци итн.[1]

Меѓу повидните семејства, припадници на трговско-индустрискиот слој, ќе го споменеме семејството Органџиеви и неговиот најпознат претставник Ѓошо Органџиев-индустријалец, трговец и банкарски акционер. Во периодот меѓу двете светски војни, истиот ќе ја поседува автоматската мелница "Вардар" и фабриката за зејтин и таан, кои на еден начин ќе му овозможат врски со поголем дел од европските градови.

Тука се и браќата Ѓорѓови, чии семејни куќи беа сместени во центарот на градот, далеку издвојувајќи се по свјот изглед, големина и струкрура од преостанатите, во кои на приземјето беа сместени нивните бакалници. Од нив кафанџиите, меѓутоа и сите други велешани се снабдувале со вино, ракија и сокови кои самите ги правеле, како и разни видови на слатка посебно од смокви, кои можеле да се купат на грамови, односно по потреба. Семејството

---

[1] ДАРМ, Скопје ф.Машови, трговци од Велес 1848-1912, кн.17, к.33; 4 несреден фонд; (Имено познат претставник од ова семејство уште од втората половина на 19 в. е Коста Машо, кој тогаш се занимавал напоредно со адвокатска дејност и јувелирство, чии уметнички производи според архивските документи, но со извесна несигурност, се вели дека биле познати на Запад и истите ќе му овозможат да стане придворен златар во Цариград. Понатаму се споменуваат д-р Пандели Машо, Ромчо К.Машо, кој по завршувањето на студиите по фармација во Букурешт, се враќа во Велес за да го превземе раководењето на семејните чифлици.Убиен, односно обесен бил во с.Малино во 1922 г., од четниците на чело со Велчо Велјанов од с.Дивле Скопско.)

Ѓорѓови поседувало и голема површина неподвижен имот не само во Велес туку и во околните места, воденици, шарлагаџилници итн.

Во нивна непосредна близина, исто така во делот на чаршијата се издвојуваше и семејството Шукареви и неговиот најпознат претставник, мануфактуристот Алексо Шукарев. Токму тој ќе ја поседува најубавата и една од најголемите, трговски продавници за разни видови материјали. Нивниот квалитет и денес останува да се прикажува преку една позната анегдота, која вели:"отвара како на Шукарот басмата", што значи колку е постара толку доаѓа до израз нејзиниот квалитет.

Еден од познатите трговци е и Димитрија Крајничанец, кој во градот поседувал: фабриката за кеси, три дуќани и книжарница, меѓутоа свој имот имал и надвор од него, поточно во Скопје каде бил сопственик на штампарија и книговезница.

Ова се само незначителен дел од трговските семејства во градот. Како и да е животот на овие семејства бил значително подобар во однос на поголемиот дел од обичното граѓанството, видно разликувајќи се и издвојувајќи се во многу погледи.

Дел од овие претставници егзистираа искористувајќи ги тогашните услови, вклучувајќи го тука и велешкото граѓанство со чија помош и стекнуваа дел од својот капитал, возвраќајќи им на истите со мали парични награди од кои тешко можеа да опстанат. Меѓутоа беа и луѓе кои внесуваа и доста позитивности пред се огледани во начинот на живот. Истите едноставно се вбројуваат и како едни од носителите и основачите на велешката чаршија и секојдневните промени кои истата ги доживуваше во меѓувоениот период, посебно на неговото културно издигнување.

## 3.2Велешките работници

Периодот меѓу двете светски војни, во градот ќе овозможи појава на голем број претставници на работништвото. Еден дел од нив главно беа вработени во претпријатијата на лесната индустрија, постојано или како сезонски работници, која и беше одлика на градот како: индустријата за зејтин, мелничката индустрија, индустријата за градежен материјал, керамичката индустрија, индустријата за талк, тутунската индустрија, потоа дел во тогаш постоечката електрична централа, водоводот и сл.

Неразвиеното стопанство во цела Вардарска Македонија со својот тесен и ограничен Пазар, не можело да биде привлечен објект за странскиот капитал, кој бегал во профитоносните делови од Кралството, за што ќе допринесе и тогашниот владеачки режим.[1] Тоа ќе биде една од последиците, односно појавата на масовно невработено работништво. Сепак градот имаше повеќе претставници на работничкиот слој.

Така, токму овие години од втората деценија на XX в., како и тогаш настанатите услови, многумина велешки работници ќе принудат да се обидат својот опстанок да го обезбедат преку работа надвор од границите на Македонија, односно определувајќи се за единствената животна алтернатива, печалбарството. Најголем дел од нив се среќаваат како градежни работници во околните соседни балкански земји, меѓутоа сметам дека Грција и Романија, меѓутоа и Кралството СХС, односно градовите како Белград и Загреб, тогаш претставувале најпривлечните држави и градови за велешките работници.

За сите нив власта водела соодветна контрола, прикажана преку денес зачуваните податоци. Така од 31 мај 1922 г. постои список на лица од Велешката општина, кои токму оваа година заминале на печалба во Солун како циглaрски работници.[2] Имено Велес тогаш го напуштиле 242 работници сите на возраст од 16 до 65 години, што

---

[1] Ристо Христов, Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1918-1941), Скопје 1994, 7

[2] ДАРМ, ПО Велес ф.Општина велешка 1918-1941 , к.3 , 9.3.3.65/173-183 ( Меѓу споменатите имиња се наоѓаат: Трајко Јовановиќ, Каме Петрушевиќ, Јован Пешовиќ, Петар Стојановиќ, Диме Славковиќ, Диме Купенковиќ, Тодор Кракостевиќ, Тодор Пановиќ, Илија Бусилковиќ, Милан мишковиш, Јован Јосмовиќ, Диме Гавревиќ, Јордан Чупчевиќ, Панче Манасковиќ, Петар Ацевиќ, Тодор Црвенпановиќ, Петар галевиќ, Јордан Апостоловиќ, Јован Миленковиќ, Тодор Матевиќ, Васил Коцевиќ и др. кои рековме дека ги имало 242 на број на овој список, во кој власта дава најосновни податоци за нив, меѓу кои возраста, местото од каде потекнуваат, професијата која ја извршуваат и одредени примедби дадени од оние кои го составувале списокот)

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 100 |
| 67 | Петар Мишевић | Велес | 40 | надничар | | 101 |
| 68 | Анђел Николић | " | 43 | " | | 102 |
| 69 | Јордан Апостоловић | " | 42 | " | | 103 |
| 70 | Костадин Апостоловић | " | 50 | " | | 104 |
| 71 | Анђел Јовановић | " | 50 | " | | 105 |
| 72 | Јован Миленковић | " | 52 | " | | 10 |
| 73 | Тодор Матевић | " | 41 | " | | 107 |
| 74 | Трајко Митровић | " | 51 | " | | 108 |
| 75 | Тодор Трајковић | " | 34 | " | | 109 |
| 76 | Диме Никушевић | " | 46 | " | | 110 |
| 77 | Јордан Мисирковић | " | 37 | " | | 111 |
| 78 | Итка Анастасовић | " | 41 | " | | 112 |
| 79 | Ђорђе Трајковић | " | 33 | " | | 113 |
| 80 | Стеван Арсовић | " | 46 | " | | 114 |
| 81 | Диме Индовић | " | 35 | " | | 115 |
| 82 | Пане Коџевић | " | 49 | " | | 116 |
| 83 | Петре Л. Мечкаревић | " | 32 | " | | 117 |
| 84 | Петар Манчевић | " | 36 | " | | 118 |
| 85 | Јован Милевић | " | 56 | " | | 119 |
| 86 | Диме Цветковић | " | 50 | " | | 12 |
| 87 | Васил Д. Цветковић | " | 16 | " | | 12 |
| 88 | Коце Николић | " | 32 | " | | 12 |
| 89 | Петар Тодоровић | " | 41 | " | | 123 |
| 90 | Богдан Ил. Гочковић | " | 21 | " | | 12 |
| 91 | Васил Коџевић | " | 55 | " | | 12 |
| 92 | Диме Јовановић - Фрузовић | " | 56 | " | | 12 |
| 93 | Илија Г. Станковић | " | 33 | " | | 12 |
| 94 | Милан Стојановић Медаревић | " | 42 | " | | 128 |
| 95 | Ђорђе Петар Трајковић | " | 21 | " | | 12 |
| 96 | Диме Цветковић | " | 50 | " | | 13 |
| 97 | Петар Д. Цветковић | " | 16 | " | | 13 |
| 98 | Даме З. Калиновић | " | 38 | " | | 132 |
| 99 | Ицко Антоновић | " | 45 | " | | |

*Список на велешки циіларски рабоініци во Солун од 1922 і.*

заначи дека возрасната граница нема да влијае на желбата за опстанок и егзистенција, не разликувајќи го начинот на нејзиното реализирање. Посебно задоволство претставувал денот кога се враќале, оние што успеале да заработат нешто и донесат во семејството, гледајќи во тоа една утеха за одреден временски период.

Меѓутоа постоеше и дел од ова работништво, кое како сезонско или наемничко, подолг период од годината остануваше без работа, или пак воопшто ја немаше најдено. Незаборавни останале секојдневните слики за аргатите кои уште во раните мугри се собираа на Којник, очекувајќи некој од претпоставените или самите работодавачи да дојдат и спогодат за нивните срамни дневници, а потоа да се вратат изнемоштени, со последните сили во доцните вечерни часови, каде ги очекувале домаќинките со дечињата, за кои и немале многу време, да вечераат и проговорат по нешто за штотуку поминатиот ден, прикажувајќи ги тогаш своите чувства на љубов кон семејството.

Еден дел од овие наемни, транспортни и градежни, најчесто парталави и слабо нахранети работници, можеа да се видат и на железничката станица, на Сармаале, на јужниот крај од главната улица во Сарачката чаршија и пазарот, како очекуваат да понесат некаков товар по стрмните велешки улици, заработувајќи го така со својот грб, кој од ден на ден се повеќе се наведнуваше и искривуваше, дневното парче леб за себе и семејството.[1]

Големиот дел од работништвото во Кр.СХС-Југославија, беше вработено во Монополот, односно во тутунската индустрија. Од самото отворање па во текот на целиот период, еден дел од него ќе биде континуирано вработено, додека дел ќе биде сезонски, односно, одреден период од годината. Меѓутоа со текот на годините, посебно во триесетите, нивниот број видно ќе се намалува, што ќе значи, останување без никакви лични примања на многумина тутунски велешки работници. Во Монополот, доста честа била сликата на малолетните работници и работнички, односно искористувањето на детскиот труд, чии дневници биле и многу помали од останатите.

---

[1] П. Пановски, Грст ... , op.cit., 76 (Носачите-амали,товарот го носеле на самари направени од меко платно од јута со цилиндрично перниче на долниот дел кое висело под грбната половина на носачот, додека градежните амали на грб носеле дрвени самари во форма на буквата Г, завртена наопаку. Хоризонталниот дел од самарот допирал до половината на носачот, а вертикалниот до рамената на кои се допираа по една хоризонтална рачка завиткана во крпи, за да не се оштети кожата на рамената.)

Искористување на малолетниот труд во работничките односи постоел и во тогашната Ложилница, каде најчесто се сретнувале сиромашните деца или сираци. Истите покрај задолжителните обврски, после работното време останувале, чистејќи ги машините или извршувајќи ги домашните задачи на работодавците, како носење вода, јаглен дрва, копање на бавчите и сл., и сетоа тоа бесплатно.[1] Така во нивниот секојдневен живот се впишувала катадневно, по една детска или младешка, тешка и мачна страница.

Дел од работништвото ќе се сретнува и во фабриката за канализациони цевки и украсна керамика "Вила Зора", сопственост на познатото семејство Левкови, каде дневната заработувачка изнесуваше од 5-7 дин.

Огромен број на велешки работници, од 2 400 до 4 650, од јуни 1933 г. ќе работат на изградбата на железничката пруга Велес-Прилеп, според договор склучен на државата со Европското друштво за хипотекарни и банкарски кредити.[2]

Доаѓајќи да заработи едно парче леб, ова работништво истовремено ќе се соочи со огромна неправда и невидена експлоатација, која се огледувала преку висините на дневниците и начинот на исплатата, исхраната, преноќувањето, засновањето и разрешувањето на работниот однос и сл.

Имено овие работници работеле од 10-12 часа дневно за срамни дневници од 16-50 дин, но доста често се случувало истите на крајот од месецот да не добијат ништо, останувајќи дури и должни на претпријатието, за се она што секојдневно им се запишува во неговото "конто". Исхраната била мизерна и доста скапа во тамошните кантини и бакалници, а од друго место не ни смееле да купуваат. Бараките каде што преноќувале биле нехигиенски, измалтерисани со кал, без душеме, намештај, па дури ниту прекривачи во зимскиот период, плаќајќи за нив дури по 80 дин месечно. Сето тоа допринесувало смртнте случаи како и несреќите на работните места, секојдневно да се случуваат, за што никој од работодавачите не превземал одговорност. Меѓутоа доста чести биле казнувањата, посебно паричните и отпуштањата на работниците. Хуманоста на работодавачите во овој случај била заборавена. Се се гледало низ призмата на дневниот профит. Судбината на луѓето кои го создавале профитот, ни најмалку не била присутна кај работодавачите.

---

[1] Страхил Гигов, Сеќавања... , op.cit., 34

[2] В."Вардар"

Речиси целокупното работништво било неквалификувано, за што напоредно ќе допринесе како материјално-социјалната загрозеност, така и денационализаторската политика на големосрпските поробувачи.[1] Ретко некој од нив имаше можности, покрај основното образование да се стекне со повисоко. Таа неостварена желба секогаш ќе настојуваат да ја остварат преку своите деца. Нивниот секојдневен живот воопшто нама да биде едноставен, напротив ќе се одвива доста комлицирано, постојано влошуван од сето она што го бараше власта и работодавачите.

Законските одредби за нив како и да не постоеле. И покрај тоа што Министерството за социјална политика во септември 1919 г. донело посебна Уредба за работното време во сите видови претпријатија, со која се предвидувал 8 часовен работен ден,[2] работодавачите истите не ги почитувале, извршувајќи напад врз работничкото законодавство, одредувајќи го самите, време траењето на работниот ден.

Се работело од утро до вечер, непрекинато од 12 до 14 часа, многу ретко помалку, без време за одмор или пак денови за годишен одмор. Работодавачите максимално ја искористувале невработеноста, како услов за еден вид закана и постојано примање на нова работна сила, доколку претходната изразела било какво незадоволство. Контролата во претпријатијата, односно инспекцијата на трудот, намајќи доволно кадар ниту пак потребни финансиски средства, дури да не се забележувала, нешто кое одело во прилог на работодавачите.

Хигиенските услови во кои работеле работниците не задоволувале во речиси ниту едно претпријатие. Работните простории биле доста нечисти, влажни неосветлени, недоволно затоплувани така што појавата на болестите меѓу работниците, била доста честа. Целокупното работништво имало право на осигурување од страна на работодавачите во случај на болест, несреќа, старост или смрт. Овој закон донесен на 14 мај 1922 г. опфаќајќи ги сите видови работници, предвидувал создавање на своја експозитура во Скопје, како дел од Окружното биро во Белград, која би вршела соодветна контрола на работодавачите, во нивното придржување кон законските одредби за осигурување.

---

[1] Јаким Синадиновски, Велес и ..., op.cit. , 49

[2] Р. Христов, Трудбеничките ... , op.cit., 47 (Конечната унификација на работното законодавство била извршена во 1922 г. кога бил донесен Законот за заштита на работниците со кој работното време на работништвото во индустриските и рударските претпријатија требало да изнесува 8 часа, а во останатите од 8 до 10, со можност и да се продолжи.)

Меѓутоа, и понатаму велешкиот работник ретко и да го уживал тоа свое право.

Исто така имале право и на бесплатна лекарска помош, добивана од лекарите на бироата, каде се работело само по два часа, се разбира недоволни за задоволување на сите потреби на велешкото работништво.

Просечната дневна заработувачка била доста минимална и незадоволувачка. Градежните работници дневно заработувале од 8 до 10 динари, во металната индустрија истата се движела од 9 до 14, додека монополските работници заработувале од 14 до 30 динари. Исплатата на дневниците зависела од функцијата која ја вршеле, соодветната квалификуваност, како и од припадничкиот пол.Но доколку ги споменеме цените на одредени прехрамбени производи како на пример на лебот 1.80 дин., на месото 7 дин., млекото 3 дин, кафето 14 дин, маста 12 дин, газијата 13 дин и тн, може да се заклучи како овие луѓе успевале да преживеат, како го поминувале денот, месецот годината.

Општото незадоволство ќе биде една од главните причини за приклучување на работништвото во редовите на КПЈ и напредното движење во градот, кои ќе делуваат на нивното постојано организирање и просветно издигнување, со цел подобрување на нивниот секојдневен живот.

Приклучувањето кон овие синдикални подружници, културно-просветни и спортски друштва и организации, со нивните музички и драмски секции, односно се она што ќе се случува во овој период, ќе биде дело на работништвото кое и ја создаде Комунистичката Партија, тогаш неопходна за нивното идеолошко и културно издигнување. Таа ќе биде дел од неговиот секојдевен живот, помагајќи му да се обедини посебно во моментите кога масовно ќе биде отпуштено од работа. Велешкото работништво ќе најде разни начини за истапување против власта како во периодот кога легално можеше да се делува, исто така и во периодот кога власта забрануваше било каква партиска активност.

Собирајќи се по домовите, Работничкиот дом, на излети вечеринки, матинеа и сл., односно било каде, во градот или надвор од него, истовремено ќе знае и да се дружи, забавува, не мислејќи на својата мака, но не заборавајќи да проговори за тогашната состојба, организира предавања, разјаснува многу заеднички прашања, односно се обидува на секој начин да пронајде соодветни и крајни решенија. Голема улога меѓу нив ќе одигра и тогашниот печат. Речиси и да не постоел работник, кој не дошол барем еднаш

во контакт со напредниот работнички печат како "Радничке новине", "Радник", "Раднички тједник", во вкупен тираж од 800 примероци.[1]

Тоа се поврза и со работништвото од другите македонски градови, токму преку гостувањето на нивните културно-просветни и спортски друштва. Доста познато, во периодот непосредно пред почетокот на Втората светска војна, било гостувањето на работничката младина во Прилеп во 1936 г., каде масовно пречекано од прилепското граѓанство, во соработка со монополските работници од градот и оркестарот на прилепското работничко, културно-уметничко друштво "Коста Абрашевиќ", била организирана приредба проследена со пиесата "Крадливци", рецитации, настап на велешкиот оркестар, како и говори значајни за нивната животна средина, односно моменталната состојба на работништвото.[2] Соработка, заснована на посетата од овие културни друштва, била остварена и со градови од другите делови на српското кралство.

Дел од ова работништво никогаш не заборави и на својата едукација. Немајќи услови за повисоко образование, истото тоа, со свои сопствени сили и желби, ќе успее како самоуки, да се стекне со големи сознанија, применувани понатаму во областа на литературата. Драстичен пример за тоа е личноста на Кочо Рацин, кој ќе се вброи дури во основоположниците на македонската литература на 20 в.

Работничкото незадоволство континуирано, со одредени засилувања и во соработка со КП ќе се искажува во текот на целиот меѓувоен период, преку многубројните штрајкови и демонстративни истапувања на работништвото. Напредното движење најмногу ќе се почувствува во тогаш најголемото државно претпријатие, Монополот, каде првата синдикална подружница, предводени од партиската организација, за заштита на вработените ќе се формира уште во 1921 г. од страна на Трајко Мишковски.[3]

Монополските работници ќе се забележат како едни од првите, кои јавно ќе ги искажат своите незадоволства, затоа што работеа многу, а добиваа многу малку од тоа што им следуваше. Уште во 1925 г. во Монополот ќе биде спроведен четири дневен штрајк кој

---

[1] Милан Сланев, Разновидни форми на синдикална дејност во Велес, во Зборник на спомени на активистите од југословенското револуционерно, работничко движење (1935-1941), Скопје 1961, 436438

[2] В."Вардарски глас"

[3] Ѓорѓи Малковски, Монополот во Велес 1919-1945 , Титов Велес 1988, 25

ќе биде потврда за понатамошното успешно организирање на овие работници, кои секогаш беа меѓу првите во сите демонстративни случувања наменети против власта, засилени после триесетите години, кога економската криза ги погоди најмногу нивните редови така што на улиците, без работа, останаа многумина.

Друго помасовно демонстративно истапување е она од 1935 г. кога пред вратите на Монополот, а подоцна пред општинската зграда, ќе се најде маса од невработени, сиромашни граѓани на кои ќе им се придружат и вработените монополци, во барањето за нивно вработување.[1]

Монополската синдикална организација во 1938 г. околу себе ќе ги има придобиено повеќе од две третини од вработените или над 1 300 членови. Истата година тие ќе организираат повторно штрајк, кој имаше за цел зголемување на бедните надници и подобрување на работните услови. Повеќе од 1 500 вработени меѓу кои и голем број на жени предводени од тогаш формираниот штрајкачки одбор, успеале да издејствуваат само покачување на дневниците за 1,5 денари, како и останување во работен однос на сите оние кои учествуваа во штрајкот.

Невработеноста, монополските работници изразено ќе ја почувствуваат во почетокот на 1939 г., кога тогашната управа на државните монополи од Белград, одлучила бројот на вработените во велешкиот монопол видно да го намали, на околу 700 вработени од 1 600, број достигнат во зимските месеци претходната година, поради намаленото количество на тутун кој требало да се преработи оваа година.

Таквата тешка економска состојба, ниски надници и огромна невработеност меѓу сите работнички редови, ќе ја искористи Месниот комитет на КПЈ во Велес кој токму преку партиската организација во Монополот ќе го организира познатиот "Поход на гладните" за кој и денес постарите велешани добро се сеќаваат и раскажуваат. Истиот ќе биде потпомогнат и од Љубомир Маричиќ, Коста Бамовиќ, трговец, Димче Зографски од Штип, д-р Богдан Поп Ѓорчевиќ, Никола Бабунски, Илија Пљаковиќ, Ѓорги Хаџи Ничев и др, познати интелектуални напредни сили во градот.[2]

Огромна толпа на велешани, чиј број постојано ќе се зголемува, сите заедно со своите семејства три дена, започнувајќи од 15 јануари ќе протестираат по улиците на градот, пред полициското начелство

[1] Ibidem, 32-33
[2] ДАРМ, Скопје, м.ф. 347

и општинската управа, извикувајќи "Сакаме работа, сакаме леб".[1] Подготовките започнале многу порано, така што велешкото работништво, речиси секоја вечер одржувало средби во повеќе домови, познати како вечеринки, со присуство на оркестарот.

"*Беше тоа незаборавна слика кога наколку иљади демонстранти со кренати стапови угоре тргнаа по улиците. Се појавија и транспаренти со пароли: Долу ненароднатa власт! Долу грабачите! Да живее работничката солидарност! Иако беше пазарен ден поголем број трговци и занаетчии ги затворија дуќаните и се приклучија кон демонстрантите што поминуваа низ градот.*"[2] Овие настани оставиле видни последици за работништвото.

Велес ќе го одбележат и штрајкувањата на работниците од фабриката за масло сопственост на Ѓошо Органџиев, кои како и сите други работеа денонокно, во крајно бедни и нехигенски услови, повеќето заболени од туберкулоза, сместени во т.н. маган-погонот, каде што се чистело памуковото семе, за надници кои го постигнуваа само минимумот, од 14-16 динари.Меѓутоа ниту овде Партијата нема да ги заборави своите обврски и влијанија, со кои предизвикуваа огромна главоболка на тогашната власт и работодавачите.

Барањето за подобрување на работничките односи, ќе резултира со познатиот штрајк од летото 1938 г., за потпишување на колективен договор, покачување на дневницита и подобрување на работните услови, кој како што и се очекувало бил одбиен од сопствениците, кои дури побарале помош од околиското начелство, под изговор за опасност на одземање на фабриката од страна на вработените.[3]

Овие работници ќе ја имаат поддршката од целокупното граѓанство како во градот така и од цела Македонија, од кое добивале поздравни писма и парична помош. Огромна помош следувала и од Партијата, која за извесен период ќе обезбеди нивно финансиско задоволување, зашто нивните семејства вистински гладувале, а состојбата ќе им биде нарушена и од постојаните

---

[1] Ibidem, (Постои список кој посочува на имињата и  адресата на живеење. на дел од учесниците во овој штрајк како:Јордан и Благој Сребровиќ,Трајко и Лазар Капчеви, Лазар Стојановиќ, Илија Бабунски, Јован Матевиќ, Анѓелко Мижимаковиќ, Андреа Пармаковиќ, Милан Димитријевиќ, Коца Алчевиќ, Вера Андовиќ, Јелена Јордановиќ, Нада Коцевиќ, Киро Николиќ Петар Крепијевиќ, Благој и Јордан Босотовиќ, Стеван Виларевиќ и многу други.)

[2] Ibid , 311

[3] Стево Вилар, Барањата на работниците од фебриката за зејтин во Велес. Во: Зборник на спомени ..., op.cit., 307-309

психички притисоци од приврзаниците на браќата Органџиеви. Едномесечното демонстрирање, ќе ги исцрпи потполно нивните животни резерви така што ќе се објави прекин на штрајкот, од кој единствено ќе се постигне минимално зголемување на дневниците.

1938 г. ќе биде одбележана и со изразените незадоволства на работниците од фабриката за грнчарија "Вила Зора", во која работните услови и можности беа најпонижувачки зашто се работело за надници од 6 динари во работно време од 12 до 16 часови. Истите донекаде ќе бидат задоволени со осум часовно работно време, како и зголемување на дневниците од 6 на 14 динари, но со видни последици за еден дел од оние кои биле најактивни во организираното работничко штрајкување.

КПЈ и синдикалното движење ќе се појават и во улога на подготвувачи и предводници на градежните работници на патот Велес-Неготино. Работејќи повеќе од 12 часа за надници од 14 динари, незаштитени сместени под отворено небо на градилиштето, оддалечено 15 километри од градот, околу 200 градежни работници во јуни 1939 г. ќе го започнат штрајкот кај од местото Згрополци, проширувајќи се во повеќе места по должина на пругата.[1] Штрајкот ќе доживее неуспех, зашто на тогашните претприемачи, во една состојба на голема невработеност во цела Македонија, не им претставувало посебна тешкотија да најдат работници, кои би работеле според условите кои тие ги диктирале.

Меѓутоа и работниците знаеја меѓусебно да се дружат, посветувајќи посебно внимание на традиционалните празнични одбележувања, нешто што ќе претставува посебна чест и задоволство овозможено токму за нив. Тоа беа денови, кога можеа да ги посетат своите роднини и пријатели, поминат неколку часови со нив, разменат своите мислења и планови, запеат по некоја песна водени понекогаш од добрата ракија или вино.

Од празнувањата директно поврзани и создадени токму од нив и за нив, биле првомајските, односно 1 мај празникот на трудот, секогаш одликувајќи се како најмасовни и најзабележителни денови.

Имено велешкото работништво, организирано од месната организација на КП во градот, синдикатите и напредното граѓанство, за овој ден се собирало најнапред во дел од културните институции во градот, а потоа и надвор од него, најчесто во близина

---

[1] Пенчо Иванов, Упорноста на градежните работници на патот Велес-Неготино, во Зборник на спомени..., op.cit., 312-314



*Штрајк во каменоломот во 1940 г.*



*Семејството Таневи за време на мајските празнувања*

на манастирот, на места покрај велешките реки, во блиското Башино Село, потоа во Дурутовец, Пешти и сл, за на крајот од денот завршат во салите на тогашните хотели, кина, кафеани, каде се приредувале матинеа и повечеринки.

За ова празнување, граѓанството со денови наназад подготвувало презентирање на соодветна програма, составена од читење на разни темати, музички приредби, присуство на велешките музички друштва и нивните оркестри, растурање на соодветен пропаганден материјал и сл.

Посебно внимание, работништвото посветувало и на дел од облеката, на која задолжително морало да преовладува црвената боја, изразувајќи ги на тој начин своите демонстративни чувства спрема српската власт и барањата за нивното почитување предизвикувајќи ги и своите работодавачи.

По воспоставувањето на српската власт, 1 мај за првпат бил прославен во 1920 г. За начинот на прославувањето, весникот "Социјалистичка зора" во својот број 32 од 19 мај 1920 г. ќе го напише следново:

"*Велешкиот пролетаријат ја покажа на овој ден својата сила, својата свест и дисциплина. Тој во овој ден повеќе од секогаш ја манифестува полната солидарност со југословенскиот и интернационалниот пролетаријат. Запирањето на работата беше општо. Скоро сите дуќани и работилници беа затворени.*

*Рано изутрина музиката пред "Народниот дом" објави со "Работничката химна" дека осуна Празникот на трудот. Работниците брзаа кон Народниот дом, каде што секој бараше црвена лента да се закити со неа. Во 10 часот, домот беше полн па и собранието беше веднаш отворено. Зборуваа другарите Јевтиќ, Капандановиќ, Савиќ и Ѓорѓевиќ. Тие, често прекинувани со бурно одобрување, јасно и документирано го изнесоа значењето на Први мај за работниот народ, ја оцртаа денешната политичка ситуација и ги истакнаа барањата и задачите на пролетаријатот во овој револуционерен период. Другарот Борис Ковачевиќ го затвори собранието во 12 часот и ги повика другарите одново да се соберат во 3 часот за веселби и манифестации по улиците. Точно во 3 часот редови од работници со црвеното знаме на чело, тргнаа од Народниот дом. Манифестацијата беше изведена низ сите главни улици, мирно, без никаков инцидент. Имаше околу 800 учесници.*

*Вечерата беше приредена забава во салата на "Касино". Мнозина другари жалеа што во Велес нема поголема сала, оти беа принудени да се враќаат дома со своите фамилии.*

*Годинашниов Први мај ќе остане во најубав спомен кај големиот Работен народ".*[1]

Во одредени периоди, како на пример после донесувањето на Обзнаната и Шестојануарската диктатура, работништвото ќе се судри со забраната на власта за ваквите начини на прославување на овој празник, како едно од многубројните дела и активности на КП и напредното движење во градот. Во овие години, Првомајското празнување било ограничено само на организирани семејни излети надвор од градот и населените места, каде неибежно далеку од очите на владиниот режим, јавно се проговорувало за значењето на овој ден, пеејќи и играјќи дел од народните македонски песни и ора. Но, не се заборавило и на јавното одбележување, како потсетување дека работништвото постои и се бори за своите права. Имено задолжително се украсувале кафеаните и културните институции, со разнобојни гирланди, црвени знаменца и разни пароли, кои речиси секогаш го привлекувале вниманието на целокупното велешко граѓанство.

За едно првомајско прославување, Тодор Зографски се сеќава и пишува:

"*Со одобрувањето на НРПЈ, како легална работничка партија во 1923 г. веднаш беа исползувани легалните можности за посвечено празнување на 1-ви Мај. Во Велес припремите за празникот беа навреме започнати меѓу членовите на Партијата,Синдикатите и младината, но на еден ден пред 1-ви Мај околискиот началник ги извика претседателот на Партијата, Никола Палашев, и го извести дека се забранува секаква манифестација низ градот, а може само во затворен локал де се одржи собир во чест на празникот на кој ќе присуствува и претставник на власта за да одржува ред.*

*Собранието се одржа во кафеаната "Централ". Членовите на Партијата, младината, како и многу граѓани и гарѓанки симпатизери навлегоа во локалот така што и бавчата зад него беше полна. Од името на НРП го отвори собранието Никола Палашев, со пригоден поздрав, а од името на синдикатите говореше Диме Дураков, работник од железничката ложилница.*

[1] Историски Архив на КПМ, Одбрани материјали..., op.cit, 332-333



*Велешани за време на мајските празнувања*



*Семејството Таневи во дворот на црквата Св.Недела (Илија Танев - Мајката, познат фурнаџија во Велес, во кругот на потесното семејство)*

*Говорите беа поздравени со искрени одобрувања и извикување на пароли против реакцијата, за укинување на Законот за заштита на државата и др. Собранието заврши со пеење на револуционерни маршеви и песни, мирно без да се замеша власта.*

*Попладне, младината и мнозина постари со своите фамилии се собравме надвор од градот во месноста "Кондеви Бавчи", каде се продолжи празнувањето со песни, рецитации и ора, а за тоа време жандармеријата набљудуваше оддалеку без да се замеша".*[1]

На ваков начин речиси секогаш, кога се имало можности се одржувале и организирале првомајските прослави, односно целокупното граѓанство обединето и водено со и од мислата за своја подобра иднина во рамките на работничките редови и слободна Македонија, за момент преку овие прославувања ќе докажат дека не се безгласни и покорни на секојдневието кое ги опкружуваше и случуваше.

Но како и да е животот во тој период не им беше едноставен, знаејќи дека покрај со она што го носеше тогашниот развој на настаните, ова работништво мораше да се бори со нивното занемарување и непризнавање како дел од македонскиот народ. Успеаја со мислата дека тоа се велешани и Македонци, кои заслужуваат да имаат подобра иднина, секојдневие во кое нема постојано да мислат што ќе се случи наредниот ден.

---

[1] Т. Г.Зографски и Д. А.Зографски, КПЈ и ВМРО(обединета) ..., op.cit., 104-106

## 3.3Велешките занаетчии

Велешките занаетчии го сочинуваа најбројниот слој во градот, кој и ќе биде горд на нивното постоење. Традиционално занаетчиството во Велес беше одлика уште многу порано пред почетокот на периодот меѓу двете светски војни, односно уште за време на владеењето на Турците. Својот максимум велешките занаетчии ќе го доживеаат непосредно после Кримската војна, кога нивните занаетчиски производи интензивно ќе се извезуваат не само во македонските градови, туку во сите оние надвор од границите со кои велешани одржуваа трговски врски.

Меѓутоа настаните, кои го одбележаа развојот на новиот стопански развој, како и настаните од почетокот на XX в., ќе допринесат за интензивни промени меѓу постоечките занаети и нивните претставници во градот.

Имајќи го во предвид фактот дека туркото владеење на овие простори ќе делува и на промените во националниот состав на населението, нормално ќе следува и појавата на многумина турски занаетчии во градот. Но токму настаните после Првата светска војна ќе допринесат за масовно иселување на ова турско население меѓу кое најголем дел егзистираше токму од занаетчиската дејност. За сите нив постојат документирани архивски податоци од кои може да се дојде до целосни сознанија за нив, бројната состојба на секое иселено семејство, потоа дејноста од која опстануваше, целокупниот подвижен и неподвижен имот, како и местото каде се иселуваше ова население.[1]

Но, сите тие промени настанати по стапувањето на сцена на српскиот режим, ќе делуваат целосно на велешките занаетчии.

Градот тогаш изобилуваше со една огромна шареноликост од занаетчии. Најмногу се споменуваат: којунџискиот, коларскиот, берберскиот, ковачкиот, чевларскиот, ќурчискиот, слаткарскиот, кројачкиот, абаџискиот, самарџискиот, јажарскиот, мутавџискиот, сарачкиот, лимарскиот, златарскиот, бојаџискиот, механичарскиот, јорганџискиот, цигларскиот, кожарскиот, фурнаџискиот, грнчарскиот и др. кои распоредени по целата должина на Велес,

[1] ДАРМ , ПО Велес, ф. Општина Велешка 1918-1941) к.2 , 9.3.2/1-34 ( Според овој списокот подготвен од српските власти во 1924 г. пред иселувањето на Турците, од 207 иселени семејства, со различен број на членови, се споменуваат 50 турски занаетчии меѓу кои имало поголем број на: млекари, гостилничари, табачи,бербери, бакали, леблебиџии, сарачи, потковувачи, пиљари,кожари, кафеџии, брашнари часовничари и др.)

едни до други, посебно во делот на чаршијата и пазариштето, му давале несекојдневен изглед и убавина. Истите подоцна ќе бидат организирани во еснафски здруженија

Нивниот точен број тешко може да се определи, меѓутоа сметам дека приближно може да се претпостави, барем според тогашните водени статистички податоци, како и според раскажувањето на дел од живите сведоци на тоа време.

Статистичките податоци од архивските документи потврдуваат за постоење на повеќе од 720 занаетчии во Велес, бројка која сметам дека е карактеристична до триесетите години, по кој период ќе има значително намалување на занаетчиите. Меѓутоа, како и да е тој мозаик од занаетчии ќе ја претставува душата на градот без која истиот немаше да се доживее и себеси презентира денес, како значаен занаетчиски центар во минатото.

Занаетчиите во градот биле претежно ситни стокови производители. Поголемиот дел од нив најчесто работеле сами, потпомогнати од членовите на својот потесен семеен круг. Но ќе постојат и такви занаетчии кои ќе можат да си дозволат еден до двајца помошници, односно присуство на калфи, чираци и ученици.

Сепак тоа беа луѓе кои, најголем дел необразовани, пренесувајќи го сето тоа и на своето потомство, односно не можејќи да си дозволат било какво образование на своите деца, истите уште од најраната возраст, скратувајќи им ги годините на детството, ќе ги принуди да работат и изучуваат по некој занает, сакајќи го тоа тие или не, не гледајќи друг начин на полесно преживување.

Заемните односи, меѓу вработените и работодавачите, биле уредувани со законските одредби донесени од Министерството за Социјална политика, односно со законот за работилниците. Според нив во Велес од 1922 г. ќе биде обновена работата на "Судот на Добрите Луѓе", кој според овие податоци функционирал уште пред војната.[1] Членовите на судот, 16 на број, како и нивните заменици, биле бирани на редовно организирани избори за судии, на кои право на глас имале сите занаетчи и нивните полнолетни помошници, кои го сочинувале постојаниот бирачки список, составуван од страна на општинскиот суд, по наредба на Министерството за Социјална политика.[2] Истиот овој суд се грижел за правата на занаетчиите и

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941), к.3, 9.3.3.71/214-215 (Од 1922 г. "Судовите на добрите луѓе" ќе започнат да функционираат, односно ќе се формираат во 26 окрузи и 50 градови, меѓу кои и Скопскиот округ и градовите Скопје и Велес)

[2] Ibidem, 9.3.3.83/253-267



*Дел од бирачкиот список за избор на членови во "Судот на Добрите луѓе" од 5 декември 1922 г.*

нивната заштита, решавање на нивните спорови и сл. Судот на добрите луѓе располагал и со свој печат.

Според Законот за осигурување од 1922 г. мајсторот бил должен целокупниот свој кадар да го осигура заради безбедност од непосакувани случувања, но ретко кога истиот и се почитувал во целост. Според архивските документи во Велес од 13 март 1924 г. започнало да функционира Окружното биро за осигурување, сместено во улицата "Инвалидска" бр. 6.[1] Истата оваа институција, имала за цел да ги извести сите занаетчии за нивната должност на пријавување на сите свои вработени, без разлика дали се стални, привремени, односно без разлика на тоа дали са работи за калфи, чираци или пак ученици, во спротивно следувало казнување според член 194 од погореспоменатиот закон. Како дел од оваа биро биле тогаш отворената амбуланта и забното ателје наменети за сите нови занаетчиски осигуреници.[2]

Од оваа година постои и список на 64 осигурениците, калфи и чираци од кој може покрај името и презимето да се дознае нивната возраст, видот на занаетот со кој се занимаваат, мајсторот и работилницата каде работат, годината на нивното стапување во истата, дали се постојано или повремено вработени и како им се исплатува.[3] Имено се споменуваат занаетчиски кадри од занаети како: пекарски, чевларски, терзиски, млекарски, касапски, лончарски, ковачки, содаџиски, берберски и др. Овој список дава и податоци за нивната дневната и месечната заработувачка, која и е различна во зависност од годината. Така лончарите во периодот до 1924 г. заработувале од 8 до 35 дин. дневно, пекарите од 300 до 800 дин месечно, терзиите до 200 дин. месечно, чевларите до 190 дин. месечно или од 8 до 20 дин. дневно, касапите од 150 до 800дин. месечно, млекарите до 250 дин. месечно, берберите до 180 дин. месечно итн.[4]

Но, најчесто работодавачите не се однесувале според пропишаните правила. Во занаетчиските дуќани се работело до 16 часа дневно, а се заработувало мошне малку. Токму овде ќе се

---

[1] Ibid, к.2, 9.3.2.86/144

[2] Ib.

[3] Ib., 9.3.2.87/158180 (Ќе споменам само дел од нив и тоа: Никола Петрушевиќ, Никола Трајковиќ, Трајко Трајковиќ кои работеле како лончари кај Тодор Левковиќ; Никола Медаровиќ како пекар кај Јаманди Алчевиќ; Диме Коцевиќ, Никола ДимитријевиќАндо Ацевиќ како лончари кај Диме Левковиќ; Никола Илијевиќ како кројач кај Јован Перковиќ; Ѓорѓи Дураковиќ, Димко Матевиќ како чевлари кај Ѓорѓе Смилевиќ; Милан Ристовиќ, Јордан Климкаревиќ како пекари кај Јован Пеневиќ; Кадир Алил како млекар кај Ѓорѓе Дамјановиќ, Никола Јовановиќ како содаџија кај Петар Стојановиќ и др.)

[4] Ibidem

сретнува и искористува детскиот труд, кој најмалку се вреднувал. За спроведување на законските одредби, посебно наменети на Законот за осигурувањето, тогашното окружно биро во Скопје, во соработка со Комората предложила формирање на суд за работничкото осигурување, составено од 20 членови, од кои 10 предложени за поротници, а другите 10 за нивни заменици. Првиот ваков орган бил избран во 1933 г. кога меѓу неговите членови се наоѓале и Јосиф Гајдовиќ-ѕидар и Тодор Мајсторовиќ-механичар, како негов заменик.[1]

Според статистичките податоци на Занаетчиската комора во Скопје во 1933 г. од 353 евидентирани велешки занаетчии, без помошници работеле 181 занаетчија, со еден помошник 39, со двајца 5 занаетчии, со повеќе помошници 1, потоа имало 12 квалификувани работници и вкупно 52 помошници.[2] Бројот пак на вработените ученици бил следниов: од 353 занаетчии со 1 ученик работеле 123 занаетчии, со 2 ученици 29 и со повеќе ученици 1 занаетчија или вкупно 184 ученици во тој временски период.[3]

Занаетчискиот кадар во градот имаше можност и да се образува, во тогаш формираното занаетчиско училиште.

Занаетчиите во Велес, односно нивното занаетчиското здружение, од триесетите години ќе биде дел од Занаетчиската комора со седиште во Скопје, организирана со цел да ги застапува, штити и унапредува занаетчиите на своите простори, односно истата се смета како правно лице кое има обврска за целокупното занаетчиство.[4] Од 1932 г. еснафите биле претворени во принудни занаетчиски здруженија, во кои ќе важат законите кои ќе бидат донесени од тогаш формираната занаетчиска комора.

Како дел од Комората велешките занаетчии имале право да учествуваат во изборот на занаетчиското собрание како и да бидат

---

[1] Часлав М.Никитовиќ, Занатство Јужне Србије, Скопје 1934, 153-154

[2] Ibidem , 20

[3] Ibid, 21

[4] ДАРМ, Скпје, ф.Занаетчиска комора ,Скопје , к.1 , 1.927.1.1/1-26 (Занаетчиската комора во Скопје ја опфаќала цела Вардарска бановина, имајќи свој одбор, статут и печат)


Кандидатска Листа

За избор већника Занатске коморе у Скопљу који ће се обавити 23 фебруара 1936 године.

Скопски

КАНДИДАТИ ЗА ВЕЋНИКЕ:

Цураковић Л. Никола

кројач из Велеса

КАНДИДАТИ ЗА ЊИХОВЕ ЗАМЕНИКЕ:

Гаговић К. Славко

из Велеса

ПРЕДЛАГАЧИ:

Никола Л. Цураковић кројач из Велеса

Славко К. Гаговић из Велеса

[illegible]

*Кандидатска листа на Никола Цураковиќ, за пратеник во Занаетчиската комора во Скопје од 23 февруар 1936 г.*

21 Илија Ј. Хаџијевић обућар из Велеса
22 Никола Хаџинијевић обућар из Велеса
23 Темелко Журовић обућар из Велеса
24 Анђел Д. Јосимовић обућар из Велеса
25 Илија Ст. Јоаниовић обућар из Велеса
26 Тодор И. Мајсторовић механичар из Велеса
27 Богдан Т. Данчевић казанџија из Велеса
28 Димитрије И. Мајсторовић механичар из Велеса
29 Миџоревић Коста бравар из Велеса
30 Методије Д. Бајовић словослагач из Велеса
31 Михаило Д. Илијевић кројач из Велеса
32 Страјко П. Илић кујунџија из Велеса
33 Влада Банчевић казанџија из Велеса
34 Андреја Барбутовић ковач бравар из Велеса
35 [illegible] часовничар из Велеса
36 Коста Алексић бравар из Велеса
37 Милан Јорданић [illegible] из Велеса
38 Никола Поповић обућар из Велеса
39 Исаил Миџоревић обућар из Велеса
40 Коста Јанковић обућар из Велеса
41 Тома Теодоровић обућар из Велеса
42 Коце Танчевић обућар из Велеса
43 Трајко Анђелевић обућар из Велеса
44 Петко Јовановић кројач из Велеса
45 Петар К. Андовић берберин из Велеса
46 Никола Топевић пекар из Велеса
47 Петре Топевић пекар из Велеса
48 Илија Варналијевић часовничар из Велеса
49 Петар М. Алексић месар из Велеса
50 Борис Петровић [illegible] из Велеса
51 Јован Петковић кројач из Велеса
52 Јанко [illegible] [illegible] [illegible]
53 Тодор Захаријевић кројач из Велеса

дел од него.[1] Кандидатската листа се поднесувала 10 дена пред изборот и истата морала да биде предложена од најмалку 50 занаетчии-мајстори. Потврдените листи се објавувале во "Службениот лист на Вардарска бановина", гласило на Комората.[2] Така за овие спроведувани избори ни сведочи и кандидатската листа од 1936 г. на Никола Цураковиќ, како кандидат за пратеник и Славко Гајдовиќ како заменик, предложена и подржана од страна на 57 велешки занаетчии.[3]

Сите здруженија на занаетчии преку занаетчиската комора, а по наредба на Министерството за трговија и индустрија, добивале помошнички и мајсторски сведителства. Така во 1933 г. во Велес 29 занаетчии добиле уверенија за положен мајсторски испит, а со тоа и можност и да отворат свои сопствени дуќани, како и 9 помошнички дипломи.[4]

За да можат да опстанат најголемиот дел од велешките занаетчии се задолжувале како кај банките, така, па дури и многу повеќе кај локалните лихвари, кои видоа добра можност за лесна заработувачка, доведувајќи ги занаетчиите до целосна пропаст. Нивната задолженост во 1933 г. била следнава: 1.На приватните банки - 500 000 динари; 2.На приватните лица - 1 000 000 динари и 3. на занаетчиската банка 800 000 динари.[5] Токму тоа ќе бидат годините кога занаетчиството во градот ќе се најде во очајничка положба, која ќе биде предизвикана и од куповната моќ и нискиот животен стандард на локалното население кое тогаш не било подготвено да помогне во понатамошното опстанување и продолжувањето на вековната занаетчиска традиција на еден град како Велес.

Во периодот меѓу двете светски војни, градот ќе го обележат, мислам дека и за последен пат, голем број на занаетчии. Најзастапен и најброен бил чевларскиот занает во кој спаѓаат уште опинчарскиот и влечкарскиот. Градот бележел повеќе од стотина вакви занаетчии,[6]кои се делеле на модерни градски занаетчии,

---

[1] Ibidem, ( Занаетчиското собрание како врховен орган се состоело од 25 члена од кои 12 се од седиштето на комората , додека преостанатите, по 1 од секој коморски округ. Комората ја сочинувале 14 изборни окрузи меѓу кои и Скопскиот, кој го сочинувале скопскиот, качаничкиот и велешкиот срез без градот Скпје)

[2] Ibid

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941 , к.3, 9.3.3.96/289-290

[4] ДАРМ, Скопје, ф. Занаетчиска комора, Скопје, к.1, 1.927.1.1/28

[5] Н. Цветковска, Состојбите во ... , op.cit. , 28

[6] ДАРМ, ПО Велес, ф Општина велешка 1918-1941 к. 3 , 9.3.3.71/1-50 ( Ќе споменам само дел од нивните имиња зашто е навистина голем: Арсо Шејтановиќ, Анѓел Дановиќ, Арсо Чаневиќ, Атанас Петровиќ, Андон Димевиќ, Анѓел Гајдовиќ, Анѓел Шикулевиќ, Андреа Сцијановиќ, Аки Усеин, Алекса Тодоровиќ, Алексо Ѓорѓевиќ, Аџи Асан Умер, Амид Хоџа Исмаил, Борис

чевлари за селското население и чевлари-крпачи кои само поправале чевли ставајќи полѓонови и потпетици со железни налчиња, со клинци или без нив.[1] Овие занаетчии се соочувале со голем број на проблеми, посебно по започнатиот процес на увозот од готови и поевтини производи како и отворање на нивни претставништва во одредени центри од Вардарска Македонија, меѓу кои ќе се најде и градот Велес. Од 1933 г. велешките чевлари се судриле со опасноста од страна на чехословачката фабрика "Бата", која предвидувала и отворила свој претставнички центар токму во центарот на градот, во близина на градскиот саат, чии цени биле крајно пониски од оние на домашните производи. Всушност оваа експанзија како еден силен бран го уништила егзистирањето на многу семејства, фрлајќи ги во крајна мизерија и пауперизација. Токму затоа чевларите преку занаетчиското здружение во Велес ќе преземе драстични мерки до надлежните власти за преместување на продавницата надвор од градот, меѓутоа и тоа решение се покажало како несоодветно. Затоа многумина од нив ќе го напуштат Велес, во потрага по подобри услови за себе и своето семејство.

Градот познаваше и доста кројачи, терзии или шнајдери.[2] Најголемиот дел од нив биле припадници на машкиот пол делејќи се на дус и френк терзии, во зависност од влијанието, како и изучувањето на својот занает. Од помодерните терзии се издвојувале Стојан Карбев и Јован Перков, најпознат по изработката на женски турски фустани. Дел од овие занаетчии ќе имаат можности да престојуваат во некои од европските градови, така што пред нивниот дуќан меѓу натписот ќе се наоѓа и зборчето френк. Тоа ќе бидат всушност и луѓето кои во градот ќе ги внесуваат и промените во модата, правејќи ги поразлични со текот

---

Џамбазовиќ, Васил Пановиќ, Владо Илиќ, Диме Николиќ, Диме Славковиќ, Диме Бочваровиќ, Диме Нециновиќ, Дичо Манасковиќ, Диме Тесличковиќ, Ѓело Шумановиќ, Ѓело Игновиќ, Ѓорѓе Јосифовиќ, Ѓоша Тадевиќ, Игњат Маџаровиќ, Илија Гајдовиќ, Илија Белешковиќ, Илија Климкар, Јован Чичковиќ, Јануш Андовиќ, Јордан Ацковиќ, Кољо Дебарлијевиќ, Коце Јанцевиќ, Костадин Виларовиќ, Милан Ивчевиќ, Никола Димковиќ, Панче Манасковиќ, Пане Жабевиќ, Петар Мијаковиќ, Петар Ќурчијевиќ, Силјан Јордановиќ, Сулиман Мемед, Тодор Бочваровиќ, Трајче Бојаџијевиќ, Трајче Гугуталија, Темо Несторовиќ, Таки Софијановиќ, Ќемал Мурад, Шукри Вели Типал и др,)

[1] П. Пановски, Грст пожолтени ..., op.cit.., 25

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 191801941, к.3.9.3.71/1-50, (Меѓу овие занаетчии се споменуваат: Анѓел Јовановиќ, Алексо Трчковуќ, Анѓел Деловиќ, Димко Пицикевиќ, Манче Ицковиќ, Милан Несторовиќ, Муртеза Мустафа, Милан Андовиќ, Никола Пренџовиќ, Петар Лисичанац, Петар, Тодор Камењаровиќ, Темо Катранџијевиќ, Киро јосифовиќ, Коро Николиќ, Цане Минчевиќ, Шабан Мустафа, Јован Перковиќ, Милан Поп Димитриевиќ, Лазар Ципуновиќ, Коце Ончевиќ, Алекса Поцевиќ, Краман Исаи, Никола Џураковиќ и др.)

на годините, зашто од нив зависеше и можноста дали промените ќе бидат успешно наметнати и прифатени.

Девојките овој занает имале можност да го изучуваат единствено во женското занаетчиско училиште. Немајќи ја можноста да работат во градските дуќани, најголемиот дел од нив стекнатото знаење ќе го применуваат во своите домови. Неизбежни за нив како и за останатите терзии биле машините "Сингер", кои во почетокот ги носеле велешките трговци, меѓутоа подоцна во центарот на градот, во близина на општинската зграда ќе се отвори и претставништво на оваа фирма

Овој период ќе забележи 76 ѕидари [1] или градежни работници од кои повеќето подоцна ќе работат и надвор од градот и Македонија, претежно во Романијаи Грција.

Во Велес се споменуваат 47 ковачи, 35 лончари или грнчари, 3 кујунџии, 7 механичари, 5 бравари, 3 казанџии, 3 железари, 1 стаклар и 13 калајџии-[2] опстанувајќи благодарение на упоребата од бакарни садови, за кои неизбежна беше интервенцијата од калајџиите, кои задолжително мораа внатрешните бакарни површини да ги обложат со еден слој од калај.

Не мал бил бројот на самарџиите- 27, кој заедно со сарачкиот, чиј број на негови претставници во градот изнесувал - 13,[3] биле

---

[1] Ibidem, (Од велешките ***ѕидари*** се споменуваат: Анѓел Брајковиќ, Анѓел Гудничанац, Анчел Шурковиќ, Алексо Петровиќ, Борис Галавиќ, Драган Костиќ, Димче Грбевиќ, Димко Ингилизовиќ, Диме Малиновиќ, Ѓошо Тасевиќ, Илија Камењаровиќ, Јован Миленковиќ, Јордан Маневиќ, Каме Саздовиќ, Климент Шољевиќ, Лазар Белешчевац, Милан Вељковиќ, Наум Чупчевиќ, Наце Камевиќ, Пано Леовиќ, Пано Ѓорѓевиќ, Ставре Коцевиќ, Славејко Најдовиќ, Трајче Калиновиќ, Тодор Каровиќ и др.)

[2] Ibid, ( ***Ковачи*** биле: Дурмиш Амед, Демир Усеин, Даут Исмаил, Ѓорѓе Козаревиќ, Емин Абаз Али, Зејнел Фета, Ивче Јордановиќ, Исмаил Сулиман, Исмаил Мемед, Јашар Абедин, Лазар Коцевиќ, Милан Диловиќ, Мустафа Асан, Муарем Али, Нури Исмаил, Осман Усеин, Пано Виничанац, Пано Маџаровиќ, Рамадан Асан, Рашид Мустафа, Силјан Филиповиќ, Силјан Димовиќ, Сокол Мицевиќ, Усеин Јашар, Цане Јордановиќ, Џемаил Ељез, Шабан Закир и др.; ***Лончари, односно ѓрнчари*** биле: Димче Давчевиќ, Атанас Прличковиќ, Андо Арсовиќ, Гиго Менкаџијевиќ, Диме Белиќ, Диме Црвеновиќ, Јован Арсиќ, Коста Ѓуския, Милан Качаровиќ, Петар Димовиќ, Ристо Гроздановиќ, Трајче Дртлијовиќ, Тодор Ракиџијевиќ и др.; ***Кујунџии*** биле: Манче Дановиќ, Пано Јовановиќ и Андреа Дановиќ; ***Механичари*** биле: Тодор Мајсторовиќ, Димитрие Мајсторовиќ, Абедин Усеини, Диме Димовиќ, Светомир Павловиќ, Стеван Симсаревиќ и Тоде Тодевиќ ; ***Бравари*** биле: Панта Маџаревиќ, Андреа Барбутовиќ, Коста Алексиќ, Аспар Палашевиќ и Михајло Мичиќ ; ***Казанџии*** биле: Богдан Јанчевиќ, Владо Банчевиќ и Диме Ангеловиќ; ***Железари*** биле: Ѓорѓи Козаревиќ, Јордан Сараулевиќ и Ивче Канзарџија ; Како ***сѿаклар*** се споменува само Методија Вановиќ; ***Клајџии*** биле: Трајче Цветковиќ, Борис Давчевиќ, Давче Трајковиќ, Диме Николиќ, Дичо Сердаровиќ, Никола Сердаровиќ, Пане Божиновиќ, Ристо Тодевиќ, Симон Цветковиќ, Тодор Скачинчанац, Тоде Давчевиќ и Тодор Сердаровиќ)

[3] Ib., (***Самарџии*** биле: Христо Костиќ, Диме Андреевиќ, Борис Тикваровиќ, Диме Ристовиќ, Ѓоша Тодевиќ, Ѓошо Брчковиќ, Илија Тикваровиќ Јован Медаровиќ, Јован Цековиќ, Кочо Ристовиќ, Левко Ѓорѓевиќ, Милан Камењаревиќ, Митре Трајковиќ, Манче Темелковиќ, Наце Пановиќ, Никола Андреевиќ и др. ; ***Сарачи*** биле : Асан Музрак, Асан Аџи Али, Арсо

тесно поврзани задоволувајќи ги истовремено потребите на добитокот. Сарачите, по кои и познатата Сарачка чаршија го добила и името, од кожа ја изработувале целосната опрема за коњите, додека самарџиите дрвените самари, меѓутоа и едниот и другиот занает се наоѓале на прагот од целосно свое исчезнување во градот.

Велес располагал и со 20 ќумурџии, 7 колари, 18 јажари, 14 мутавџии, 32 столари и тишлери, 8 табачари, 3 рогужари и 2 чешмаџии, кои се грижеле за маалските чешми и оние во приватна сопственост, како и за начинот на наплатата на потрошената вода.[1]

Градот располагал и со занает како пекарскиот или фурнаџискиот, преку кои се задоволувале секојдневните неопходни потреби на локалното население. Велешките фурни се наоѓале насекаде низ градот претставени од 33 фурнаџии.[2] Во нивната внатрешност неопходно било присуството на хигиенските услови. Според донесените одредби за пекарите, лебот поставен за продавање морал да се прекрие со чаршав заради заштита од разни инсекти и прашина.[3]

Вработените калфи, чираци или ученици задолжително требало да поседуваат лекарско уверение за нивната здравствена состојба, коса кратко потстрижена, секогаш чисти раце и кратки нокти, како и да имаат околу градите чиста бела престилка.

---

Палашевиќ, Асан Усеин, Али Еф. Садик, Али Мемед Аданани, Бејтула Осман, Јусуф Осман Теќе, Мемед Асан, Тафик Мемед, Усеин Мемед Аданани, Усеин Лиман и Усеин Исмаил.

[1] Ib., (***Ќумурџии*** биле: Јордан Шурковиќ, Андо Миовиќ, Алексо Дорчевиќ, Гиго Кочиџијевиќ, Диме Афузовиќ, Илија Дураковиќ, Јован Арсовиќ, Лазар Трајковиќ, Милан Андовиќ, Никуш Новоселски, Радомир Арсовиќ и др. ; ***Колари*** биле: Игне Јовановиќ, Петре Ќурчијевиќ, Диме Жабевиќ, Милан Петровиќ, Анѓел Медаровиќ, Диме Костадиновиќ и Петар Костадиновиќ; ***Јажари*** биле: Алексо Пешев, Коста Петровиќ, Милан Јордановиќ, Никола Крстиќ, Андреа Даличовиќ, Борис Папазовиќ, Милан Гравчанац и др.; ***Мутавџии*** биле: Димко Минајковиќ, Јанко Шоптрајанов, Андреа Манасковиќ, Диме Вукановиќ, Ѓорѓе Есенчевиќ, Ѓоша Мачавеловиќ, Илија Босилковиќ, Михајло Трајковиќ и др. ***; Столари и тишлери*** биле: Јован Абрашевиќ, Лазар Станковиќ, Диме Маџаревиќ, Васил Деминовиќ, Ѓорѓе Митковиќ, Илија Чушковиќ, Јордан Абрашевиќ, Лазар Ташковиќ, Мирче Хаџи Саздовиќ, Никола Панчевиќ, Милан Доцкиновиќ и др.; ***Табачари*** биле: Тодор Оцедовиќ, Али Оџа Имами, Амед Мемед, Али Усеин Сали, Абдураман Аџи Усеин, Адем Реџеп, Јашар Али и Јусуф Аџи Кариман; Како ***рогужари*** се споменуваат само: Јордан Несторовиќ, Коце Јордановиќ, Ристо Ѓуровиќ, Тодор Арсовиќ; Како чешмаџи се споменуваат Пано Салџијевиќ и Петар Анушевиќ.)

[2] Ib., (***Фурнаџии*** биле: Петре Врналијевиќ, Јован Пеневиќ, Пано Тевчевиќ, Илија Таневиќ, Диме Спасевиќ, Тоде Чангарлија, Андреа Васиљковиќ, Анѓел Миновиќ, Бошко Петрушевиќ, Владо Јордевиќ, Владо Мокревиќ, Димче Станиновиќ, Димче Чунчевиќ, Диме Чоревиќ, Ѓошо Прнаровиќ, Ѓорѓе Варналијевиќ, Тодор Коцевиќ, Трајко Климкаровиќ, Трајко Лазаревиќ и др.)

[3] Ib., к.2 , 9.3.2.117/495



*Стари велешки дуќани*



*Велешки дуќан*

Секојдневните потреби велешките граѓани ќе ги задоволуваат и преку 48 касапи,[1] чии дуќани во најголем број биле сместени во Сарачката чаршија и во близина на градскиот пазар. Касапите редовно требало да се грижат за големината на внатрешниот просторот, каде биле сместени тезгите, касапскиот трупец каде се сечело месото и големиот број на еден вид чингели на кои истото се закачувало.

Велешките касапи редовно соработувале со општинската кланица, место од каде месото можело да се изнесе само со одобрување на општинскиот ветеринар. Меѓутоа често можеле да се забележат луѓе кои околу пределот на градите и половината имале поставено месо, па така поминувајќи и надвикувајќи се низ велешките улици, живееле во надеж, дека токму тој ден ќе успеат да привлечат дел од велешаните во купувањето на понуденото месо.

Токму овде ќе ги спомeнеме и цреварите, чии работилници задолжително се наоѓале во близина на градската кланица, односно во близина на речните води, заради нивно неизбежно користење во обработката на цревата, по нивното транспортирање од кланицата. Во периодот меѓу двете светски војни градот забележал само тројца цревари: Ристо Машканин, Тоде Маџар, чии работилници се наоѓале на јужната страна од кланицата, и Владо Камишев, чија работилница се наоѓала во близина на манастирот, поточно спроти карпата Цуцка, во подножјето на ридот на кој се наоѓа црквата Св.Недела.[2]

Како познати занаетчии во градот меѓу двете светски војни ќе се издвојат и 32 млекари, 3 ќебапчии, 4 содаџии, 9 слаткари и алваџии, 44 леблебиџии, 6 пиљари, 17 бакали, 5 молери, 7 свирачи, 4 часовничари[3]- чии излози биле најдобро украсени во чаршијата, но

---

[1] Ib., к.3, 9.3.3.71/1-50 (***Касапи*** биле: Анче Бандиќ, Тоде Порецковиќ, Петар Алчевиќ, Петар Козаревиќ, Илија Тренковиќ, Никола Раштанац, Давче Трајковиќ, Андреа Мишевиќ, Андон Гајдовиќ, Анастас Кузевиќ, Алекса Змејковиќ, Борис Тоциновиќ, Диме Јовановиќ, Јаманди Алчевиќ, Коце Аврамовиќ, Пане Игновиќ, Шукри Емин и др.)

[2] П. Пановски, Грст ..., op.cit., 81

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.3, 9.3.71/1-50 (***Млекари*** биле: Ѓорѓе Дамјановиќ, Лазо Бачман, Илија Деловиќ, Јованчо Коцевиќ, Страше Васиљевиќ, Алексо Бабунски, Анѓел Гушковиќ, Глигор Таневиќ, Доксим Теофиловиќ, Диме Пачуковиќ, Ѓошо Влакченго, Изет Исмаил, Исмаил Ашик Усеин, Јован Мешковиќ, Тодор Ѓорѓијевиќ, Трипун Ивановиќ и др. ; ***Ќебапчии*** биле: Панче Мацановиќ, Трајко Арсовиќ и Трајко Маџаровиќ; ***Содаџии*** биле: Петар Стојановиќ, Анѓел Копандановиќ, Илија Варналијевиќ и Тодор Копандановиќ; Како ***слаткари и алваџии*** се споменуваат: Алексо Пациновиќ, Ѓорѓе Ценковиќ, Милан Палашевиќ, Милан Фирфовиќ, Амед Моарем Усеин, Амед Осман Али, Амза Амед Оџа, Илија Лајлушовиќ и Хавзи Трупа и др ; ***Леблебиџии*** биле: Осман Амед, Усеин Мемед, Павле Гелев, Асан Шаќир, Али Асан Умер, Аце Нашковиќ, Али Риза Вели Мемед, Али Мехмед, Абдула Елмаз, Вели Мустафа, Илија Гајдовиќ, Илија Лазовиќ, Ибраим Даут, Јашар Елез и др. ; ***Пиљари*** биле: Димче Чемеровиќ, Ѓорѓе Гајдовиќ, Алексо Гиговиќ,

нивните сопственици важеле за личности со посебна елеганција и лесна заработувачка. Часовничарите, во овој временски период, истовремено се занимавале и со оптичарскиот занает.

Доста интересни за градот биле и тогашните бербери кои ги имало 26 на број, сите припадници на машкиот пол.[1] Истите работеле многу, но заработувале мошне малку, не можејќи да ги исплатат понекогаш и даночните обврски кон општинската власт. Се грижеле за изгледот на целокупното граѓанство без разлика на полот и возраста. Меѓутоа, дел од берберите понекогаш знаеле да извршат и по некој стоматолошки зафат, односно извадат по некој заб.

Берберите и нивните помошници задолжително требало да поседуваат лекарско уверение за нивната здравствена состојба, поради се почестото присуство на заразните болести. Редовно биле облечени во бели мантили со кратко потсечени нокти и чисти раце пред секое потстрижување. Својот алат, составен од ножици, брич и бритви, најчесто го купувале од Скопје или други поголеми градови на српското кралство.[2] Истото го стерилизирале на еден начин преку чистењето со алкохол. Властите наложувале поседување и на посебен прибор за луѓето заразени од разни кожни болести како и за починатите, зашто се знаело дека берберите често вршеле и бричење во своите дуќани. Така во градот постоел и еден бербер, за кој се уште и се раскажува дека без него не можело да се погреба ниту еден мртовец, се додека семиот тој не го избричи и избања, начин со кој ја изразувал својата последна почит кон починатиот.Често знаел дури и да го остави дуќанот, работата и сите што биле во него присутни, за само да може да ја изврши својата должност.

Овој период ќе услови и појава на 26 воденичари,[3]чии воденици се наоѓаа на реката Вардар, Топлка и Бабуна. Тогашните воденици

---

Саздо Трајковиќ и Диме Јордевиќ ; ***Бакали*** биле: Игно Марковиќ, Али Амуш Вели, Лазар Нешовиќ, Јордан Бондиќ, Пано Карзаловиќ, Али Зејнеловиќ, Диме Тепевиќ, Јордан Андовиќ и др.;.***Молери*** биле: Абдул Усеин Пуза, Ѓошо Здравевиќ, Ѓорѓе Андреевиќ, Илија Бојаџијевиќ и Јордан Бојаџијевиќ; ***Свирачи*** биле: Али Емин, Асан Усеин, Ванчо Бочваровиќ, Ејваз Асан, Емин Исмаил, Исмаил Кариман и Јован Тончовиќ;***Часовничари*** биле; Илија Зографски, Тодор Зографски, Илија Варналијевиќ и Спиро Зограф.)

[1] Ibidem, (***Бербери*** биле: Анѓел Салџијевиќ, Коце Јовановиќ, Коста Тасковиќ, Петар Андовиќ, Мамуд Ибраим, Али Сабит, Анѓел Јанакијевиќ, Богдан Манасковиќ, Диме Подалешовиќ, Коце Јовановиќ, Малијд Ибраим, Петар Петровиќ и др.)

[2] Од разговорот со Игно Тасков од Велес на ден 18 октомври 2005 г.

2 ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941 к.3, 9.3.3.71/1-51 (Како ***Воденичари*** во градот се споменуваат: Алексо Хаџи Ристовиќ, Никола Манасковиќ, Анѓел Пендовиќ, Анѓел Јордановиќ, Диме Џуклевиќ, Јован Ќучуковиќ, Коце Аврамовиќ, Милан Бошковиќ, Милан Брашнаровиќ, Петар Апцевиќ, Ристо Краколев, Силјан Солевиќ, Сабит Вели Ефенди и др.)




*Воденици на р.Вардар кај маалото*
*Долни пат(Долни дуќани)*



*Маскарова воденица на р.Тополка*
*(воденица на Димче Маскаров)*

биле во вид на правоаголни згради со три или четири камења и со 1/3 до 1/5 се изградени на дрвени столбови над водата, додека останатиот дел се наоѓал над брегот.[1] Воденичарите задолжително морале да бидат секојдневно присутни, поминувајќи го најголемиот дел од својот живот токму овде меѓу малата воденица, природата која ја опкружувала, и луѓето кои постојано доаѓале за мелење на житото. Наплатувањето за мелењето на житото се вршело во натура, односно со одредено количество на брашно, кое воденичарите најчесто знаеле да го продадат и дополнително по нешто заработат.

Неизбежно речиси секој воденичар околу воденицата поседувал и мало парче земја, која во слободното време ја обработувал, надополнувајќи и олеснувајќи си го својот и животот на семејството. Посебна убавина на овие места, им давале овошните плодни дрва како смоквите, модрите сливите, кајсиите, крушите и сл., кои ги имало во изобилство.

Во градот, меѓу двете светски војни, ќе работат и познатите фотографи Дамаскин Манушев, кој имал свое ателје на главната улица и Тоде Боцев на кого ќе му помага неговата сопруга Нада Боцева, за која се врзува и една до денес позната анегдота. Во овој временски период фотографирањето на погребите било нормална појава. Па така за време на еден таков чин, на собраното семејство околу починатиот, кое требало да се фотографира Нада ненамерно му извикнала: "Мали осмех!Слика Нада Боцева."

Фотографско студио на Боцеви се наоѓало во нивниот дом, во непосредна близина на основното училиште Св.Кирил и Методиј. Овие професионални фотографи ќе успеат да остават еден вечен спомен за многу генерации и начинот на нивното егзистирање, надополнето со многу влијанија и промени, токму во овој период. Не постоел излет, празник или било каков друг повод без фотографско одбележување, кое најчесто било групно, нешто што покажува дека овие генерации гледале едно огромно задоволство во овековечувањето на дел од моментите од своето секојденевие. Тогашното фотографирање се вршело на стаклени плочи премачкани со тенок слој од сребро бромид или друг сребро халогенид, црно бела техника и големина на дописна картичка.[2] Веќе кон крајот на четириесеттите години се појавиле мали фотоапарати.

---

[1] П. Пановски, Грст ... , op.cit. , 90

[2] Ibidem , 14

Како еден значаен економски центар, во Велес неизбежно постоел и пајтонџискиот занает, чии претставници биле во доста голем број.[1] Велешкиот пајтонџија со своите шарени пајтони и коњски запреги со ѕвонци и прапорци и со везени амови за коњите, можел да се сретне насекаде, без разлика на временските услови, меѓутоа редовно како дежурни ги имало по четворица на железничката станица, на плоштадот Сармаале и на јужниот дел од главната улица во близина на градскиот саат.[2] Никогаш не смееле да бидат поставени сред улица или пред видните занаетчиски и трговски дуќани. После завршувањето на работното време пајтонџиите биле обврзани своите пајтони да ги остават на определеното за нив место, каде биле наредени едни покрај други.

Своите пајтони биле задолжени секогаш исправно да ги одржуваат. На видно место од пајтонот секогаш се наоѓале: прикачената табла на која биле испишани цените за понудените услуги кои никогаш на требало да ги надминуваат оние кои со закон се одредувале од власта, трубата со гума во вид на круша со чие притиснување се испуштал силен звук и фенерот кој го употребувале во вечерните часови.

За време на извршувањето на својата должност пајтонџиите морале пристојно да бидат облечени, секогаш со капа на главата на која имало соодветен број кој истовремено бил испишан на пајтонот. Се користеле за пренесување на стока за трговците, патници, меѓутоа и за разни поводи како испраќањето на воените обврзници, кои заедно со другарите и другарките, испоседнати во пајтоните долго се возеле низ градот, пеејќи и привлекувајќи го вниманието на љубопитните велешани, меѓутоа не постоела ниту свадба без присуството на барем еден пајтон. Пајтонџиите се ангажирале и за свое лично задоволство. Велешаните се уште се сеќаваат на познатиот фурнаџија Илија Танев, познат како Илија Мајката кој често знаел, од својата фурна која се наоѓала кај денешната пошта, дури со шест пајтони, во секој ставајќи по нешто од своите лични работи како паларијата, палтото, бастунот и сл., придружуван од чалгиите и своите другари, да се врати во својата куќа во маалото Дворови каде го пречекувала неговата сопруга Пандора, придружувајќи се на тоа задоволство кое нејзиниот сопруг си го дозволил.[3]

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина велешка 1918-1941, к.3 , 9.3.3.71/1-48

[2] П. Пановски, Грст ... , op.cit.. , 71

[3] Според кажувањата на Благојка Танева Јованова од Велес



*Велешки пајтонџија*



*Петре Прличко на пајтон*

Меѓу сите овие многубројни занаети, како еден од најстарите и тогаш просперитетните, најдолго се одржал грнчарскиот. Развојот на грнчарството во Велес ќе биде условено од изобилието на основниот потрбен материјал-глината во негова непосредна близина. Велешките грнчари групно оделе на овие места од каде се ископувала и товарала на магариња. Една од главните одлики на оваа глина е нејзината црвена боја која грнчарскиот производ ја добива после излегувањето од печката. Покрај тоа и чуваната вода во овие садови подолго го задржува пријатниот вкус.

Од грнчарството во Велес живееле 20 семејства на мајстори грнчари со своја работилница, потоа голем број на поситни грнчарски работници, но и еден дел од трговците кои грнчарските производи ги продавале во разни градови и панаѓури, истовремено популаризирајќи го како занаетот така и градот.

Грнчарите ги произведувале сите потребни предмети за во домаќинството, задоволувајќи ги потребите како во градот така и во селските подрачја, како: разни видови на грнија, бардачиња, тави, тенџериња, глинени претмети за чување на вино и ракија итн. Поголем дел од грнчарите работеле во своите домови, каде се наоѓала нивната соодветна работилница и печката каде се печеле готовите производи. Финалниот производ се сушел на отворените чардаци. Изработката ни најмалку не била лесна. Грнчарот по донесувањето на глината морал да ја изгази лепливата глина, со денови и ноќи истата обликува, а потоа долго ќе ги изложува своите очи и раце пред премногу жешката грнчарска печка, од која последиците секогаш се забележувале.

Во работата биле ангажирани сите членови од овој вид на семејства. Имено секој помагал на свој начин, независно дали се работело за ископувањето и транспортот на потрбниот материјал, производството како и продажбата на готовите производи. Истата се извршувала директно од домовите, на пазарите или пак во изнајмени дуќани за време на празниците. Претежно и во најголем број грнчарите можеле да се сретнат кај тогашниот безистен кој се наоѓал од левата страна на Вардар во непосредна близина на Гимназијата, место каде можеле да се купат најквалитетните грнчарки изработки.

Велес веќе рековме дека ќе познава голем број на грнчарски семејства меѓу кои се споменуваат: Менкациеви, Ракициеви, Солеви, Пуздерови, Свалканови, Аризанови и др., меѓутоа од сите нив само едно најмногу ќе успее. Тоа е семејството Левкови кое овој занает го вброи дури меѓу редот на индустриските гранки.



*Велешки ӣрнчари*



*Грнчарски ӣроизводи ӣред Безисӣенотӣ во Велес*

Ова семејство веќе пет стотини години се занимавало со грнчарскиот занает. Еден архивски документ токму за поврзаноста на грнчарскиот занает со ова семејство, односно за неговите почетоците, ни ги дава следниве податоци: "Пред повеќе од пет века, во велешкото село Бањица живеел селскиот грнчар Неделко, првиот грнчар за кого се знае од семејството Левкови. Неговиот син Митко исто така грнчар се доселува во Велес каде продолжил да се занимава со наследниот занает, кој понатаму ќе го продолжат неговиот син Левко, по кого и семејството ќе го добие своето презиме, внукот Нетко и правнукот Јане. Синот на Јане, познатиот Тодор Левков е последниот грнчар од ова семејство."[1] Посветувајќи се на грубата грнчарија, Тодор во 1890 г. ќе отвори и грнчарско-занаетчиска работилница, која како таква ќе работи се до 1921 г. кога ќе се трансформира во индустриско претпријатие, познато како фирмата на Тодор Левковиќ и Синовите.[2]

Всушност се додека покрај Велес не поминувала железничката пруга, грнчарскиот занает бил еден од најпознатите. Меѓутоа наместо железницата да му помогне на овој занает, како што се очекувало, таа го постигнала спротивното дејство. Наместо велешките грнчарски производи да се разнесуваат што подалеку, железницата допринела за донесувањето на стаклото и порцеланот, појавувајќи се како најголеми конкуренти на грнчаријата. Еден дел од овие занаетчии, денес стари велешани, со кои имав можност да се сретнам и поразговарам за нивното време, рекоа дека овој занает им овозможувал се уште една добра заработувачка, со која сигурно без колебање и страв ќе ги поминат деновите во месецот.

Градот надалеку ќе биде познат по еден исто така стар занает, шарланганџискиот, чии претставници се занимаваа со преработка на афионово и сусамово семе, од кое добиваат шарлаган и таан. После воспоставувањето на српскиот режим во градот ќе опстанат само мал број на шарлаганџии, број кој уште повеќе ќе се намалува така што според податоците на Мил. С.Филиповиќ веќе во 1928 г., Велес познавал само уште еден вистински занаетчија, Гиго Аргировиќ, единствениот кој го почитувал традиционалниот начин на производство, додека останатите веќе преминале кон

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф.Мемоарски сеќавања, несреден фонд

[2] Ibidem, (После 8-месечен престој во Дрезден, каде бил запишан во едно керамичко училиште, Алексо Левков, целосно се посветил на изработката на фината керамика, која до 1918 г. ја пласирал во поголем дел од македонските градови, Албанија, Турција и Грција, односно во границите на српското кралство по 1918 г.Своите производи ќе ги изложува и на многу саеми и изложби, на кои дури и со 3 златни медали и 4 почесни дипломи.Непосредно потоа ќе премине на машинското производство.)

машинското, односно индустриско производство на шарлаганот, со што допринеле за уништување и пропаѓање на шарлаганџиството како еден од занаетите.[1]

Неговата шарлаганџилница се наоѓала во непосредна близина на житниот пазар, во која како и во секоја друга, неизбежни делови биле амбарите, фурната, казаните и менгемето или пресата, како и бурињата, односно садовите за шарлаганот и бунарот. До работилницата неизбежен бил магацинот каде се чувале дрвата, целокупниот алат, кантите со масло, кошевите и сл.

Овој занает бил непосредно поврзан со столарскиот, затоа што преку него се доаѓало до сите справи потребни на шарлаганџиите. Истите своите производи ги продавале по пазарите, во магацините каде се купувало на големо, и дуќаните каде секој можел да купи колку што сака, најчесто мерено и продавано со чаша.

Со преработката занаетчиите започнуваат во август, процес кој траел се до Велигден.[2] Овој процес покрај мајстор, барал неизбежно присуство на неколку, односно најмалку четворица помошници, меѓу кои ајлакчии, казанџии, пешереци или пишереци, бељачи и солачи, како и кираџии.[3] Се земале по потреба и плаќале на дневница. Работно време понекогаш и не постоело, зашто се знаело да се работи од утро до мрак дури и по неколку дена без престанување на процесот, во неколку смени, меѓутоа доста чести биле шегите, односно меѓусебното дружење така што се заборавало на монотонијата и депресијата која можела да се појави меѓу вработените.

Најголемиот дел од занаетчиите беа сконцентрирани во главната улица, меѓутоа и во познатата Сарачка чаршија и околу пазариштето. Наредени едни до други дуќаните и давале посебен изглед на чаршијата. Повеќето претежно се мали и тесни, со земјени подови, повеќе прозорци и неизбежно дрвени или лимени

---

[1] Миленко С. Филиповиќ, Шарлаганџије у Велесу, во: Гласник Скоског научног друштва, 284

[2] Ibidem, 285, (Покрај главниот производ шарлаган, се добивало бел и црн таан, излупен сусам кои им се продавале на алваџиите за подготвување на таан алва и сусамчиња и фурнаџиите во подготвувањето на гевреците, како и ќоспе кое се продава како храна за стоката.)

[3] Ibid, 286 , (***Ајлакчијата*** е почетник во овој занает работејќи каде што би имало потреба, како сеење и мерење на семето, продадените и донесените производи и сл., така што дури по 2-3 години можел да стане казанџија.Во текот на 1928 г. биле плаќани по околу 30 дин. дневно.***Казанџиите*** пак го вареле таанот се додека не пуштел масло, процес кој бил доста тежок затоа што таанот бил доста густ.Нивната дневница достигнувала и до 45 дин.***Пешереците*** биле најстарите, најдобро платените работници и еднакви на мајсторот така што дел од нив кои поседувале доволно финансиски средства можеле и да отворат своја занаетчиска работилница.***Бељачите*** го лупеле, додека солачите миеле и чистеле сусамовото семе.Понекогаш се имало потреба од кираџии кои со магариња ги носеле вреќите со сусам за мелење до водениците од каде го враќале како таан.)

ќепенци, заради заштита.[1] Ќепенците се широки и во текот на работното време се подигнуваат за да можат да дојдат до израз сите производи со кои располагаат. Согледувајќи дека занаетот не може да ги одржи во живот, занаетчиите честопати знаеле пред своите дуќани да го изложат својот плен за време на риболовот или ловот, како разни видови на риби, видри, крзна од диви животни итн.

Над занаетчиските дуќани пак, имало долги стреи, под кои пак било испишано името на дуќанот и занаетчијата. Поголем дел од дуќаните биле во општинска сопственост или пак во рацете на поимотните преставници во градот, кои им ги издавале на занаетчиите, наложувајќи им огромни кирии во однос на она што го заработувале. Така на пр. за дуќаните кои се наоѓале на Сармаале во близина на Јаворот, односно на улицата Крал Петар, се на платувала кирија од 6 000 дин. годишно.

Поголемите дуќани на главната улица, односно во нејзиниот јужен дел, секогаш се наоѓале под големите и модерни куќи.Меѓу нив со посебна убавина се издвојувале куќата со деликатесот на Ѓоргови, големата мануфактурна продавница, односно штофара на Шукареви и колонијалот на Попандови.

По воспоставувањето на српската власт истата преку судот на велешката општина, ќе спроведе одредени законски правила, од кои дел ќе се однесуваат и на занаетчиите.[2] Според нив се забранувал било какво нарушување на редот и мирот меѓу занаетчиите. За сите дуќани имало одредено работно време кое требало целосно да се почитува. Во истите хигиената била неизбежна како во внатрешноста така и во просторот оклу нив, на самата улица каде секое утро треба да се собере ѓубрето во соодветна канта изнесена на самата улица која потоа ја превземал градскиот општински чистач. Сите предмети како на пример клупите, масите и столчињата, од страна на занаетчиите, според овие правила требало два пати во неделата да се мијат со врела вода.

Дуќан можел да поседува или гради само личност која имала граѓанско право, како член на општината, од која требало да добие соодветно одобрување по поднесената молба. Пред секој од занаетчиските дуќани, нивните поседници морало да обезбедат и соодветно осветлување, преку цела ноќ, со помош на фенери или електрични ламби.

---

[1] Јован Ф.Трифуновиќ,Македонска градска насеља, Београд 1947 , 21

[2] Ibidem, фонд Општина Велешка 1918-1941. к.2 , 9.3.2.117/488-499



*Стари велешки занаетчии*



*Дел од занаетчиските дуќани во Велес*

Поголемиот дел од овие пишани закони занаетчиите ги почитувале, меѓутоа секогаш постоеле и одредени законски прописи од кои и отстапувале и покрај тоа што биле предвидени одредени казни како затвор до 20 дена или парична казна од 10 до 150 динари.

Меѓутоа за занаетчиите постоеле и моменти кога меѓусебно се дружеле независно од верската припадност, затоа што имаше многу дуќани на Турци и Цигани. Во тој период заемното почитување било доста изразено, така што дури секој македонски еснаф познавајќи го турскиот јазик доста добро, речиси секогаш на големо задоволство на муслиманите им се обраќале со него, како и обратно. Овие занаетчии ќе ги обединува, сиромаштијата, секојдневниот живот, но и борбата од надворешната конкуренција.

Самата близина на дуќаните им овозможувала на занаетчиите во времето кога не работат, да се соберат и поразговараат. Во чаршијата доста честа била сликата на нивните седенки и слатки разговори, пред дуќаните или блиските кафеани и пиејќи кафе, ракија или летно време ладна боза купена од уличните продавачи, вбројувајќи се така во непосредните сведоци на се она што се случува во чаршијата.

Овие луѓе своето секојдневие, знаеле да го збогатат и со многу меѓусебни натпревари, како на пр. во јадење на пити пастрмајлии, лубеници, пиење боза и тн.

Велешките занаетчии ќе бидат познати и како добри шегаџии, така што поголемиот дел од нив ќе имаат и свои прекари. Имено повеќето нивни прекари и презимиња се добивале според дејноста која ја извршувале, по потеклото и името на нивниот татко.

Шегите најчесто се правеле со селаните, кои на пример знаеле да се фотографираат во кројачки дуќан каде му била земана мерка за фотографијата, да се избричат со истапен брич, да им се земе мерка за опинците или чизмите со метро и истите направат од материјал кој веднаш ќе им се искине или одлепи, да им се продадат многу поскапи работи, да се надитри некој со веќе претходно направен договор и сл. Меѓутоа доста чести биле и шегувањата со чираците во самите дуќани од страна на мајсторите. Шегите едноставно биле духовна храна на еснафите. Никој од занаетчиите во тие моменти немал право да ги заштити оние до кои биле наменети шегите, во спротивно следувало исклучување од еснафот, односно од меѓусебното нивно дружење и помагање. Нивниот живот, во тој временски период единствено преку овие задоволства, нивна стара навика, добивал една смисла која ја исполнувала

страдната занаетчиска душа. Односно тоа биле моменти кога можеле слатко да се изнасмеат, меѓутоа понекогаш се знаело и да се поминат границите, така што исмејаните дури ќе се најдат во состојба на видно оштетување или понижување.

Во Сарачката чаршија ретко која велешанка, од сплетот на сите тие занаетчии, да се осуди да помине или пак влезе во некој од тие дуќани. Доколку некоја поминела не постоел занаетчија кој не ќе запеел или довикнел нешто, истакнувајќи ги нејзините позитивни или негативни карактеристики. Токму во оваа средина знаела да се роди и младешката љубов. Имено во чаршијата, покрај дуќаните и кафеаните, занаетчиите, односно, мајсторите, калфите, чираците, но и сите случјни посетители, најчесто можеле да ја видат својата љубена велешанка, разменат слободно по некој срамежлив поглед и така сосема едноставно да искомуницираат и потврдат заемното чувство. Така и ќе се родат многу народни песни испеани и потикнати од случувањата во чаршијата и меѓу занаетчиската средина.

Посебно привлечни за занаетчиите со својата мистериозност, водени од чувството за задоволување на својата љубопитност биле муслиманските жени и девојки. Завиткани во црни зарови и прекриени со познатото црно фереџе на лицето несомнено го побудувале интересот на дел од занаетчиите да ја видат таа прикриена убавина и белина за која долго се раскажувало. "За да ја задоволат таа желба и да влезат во бајките, калфите измислија една лоша игра. Во соработка со чираците полнеле празни кутии од цигари со исушен коњски измет, ги затворале и лепеле со чириш, расфрлајќи ги на улицата пред дуќаните во моментите кога поминувале овие припаднички на женскиот пол. Минувајќи некоја мома или жена, ќе го подигнеше фереџето и се наведнуваше, за да си го земе најденото "пакло Тутун" и токму тогаш ќе го видеа белото лице, задоволувајќи ја својата љубопитност."[1]

Секој занаетчиски еснаф имал свој духовен, црковен заштитник, така што секоја година еснафите што е можно подобро и побогато ја дочекувале својата слава. Така касапите го славеле Св.Арангел, шарлаганџиите и кондураџиите Св.Спиридон, Василица - ковачите, лимарите и браварите, односно сите оние кои се занимавале со метал, потоа Св.Трипун лозарите, меанџиите, баштованџиите итн. Токму за тој ден, занаетчиите кои славеле претходно собирале пари наменети за подигнување и светење на лебче, панагија, во некоја од

---

[1] П. Пановски, Грст ... , op.cit. , 39

велешките цркви или манастирот, односно онаму каде била поставена иконата на нивниот светец присуствувајќи на свечената црковна богослужба, а потоа во текот на целиот ден заедно се веселеле знаејќи и да запеат, придружувани од велешката чалгија и заиграат по некое македонско оро.

Поголемиот дел од велешките занаетчии не можеа да егзистираат само од остварувањето преку својот занает. Затоа и биле принудени да се занимаваат напоредно со земјоделство, односно обработуваат своја сопствена земја или работат како наемни работници по туѓите ниви и полиња, претежно летно време кога и условите го дозволувале тоа, за да можат успешно да опстанат во годишниот периодот кој следува.

И во тоа тешко време кога едвај овие велешки занаетчии успеваа да опстанат, борејќи се со суровостите што ги носеше за нив истото, знаеја како да преживеат, пронаоѓајќи некое свое задоволство во сето она секојдневие кое ги опкружуваше, посебно во меѓусебното дружење преку кое и всушност останаа вистински традиционални велешки, макендински занаетчии. Секој од овие велешки занаетчии, ќе се обиде со сите средства да опстане како добар занаетчија. Од тогаш останала и познатата мисла на Тодор Патлиџанков: Добар занаетчија е оној кој има храброст да си го стави јажето околу вратот.[1] Нивното време се раскажува и денес, оставајќи некои траги кај оние малку занаетчии што останаа во градот, затоа што после периодот меѓу двете светски војни, велешкото занаетчиство ќе биде осудено на масовно пропаѓање и исчезнување, процес предизвикан од се поинтензивното навлегување на готовите индустриски производи кои доста добро ги заменуваа велешките занаетчиски. Истите ќе останат како една видлива трага само по старите велешки куќи каде единствено и можат да се сретнат и видат изработките на далеку познатите велешки занаетчии.

Меѓутоа, сите овие различни слоеви, трговци, индустријалци, работници и занаетчии, на некој начин меѓусебно се поврзани со секојдневието на градот, делејќи ги заеднички сите позитивни и негативни настани. Независно од тоа каде и кому му припаѓаат, дали на интелектуалците, трговците и индустријалците, работниците или занаетчиите, сите тие се само дел од велешките граѓани кои постојано ќе бидат сведоци на едно секојдневие кое ќе биде исполнето, како со добри спомени оставени од обединувачката

[1] Од разговорот со Јован Босотов од Велес

улога во многубројните културно-просветни и спортски друштва, преку кои ќе имаат можност заеднички да се дружат, организираат концерти, претстави, повечеринки матинеа, излети, екскурзии и сл., така и со спомените побудени од постојаните разни забрани, ограбувања, заплашувања, затворања, силувања, малтретирања, убивања, предизвикани од српската режимска власт.

## 4.Друштвата во кои граѓаните се организираат и членуваат независно од својата имотна состојба

Независно од својата имотна состојба целокупното граѓанство во Велес беше истовремено поврзано преку тогаш организираните друштва, кои на еден начи вршеа улога и на нивно меѓусебно обединување, особено во оние формирани од режимската власт. Во градот во периодот меѓу двете светски војни постоеја повеќе друштва со различен карактер, кој ќе го одбележат на свој начин тогашното секојдневие.

Едно од тие друштва било и Ловциското здружение на велешките граѓани, кое од самиот почеток располагало со своја управа. Веднаш по самото основање, ова друштво презентирало доста успешна и плодна дејност во однос на унапредувањето на ловот и заштитата на дивите животни. Така во 1934 г. тогашната управа овозможила збогатување на велешките шумски предели со 25 фазани, кои ќе овозможат нивно распространување во целиот велешки регион. Друштвото имало повеќе цели меѓу кои најзначајни биле: заштита и размножување на дивечот, строго казнување за секој оној кој ќе биде пријавен заради недозволено, илегално ловење, уредување на ловечкото стрелиште, подигнување на ловечки дом, забрана на ловот во текот на размножувањето на дивечот и сл.[1] Членовите потекнувале од различни бранши, што значи немало никакво ограничување зависно од слојот на кој тие му припаѓаат и истите имале можност, преку специјално издадени легитимни книшки, само три пати во неделата да да се занимаваат со оваа дејност.[2] Меѓутоа сите оние што поседувале ловциски кучиња, задолжително за нив морале да имаат ланци со соодветни броеви добиени од Општината, зашто во спротивно следувала казна за сопстнениците на кучињата и убивање на истите.

Секој од членовите на друштвото, за својата ловциска привилегија задилжително биле обврзан да плаќаат извесни парични суми како членарина, наменета главно за потребите на ловциите пред се за нивно стекнување со ловцискиот дом. Редовно секоја година ова ловциско друштво одржувало годишни собранија на кои главно се прикажувале дотогашните достигнувања и остварувања на предвидените цели, како и бирање на нова управа.

---

[1] В."Вардар"

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф.Мемоарски сеќавања, несреден фонд

Трговско-индустриската комора во градот била иницијатор за основање на угостителско друштво во градот.[1] Член на ова друштво можел да биде секој припадник на погореспоменатата комора, избирајќи своја управа во која имало и правни лица, заради регулирање на сите правни работи наменети за припадниците на друштвото. Истата управа редовно одржувала годишни собири, со цел да се овозможи преглед на дотогашните нивни залагања.

Велешани ќе се забележат како доста активни и во стрелачкиот спорт. Во 1930 г. во градот ќе се формира Велешкиот Сојуз на Стрелачката Дружина, која пак само по три години точно на 7 мај на свечен начин, во присуство на повеќе од 500 граѓани, меѓу кои и тогаш највидните, како народниот пратеник Аксентијевиќ, Никола Цураковиќ, претседател на општината со целокупното чиновништво. Пред сите овие насобрани граѓани, претседателот на дружината Радисав Лазаревиќ, капетан прва класа, ќе го одбележи отворањето на стрелиштето со локација на Којник, во самата близина на градот.[2]

Велешкото стрелиште, било задолжително отворено секоја недела. Често се одржувале натпревари на кои учествувале сите граѓани без разлика на својата професија (чиновници, офицери, занаетчии, индустријалци итн.), кои за своите постигнати резултати биле и наградувани.[3] Стрелачката дружина во градот добивала огнено оружје, односно пушки според бројот на нивните членови. Имено на секои 14-15 члена се добивало по 1 пушка или најмногу 10 пушки и 10 000 меткови, додека пак оние во селата се стекнувале само со 2 пушки и 2 000 меткови.[4]

Како Велес така и дел од селата во наговиот атар, имале организирано свои стрелачки дружини. Доста позната била стрелачката дружина од селото Извор. Во ова село на иницијатива на тогашниот учител Момир Јовановиќ, било одржано основачкото собрание на стрелачката дружина, на кое истовремено бил избран и првиот управен одбор во состав Блажо Никодиновиќ како претседател, Момир Јовановиќ потпретседател, Мишко Мирчевиќ

---

[1] В."Вардар"

[2] Ibidem

[3] Познати велешки стрелци биле: Радисав Лазаревиќ-кап. 1 класа, Киро Соколовиќ-ковач, Милорад Томашевиќ-чиновник, Милан Пајтонџиев-бравар, Ѓуро Табура-тех. чиновник, Драгутин Алексиќ-учител, Темо Тодоровиќ-кмет, Тодор Зафировиќ-командир на градската стража, Никола Гајдовиќ-машинист, Димитрие Сребровиќ-баштованџија, Никола Ѓорѓовиќ-трговец, Никола Ќурчиев-чиновник, Ѓуро Ракиџиевиќ-бравар, Анѓел Карпузовиќ- десетар на градската стража, Коста Алексиќ-ковач, Ѓошо Органџиев-индустријалец и др.

[4] ДАРМ, ПО Велес, ф.Команда на Велешкиот воен округ 1921-1941, несреден фонд

572

# Списак

Хуманих, културних и спортских удружења у Велесу, састављен према распису Начелника Среза Велешког Бр. 20188 од 8 X 1931 г.

| Ред. број | Назив Друштва | Адреса | Примедба |
|---|---|---|---|
| 1 | Народна Одбрана | Велес | 112 (~~140~~) чланова |
| 2 | Соколско Друштво | -"- | 190 -"- |
| 3 | Пододбор Кола Српских сестара | -"- | 70 -"- |
| 4 | -"- Удруж. резер. офиц. и рат. | -"- | 100 -"- |
| 5 | -"- -"- ратн. инвалида | -"- | 182 -"- |
| 6 | Јадранска стража | -"- | 688 -"- |
| 7 | Пододбор Књегиње Зорке | -"- | 50 -"- |
| 8 | Велешка Народна Књижн. и Читаон. | -"- | 394 -"- |
| 9 | Спорт-клуб „Горски" | -"- | 80 -"- |
| 10 | Насушни Хлеб, за [illegible] сироч. | -"- | 44 -"- |
| 11 | Спортски клуб „Победа" | -"- | 45 -"- |
| 12 | -"- -"- „Слога" | -"- | 60 -"- |
| 13 | -"- -"- „Занатлијски" | -"- | 40 -"- |
| 14 | -"- -"- „Хајдук" | -"- | 32 -"- |
| 15 | Певачко Друштво „Јека са Вардара" | -"- | 100 -"- |
| 16 | Спортски Клуб „Будућност" | -"- | 30 -"- |
| 17 | Друштво за улепшав. Велес | -"- | 40 -"- |
| 18 | Стрељачка Дружина | -"- | |
| 19 | Пододбор Црвеног Крста | -"- | |
| 20 | Месна Пољопр. Задруга за пољ. кредит | -"- | |
| 21 | Аграрна Заједница | -"- | |
| 22 | Котевски фонд Општине Велешке | -"- | |

Околиска историска архива Титов Велес

К бр. 17381

Оверава

15 Октоб. 1931 г.
Велес.

Деловођа, [illegible]

Претседник суда

Список на културните и спортски друштва во Велес во 1931 г.

секретар, Русе Блажевиќ благајник и уште тројца други членови. Оваа стелачка дружина имала и свој надзорен одбор.

Со овој "витешки спорт" во текот на триесетите години имале можност да се занимаваат и селаните од селото Оморани. Од самото основање, друштвото околу себе имало повеќе од 40 членови и свој управен одбор, кој го сочинувале учителот Будимир Ѓоковиќ како претседател, Никола Темелковиќ- потпредседател, Драгољуб Ѓорѓевиќ секретар и Василие Анастасијевиќ- благајник.[1]

Стрелачка дружина ќе има организирано и селото Сојаклари, која од почетокот на своето основање околу себе ќе привлече повеќе од 40 членови, претежно од редовите на младината. На местото определено за сртелиште редовно и доста често се организирале натпревари во стрелање, помеѓу самите припадници на оваа дружина.

Сите овие дружини задолжително се обраќале до управата на Стрелачката дружина во Велес, доставувајќи ја својата целокупна административна документација, барањата и молбите кои ги имале, како и собраните финансиски средства од членските влогови, од кои управата задржувала одреден процент.[2] Ниту едно од новоорганизираните стрелачки дружини не можела да биде примена во сојузот, се додека не ги задоволела потполно наметнатите членски влогови.

Благодарение на својата местоположба и близина на повеќето природни места како: Виларови Бавчи, Бабуна, Црна Камен, Сари Карпа, Дурутовец, Гроот, Пешти[3] и др., Велес во периодот меѓу двете светски војни, располагал и со посебни услови за развојот на планинарството[4], односно услови за развој и на свое Планинарско друштво, формирано на иницијатива на Кочо Рацин и Костадин Ванов, во кое се зачлениле многу скоевци, граѓани, ученици и младинци. Друштвото целосно се посветило во организирањето на излети и екскурзии по селата, манастирите и околината на Велес, особено за мајските празнувања за што сведочат и многубројните зачувани фотографии. Водело сметка за манастирските празници и слави. За одбележување се екскурзиите во Стоби, Чичевскиот манастир, на врвот на Клепа, во с.Војница и Ораовец, каде истовремено се одржувале состаноци со членовите на Партијата;

---

[1] В."Вардар"

[2] ДАРМ, ПО Велес , ф.Команда на Велешкиот воен округ 1921-1941), несреден фонд

[3] Ова природно место, на велешани претставувало не само можност за ниско планинарење, таку и можност за развој на пештерништвото и алпинизмот.

[4] Перо Алексовски, Развој на планинарството во Титов Велес и Јакупица, Титов Велес 1986, 10

потоа во Сопот, а речиси секоја недела се собирале недалеку од Велес, кај пештерите на Црн Камен, ливадите на Башино Село и сл., искористувајќи се за агитациона пропагандна дејност меѓу сите претставници во градот.[1] Доста чести биле и посетите на Јакупица и најзиниот врв, од припадниците на поимотните велешки семејства, наменета за групно или индивидуално неорганизирано планинарење.[2]

Познат член на планинарското друштво бил Киро Анѓелов. Имено како 16 годишно момче, заедно со уште неколкумина велешани, се искачил на Солунска глава, највисокиот врв во Средна Македонија, како и на многу други планински масиви.[3] Три години подоцна станал член и на скопското планинарско друштво "Југ".

Велес располагал и со свои хуманитарни друштва главно организирани на иницијатива на режимската власт, мислејќи дека на тој начин полесно ќе можат да продрат до велешкото, македонско население очекувајќи истото целосно да се помири со својата наметна судбина и прифати на мирен начин како своја.

Свој претставнички центар во градот ќе има и познатото кралско, владино друштво "Јадранска стража". Неговата главна цел се состоела во остварување на позитивна културно-просветна дејност, како меѓу младината така и меѓу повозрасното граѓанство. Како такво доста голема активност ќе покаже во редовите на основното и средното образование, остварувајќи повеќе хуманитарни акции, како помош за сиромашните граѓани, сакајќи да се прикаже како една институција која се грижи и мисли на нив и нивната иднина. Позната е иницијативата на ова друштво за реализирање на екскурзија до Јадранското море, за која цел имало испратено и молба до Министерството за сообраќај, од кое се барало одобрување на бесплатно патување со воз на 200 граѓани, како и до "Јадранска пловидба" за добивање на попуст за патувањето од Дубровник до Сушак.

Едно од тие хуманитарни друштва, иницијатива на државната власт, било и друштвото "Насушни хлеб", наменето за помагање на сиромашните семејства во градот, посебно во зимскиот период, во

---

[1] Архив на ИНИ, ф.Главен Генералштаб, XXXVI/8 реден број 777, 92-100

[2] Перо Алексовски, Развојот на ..., op.cit., 13

[3] В."Вардарски глас"




*Претставници на друштвото "Јадранска стража" во Велес*

соработка со општинската власт.[1] Во текот на 1931 г. ова друштво забележало 44 членови.[2]

Покрај погореспоменатите друштва, според архивските документи од 1931 г., Велес располагал и со други друштва и организации како: "Народна одбрана" со 112 членови, "Здружение на военците офицери и војници" со 100 членови, "Друштво за разубавување на Велес" со 40 членови, "Пододбор на црвениот крст" и сл.[3] Од управата на сите овие друштва, српската власт барала задолжително водење на прецизни статистички податоци, пред се заради целосно контролирање на нивните секојдневни активности.

Меѓутоа и покрај обидите на оваа власт, преку тогаш формираните хуманитарни, културно-просветни и спортски друштва, да ја наметне полесно асимилаторската и денационализаторската власт, никогаш нема да успее. Велешани во овие друштва гледале и можности за свое пропагандно делување и наметнување на напредните идеи меѓу своите сограѓани, карактеристико кои ќе допринесат за нивното полесно и поблиско обединување. Сепак, донекаде може да се рече дека имале и позитивен карактер затоа што истите без разлика на амбициите на режимската власт, постигнале одредени резултати во своето поле на делување, нешто што не може да се негира и оспори благодарение на тогашната млада, премногу амбициозна велешка генерација, водена и инспирирана од времето во кое егзистираше.

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина Велешка 1918-1941, к.2, 9.3..2.132/553
[2] Ibidem, 9.3.2.135/571-572
[3] Ibid

## III.Културно-просветните прилики во Велес меѓу двете светски војни

### 1Основното и гимназиско образование

### 1.1 Основно образование

Воспоставувањето на српската окупаторска власт, означува почеток на спроведување на асимилаторска, денационализаторска и колонизаторска политика, преку доменот на културно-просветниот живот на македонскиот народ.

Свесна дека се наоѓа на територија со вековна историја, српската власт ќе се обиде преку културно-просветната политика, да ја смени од корен таа историја, да ја наметне својата, создавајќи на тој начин послушни граѓани, лојални Срби кои ќе творат, работат и допринесуваат за изградувањето на српската држава.

Воведувањето на српското национално чувство нема да ги одмине ниту велешани, кои живееја во оние македонски градови, каде традицијата на словенската писменост нема да биде прекината и покрај тоа што градот отсекогаш бил под нечија власт. За ваквата традиција ќе придонесе неговата местоположба, која од Велес создала еден развиен економски, трговско-занаетчиски центар, кој како таков за да се одржи имал потреба од писмен кадар. За тоа потврдуваат и првите словенски училишта во градот уште од 1740 г. на словенски јазик, кои давале основно образование.

Со право професорот Георги Шоптрајанов ќе напише: "градот Велес е сигурно меѓу првите, ако не и прв град во Македонија каде што започнало да се дава повисоко образование на словенски, народен јазик отколку што било тогаш основното образование".[1]

Ваквата желба на велешани нема да згасне ниту во периодот меѓу двете светски војни и покрај тоа што истата ќе биде насочувана од српската окупаторска власт. Непосредно по 1918 г. развојот на образованието целосно во свои раце ќе го превземе српскиот режим преку новоформираното Министерство на просвета и вера при Кралството СХС и неговите просветни

[1] Тодор Шоптрајанов, Сто години гимназијално образование во Велес, Скопје 1960, 5

инспекторати, чија основна задача била надгледување во спроведувањето на културно-просветната политика преку образовниот систем, кој тие почнале да го изградуваат уште во 1913 - 14 г. , а сега само го доизградувале.[1]

Од 1919 г. биле формирани два инспектората и тоа Вардарски и Битолски, а од 1924 г. се споменуваат три, Скопски, Битолски и Брегалнички, кои насекаде ги имале под свое раководство основните училишни надзорници. За сите пак христијански училишта во Вардарска Македонија, постоеле 16 надзорништва.[2] Низ архивските документи за град Велес, ги сретнав имињата на следниве училишни надзорници: Божидар Д .Радулович, Јован Тодоровски, Машан Ракочевиќ, Боривоје Поповиќ и Ѓорѓи Николиќ.[3]

Сметан како еден од најсилните центри на егзархиско бугарската пропаганда, во Велес српската власт посебно внимание ќе посвети на македонската, односно "српската интелигенција", која подоцна би работела за интересите на српската држава, а тоа ќе го реши со отворање на основни четиригодишни народни училишта, потоа виши народни училишита, занаетчиско-трговски, граѓански училишита, домаќински, посебно наменети за девојките не постари од 18 годишна возраст и др. најразлични културно-просветни институции, во кој српскиот јазик бил официјален "мајчин јазик".

Од големо значење за српската власт претставува организацијата на основните, народни четиригодишни училишта, затоа што делувањето и обликувањето на оваа најмала генерација ја сметала за успешен потег во нејзиното понатамошно изградување и зацврстување. На територијата на цела Јужна Србија во учебната 1918-1919 г. работеле 697 основни училишта со 1 575 наставника и 23 275 ученика, кој број во наредните години ќе се зголемува, така што својот максимум ќе го достигне во учебната 1936-1937 г., со бројката од 1 260 основни училишта, 3 166 наставника и 145 784 ученика.[4]

За бројот на овој вид на училишта во Велес, архивските документи даваат различни податоци: во еден документ се вели

---

[1] Јаким Синадиновски, Велес и Велешко меѓу двете светски војни. Во: Велес и Велешко во НОВ 1941, Титов Велес 1973, 51

[2] Марија Јовановиќ, Просветно - политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1939), Скопје 1983, 98

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина Велешка 1918 - 1941 , к. 4, 9.3.4.4 / 7

[4] Михајло Георгиевски, Културно - просветната и политичка улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Скопје 1989, 70

дека Велес располагал со три школски згради, 27 одделенија и 1 409 ученици; друг документ потврдува за постоење на 6 училишни згради, 33 паралелки и 1 400 ученици, но постои уште еден според кој во градот имало преку 2 000 ученици со 38 одделенија сместени во 8 згради, од кои 4 се во општинска своина, а другите 4 се во приватна своина.[1]

Со вакви податоци располагаме најверојатно затоа што тогашните основни училишта во најголем број, не само во Велес, се состоеле од само една училница, а помал број од две, три , четири и повеќе училници.

Сепак како вистински училишни згради во Велес се споменуваат три и тоа: училиштето "Св Кирил и Методиј" кое и денес постои, училиштето "Св Ѓорѓи" денес училишната зграда "Јордан Хаџи Константинов - Џинот" и турското училиште "Авдо Карабеговиќ", кое за жал е разрушено во периодот кој следува.Во сите овие основни училишта во 1921 г. имало запишано 1 515 ученици од кои 175 биле од муслиманска вероисповест, на кои пак им предавале 36 учители и 1 вероучител.[2]

Но едно е сигурно, во периодот меѓу двете светски војни, сите тие се наоѓале во лоша состојба стари, неосветлени, влажни, упропастени и опљачкани од многубројните војски, кои поминувале за време на Балканските и Првата светска војна. Сепак треба да се има во предвид и времето, условите и материјалот кога и од кои биле градени .

Оттука и потребата за подигнување на нови училишни згради, кои се разбира српската влада не била во можност насекаде да ги изгради или реновира и прилагоди за училишните потреби.

Во едно вакво време во Велес, се успеало издејствување изградба на една училишна зграда на местото на старата која била опожарена. Имено жителите на градот и тогашниот претседател на општината поп Ангелко, знаејќи дека зградата на училиштето "Св

---

[1] ДАРМ, ПО Велес ф. Општина Велешка 1918-1941 , К. 2, 9.3.2.69/94

[2] Ibidem, к. 2 , 9.3.2.70/ 110



*Ученици од училиштето "Св.Кирил и Методиј"*



*Ученици од училиштето "Св.Кирил и Методиј"*

Кирил Методиј" веќе претставува опасност за учениците, а немајќи финансиски средства за да ја обноват, решиле да ја опожарат.[1]

Според архивските документи од август 1929 г. започнала изградбата на новата зграда на училиштето, за кое се предвидувало да има свечена сала, сала за гимнастика, купатило со тушеви, сала за рачна работа, канцеларија и 10 училници.[2]

Но, уште поголем проблем за српската власт претставувал училишниот кадар, кој бил застапен во мал број, односно не бил доволен за задоволување на нивните потреби. Веднаш по војната српската власт ќе пристапи кон доведување на кадар од Кралството СХС, сметајќи го како идеален, кој ќе делува на културното и просветното издигнување на "својот" народ, и покрај тоа што најголем дел од него дури бил неквалификуван, но во спроведувањето на националистичката програма се сметал за доста успешен.[3]

Овој српски учителски кадар не доаѓал со задоволство да работи во Македонија. Затоа морало да се стимулира нивното доаѓање овде преку разни отстапувања од српската влада, а во нивна корист. Некои од нив биле доведувани дури и по казна.

Македонскиот кадар пак бил најмалку застапен во училишниот систем и ако бил тогаш станувало збор за хонорари наставници или наставници по пеење, цртање, гимнастика итн. Притоа неизбежно било неговото превоспитување. Станува збор за испраќање на организирани училишни курсеви за изучување на национална група предмети, под изговор дека биле дотогашни егзархиско-бугарски пропагатори.[4]

Српскиот режим не бил во состојба веднаш да воведе училишен кадар од најсеверните делови на Кралството, како што знаела често да се изјасни, поради што морала во почетокот да ги задржи македонските учители, но превоспитани во нивни, српски дух. Еден дел од нив дури и ја одбивале таа понуда. Познати учители од Велес кои не сакале да им служат на големо српскиот режим биле Панко Брашнаров и Лазар Смилев.[5]

Целокупниот учителски кадар во Велес, бил организира во околиско учителско друштво, кое постоело во интерес на

---

[1] Стојан Христов, Православните светилишта во Титовелешкиот крај, Титов Велес 1987 г., 54

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина валешка 1918-1941 г., к. 2 , 9.3.2.74/132-138

[3] Свет. К. Марковиќ и Јаков Ивановиќ, Школство Јужне Србије 1912-1937. Во: Споменица двадесетпетгодишњице ослобоцења Јужне Србије 1912-1937, Скопје 1937, 918

[4] Ibidem, 928

[5] П. Коробар, Панко ..., op.cit., 37

образовниот систем, како и во интерес на културно-просветна дејност. Ова друштво одржувало редовно годишни седници на кои се разгледувале дотогашните резултати во областа на образованието, а биле подготвувани и реферати, преку кои содржини индиректно се делувало на просветниот кадар и нивните самоиницијативи во делувањето и извршувањето на постојаните активности.

Овој кадар, во основните училишта, наметнатата задача од српската власт, ќе се обиде да ја задоволи со постепено привлекување на овие млади велешанчиња. Истиот ќе покаже доста строг критериум во извршувањето на својата дејност. Казните и "тепањата со прачка по рацете, кога некој од учениците не знаеше, беше со незкрпена облека или нечист" биле доста чести.[1] Наставата се изведувала во претпладневните часови и пред истата да започне, секое утро задолжително од страна на учениците се изведувала заедничка молитва.[2] Покрај молитвата, задолжително било и познавањаето и пеењето на Марсељезата на српски јазик. Имено црквата пројавила видна улога во редовите на основното образование. Така покрај изучувањето на веронауката, по наредба на СПЦ, велешките ученичиња, "задолжително" за време на сите верски празници, морало да постат, по што следувало нивно причестување во некоја од велешките цркви, носени колективно од тогаш затекнатиот наставнички кадар, без разлика на временските услови, желбата и мислењето на овие деца. Сето тоа е сегмент од секојдневието на велешките деца.

Од училишниот прибор, учениците од основните училишта морале да поседуваат табличка, сунѓерче, калемче и буквар, кои со генерации се предавале од едни на други.[3]

Учениците ќе бидат приклучувани и во разни други програми. Задолжително било нивното учество во тогаш формираните секции, како музичка, театарска, спортска, хумана како што била организацијата на "Црвениот крст", дело и иницијатива на самото училиштето "Св. Кирил и Методиј" и др.

Токму оваа организација, во која членувал речиси целокупниот ученички систем, ќе биде иницијатива и за спроведување на една

---

[1] Страхил Гигов, Сеќавања, Скопје 1973 г., 18

[2] Од разговорот со Ружица Арсова- Нацева од Велес на ден 18 јули 2005 г.

[3] Од разговорот со Јордан Мецанов од Велес на ден 4 септември 2005 г.

голема акција за собирање на доброволни прилози, наменети за издржување на ученичката кујна на ова исто училиште во Велес. Акцијата била потпомогната и од учителите на училиштето, кои подготвувајќи разни културни програми и забави овозможиле собирање на материјални срадства за исхраната на сиромашните ученици од основното образование. Помош била добиена и од Обласниот одбор на Црвениот крст од Скопје, кој успеал да донира предмети за во домаќинството во вредност од 1 000 динари. Непосредна и значајна била помошта од Велешката општина во одржувањето на оваа кујна во училиштето "Св.Кирил и Методиј", која била и единствена меѓу основните училишта. [1]

Велес е еден од оние градови, во кои турското население било застапено во голем број, за што сведочи и постоењето на основното турско училиште "Авдо Карабеговиќ", кое по воспоставувањето на новата власт, ќе се најде во иста состојба, како и македонските основни училишта.[2] Имено за сите муслимански училишта во Вардарскиот дел на Македонија постоело посебно надзорништво со седиште во Скопје, задолжено за надзор и контрола на целокупниот наставен кадар во овие училишта.[3]

Веднаш ќе се направи обид да се наметне српскиот национален дух, преку изучување на српскиот јазик и веронаука, како основни предмети, дотогаш непознати, како за македонските така и за турските деца. На ваквите обиди, Турците ќе одговорат со отпор, затоа што не можело да се замисли говорење на друг јазик, освен турскиот во училишната средина. Незадоволството било изразувано и преку нередовното посетување на наставата од страна на учениците, за кои постојат списоци со нивните имиња, имиња на родителите и казните кои следувале за секој изостанок.[4] Српската власт дури спровела и парични казни од 1 грош или 0, 20 дин за секое изостанување, кое го плаќале родителите или пак истата казна, доколку била помала од 15 динари можеле да ја заменат со доброволна работа за општината, така што еден одработен ден бил еднаков на 5 динари.[5]

Школскиот одбор водел прецизни податоци за спроведувањето на овие казни редовно повикувајќи ги родителите на учениците да

---

[1] В. "Вардар"

[2] ДАРМ, ПО Велес,ф. Просветно одделение 1918-1941, к. 4 , 9.3.4.26/142

[3] Марија Јовановиќ, Просветно-политичките... , op.cit. , 102

[4] ДАРМ, ПО Велес, ф.Просветно одделение 1918-1941, к.4, 9.3.4.26/140

[5] Ibidem, 9.3.4.28/165-203

дадат соодветна изјава за таквите нивни постапки, меѓутоа и ваквите мерки немале позитивен ефект, па се пристапило кон нова политика, нивно задржување на културното ниво на кое и биле најдени, со што полесно би ги асимилирала, не дозволувајќи на тој начин турските самоволија да доведат до поголеми последици, како од основни до средни училишта па и повисоки институции кои не би и одговарале на оваа власт.

Независно од својата национална припадност, тоа биле деца, кои само ќе се прилагодуваат на условите, наметнати од тогашното секојдневие, полека учејки како да ја надминат крајно суровата сиромаштија. Некои од нив, принудени да работат од својата најмала возраст, не ќе ја познаваат можноста за своето едуцирање, односно интелектуално надоградување. Но сите, единствено и истовремено, после времето поминато во образовната средина, ќе ги поврзува детската игра, која самите ја креираа и со која заборавав на задкулисните намери на српскиот режим. Иако тоа беше време на една општа сиромаштија, овие деца едвај чекаа да се соберат во своите маала и заиграат фудбал, со гумена или парталава топка, челик или пак импровизирана војна. Доста чести биле игрите со ашици и џамлии, импровизирани театарски претстави, кои ги изведуваа во пространите велешки дворови, потоа собирањето на бакарни предмети, кои им ги продаваа на калајџиите и казанџиите, за да можат да купат било каква топка, "планинарењето" по карпите на Цуцка и останатите во близина на Манастирот, капењето во водите на Вардар, често скокајќи од Стар Мост, Мало Мовче и сл, меѓутоа за време на летниот период, родителите знаеле своите малолетни деца да ги пратат на изучување на некој занает, истовремено заработувајќи на нивно огромно задоволство и по некоја пара.

Сето тоа ќе допринесе за неуспехот во обидите, на големосрпската националистичка политика, преку основните училишта и кадарот кој што ја спроведувал истата, не само преку наставата, туку и училишните друштва, преку кој се негувала српската историја, култура, обичаи, традиција, фолклор, да доживеат саркастичен неуспех, за кој најмногу ќе придонесе отпорот на македонската средина посебно семејната, збогатена од невините и искрени детски души, преку која успешно се негувал и одржувал македонскиот идивидуалитет, кои од велешани ќе создадат личности отпорни на туѓите влијанија.

## 1.2 Гимназиското образование

Од исто така големо значење за Велес и велешани, е постоењето на гимназиско образование, со кое тие имале можност да се здобијат уште од 1857 г., израз на незадоволството само од веќе постоечкото основно образование. Оваа едукативна можност, нема да им биде оневозможена и во периодот непосредно после Првата светска војна, кога истото ќе биде креирано од српската власт.

Уште во учебната 1913 - 1914 г. Кралството Србија во Велес ќе ја отвори непотполната српска гимназија, која токму тогаш ќе брои 117 ученици, за веќе во наредната година, овој број да се зголеми на 180 ученици, сместени во старата училишна градба Св.Ѓорѓи.[1] Оваа институција како таква ќе продолжи да работи и во учебната 1918 г., за време на новосоздаденото Кралство СХС со 10 наставници и запишани 415 ученици од кои завршиле 308.[2]

Но, за прва редовна учебна година се смета учебната 1919 - 1920 г. која стартувала со 6 класа, 515 ученици од кои завршиле 358 и 15 наставници.[3] Бројот на учениците и наставниот кадар постојано ќе се менува. За тоа ни сведочат годишните извештаи, кои од почетокот на српскиот образовен систем во 1918 па се до 1941 г. прецизно се водени, а денес сопственост на велешкиот архив.[4]

Учебната година редовно започнувала во месец септември, а завршувала во месец јуни, односно со доделувањето на сведителствата за завршено образование, речиси секогаш на празникот Видовден, како и книги за одличните ученици.[5] Дел од тие книги, често биле донација од друштвото Св.Сава, кое секогаш било расположено за доделување на своите гласила, посебно на познатото "Братство", меѓу велешките ученици.[6] На сведителствата задолжително се ставале таксени марки од различна вредност, која секој родител не можел да си ја дозволи, затоа што често знаеле да достигнат и вредност споредена со онаа за половина тогашна кирија или вреќа понеквалитетно брашно, па

---

[1] Стеван Симиќ, Кратка историја Велешке гимназије. Во: Велешката гимназија во 1922-1923 , Скопје 1923 г. , 4. Симиќ е еден од првите професори и директори во Гимназијата

[2] Георги Шоптрајанов, Сто години... , op.cit., 128

[3] ДАРМ, ПО Велес , Податоци од зачуваните во целост школски дневници за сите учебни години во велешката српска гимназија.

[4] Ibidem

[5] Од разговорот со Јордан Мецановски од Велс, на ден 4 септември 2005 г.

[6] ДАРМ, м.ф. Друштво Св.Сава

често таквите ученици останувале без уверение за положен испит на зрелоста.[1]

Тогашното Министерство за Просвета одредувало и соодветна парична сума, која задолжително морала да се плати за да може да се следи редовната настава, несоодветна и недостапна за многу велешки родители, како и селективни приемни испити одржувани во јуни, на кои се полагало српски јазик и математика.

Уште на почетокот била изработена и училишна програма според која српскиот јазик бил задолжителен, официјален како и изучувањето на веронауката, предмет кој го предавале српско ориентирани свештеници. Верската настава била задолжителна за сите вероисповести, а ја изведувале свештени лица или нивните заменици, одредени од надлежната верска власт, за кои пак Општината одделувала одредена парична сума, наменета за задоволување на сите нивни потреби, како еден вид на стимулативно средство за овие лица.[2] Како дел од тогашната настава биле и следниве предмети: француски, руски, латински и германски јазик, географија, историја, зоологија, физика, хемија, математика, цртање, пишување, гимнастика , пеење и други.

Како двоспратна зграда со приземје и огромен двор околу себе, гимназијата располагала со 14 училници,[3] во кои биле сместени: историско-географски кабинет, биолошки, физички, хемиски и математичко-цртачки потполно опремени кабинети,[4] потоа

---

[1] Петар Пановски Пецо, Патувања ... , op.cit., 39

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1942, к.2, 9.470.2.121/152

[3]ДАРМ, ПО Велес, ф. *Просветно одделение*, к. 4, *9.3.4.20/132-136( Стеван Симиќ пак* споменува 24 училници од кои 12 била наменети за потребите на учениците, 6 како кабинети, 3 како канцеларии и 1 просторија за служителите)

[4]Стеван Симиќ, Кратка историја..., op.cit., 29-32 (Симиќ во ова дело целосно ги опишува гимназиските кабинети. Па така: 1.***Историско-географскиот кабинет*** располагал со 24 географски и историски карти, 1 глобус, потоа 12 разни слики, 9 албуми на одделни места, 10 модели на разни човечки раси и потребниот училишен мебел; 2.***Кабинетот по биологија*** се состоел од два дела и тоа: училница која располагала со 25 препарирани птици, поклон од Музејот на Српското Кралство, 16 разни објекти префарбани во алкохол, 12 објекти суво препарирани, 3 модели од анатомија на животни, 2 лобањи(глави од скелет), 1 модел на слонов заб, 31 анатомска карта на животни, 8 слики на растенија, и ботаничка градина која се наоѓала во школскоит двор. Целосното уредување на оваа градина било дело на самите ученици кои овде ги одгледувале сите потребни дрва и растенија за предметот биологија и тоа: багрем, круша, јаболко, сливи, цраши, бадем, кајсија, црница, липа, тополи, орев, јасен, смокви, јоргован, ружи питоми и диви, капини, трндафили, американска винова лоза и др., како и повеќе од 2 000 едно годишни и двегодишни растенија, полско и др. цвеќе. Постоел и бунар со убава чешма, мал базен и фонтана, поклон од велешкиот индустријалец Трајко Ѕиков; ***3.Кабинетот по физика*** располагал со 84 разни апарати од кои 37 за механика, 5 за анатомија, 2 за акустика, 6 за магнетизам, 26 за електрицитет и 11 за оптика; ***4.Кабинетот по хемија*** располагал со 95 разни апарати и 69 хемикалии; ***5.Минералошко-гелошката збирка*** била смаестена во посебни ормани, со фиоки во ходникот на вториот спрат и располага со: 12 минерали, 67 стратиграфски примероци на фосили и 31 модел на разновидни стени подарок

наставничка библиотека[1] и три добро снабдени со книги ученички читални, за чие опремување, извесно внимание покажало Министерството за просвета неменувајќи одредени парични суми, добиени од буџетото на Кралската банска управа.[2] Гимназиската библиотека, како по една традиција била доста богата со библиотечен фонд, меѓу кој се наоѓал и зачувана литература уште од времето на Џинот со негов потпис. На многу од нив има записи од учениците, користени од нив или од тогашниот наставен кадар.[3] Кабинетите и сите други училишни збирки, биле оформени како со помош од Министерството за просвета и Музејот на Српското Кралство, кои за нивните потреби донирале разни апарати, училишен материал за одделни предмети и др., така и со помошта од доброволните прилози на локалното население.

---

од Музејот на Српското Кралство, потоа 18 минерали и 5 стени подарок од Минисерството за Просвета,7 геолошки карти , 4 стени од околината на Велес, 60 примери на разни фосили од терциарна форма, од велешкото околно место Превалец и 20 разни минерали подарок од Димитар Вељковиќ, рентиер од селото Војница; ***6. Машемашичко-цршачкиош кабинаш*** пак располагал со 3 гипсени модели , 5 од восок, 2 од дрво и 5 земјени , потоа неколку дрвени коцки , пирамиди итн.)

[1] Ibidem, Оваа библиотека во својот книжевен фонд соржела и стари книги зачувани уште од времето на Турците кои не биле уништени од Бугарите, 85 тетратки со грчки текстови од првата половина на 18 в., 15 германски дела и 36 тетратки од војничката библиотека на бугарски јазик. Во 1923 г. таа веќе имала 700 дела со 860 тетратки со вкупна вредност од 15 000 динари.Најголем дел од книгите се донација од тогашните друштва како: Друштвото Свети Сава, Коло на Српските сестри, Српската Кралска Академија на Науките сите од Белград, потоа од кижарата на браќата Поповиќ од Нови Сад итн. (овде се споменати само дела од српската литература затоа што овој опис на содржаниот фонд бил направен од С. Симиќ, просрпски ориентирана личност и тогашен директор во гимназијата)

[2] Буџет бановинских расхода и прихода Вардарске бановине за 1933-39 г., Краљевско банска управа Вардарске бановине, Штампарија "Јужна Србија", Скопје 1938, 65 (Според прикажаните прецизни статистички податоци, Министерството за просвета од Финансиското одделение добивало соодветни парични суми наменети за сите потребни расходи како: плати за наставничкиот кадар, патни, подвозни и управни трошоци, помош на друштвата и институциите, потоа за издржување на средните и народните училишта, односно за сите нивни лични потреби, канцелариски и манипулативни, општи потреби, затоплувањето и осветлувањето, одржувањето и поправката, опремувањето со книги, весници и списанија и др. публикации, помошта за сиромашните ученици, физичкото воспитување итн)

[3] Коста Дошен, Словенскосербско училиште Св.Георгија у Велесу, Нови Сад 1926, 7-8 (Дел од тие книги, биле користени од тој кадар за време на предавањата, меѓутоа сега како дел од библиотеката претставувале доста вредни експонати. К.Дошен споменува 20 наслови од кои ќе спомeнеме само дел од нив: 1.У.А.Релковицх:Нова славонска и нимацска граматика, 1789; 2.Урош Стефановиќ, Житие Исуса Христа; 3.Јован Ст. Поповиќ, Позоришна дела, Београд 1853(Из книг. Јордан Х.Константинова; 4. Ј. Вуичь, Доброселителне басне Какасена сина глупог Бертолдина, 1809; 5.Систем целокупне философие, списао Михаил Христофор Ристиќ, Карловци 1860(Јордан Х.Константинов, са његовим напоменама); 6.Словенска граматика, састави Сава Сретеновиќ, Београд 1836( својина Лазара Арсовиќа); 7.Салфијер Словински, Спиеван по Д.Игнасиу Гјоѓи, Загреб 1851; 8Атан. Николиќ Земьмрие (Геометриа и планиметрија) посветена на Михаил М.Обреновиќ, Крагујевац; 9. Словар Церковно-Славјанского и Русскаго Я зика-С. Петербургь-1847; 10.Словенска граматика содержаца Етимологиу и Синтаксу, Георгие Захариадис- Будим 1832 (Јордан Х.Консатнтинов) и др.



*Старата Гимназија во Велес*



*Велешки гимназијалци*

За учениците од соседните околии, односно од сите македонски села, како и овчеполската, неготинската, кавадаречката и гевгелиската околија, бил изграден интернат и ученичка кујна, како дел од оваа гимназија со цел да им се помогне на сиромашните ученици. Прилично голем број на ученици, се сретнувале од Скопје, деца од познати трговски фамилии.

Интернатот и кујната опстојувале благодарение на помошта од Кралската банска управа, која доделувала месечно по 1 500 динари, потоа помошта од Околискиот одбор за снабдување на Велешкиот крај, Американската мисија во Велес и Министерството за просвета.[1] Значи освен велешани своето право на образование го искористувале учениците од пошироката околина па дури и од Кралството СХС,[2] се мисли на градови надвор од територијата на Македонија. Меѓутоа обиди за влегување во редовите на интернатот правеле и многу родители од самата внатрешност на градот, затоа што на тој начин можело да се овозможи бесплатна исхрана на нивните деца. Овие ученици за стекнатата привилегија, морале да помагаат во работата на кујната, односно подготвувањето и послужувањето на храната. Дел од нив за да си го овозможат продолжувањето на образованието, биле принудени да подготвуваат други послаби ученици по одделни предмети или пак да изработуваат разни видови теми, реферати односно се она што можело да помогне во задоволување на барањата од професорите, кои пак некои слаби ученици, но добро ситуирани, на свое големо задоволсто можеле да ги купат.

Една од низата мерки кои се превземени од српските просветни власти, а се однесува на тогашните ученици е воведувањето на униформи, кои биле задолжителни за сите. Учениците носеле темно плави капи со позлатен палмов венец во кој е извезен гимназискиот монограм, а над него бројот на класот, додека ученичките носеле баретки и црни кецељи со бели крагни, памучни или волнени чорапи и рамни чевли.[3] Така се овозможувало според училишните власти одделување на образовниот кадар, од останатите градски деца.

Со ученици се постапувало строго и селективно. Доста често се случувало да дојде до нивно исклучување уште во првото полугодие поради слабиот успех, односно заради три слаби оценки на крајот од годината. Лесно можело да се добие укор за

---

[1] В."Вардар"

[2] Т. Шоптрајанов , Сто години ... op.cit. , 135

[3] Од разговорот со Јордан Мецановски , тогашен ученик во велешката српска гимназија

неодржување на хигиената, несоодветно однесување итн. од страна на наставничкиот кадар, кој и редовно тие укори ги запишувале во





*Груйа īимназијалци од Велес*

тогшните ученички дневници, во делот за забелешки каде често се сретнувале и недостојни критики за способностите на велешките гимназијалци.

Но, тоа не било случај и со учениците дојдени од српските делови на Кралството. Овие ученици во многу голем број се запишувале во Гимназијата во Велес, знаејќи дека овде ќе си поминат со многу полесен труд и мака, отколку во другите градови, пред се Скопје.

И покрај сите пречки, тоа биле генерации кои знаеле како да се изборат за тоа што го сакаат. Многумина школската година ја поминувале без учебници или пак со стари и искористени, од кои тешко и нешто да можело да се прочита, но сепак основниот прибор, тетратките понекогаш составени од листови купени на килограм и соодветно исечени, како и мастило кое доста добро го заменувало многу поевтината боја, секој морал да ги поседува.[1]

За сиромашните ученици, гимназијата имала оформено посебен фонд, преку кој еден дел од нив можеле да добијат одредена помош во учебници и прибор,[2] облека, обувки, на секои три години, како и храна, месо и леб, за време на празниците како Божиќ, Велигден и др. така што овие ученици секогаш се одделувале и препознавале од децата на поимотните граѓани во градот. Правото на помош било трајно, но се губело доколку ученикот покажел слаб успех.[3] Добивањето на ваквата помош, фондот за сиромашните ученици во градот често ја овозможувал преку соработката со владините хуманитарни друштва, како "Књегиња Зорка", "Пододбор на Јадранска стража" и др.

Со одобрување на Министерството за просвета, Велешката гимназија од учебната 1921-22г е полна, осумкласна, вбројувајќи се на тој начин во една од седумте полни и пет неполни гимназии во Македонија со што се покажале големите амбиции на српската власт во ширењето на српскиот национален дух преку средното гимназиско образование уште во првите години на своето навлегување на овие простори. Но како таква ќе остане се до 1929-30 г. кога со наредба од кралот С.Н.Бр. 30 751 повторно ќе го добие рангот на непотполна .[4]

Големиот интерес за образованието во градот од страна на локалното население донекаде ја вознемирило српската власт.

---

[1] П. Пановски, Патување ... , op.cit., 37

[2] Буџет бановинских ..., op.cit., 67

[3] Ibidem, 37-38

[4] ДАРМ , ПО Велес, ф. Просветно одделение , к. 4 , 9.3.4.19/ 148

Имено таа била наполно свесна за тешкотиите со кои би се соочувала во текот на спроведувањето на денационализаторската политика врз еден народ, кој преку многубројните револуционерни борби гледано низ историјата, ја зацврстил свеста за својата национална индивидуалност и припадност. Но илузиите за успешна србизација преку образовниот систем набрзо почнале полека, но сигурно да се топат, поради се поголемиот јавно изразуван отпор од македонската средина. Свесна за тоа српската власт во овој период ќе се насочи кон ограничување на македонската интелегенција, намалување на можноста за нивно културно образование, па така ако не може да се денационализира и асимилира барем полесно да се владее.[1]

Тоа е периодот кога ќе почне да се редуцира бројот на српските гимназии во Вардарскиот дел на Македонија, преку нивно целосно укинување или пак претворање од полни во четирикласни гимназии. Под изговор за недостиг на средства, со новиот закон, односно кралски указ од 27.08.1929 г. гимназијата во Велес, како и во Штип, Куманово, Прилеп и Охрид биле претворени во нижи, а гимназиите во Ресен, Кичево, Дебар како и учителското училиште во Прилеп биле укинати.[2] Како полни останале да работат гимназиите во Скопје (две), Тетово и Битола. Меѓутоа сето ова се случувало во периодот на познатата, Шестојануарска диктатура со која режимската власт ќе воспостави контрола на општествениот живот забранувајќи се што е прогресивно.

Велешани ќе доживеат голем удар со укинувањето на повисоките класови на гимназијата, по што за еден период ќе се оневозможи нивно стекнување на повисоко образование, но и за сите оние од поблиската околина на кои овој град им овозможувал подобри, но и поекономични услови за школување за разлика од другите градови како што се Скопје, Битола, Белград и др.[3]

Како непотполна, гимназијата ќе работи се до учебната 1931-32 г. и тоа со минимален број ученици кој се движел од 175 до 219. Незадоволни, велешани преку својот општински одбор во 1932 г. упорно ќе бараат од Министерството за просвета, отварање на петти клас, во гимназијата, од учебната 1932-33 г., која во наредниот период би преминала во осумкласна. Нивната упорност ќе биде задоволена со одлуката С.Н.Бр. 26 152 од 23 август 1932 г. со која во велешката гимназија било одобрено формирање на

[1] Т. Шоптрајанов, Сто години ... op.cit. , 135
[2] Свет. К.Марковиќ и Јаков Ивановиќ, Школство ... , op.cit. , 935
[3] ДАРМ, ПО Велес, ф.Просветно одделение, к.4 , 9.3.4.19/132-136

петти клас, меѓутоа на товар на општината, која пак во следните три години успеала како самоуправни да ги оформи и другите класови, со кои истата повторно се вброила меѓу полните гимназии.[1] Самоуправната гимназија ја чинело Општината најмалку 14 000 динари годишно, парична сума која долго не можела да се издржи особено ако се знае дека сето тоа ги преоптеретувало граѓаните, кои и без тоа имале огромни финансиски давачки и тоа во време кога цутела и се ширела големата економска криза.

Неуспешно завршиле сите обиди за повторно работење на оваа образовна институција, како државна реална гимназија. Но како и да е Самоуправната гимназија, овозможила во едно тешко време повисоко образование, за што потврдува и зголемениот број велешки ученици и пет генерации матуранти. За четири години матурирале 73 ученици од кои 36 од Велес, 3 од околијата, 15 од други градови на Македонија и 19 од други краеви на Југославија.[2]

За време постоењето на српската велешка гимназија, 1918-1940 г., истата ќе биде предводена од 8 директори и 149 наставници од кои само 7 биле од Велес, 121 од Кралството Југославија и 15 Руси дојдени по налетот од октомвриската револуција.[3] Оваа бројка на наставниците е навистина голема за период од две децении што укажува на тоа дека причината за неуспехот, српската власт ги барала во овој наставен кадар, од кој најголем дел доведен од Србија бил неквалификуван.[4] Така на пр. образовниот систем во

---

[1] Ibidem, 9.3.4.23/151-155

[2] Т. Шоптрајанов, Сто години ... op.cit., 138

[3] Ibidem ,139

[4]ДАРМ, ПО Велес, Во годишните училишни извештаи на велешката гимназија, дадени се податоци за наставничкиот кадар , но јас ќе споменам дел од тие професори: Коста Дошен, Милош Ј. Сацак, Драгутн Цветковиќ, Ѓорѓи А.Обрадовиќ, Стеван Симиќ, Владисава Станојковиќ, Вијислав Павловиќ, Стеван Шијачки, Божидар Поповиќ, Зорка Штрумбергер, Драгомир Петронијевиќ, Радивое Русовиќ, Љубица Драговиќ, Миодраг Ристиќ, Милорад Јовановиќ, Петар Ѓаковиќ, Зорка Милиќ, Дејан Лучиќ, Војсава Лучиќа, Косара Михајловиќ, Зорка Поповиќ, Владимир Мирошни, Петар Ѓоковиќ, Владимир Соколов, Анѓелко Јанковиќ, Владимир Сокиќ, Владимир Зозулевиќ, Анѓел Црвенчаниќ, Милица М.Божановиќ, Вукосава Гератовиќ, Милева Пајовиќ, Драгиња Николиќ, Антун Жегура, Николај Кодов, Миленија Раглиќ, Глигорија Јешец, Радмила Барбалиќ, Радмила Ерцег, Стеван Гајдов, Леонид Базилевиќ, Ганчо Пајтонциев, Рудолф Трој, Глеб Јуницки, Владимир Скрајбин, Габриела Сорман, Ковиљка Петровиќ и др. Еден дел од овој образовен кадар постојано бил преместуван од една во друга гимназија на територијата на Вардарска Македонија, па затоа е речиси невозможно со сигурност да се одреди точниот број и време на учителствување на професорите во велешката гимназија.)

почетните години бил креиран од 48% неквалификуван наставен кадар.[1]

Незадоволна, власта, била и од месниот кадар, па истиот го ангажира откако ќе го завршел потребниот курс за изучување на српскиот јазик и историја на курсеви организирани надвор од Македонија, претежно во Белград.[2] Овој проблем власта ќе се обиде да го реши со "пензионирање" на старите учители, а испраќање на помладите на учителствување во Србија и Црна Гора. Еден дел од местниот кадар, со наредба од март 1921 г. од страна на Министерот за просвета Светозар Прибичевиќ, бил отпуштан од својата просветна функција, под изговор дека се дел од КП, како нејзини претставници, кандидати на нејзината листа, односно проповедници на нејзиното дело.[3] Во листата на осомничените образовни кадри се наоѓале имињата на Тихомир Јевтиќ, Панко Брашнар, Ризо Ризов, Ѓорѓи Поповиќ и др. кои неопходно било да се отстранат од средината во која работеле.

Неуспехот кој ќе ја прати српската власт, во рамките на овој вид на образование, можеби ќе се должи на нејзината непромисленост во поставувањето на професорскиот кадар, од кој мнозинството го сочинуваа руски емигранти. Истите не познавајќи го ниту српскиот јазик, ниту српската историја, биле потполно незаинтересирани за извршувањето на асимилаторската политичка дејност, нешто што одело во голема предност за велешките гимназијалци и напредни младинци.[4] Сите тие професори биле вистински, големи интелектуалци со широки и професионални познавања од сите области.

Поголем дел од српско ориентираниот кадар секогаш настојувал спроведувањето на наставата, користењето на воспитните средства и методи, да биде во рамките на потребите на српската режимска власт. Како дел од тие програмски, пропагандни цели, било учеството на учениците во многубројните концерти, театарски претстави, во и надвор од гимназиската сала, претежно во хотелот "Белград", проследени со рецитирање, гимнастички вежби, песни и ора поготвени од ученичките хорови и оркестри, но предводени од тогашните професори. Огромно внимание се посветувало на прославувањето на празникот Св.Сава,

[1] Андон Симовски, Кадровската состојба на наставата по физичко воспитување во средните училишта во Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни. Во: Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, Скопје 1977, 71

[2] М. Јовановиќ, Просветно-политичките ... , op.cit. , 117

[3] Ibidem, 138

[4] П. Пановски Пецо, Патување ..., op.cit., 64

како школски патрон, проследен секогаш со свечени манифестации во кругот на училиштата.

Неизбежни биле и литературните секции, во кои учениците се поттикнувале и со парични награди во создавањето дела, посветени на српските празнувања, посебно за Видовден и други нивни национални празници. Така на пример од 1922 г. друштвото Свети Сава почнало да одобрува парична сума од 400 динари, за најдобро изработени темати кои обработувале содржини од српската литература.[1] Редовна била појавата на изложби, на кои се прикажувале ликовните изработки на учениците, женскиот рачен вез, ликовните изработки, односно народни шари на глинените предмети, бардачиња, ѓумчиња, и др. дела, кои знаеле да се одржуваат и по неколку дена.[2]

Доста актуелни и интересни за учениците биле тогашните екскурзии во околината на Велес, но и надвор од овој град, организирани уште од почетокот на работата на Гимназијата. Така доста често се спроведувале излети во местото Превалец, на 4 километри од Велес, тогашен познат богат археолошки локалитет на Музејот на Српското Кралство, каде интензивно биле вршени ископувања и пронајдени коски од слонови, коњи, жирафи, мајмуни, елени и др. животни[3], потоа излети по долината на р.Бабуна и Топлка, каде меѓу другото се наоѓале и многу пештери, како и познатото Кале.

Често се организирале екскурзии во други градови како: во 1921 г. се споменува посетата во Гевгелија и Демир Капија; 1922 г. во Куманово и Скопје; 1923 г. во Кочани, Неготино и др. места, кои редовно биле проследени со претходно организирани концерти од ученичкиот оркестар и хор, театарски претстави како и посета на најзначајните места во тие градови. Заради поголем успех во запознавањето на српската култура, историја и традиција, односно во прифаќањето на идејата за големото народно обединување, со што би биле достојни наследници на српското име, ражимската власт одобрувала ученички екскурзии во блиските српски градови.[4]

---

[1] Буџет бановинских ..., 67-68 (Министерството за просвета за познатите Светосавски темати секоја година издвојувало одредена сума на финансиски средства за цела Вардарска бановина, која на пр. во текот на 1938-39 учебна година изнесувала 10 000 дин)

[2] Од разговорот со Ружица Нацева

[3] Милан Ј.Саџак, Екскурзии. Во: Велешка гимназија ...op.cit., 40-44

[4] Ibidem, (за време постоењето на српската велешка гимназија најспоменувана е токму екскурзијата која ја опишува и овој суплент. Имено од 7 до 21 јули 1922 година велешките гимназијалци ја посетиле тогашната престолнина и Војводина. Во Белград за време од три дена успеале да ги разгледаат позначајните институции како: Универзитетот, Театарот, Народната Банка, Соборната Црква, Калемегдан, Народниот Парламент, Кралскиот двор,

Ваков вид на излети, без никакви националистички предрасуди, се организирале самостојно од самите ученици, посебно кога во градот се враќале студентите, во сите околни места во градот и надвор од него, на кои напоредно со песната и играта, се воделе и не се заборавале значајните за нив дискусии и предавања на разни теми, секогаш поткрепени со богат литературен фонд.[1]

Својата асимилаторско-претопувачка дејност, српскиот просветен кадар ќе се обиде да ја реализира и преку организирањето на режимските ученички друштва како друштвото: Коло на Трезвената Младина, основано на иницијатива на директорот на Гимназијата во 1921 г. [2]

Неретко се случувало да биде донесено некое од културно просветните друштва на Кралството Југославија (надвор од границите на Македонија). Така на 1 јуни 1933 г., во Велес ќе престојува учителското пеачко друштво "Иван Филиповиќ" од Загреб. Истото било пречекано како од претставниците на Општината, така и од гимназискиот кадар заедно со учениците, на кои во просториите на киното "Вардар" и Офицерскиот дом им била подготвена програма.[3]

Целокупната културно-просветна дејност во градот често ќе биде контролирана од тогашните претставници на Министерството за просвета, кое редовно и задолжително ги обиколувало сите институции од ваков вид, за само да се дојде до позитивни резултати. Истите ќе бидат непосредни посредници, во посетата на Гимназијата од страна на ученици од српските делови на

---

Министерството за просвета, Белградските гимназии, Печатницата "Политика", Етнографскиот Музеј и др. позначајни институции за кои власта сметала дека ќе бидат значајни во изградувањето на идните млади ,"лојални" Срби. Патувањето било продолжено кон Сремски Карловци и Нови Сад,од каде преку Петроварождин и Фрушкогорскиот Венец, учениците го посетиле манастирот "Врдник" или "Раваница". Овој манастир поседувал богата ризница(златни пехари и накит), од времето на Цар Лазар и Царица Милица, со што неизбежно било и предавањето за косовската епопеја која со векови го формирала и зајакнувала српскиот национален карактер. Посетен бил и манастирот каде се наоѓале моштите на Цар Урош 1, потоа мансторот во Крушедол каде се наоѓале гробовите на патријархот Арсение Црноевиќ, Арсение Шакабенд и Исаија Ѓаковиќ; Ѓорѓе Бранковиќ-познат српски хроничар, Стеван Шупљикца , Кнегињата Љубица жена на кнез Милош и гробот на кралот Милан; манастирот Гргетег од каде преку Земун се вратиле во Белград ,а потоа во Велес.)

[1] А на ИНИ, Сеќавање на Бане Андреев -Ронката, 27

[2] Ibidem,

[3] В."Вардар", (Овој вид на посети се одликувалесо национален карактер.Неизбежни биле српските песни и задолжителната посета на сите граѓани пред спомениците на докажаните "српски јунаци" како Миливој Диниќ и Јован Бабунски во градот.)

Кралството. Така во времето на директорот Драгољуб Поповиќ во Гимназијата, била организирана посета на учениците од Земјоделското училиште од Ваљево. Имено, 29 ученици предводени од 2 професори биле сместени во интернатот на Гимназијата, од каде била извршена посета во сите значајни институции во градот.

Но, нема да се чека долго за да се заклучи дека обидите за србизација, на генерациите во зародиш ќе се покажат неуспешни и катастрофални за самата власт, а доказ за тоа се многубројните ограничувања и закони кои оваа власт беше принудена да ги воведе плашејќи се да се соочи со дотогашните резултати. Овие неуспеси уште во почетокот, имаа подлабоки корени, пред се поради развиената свест на младите велешанчиња за националната припадност, самостојност и обединување на цела Македонија, создадени низ вековните борби на македонскиот народ. Уште потешка, денационализаторската и асимилаторската политика ќе ја направи КПЈ односно развиеното работничко-комунистичко движење во градот, кои од гимназијата ќе создадат центар на најпрогресивните идеи и движења.

Како резултат на тоа мошне рано, уште во 1921 г. во горните гимназиски класови ќе се формира организација на комунистичката младина, позната како Литературна дружина "Надеж", раководена од Георги Шоптрајанов, како нејзин прв претседател, потоа Лазе Богданов, Ганчо Хаџи Панзов, Бане Андреев-Ронката, Митко Богдан, Никола Оровчанец и др.[1] Сите овие ќе почнат да се здобиваат со сознанија од тогашната општествена реалност преку предавања дискусии од областа на културата, историјата, уметноста за кои најголема улога ќе има познатиот велешанец Панко Брашнаров, како и голем број други напредни комунисти во градот. Тоа ќе биде и причина за исклучувања од оваа гимназија, на кои први жртви беа Ганчо Х. Панзов и Лазе Богданов, останувајќи истовремено без право на полагање на испит. Тие ќе имаат и свој орган, периодичниот билтен "Искра".

Спомената група ќе успее за кратко време да ги активира училишниот оркестар, хорот и библиотеката за свои потреби и наменски цели. Својата активност ќе ја прошири и надвор од гимназиските редови, вклучувајќи се во организирањето на

---

[1] Славко Николов, Шеесет години плодна работа на Литературната дружина. Во: Гимназијата "Кочо Рацин" , Велес 1980, 25-29



КЊИЖЕВНО - УМЕТНИЧКО ДРУШТВО

„НАДА“

ЧЛАНСКИ ЛИСТ

Бр. 15 Год.

г.

ученик VIII разреда Велешке Гимназије члан је књижевно — уметнич. Друштва „НАДА“ у Велесу.

Секретар, Председник

Благајник,

*Членска карта на Георги Шоптрајанов од 1924 г во Литературната дружина "Надеж".*

работничкото движење, засилено по доаѓањето на Златко Шнајдер, секретар на СКОЈ, се до укинувањето на вишите гимназиски класови за време на Шестојануарската диктатура во 1929 г. Интензивни активности истите овие средношколци пројавиле и во тогаш основаните друштва како Планинарското, Антиалкохолочарското и др.[1]

Голема поддршка гимназијалците ќе имаат од велешките студенти, за време на нивите престојувања во градот, кои најмногу ќе помогнат во организирањето на младината во ученички групи. Истите биле наменети за теоретско воспитување на членовите, нивно запознавање со основите на марксистичката литература, за да можат да ги совладаат причините за тогашните случувања итн. Овие групи успевале секогаш да се поврзат со работничките, надополнувајќи се во својата меѓусебна дејност. Доста активни биле за време одржувањето на рани предавања, митинзи другарски средби, вечеринки одржувани на разни места и покрај забраните и казните од страна на директорите, кои најчесто се искористувале за дискутирање. Често се случувало да бидат и откриени од страна на надлежните власти.[2]

Силен револт ќе се почувствува во 30-тите г. кога марксистичките идеи ширени низ редовите на учениците ќе постигнат колуминативно дејство. Тоа е врамето кога во Гимназијата ќе се обнови дејноста на литературната дружина, но овојпат под името "Јован Дучиќ".[3] Ќе се појави силен отпор особено спрема учителите "кои како закоравени националисти, како воспитувачи лоши настојуваа во секој момент да ги понижат, навредат македонските ученици и да направат од нив неуки аргати".[4]

Интензивен развој на прогресивното движење во гимназијата ќе се забележи во учебната 1935 г., кога на сцена ќе истапат доста провокативно, тогашните најнапредни ученици Боро Мокров, Јордан Тодоровски-Оне, Данчо Зогравски, Трајко Николов, Славчо Чачето, Никола Кирков, Јордан Леов, Љубо Зафиров, Љубо Босилков-Чаушот, Ниче Гогов, Стеван Габер и др.

---

[1] Ibidem, 69

[2] А на ИНИ, Сеќавања на Бане Андреев-Ронката, 29 (Познат е случајот кога по една одржана повечеринка во куќата на Бане Андреев искористувајќи го неговиот именден Св.Пантелејмон,по непосредното поткажување за содржината на истата и испитувањето на дел од учениците кои исплашени од закаците признале, бил затворен Тодор Шоптрајанов како главен виновник но ослободен од обвиненијата по спроведената судска постапка поради недостаток на докази и различни искази.)

[3] Славко Николов , Шеесет години... , op.cit. , 26

[4] Страхил Гигов, Сеќавања.., op.cit. , 12

Инспирирани и водени од КПЈ, која токму тогаш ќе излазе од задскриената, привидна илегалност, тие во свои раце ќе ги превземат сите режимски организации и здруженија во гимназијата и воспостават врска со партиската организација во градот, одржувана од Боро Мокров.[1]

Создадени да ја афирмираат историјата на Кралството Југославија, тие ќе станат само стимул за литературното творештво на велешката младина, поле за ширење на политиката и идеологијата спротивна на онаа која ја посакуваше српската власт. Се послободните истапувања на тогашните велешки гимназијалци, меѓу кои особено се издвојува Данчо Зогравски, тогашен претседател на книжевниот одбор, чии зборови "денес училиштата следејќи го системот воопшто, произведуваат идиоти"[2] ќе бидат само една од причините за неуспехот на српскиот образовен систем, на кој нема да му помогне ниту инфилтрираниот шовинистички настроен ориентиран кадар. Затоа повторно ќе се потпре на веќе искушениот, но неуспешен метод, исклучување на напредни ученици од Гимназијата во 1938 г., како споменатиот Данчо Зографски и Миливое Соколовиќ.

Истовремено од Министерството за просвета ќе биде испратен и правилник за отстранување на напредните пропаганда, пред се комунистичката, со кој се ограничила работата на ученичките здруженија, нивниот состав и состаноци, потоа задолжително прегледување на содржината на ученичките трудови, забрана за купување на книги од изданијата на "Нолит", "Популарна библиотека", "Књига за свакога", "Научна библиотека", "Наше књиге" и на списанијата "Књижевни савременик", "Наша стварност", "Култура", "Жена данас" и др.[3]

Речиси и да не постоеле средства и методи кои можеле да ја ограничат работата на оваа младина, која токму тогаш се наоѓала во еден развоен период на својата личност, во кој покрај влијанието на силниот национален развој ширен од идеите на КПЈ, не постоело место за друго влијание, посебно ако тоа е наметнувано од туѓа, за нив власт.

Од 1939-1940 г. работата на гимназиската младина ќе биде раководена од скоевската организација во градот. Во овој период,

---

[1] Анче Андреев, Напредното движење во Велешката гимназија. Во: Сто дваесет години велешка гимназија, 103

[2] Боро Мокров, Ученичките литературни дружини - расадник на младите генерации на литературното поле. Во: Литературата во Велес и Велешко меѓу двете светски војни, Скопје - Титов Велес 1995 , 63

[3] С. Николов, Шеесет ..., op.cit. , 27

во Гимназијата ќе се формира средношколски скоевски актив од седум ученици и тоа: Благој Кирков, Благој Јанушев, Андреја Андреев(Анче), Петар Панов, Илчо Смилев, Родна Петрова Киркова и Велко Арсов, која за кратко време ќе брои повеќе од 100 членови, проширувајќи се во сите класови и успешно спротиставувајќи се на сите оние, кои настојувале да и наштетат.[1] Во текот на 1941 г. овој гимназиски актив ќе биде откриен така што до крајот на капитулацијата на Кралството Југославија, истиот ќе престане со својата дејност меѓу учениците.

Сепак овие гимназијалци беа и личности со свои потреби, карактеристични за младите, желни за едно поинакво секојдневие исполнето со смеа, дружење и шегување.Затоа тој начин на живеење ќе го покажуваат во рамките на Гимназијата со помош на професорите кои и тие шеги ги дозволувале и гледале како на нешта карактеристични за оваа младина, меѓутоа и во надворешната средина во рамките на меѓусебното дружење. Па така познати биле нивните собирања во манастирот од каде пред олтарот над иконите, често знаеле да ги земат ситните пари, за да можат да си купат по некоја т.н. "ученичка цигара", "Ибар" кои се продавале на парче,[2] дружењата кај Цуцка, пештерите по долината на Тополка, во местото Пешти и сл.

а тој начин велешката гимназија успеала да опстане во целиот период на постоењето на Кралството СХС, односно Кралството Југославија за да го потсетува истото за неговиот сопствен неуспех. Во текот на неполни три децении овие генерации секогаш беа водени од желбата да го зачуваат својот македонски националин дух. Секогаш обединети, истите ќе создадат и богат литературен фонд, кој за жал не е сочуван, но со сигурност би претставувал огромен придонес за историјата на македонската литература и воопшто за историјата на македонскиот, народ во еден период кога по незнам кој пат беше оспоруван, непризнаван, асимилиран, денационализиран, односно кога му беше одземено правото да се нарече себе си македонски народ.

Велешката гимназија меѓу двете светски војни ќе претставува огледало на српската власт во кое таа можеше да се огледа себеси во вистинското светло, како и се она што го оставаше и остваруваше во позадина, но немаше доволно сили да го согледа и признае реално неговото дејство. Нејзините резултати беа секогаш

---

[1] А. Андреев, Напредното ... op.cit. , 104-105

[2] П. Пановски Пецо, Патување ...op.cit., 66

потврдувани од самите изградени личности од редовите на гимназиската средина.

## 2.Граѓанските училишта

Покрај високо образовниот кадар, за Велес како занаетчиски центар од особено големо значење е и постоењето на граѓанските училишта, како трговско-занаетчиско училиште, женското домаќинското и сл.

Имено немајќи повеќе можности за стекнување со повисоко образование, освен основното, дел од велешката младина ќе остане во градот задоволувајќи се со она што го понудуваше тогаш отвореното занаетчиско училиште. Според законот на занаетчиските училишта од 30 март 1922, наставата во ова училиште траела три години, наменета за ученици помлади од 18 г., кои понатаму се обврзани да полагаат помошничкиот испит, пред одредена комисија, која барала и изработка на соодветни производи од својот занает. За овие испити се плаќала и извесна парична сума.

Овој вид училиште било одржувано од страна на општината, но доколку истата не можела да најде начин за негово издржување, обврската ја превземало Министерството за трговија и индустрија.

Во Вардарска Бановина од 1933 г. постоеле 31 трговско-занаетчиско училште со 4 345 ученици и 230 наставници. Од овој број, на велешкото трговско- занаетчиско училиште во 1922 г. му припаѓале 206 ученици, од кои 139 христијани [1] и 67 муслимани, [2] на кои им предавале 6 наставници и тоа: Михајло Марковиќ, Драгутин Даникиевиќ, Јован Трајковиќ, Душан Николовиќ, Чедомир Тодоровиќ и Васиќ(името не е познато).[3] Со христијанските деца се работело во основното училиште "Св.Ѓорѓи", додека со велешките муслимански деца во училиштето "Авдо Карабеговиќ". Предавањата претежно се одржувале навечер, четири дена во седмицата, понеделник, среда и петок од 18-20 часот, а во недела предпладне од 8-10 часот.[4]

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф.Просветно одделение, к.4, 9.3.412/38-39 (Во 1922 г. според архивските документи 139-те ученици биле распоредени во три одделенија, односно први клас прво одделение со 39 ученици; втори клас второ одделение со 75 ученици и трети клас трето одделение со 25 ученици)

[2] Ibidem, Овие ученици биле распоредени во: први клас прво одделение со 49 ученици и втори клас второ одделение со 18 ученици

[3] Ibid

[4] Ib.



*Список на ученици во трговско-занаетчиското училиште во Велес од маалото Којник од 9 ноември 1921 г.*

На тој младите занаетчии си овозможувале надоградување и збогатување на своите познавања стекнати за време на основното образование, кои не биле навистина доволни.

Низ архивските документи, сопственост на град Велес, наидов на списоци од 1921 г. на сите ученици на овој вид училиште, класифицирани по маалата каде живееле, а од кои се дознава за занаетот кој го изучувале, нивната годишна возраст (од 12 до 16 г.), степенот на завршено образование, местото на раѓање и мајсторот каде потоа работеле.[1]

Со одобрение на Министерот за трговија и индустрија од 26 август 1925 г., во Велес било отворено и ѕидарско- каменорезачко училиште (еден вид курс), во кое имал право да се запише, само оној со завршено четиригодишно образование.[2] Запишувањето почнувало од 14 до 18 септември во просториите на училиштети Св.Кирил и Методиј, а за предавањата се предвидувало да бидат бесплатни и одржуваат попладне, почнувајќи од 18 часот.[3] Повеќе податоци за начинот на работа, временскиот период на неговото постоење како и посетителите, не постојат.

Велес, во периодот меѓу двете светски војни, ќе располага со женско занаетчиско училиште, едно од оние формирани тогаш во сите градови, наменети за девојки од 15 до18 годишна возраст, во кои покрај изучувањето на српскохрватскиот јазик, историја, математика, музичко воспитание и сл., се изучувале и рачните изработувања како кроење и шиење. Ова училиште било само дел од многубројните женски занаетчиски училишта, отворени низ целата територија на Вардарска Македонија, издржувани од Министерството за трговија, занаетчиство и индустрија.[4] Наставниот кадар го претставувале претежно припадничките на понежниот пол.[5] Покрај теоретскиот дел ученичките задолжително имале и практичен дел, преку кој можеле да дојдат до своите први изработки. Неизбежно било изработувањето прво на свои модели на хартија, а дури потоа и до рачна изработка.

---

[1]ДАРМ, ПО Велес, ф. Просветно одделение, к. 4. 9.3.4.8/ 23-33 (Според овие списоци: од маалото Којник имало запишано 25 ученици: од маалото маалото Мегдан имало 30 ученици: од маалото Теќе имало 22 ученици: од маалото Дервен 24: од маалото Брзорек 26:од маалото Дворови 39:и од маалото Поп Јорданови 46.Податоците се однесуваат на 1921 г.)

[2] ДАРМ, ПО Велес, к. 2 , 9.470.2/146

[3] Ibidem

[4] Буџет бановинских ..., op.cit., 116 (За нивното издржување ова министерство во 1938-39 г. имало предвидено 3, 144 505 дин)

[5] В."Вардар", (Меѓу наставниот кадар во ова училиште се споменуваат:Васка Јанковиќ, Љубица Грчиќ, Лепосава Вујовиќ, Живка Станковиќ, Јелица Ѓокиќ,д-р Марковиќ, Базиљевиќ,Бож. Лабан и др.

Шиеле на машини Сингер и често се случувало овие женски изработки да ги изложуваат, па дури и продаваат.[1] Во текот на 1933 г. во ова училиште се запишале 140 ученички, од кои 132 православни од градот и оклината, а преостанатите 8 биле припаднички на муслиманската вероисповест.Здобиените знаења доаѓале до израз за време задолжителните испити сроведувани по наредба на Министерството за просвета.

Женското занаетчиско училиште во своите рамки ќе има организирано и свое друштво, познато како Коло на Српските сестри, едно од оние во градот друштва, основани на иницијатива на режимската власт, чија цел се состоела од придобивање и оргаизирање на локалното население, во и според рамките на српската традиција.

Истото за прв пат во Велес е основано во 1914 г., истовремено со женското занаетчиско училиште, меѓутоа годините на Првата светска војна ќе допринесат за извесен застој во неговата работа. После 1918 г. повторно ќе ја обнови својата дејност, под многу тешки услови. Во еден град како Велес, кој штотуку беше напуштен од могубројните воени кадри, кои допринесоа за дел од неговото разрушување, тешко можело да се дојде до јавна институција или зграда за дејноста на ова друштво. Сместено во почетокот во една речиси разрушена зграда, на иницијатива на дел од наставничкиот кадар, кој го сочинуваше ова друштво, веќе од 1926 г. истото својата просветна дејност ќе ја извршува во просториите на основното училиште "Св. Кирил и Методиј".[2] За кратко време друштвото ќе успее да добие и своја сопствена зграда, во која ќе бидат сместени повеќе од сто и дваесет ученици, распоредени во четири одделенија со четири наставника. Посветувајќи се на образованието на припадничките од понежниот пол, ова друштво дотогашните резултати доста често ги презентирала преку организираните изложби на кои доаѓале до израз претежно рачните изработки од страна на тогашните ученички. Една од попознатите изложби била онаа од 1929 г. која со постигнатиот успех допринела за одржувањето на една општа изложба на сите женски занаетчиски училишта, во рамките на тогашната Вардарска бановина. Управата на друштвото, како преку овие изложби така и преку организираните од неа забави, концерти, предавања, доаѓала до одредени финансиски средства,

---

[1] Од разговорот со Ружа Арсова-Нацева, тогашна ученичка во женското занаетчиско училиште и сеуште активна во овој кројачки занает.

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.2, 9.470.2.125/143-146



*Ученички во женското занаетчиско училиште во Велес*



*Група велешки девојки*

наменети за сопствениот опстанок, но и поклонување на дел од нив како доброволни цели, во некои од јавните образовни и др. институции.

Посебно внимание ова друштво посветувало на прославувањето на државниот и црковен празник Св.Сава, за кој задолжително било организирано свечена програма, со што овој празник на еден начин се одбележувал како заштитна слава, истовремено на друштвото и училиштето. Претходно добро организирани прославите за патрониот заштитник, одржувани во салата на Офицерскиот дом, секогаш биле масовно посетувани, како од обичното граѓанство така и од сите претставници на државни власти, тамошни офицерски кадри, чии сопруги најчесто биле главните организаторки и домаќинки на прославите. Неизбежно истите биле пропратени со подготвени предавања за животот и делото на Св.Сава, реферати кои обработувале теми со српска содржина, како на пр: Надежта во Србија, Оставете ја кавгата, Нашите желби и др., како и попладневни матинеа на кои целокупното граѓанство наоѓало начин, само за момент да се дружи и забавува.[1]

За проширување на веќе стекнатото знаење, размена на искуства, како и за запознавање на велешанките со пространствата, убавините и достигнувањата на "нивната" татковина, од страна на женското занаетчиско училиште и "Друштвото на Српските сестри", биле организирани и екскурзии на пошироките простори на Кралството Југославија, надвор од територијата на Вардарска Македонија. Така во јули 1933 г. била организирана екскурзија од Велес преку Скопје, Куманово, Лесковац, Ниш до Нишка бања, за која се пријавиле 38 ученички и членки на друштвото. Истата била предводена од 4 наставнички и тоа: Василија Јанковиќ, Јелица Ѓокиќева, Живка Станковиќ и Наталија Марковиќ.

Доста чести во овој период, биле и обидите на српската власт преку воспитување на женската популација надвор од Велес, односно од границите на Македонија, да искреираат модел на едуцирана, но лојална Србинака. Така во 1936 г. во Велес Министерството за просвета објавило конкурс за примање на млади девијки, до 18 годишна возраст, во домаќинското училиште во Панчево, во кое наставата би била бесплатна.[2] Во ова училиште на девојките преку предвидените предмети: српски јазик, сметководство, економија, физичко и душевно воспитување,

---

[1] В.„Вардар„

[2] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.2, 9.470.2.127/158

физика и хемија, географија и историја, хигиена, наука за домашната економија, женската рачна работа, ткаење и кроење, цртање и пеење, се наметнувало теориското и практично подготвување на женскиот свет кој не бил во состојба себеси да си овозможи некое повисоко образование.[1] Доколку некоја од девојките се откажела, нејзините родители задолжително биле принудени да ја платата целокупната дотогашна сума, која државата ја потрошила за нејзиното образование.

Целокупните резултати и достигнувања друштвото ги презентирало преку годишните извештаи, надевајќи се дека нивната цел за пренесување на српската традиција и национален дух успешно е постигната. Постигнато е сосема спротивно од она што е посакувано. Целокупниот кадар кој што го создаде ова друштво, успеа да го консумира само знаењето кое што му беше понудено и презентирано, но не и намерата на режимската власт за создавање на безусловни нејзини поданици, идни носители и креатори на српската држава.

---

[1] Ibidem

## 2.1 Улогата на Народните универзитети

Од големо значење за воспитувањето на возрасните велешани, биле тн. Народни универзитети, чии почетоци датираат од 1920 г. Првиот од 11-те вакви универзитети во Македонија, меѓу двете светски војни, бил формиран во Скопје, како дел од Скопскиот филозофски факултет кој од 1925 г. претставува посебна институција.[1] Непосредно потоа започнуваат да се формираат Народни универзитети и во другите градови, на иницијатива и непосредна помош на скопскиот.

Во Велес, овој вид институција ќе се формира во учебната 1928-1929 г., чија задача, како и на сите други е да работи на ширењето на културата и образованието на народот во Јужна Србија. Но веднаш по формирањето неизбежно било и неговото поврзување со најнапредните организации во градот, раководени од КПЈ и СКОЈ-евската организација, односно навлегување во неговите редови, како и во секоја друга културно-просветна институција, организирана на иницијатива од српската режимска власт.

Според правилата на Народните универзитети, било предвидено, нивните цели да се остваруваат преку организирање курсеви од практична примена на одделни науки, курсеви од областа на описменувањето, здравственото и хигиенско запознавање за подобрување на истото, преку соопштенија и ширење на литературни дела, музички концерти, приредување на сликарски изложби, печатење на одделни предавања, одржани на овој вид универзитети или на други научно-популарни или практично-научни дела, а исто така и со основање на читални и библиотеки, во кои редовно била испраќана литература издадена од скопскиот народен универзитет.[2]

Во првата година од своето постоење на Народниот универзитет во Велес, предавања биле одржани од страна на Цветко Драговиќ,[3] д-р Радован Милутиновиќ, д-рАлексие Јелачиќ, д-р Првош Сланкаменац (професор на филозофскиот факултет во Скопје) и

---

[1] Михајло Георгиевски, Културно-просветната и политичка улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Скопје 1989 , 75

[2] Ibidem, 87

[3] В."Вардар", (Професорот Цветко Драговиќ одржал предавање "За Негош, како реформатор и пионер на југословенството", на самиот ден на отворањето на Народниот универзитет во Велес.)

др. од областа на образованието, просветувањето, културата, здравството, хигиената итн.[1]

Но и покрај што биле доведувани видни режимски луѓе, нивната замисла и обидот за спроведување и наметнување на српскиот национален дух не успеале. Токму затоа од почетокот на 1932 г. па се до крајот на 1933 г. својата дејност ќе ја прекрати Народниот универзитет не само во Велес, туку и во останатите градови на Македонија.

Доволно е да се спомене само како една од причините за ваквиот развој на инфилтрирањето на најнапредните членови на КПЈ и СКОЈ, на Работничкото и Студентското движење, како и на Напредното учителско движење од Велес. Истите во соработка со сите други напредни културно-просветни институции ќе организираа многубројни предавања и курсеви, проследени со богат литературен фонд, како "Развиток друштва" од Филип Филиповиќ, "Дијалектички материјализам" од Талхајмер, "Историја на социјализмот" од Макс Беер, "Историски материјализам" од Бухарин, "Политичка економија" од Ленски, дел од делата на Маркс, Енгелс и Ленин, како и голем број актуелни весници и списанија "Наша стварност", "Уметност и критика", "Литература"и сл.[2]

Народниот универзитет во Велес, од самото свое основање со мошне значајната културно-просветна дејност, која ја презентираше во текот на своето постоење, само повторно докажа, односно беше потврда за неуспешните обиди на српската власт за асимилирање и денационализирање на овој македонски народ, на кој сакаше да му ја измени целата дотогашна историја и културно наследство

---

[1] Александар Илиевски, Основање и дејноста на Народниот универзитет во Велес во периодот меѓу двете светски војни. Во:Сп.Велес, год.8, бр.8, Велес 2004, 74

[2] Ibidem, 74-75

## 3.Велешката студентска младина

Огромен е допринесот кој Велес ќе го почувствува од младината, која својата образовна надградба, ќе ја побара и на факултетите на територијата на Кралството Југославија, но многу често и надвор од неа. Оваа традиција на школување на младите велешани надвор од градот постоела уште многу одамна.За тоа ќе допринесе и самиот Велес, кој како еден значаен трговско-занаетчиски центар, рано ќе ја осети потребата од образовен кадар, кој ќе биде во состојба да ги одржува трговските врски со градови пред се од Средна Европа. Па така, ако се земе во предвид бројката од 14 000 жители, во годините после Првата светска војна, во градот опстанувале 8 522 писмени жители од кои 4 542 машки и 3 980 женски лица, односно 50 % писмено население.[1]

Во периодот меѓу двете светски војни, студентите од Македонија имале право да се запишуваат само во земјите сојузнички на Србија во Првата светска војна, меѓутоа со посебна дозвола издадена од српската власт.[2] Најголем дел од велешките студенти ќе се најдат во редовите на тогаш отворениот Филозофски факултет во Скопје[3], со Кралска наредба од 2 февруари 1920 г.[4]

Поголемиот дел од овие студенти ќе потекнуваат од трговски семејства, но некои од нив ќе бидат и деца на велешки учители и занаетчии. Од запишаните студенти на овој факултет, може да се забележи дека најголемиот број се припаднички на понежниот пол. Управата на Филозофскиот факултет водела доста прецизни податоци, преку кои се дознава не само името и презимето на студентот, туку и податоците за годината на нивното раѓање, татковото име и професија, сталното место и адресата на живеење,

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општона велешка, к. 3, 9.3.49/ 137

[2] Ibidem, (ф. Просветно одделение 1018-1941), кутија 4 9.2.4.34/78

[3] ДАРМ, Скопје, ф.Филозофски факултет, к. 23-40 (Меѓу досиеата на студентите од овој факултет се наоѓаат имињата на следните велешани: Бане Андрејевиќ, Златка Анѓеловиќ, Димитрие Богдановиќ, Нада Боцевиќ, Драга Вељковиќ, Надежда Вишиновиќ, Невенка Вујиќ, Душанка Глишиќ,Елезовиќ Даница, Цветанка Жабевиќ, Живковиќ Олга, Митко Илиќ, Перса Карастојановиќ, Василка Хаџи Костиќ, Слободанка Крепијевиќ, О. Кртиќ, Костадинка Кусовиќ, Невенка Кушевиќ, Веселинка Максимовиќ, Благојка Маневиќ, Крум Матовиќ, Пенка Менкаџијевиќ, Павлина Менковиќ, Илија Пановиќ, Александра Пејковиќ, Василија Петровиќева, Марика Пинговиќ, Димитрије Ристиќ, Милица Симиќ, Радмила Симиќ, Дафинка Солевиќ, Маргарита Софијановиќ, Костадинка Хаџи Маневиќ, Руменка Хаџи Панзовиќ, Венијамин Хаџи Наумовиќ, Петар Хаџи Панзовиќ, Павлина Цилаковиќ и Тодор Шоптрајановиќ, Георги Шоптрајановиќ.)

[4] Историја на Македонскиот народ, ИНИ,том IV, Скопје 2 000, 184-185



ФАКУЛТЕТ

УПИСНИ ЛИСТ

Г. Хаџи Панзовић Руменка

за редовног / ванредног ученика у — семестар који се уписао

ОТСЕК (ГРУПА) XIX

1) Дан, месец и година рођења 7 августа 1914 год.

2) Место рођења (бановина) Велес (Вардарска)

3) Држављанство Југословенско

4) Народност Југословенка

5) Вероисповест источно православна

6) Очево име и презиме + Јован Хаџи Панзовић

7) Очево занимање Био трговац

8) Код кога станује (код породице или као самац) сама

9) Где станује у Карађорђева 36

10) Стално место живљења (где се бави о распусту) Велес

11) Од чега се издржава (родитељи, државна служба, приватна служба, банка, редакција и т. д.) од родитеља

12) Прима ли благодејање ———

13) Јели питомац и чији ———

14) Где је и кад положио испит зрелости у Скопљу 10-26 juna 1933 год.

5 - марта 1934 год.

~~Београд~~ Скопље

Својеручни потпис ученика,

Панзовић Руменка

По члану 22. Закона о установљењу нових државних монопола од 3 августа 1890 год., штампар који се ухвати да штампа овај формулар, казниће се по кривичном законику.

Цена комаду 1 дин. — Издање и штампа Државне штампарије Краљевине Југославије у Београду.

*Досие на Руменка Хаџи Панзова- студент на Филозофскиот факултет во Скопје*

начинот на издржување, годината на завршување средното образование и запишување во редовите на повисокото, потоа континуираниот успех, начинот и содржината на завршниот дипломски испит.

Истите ќе бидат доста активни во сите дејности кои ќе ги превзема целокупната македонска студентска младина, надвладувајќи го преостанатиот дел кој потекнуваше претежно од српските делови на Кралството, а ги имаше во доста голем број. Меѓу најактивните велешани запишани на Филозофскиот факултет, се издвојува Руменка Хаџи Панзова,[1] како и браќата Тодор и Георги Шоптрајанови. Имено наоѓајќи се во редовите на Филозофскиот факултет уште од самиот почеток, односно од 1921 г., Тодор организирал и раководел со група студенти- комунисти меѓу кои се се наоѓале: Илија Панов Пепелков од Велес, 2 студенти од Црна Гора и 1 од Ваљево.[2]

Георги Шоптрајанов пак, за време на своите студии од 1926-1930 г., ќе биде познат како: основач и раководел на Првиот студентски дом при Филозофскиот факултет, потоа основач и секретар на Академското потпорно друштво (1927 г.), прва студентска организација во Скопје, основач и раководител на ЛИПИК-(Литература, Поезија и Критика) во 1927 г., еден вид прв литературен кружок, зачеток на Друштвото на писателите на Македонија, во која го вклучил и Кочо Рацин, како и на првата студентска екскурзија во Охрид и манастирот "Св.Наум", исто така во 1927 г.[3] Заради својата севкупна успешна дејност, Георги од наставничкиот совет на Филозофскиот факултет на 4 мај 1927 г., со незавршена втора година, бил избран за негов неуказен асистент.[4]

Некои од студентите и нема да го завршат образованието, поради предвременото исклучување од студентските редови, појава доста честа во овој период или пак поради преместување на факултети во други градови. Најголемиот дел од запишаните велешани ќе успеат да дипломираат, за што сведочат и нивните завршни дипломски темати, најчесто со содржина од српската

---

[1] ДАРМ, Скопје, ф.Филозофски факултет, к.37, 01.0323.0039.0037/391-404 (Нејзината активност нема да се одобрува од српските власти поради што во 1938 г. ќе биде и удавена во водите на реката Дунав, односно во Сремски Карловац. Овој настан бил исконструиран од властите како несреќен случај, за време престојот кај нејзината пријателка од Филозофскиот факултет, Евица Милошевиќ Фишман. Телото било подоцна пронајдено.)

[2] Деса Спасовска, Историското... , op.cit. , 14, Љубуша Стојановиќ, Георги Шоптрајанов-живот и дело. Во: Сп. Велес, год.V, бр.5, Велес 2001

[3] Ibidem, 70-71

[4] Љубиша Стојановиќ, Георги... , op.cit. , 7

книжевност, култура, историја, географија, односно од целокупната српска традиција. Истите целосно се зачувани во фондовите на ДАРМ во Скопје.

Многумина велешани своето право на образование ќе го искористат запишувајќи се на Универзитетот во Белград, [1] каде наставата не била задолжителна, па поголемиот дел од студентите не биле обврзани да престојуваат во градот, така што можноста за побрзо завршување на студиите, со помали финансиски средства, била поголема.

Доста голем број на млади велешани, водени од желбата за што повисоко образование, се среќаваат на студии во Загреб,[2] но и надвор од границите на Кралството, во дел од европските држави, како Франција,[3] Англија, Швајцарија,[4] Германија,[5] Австрија,[6] Бугарија итн. За сите овие студенти во архивските документи постојат прецизни податоци, кои српската власта ги водела не само за нив туку и за целото нивно семејство, времето и местото каде студирале и начинот на нивното издржување. Посебно голем интерес се покажувало за студентите кои студирале во Загреб. Токму затоа и тогашното Министерство за просвета од началството на велешката околија, барало подготвување на списоци за сите оние студенти кои студирале во овој град, како и податоци за нивните врски со Македонскиот комитет, врските со

---

[1]ДАРМ, ПО Велес ф.Општина велешка-Просветно одделение, 1918-1941, к.4 , 9.3.4.22/150-167 (Од студентите во Белград се споменуваат: Радојичиќ Предраг, Михајловиќ Илија, Хаџи Наумов Трајко, Медаровиќ Панта, Левковиќ Благоја, Коробаровиќ Петар, Хаџи Панзовиќ Благој, Павловиќ Костадинка, Босилковиќ Петар, Сираковиќ Панта, Хаџи Маневиќ Ѓорѓи, Пајтонџијевиќ Ѓорѓи, Јордановиќ Борисав, Велевиќ Вељко Симиќ Милош, Бојаџијевиќ Петар, Јовиќевиќ Александар, Богдановиќ Богдан, Тасевиќ Илија, Хаџи Наумов Трајко, Војновиќ Димитрија, Јосифовиќ Милош, Зафировиќ Пенчо, Крајничанец Тодор, Димитријевиќ Невенка, Крепијевиќ Бонка, Крепијевиќ Слободанка, Вујиќ Невенка (студирале право), Каменаровиќ Владимир, Василевиќ Ристо, Ачевиќ Михајло, Шолевиќ Димитрија, Андреевиќ Бане, Шалевиќ Димитрие, (технички), Пауновиќ Коста, Абрашевиќ Благој, Галевиќ Милош(шумарство), Ристиќ Стојан(теологија), Голистојанивиќ Милка, Пинговиќ Мара, Вановиќ Јелена, Трајковиќ Вукосава, Солевиќ Даринка(филозофија), Хаџи Саздова Родна, Јаникијевиќ Стојан, Стевановиќ Коста, Ржаревиќ Грозда (медицина).

[2] Ibidem, (Се споменуваат следниве студенти: Војницалијевиќ Димитрие, Шукаревиќ Борисав, Петар Зафировиќ, Шукаревиќ Василка, Левковиќ Благоје(експорт академија), Васковиќ Благој, Андреевиќ Борисав(ветерина), Смиљевиќ Димитрие, Марковиќ Оловера, Димко Амповиќ(медоцина), Урумовиќ Боривое, Деловиќ Панта, Богдановиќ Митко(фармација).

[3] Ibid., (Сеспоменува само Бобинковиќ Владимир кој студирал медицина).

[4] Ib., (Се споменува само Кушевиќ Мишо кој студирал технички факултет).

[5] Ib., (Се споменуваат следниве студенти: Славковиќ Богданка, Урумовиќ Костадинка, Урумовиќ Ѓорѓи и Илија Кртиќ).

[6] Ib., (Се споменуваат следниве студенти: Бојаџијевиќ Јован, Ѓорчевиќ Василие, Поп Андовиќ Ѓорѓи, Хаџи Панзовиќ Страхил, Поп Ѓорчевиќ Богдан, Ангел Пановиќ (медицина), Миновиќ Мино(агрономија), Крепијевиќ Анастасија, Карпузовиќ Надежда(фармација), Пантиќ Михајло(експортна академија) и Никола Орованец.)

било какви илегални организации поврзани со државни, терористички пропаганди, известувачки служби, местото на нивното привременото престојување итн.[1]

Најголем интерес велешани пројавувале за правните науки, потоа медицината, техничките, земјоделските науки и се разбира за философските студии и нивните ограноци. Со тоа ги задоволувале потребите на градот, кој го чувствувал недостигот на еден ваков образован кадар, односно можностите градот да добие високо образовен кадар, кој би бил предводник на една посветла иднина, во која тие ќе живеат како вистински Македонци и слободни велешани.

Дел од велешките студенти, во текот на своето студирање ќе бидат потпомогнати и со стипендиите кои ги доделувало друштвото Св.Сава.[2]

Велешките студенти никогаш не заборавале на својот роден град и своите обврски кои ги очекуваат за време на враќањето, односно поминувањето на целото свое слободно време во него. Посебно во своите способности за поврзување на ученичката младина, која ја чувствувале најблиска до себе, се истакнувале Тодор Шоптрајанов, Бане Андреев, Благој Хаџи Панзов, Петар Коробаровиќ и др. Како поискусни и побогати во своите знаења, секогаш организирале предавања на многубројните меѓусебни состанувања за време излетите, вачеринките, прошетките низ градот и сл., презентирајќи го истото, истовремено разделувајќи меѓу учесниците многубројна литература до која можеле полесно да дојдат.

Во периодот помеѓу 1920 г. и 1930 г. српската власт ќе формира голем број здруженија во кои би требало да бидат опфатени македонските младинци, посебно студентите, со што на еден начин би имале контрола во текот на нивното воспитивање. Познати се: Здружението на Јужно србијанците, Здружение на националистите на Јужна Србија, Српска национална младина, Организација на здружените југословенски националности, и др.[3], но ниту една од овие нема да ја постигне својата цел. Пресудна улога ќе има

---

[1] Ib, к.4, 9. 3. 4.24/192

[2] ДАРМ, м.ф. Друштво Св.Сава (Меѓу податоците на овој микрофилм се сретнуваат и барањата на дел од велешани за доделување на стипендии од страна на друштвото. Така на пр. во 1925 г. Славјанка Јаневиќ, студентка на Филозофскиот факултет, бара од Друштвото испраќање на одобрената стипендија; Никола Јовичевиќ, свештеник од Велес, интервенира во Друштвото за одобрување на стипендија за Борис Андреевиќ, студент од Брисел; Борислав Козаковиќ во 1929 г., студент по право од Велес, бара да му се додели стипендија од Друштвото, за да може да го продолжи студирањето и сл.)

[3] Историја на Македонскиот народ ... , op.cit., 186

влијанието на КПЈ која ќе се покаже како обединувач и водач на целокупната младина, па така и на велешката студентска во периодот меѓу двете светски војни.

Поголема активност, велешките студенти ќе покажат и развијат во Белград и Загреб, како составен дел на студентските комунистичко ориентирани организации.Од големо знечење било студентското друштво "Вардар" во Белград, околу кое се поврзани и имињата на велешани кои активно учествувале и во афирмирањето и распространувањето на тогашните студентски списанија, посебно на Белградските и Загребските универзитети.[1]

Покрај делувањето на факултетите, студентите успешно ќе се организираат и надвор од нив, секогаш наогајќи погодно место каде ни најмалку не би побудиле сомнителност.Така велешките студенти во Белград заедно со претставниците на работништвото, најчесто ќе се среќаваат во кројачкиот дуќан на прилепчанецот Коста Циривири, омилено нивно свратилиште и погодно место за нивните состанувања и чување на материјалите.Меѓу познатите велешки имиња се споменуваат: Тодор Капчев, Кире Димов-Мал Кире, Коста Солев Рацин, Димче Мирчев, Орце Сребров, Перо Коробар, Јордан Тодоровски, Димче Зографски и др.[2]

Токму ваквата активност на студентите ќе биде причина за се позасилената контрола на српската власт, која откако ќе ја сфати својата неуспешна образовна политика, ќе ги намали можностите на велешани за факултетско образование.За тоа сведочат и многубројните архивски документи во кои посебно е изразена загриженоста на српската влада за начинот на нивното издржување и поврзаноста со било какви легални и илегални организации.[3]Но националната македонска свест на оваа младина, достигнувајќи максимум, обединети под крилото на КПЈ, ќе создадат од неа неуништив фактор кој ќе биде еден од афирматорите за обединета, автономна Македонија.

---

[1] Ibidem,

[2] Перо Коробар, Сеќавања за Рацин. Во: Кочо Солев Рацин, Сеќавање на современиците, Скопје 1987, 84

[3] ДАРМ , ПО Велес, ф. Просветно одделение 1918-1941, к.4 , 9.3.4.8/23-32

## 4.Развој на библиотекарството во Велес

Како значаен фактор во културно-просветната политика на српската власт, меѓу двете светски војни, се издвојува и развојот на библиотекарството, организирано како од режимската власт така и од партиската структура. Библиотекарството има длабоки корени во Велес, каде првата ваква институција е формирана во далечната 1832 г., кога Велес ќе го има едно од водечките места во пројавувањето на интерес кон словенската книга, така што постојат податоци кои потврдуваат дека немало издадено книга во тоа време, за која не би имало велешки претплатници.[1] Меѓу главните канали на донесената книга во Велес, се споменуваат Белград, Будим, Виена, Русија, Цариград и др. места, кои уште еднаш ја потврдиле широката душа на заможниот велешки трговец кој во наредниот период ќе се истакне како собудена и просветна личност.[2]

Во периодот меѓу двете светски војни, почетоците на библиотекарството ќе ги означи Комунистичката Партија која ќе биде иницијатор веднаш по создавањето на Месната организација во градот, во сите маала да почнат да се формираат и првите клубови, еден вид читалишта, темели на народните комунистички односно работнички домови или домот на Партијата.

Овој дом легално почнал да функционира од 1920 г., сместен во локалот "Централ" во центарот на градот." Со отворањето на домот, работничката младина се здоби со просторија во која легално можеше да се среќава, состанува и работи. Просторијата беше сопственост на Дрндарови, земена под наем, тогаш од Дончо Мирчевски и неговиот соработник Панко Брашнаров. Однапред имаше прилично голема сала во форма на на буквата "Г", а зад неа се наоѓаше голема бавча во која беа сместени канцеларијата и библиотеката на културно-просветното друштво, спортските и синдикални организации (просторијата на НРПЈ и независните синдикати).[3] Во библиотеката се примала сета легална штампа, растурана меѓу работничката младина независно од нивното место на работа, но и надвор од градот во околните села.

---

[1] Васил Тоциновски, Светлина и текови, Скопје 1987, 35

[2] Ванчо Тушевски, Анѓелко Палашов и неговата библиотека. Во: IV Научен собир, Библиотекарството во Велес и Велешко, Титов Велес 1991, 53-58

[3] Боро Мокров, Бев книжничар на велешката книжница и читална. Во: IV Научен собир, Библиотекарството во Велес и Велешко, Титов Велес, 1991, 86-87

Фондот на библиотеката се зголемувал како резултат на финансиските средства од доброволните партиски прилози, или пак од многубројните подароци на книги, испраќани или донесени од други градови и партиски личности. Домот ќе биде едно од местата каде можеле да се одржуваат предавања, курсеви и слични вакви активности, наменети за подобрувањето на општествено-економскиот, политичкиот и културниот живот во Велес, меѓутоа ваквата негова интензивната работа ќе биде прекината по донесувањето на Обзнаната, а на негово место набргу ќе се формира овој пат нова режимска библиотека.

Веднаш после тоа според архивските документи, тогашното Министерството за просвета од Белград во 1920 г. ќе одобри формирање на Народна библиотека во Велес, привремено сместена на долниот кат од зградата на Гимназијата, чија цел била потпомагање во едукацијата на целокупното население во овој град.[1] Книгите биле издавани бесплатно на секој граѓанин, два дена во седмицата, четврток и недела, од страна на библиотекар одреден од самите наставници.

Одгласот на граѓаните бил доста слаб, затоа што библиотеката несомнено располагала со српска патриотска литература. Задоволни останале само српските власти, српското население и чиновништво колонизирано, односно доселено после Првата светска војна во градот.

До триесетите години, библиотеките постоеле како дел од културно-просветните организации, основните или средни училишта, но како такви тие биле едни од најбогатите со расположив книжевен фонд во Македонија. Поинтензивни иницијативи од страна на власта за организирање на една библиотечна институција, сместена во соодветна зграда ќе бидат направени во почетокот на триесеттите години.

Иницијативата ќе биде крунисана со реализација на нова зграда на градската библиотека во Велес, започната со изградба во 1930 г., а завршена наредната 1931 г., која за жал денес не е сочувана.

Во центарот на градот на местото на старите трошни дуќани била подигната трикатна зграда, една од најубавите културно-просветни институции во цела Македонија и Србија, по својот надворешен изглед и внатрешно уредување.[2] Сместена на вториот кат, читалната располагала со своја соба, повеќе одделенија за

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф. Просветно одделение 1918-1941, к.2 , 9.3.4.2/3-10

[2] Јосиф Гонев, Неколку документи за библиотеките во Велес во периодот меѓу двете светски војни. Во: Библиотекарството во Велес ... , op.cit. , 77-79



*Библиотеката во Велес*

канцеларии на библиотеката, сала за пеачки хор, бифе, гардероба и уште некои споредни одделенија. Нејзиниот книжевен фонд бил достапен за сите граѓани, но само редовните членови ја имале можноста, два дена во седмицата за изнесување на истата надвор од читалиштето.[1]

Набрзо по нејзиното изградување, КПЈ ќе инфилтрира свои приврзаници во управата. Влијанието особено ќе се засили по 1937 г., кога во Читалиштето, иако во рацете на режимската власт, велешките комунисти масовно ќе се вклучат во неговите редови, потиснувајќи го српскиот елемент.

Под изговор дека целокупната управа на библиотеката е во рацете на власта, а минимална застапеноста на обичното граѓанство, на годишното собрание одржано истата година, велешките партијци ќе го добијат местото-книжничар, кое било од големо значење затоа што тој, книжарот ја подготвувал структурата на застапеност книжевен фонд.[2]

Од 1937 г. па се до воспоставувањето на бугарската окупација местото книжничар во библиотеката ќе го раководат, покрај тогашниот одреден од власта учител Петре Циун, комунистичко ориентирани Македонци, велешки скоевци Страхил Ѓорѓов, тогаш студент по право и Боро Мокров, кои ќе успеат околу себе и библиотеката, да ги приврзат сите оние велешани, активни во текот на целиот период на српската окупаторска власт, чија управа тогаш била незаинтересирана за политиката која ја воделе книжничарите.

Во овој период библиотечниот фонд успеал дури тројно да се зголеми, така што преку него можело да се дојде до тогаш најновите изданија од најнапредните издавачки куќи како "Нолит", "Епоха", "Биноза" и др.[3]

Библиотеката ќе биде и место каде ќе се организираат голем број предавања, особено за време на културно забавните приредби, наменети за младината и нејзиното запознавање со актуелните настани, но и место каде ќе се сместува целокупната архива на КПЈ и нејзината месна организација во градот. Тогашниот книжничар Боро Мокров вели: "како член на напредните студенти, јас добивав големо количество полулегален и илегален материал (брошури летоци, билтени и сл), па ми беше лесно на овој материал да му најдам добро место меѓу илјадниците книги. Во тоа време располагав со голема количина на разен материјал кој беше

---

[1] ДАРМ , ПО Велес, ф. Просветно одделение 1918-1939 , к.4., 9.3.4.6/10-11
[2] Боро Мокров, Бев Книжничар ... , op.cit., 88
[3] Ibidem, 89

сместен во Читалиштето, каде полицијата никогаш не изврши претрес".[1]

Во периодот меѓу двете светски војни, библиотеката како една од "режимските" организации, ќе претставува тврдина на напредното движење, преку која Партијата ја манифестираше отворената борба за правата на македонскиот народ, се до воспоставувањето на бугарската власт во градот, кога престана да ја има функцијата и влијанието во времето на претходниот период. Новата власт, Читалиштето ќе го префрли во еден дуќан зад поштата, уништувајќи го најголемиот дел од книжевниот фонд , кој тогаш броел околу 3 000 книги.

Развојот на библиотекарството во Велес, ќе овозможи истовремено како засилена книжарска дејност, која своите корени ги има зацврстено уште од 1860 г., кога ќе биде отворена и првата книжарница во градот со посредство на бугарскиот просветител Христо Г. Донев,[2] така и формирање на богати домашни библиотеки.

---

[1] Ibid

[2] Васил Тоциновски, Гемициските пораки, Велес 2004, 226

## 5.Велешките автори меѓу двете светски војни

Непосредно во период на Балканските и Првата светска војна во Велес ќе се роди една генерација, негова најголема гордост, која неприфаќајќи го тогашниот начин на живот во кој таа требаше да биде дел од српскиот народ, успешно ќе се спротистави и преку пишаниот збор, кој може понекогаш да каже многу повеќе отколку делото.

Таа генерација, ќе успее да го надополни, веќе изграденото културно творештво од велешката генерацијата која пулсираше во втората половина на XIX в., како Јордан Хаџи Константинов Џинот, Рајко Жинзифов, браќата Константин и Андреја Петкович и др.Токму овие дејци, надополнети со имињата како Кочо Рацин, Милан Војницалија, Коле Неделковски, Ганчо Х. Панзов, Кире Димов, Васил Ѓорѓов, Анѓел Диммов-Гече, Богдан Сираков, Ѓорѓи Ј.Солев и др., со своите дела само ќе допринесат за развојот на историјата, јазикот, културата, фолклорот, начин на живеење итн.

Културниот развој во Велес, не може да се замисли без еден од најстарите автори во периодот меѓу двете светски војни, Милан Војницалија кој целоиот свој живот ќе го посвети токму на афирмирањето на македонскиот народ, како посебен со своја развиена историја, култура односно свест за посебност.

Својот борбен дух, изразен уште во Илинденскиот период ќе го покаже со одбраната на македонскиот јазик, знаејќи дека е еден од најглавните карактеристики на народот, по кој може да се препознае истиот. Токму поради тоа ќе почне да ја афирмира идејата за пишување на македонска јазик, на кој ќе остане доследен и во своите поетски изразувања собрани денес во книгата "Под туѓо небо" останата во ракопис.[1]

Изразената националната свест ќе ја докажува преку обидот, односно поставувањето на прашањето од потребата за пишување и издавање граматика на македонски јазик уште во 1920 г. За тоа сведочи писмото на злогласниот српски војвода Јован Бабунски до Командантот на III-та Армиска област во Скопје, од кое се дознава за барањето на Милан Војнцалија, да се дозволи пишување на македонска граматика, а македонскиот јазик да биде задолжителен за целата администрација, па и за оние кои потекнуваат од други краеви на кои овој јазик им е туѓ. За Македонија бара да биде во

[1] Васил Тоциновски , Поет изгнаник, Скопје 1990, 159-161

однос кон Србија како што се Хрватска и Словенија и земја која сама ќе ги избира своите делегати, кои би ги застапувале само македонските работи.[1]

Војницалија особено ќе се активира во триесетите години на XX в. кога на велешката сцена ќе се појават многумина слични на него. Тоа е времето на соработката со Кочо Рацин, Коле Неделковски, Ѓорѓи Ј. Солев, Стефан Гајдов, Богдан Сираков, Живко Фирфов, Георги Шоптрајанов и др. кои токму тогаш и под негово влијание ќе почнат да ги создаваат своите првенчиња. Големата поврзаност посебно со Кочо Рацин и Коле Неделковски ќе биде одржувана се до неговата смрт.

Преголемата активност во културниот живот, ќе биде една од причините за неговото економско пропаѓање, поради кое ќе замине во Софија, Бугарија надевајќи се дека таму ќе успее да биде признат како македонски поет. После двегодишна борба во 1939 г. трагично ќе заврши во крајна сиромштија. Сепак од велешани ќе биде запаметен како "симбол на традициите на древниот Велес",[2]кој често знаеше да прошета по велешката чаршија, често качен на пајтон, и рецитира на неговите сограѓани, новонапишаните песни.

Велес и историјата на Македонија, посебно историјата на литературата ќе запамети ште една, голема ако не и најголема личност која ќе биде подоцна позната како основач на современата македонска литература. Тоа е личноста на големиот Кочо Рацин.

Времето и средината во која живее ќе допринесат за неговото запаметување, како еден од најактивните и најзаслужните за спроведувањето и ширењето на револуционерното движење во Велес и пошироко, како и за културниот развиток во градот, противмерка во обидот на режимската власт за наметнување на српството меѓу неговите сограѓани.

Од 1924 г. тој активно ќе се вклучи во редовите на СКОЈ-евската организација па "дење работејќи, навечер дискутирајќи, а ноќе учејќи ќе се формира како скоевец и партиец активен работник во младинските групи и културни друштва".[3]

Со функцијата, секретар на работничкото културно-уметничко друштво "Напредок", ќе се истакне како главен организатор на разновидни забави, другарски вечери и повечеринки кои се одржувале по велешките домашни жаришта, масовно посетувани од

---

[1] Ibidem, 173

[2] Васил Тоциновски, Светлина ... , цит. , 63

[3] Бане Андреев, Во: Коста Солев Рацин, Сеќавања на ... , op.cit., 13



*Милан Војницалиев*



*Коста Солев Рацин*

младинците, работниците и работничките кои претставувале само маска за одржување на илегални скоевски состаноци, а преку екскурзиите и посетите на разни манифестации и селски собори се воспоставувала врска со младината, градска и селска. Успешна соработка ќе развие со младината од Прилеп, Свети Николе, Скопје и нивните околии. Како активен партиски функционер Кочо Рацин ќе земе учество на четвртиот конгрес на КПЈ во Дрезден, одржан 1928 година.

Ова е временскиот период кога тој напоредно ќе почне да се занимава и со новинарство и публицистика. Успешно ќе соработува со списанијата како "Критика", "Литература", "Организовани радник" и многу други.

Истата 1928 г. се претпоставува дека е година на неговите први литературни почетоци, односно година кога Рацин се обидува да направи нешто повеќе за својот народ преку литературното дебитирање. Песната "Синови глади" и прозниот состав "Резултат" ќе ја нагласат неговата поезија полна со социјален протест и бунт.[1] Истовремено ќе ја создаде и својата прва стихозбирка "Антологија на болката", посветувајќија на својата платонска љубов, велешанката Рахилка Фирфова.

По 1932 г. Кочо Рацин ќе се најде и меѓу интелектуалците во Скопје, каде ќе работи како коректор на весникот "Вардар", но врските со Велес и покрај многубројните прогони, затворања, делувања во Загреб, Белград и др. места, никогаш нема да ги прекине. Со своето делување во Загреб, Рацин само ќе создаде една значајна врска со хрватската книжевност и нејзините претставници во тој период, така што токму тој дел од хрватската јавност, меѓу кои ќе се вбројат познатите Јура Коштелан, Златко Прица, Драго Иванишевиќ, Г. Ковачиќ, Јосип Цазиј, Стеван Галогажа, Павлек Мишкин, Ј. Газиј и др. преку името на Кочо Рацин на Македонија и нејзината културна традиција ќе и донесе најверни и доживотни пријатели.[2]

Неговото име ќе биде поврзано и со протестот на тогашната студентска младина во Скопје, која тогаш отворено ќе истапи против одлуката на српската власт за затворање на Филозофскиот факултет во Скопје кој се покажа како најголем нејзин неуспех. Својот револт истата ќе го изразува, агитирајќи меѓу народната средина. Една ваква активност ќе биде пројавена и во Велес, организирана од Кочо Рацин.

[1] Александар Спасовски, Кочо Рацин, Скопје 1995, 102-103

[2] Горан Калоѓера, Рацин у ... , op.cit., 78-79

Под изговор за одржување на научна екскурзија на деветмина студенти: Р.Зоговиќ, Д.Лекиќ, Д.Каспаревиќ, Ј.Ристиќ, Д.Поповиќ, П.Ивановиќ, Д.Гавриловиќ, Ц.Ѓериќ и З. Михајловиќ заедно со Рацин ќе заминат во Велес каде на 22 јануари 1933 г. ќе ја одржат познатата литературна вечер.[1]

Со помош на Ѓорѓи Ј.Солев, тогашен сметководител во Велешката општина и Васил Ѓорѓов, во хотелот "Загреб" со масовно учество на велешани, за кој истиот тогаш бил и премал за да ги собере, Рацин ќе ја направи незаборавна оваа јануарска вечер за која самиот Ѓоргов ќе рече:

Во еден јануарски ден во 1933 г., на главната велешка улица, беше истакнат плакат напишан со рака, што ги повикуваше граѓаните во салата на хотелот "Загреб" да присуствуваат на литературната вечер на студентите од Скопскиот факултет. Салата почна да се полни цел час пред почетокот, така што повеќе од 1 000 посетители се туркаа во салата, додека надвор чекаа многумина кои не успеаја да влезат".[2]

Колуминацијата ќе се добие по читањето на Рациновата песна"Огномет", чија содржина ќе придонесе за делување на полицијата, растурање на насобраниот народ и затворање на студентите, односно учесниците истовремено и организаторите.[3]

Но тоа е Рацин и постојаната борба за доказ на постоењето на македонската нација, која има право да постои како таква. Се до трагичната смрт, 1943 г. , но и по неа самиот тој како име на единка и творечката дејност, која ќе ја остави во наследство, ќе биде доказ за нескротливиот македонски дух. Посебно голем успех претставува неговата стихозборка "Бели мугри", како и двете песнарки со македонски народно-ослободителни песни, со кои самиот автор ќе се запише и обележи како основоположник на современата македонска литература, а неговиот роден град, Велес, како град на културата.

Меѓу велешките автори, одбележувачи на ова време, се споменува Кире Димов-Мал Кире, кој ќе настојува, преку

---

[1] ДАРМ, м.ф бр.2 042, Милан Стојадиновиќ.

[2] В."Вардарски глас"

[3] ДАРМ, м.ф, 2042 (Студентите цела една вечер биле затворени од полицијата која покрај конфискуваната литература како трудовите "Влак има класе", "Кулуци кулаче", "Македонски печалбари", "Пред сеоским Протарама", "Последни илијин дан", "Беседа се подножја", "Први дио сељакова приче", "Ми ми безбројни, безимени, милиони" , не успеале ништо друго да постигнат. Сите затворени биле подложени на поединечно испрашување за што сведочат зачуваните документи на овој микрофилм)

поетскиот збор да допринесе за одржувањето на секојдневниот, велешки, македонски начин на живеење. Пишувајќи и собирајќи дел од народната поезија која ќе му биде достапна, овој поет иако кратко постоеше на македонската сцена,[1]ќе даде еден поконкретен приказ на она што се нарекува велешка народна традиција.

Културното живеење во Велес не може да се замисли ниту без драмските автори кои се појавија и делуваа меѓу двете светски војни. Неизбежни се имињата на Богдан Сираков , Ѓорѓи Ј. Солев и Ангел Ж. Димов.

Деветнаесет годишниот бакалски калфа Богдан Сираков непосредно по доаѓањето и стапувањето на сила на српската власт во вардарскиот дел од Македонија, ќе го напише и својот драмски првенец "Последици од војната" чиј издавач била тогашната штампарија и книговезница "Стара Србија" од Скопје,[2] но за жал денес, се мисли на делото, подложено на заборав, и покрај тоа што дава податоци за периодот после првата светска војна, значајни не само за книжевната историја, туку воопшто за националната историја на македонскиот народ.

Од неговата рака ќе произлезат уште два драмски текста и тоа: "Кога прстите на туѓите раце" и "Гурбетчии" во кои, преку судбината на велешките семејства како последица од војните кои се случија непосредно со почетокот на новиот XX в., секој Македонец, односно секој човек ќе наиде на бунт меѓу своите чувства и згрозување од она што некому може да му се случи, како дел од своето постоење искреирано од човечкиот ум и рака.[3]

Истото ќе го направат Ѓорѓи Ј.Солев за чие име се поврзани драмските текстови "Лош сон", "Борба за слобода" и "Новиот претседател" како и Ангел Ж.Димов со "Милостиво срце", кои ќе доживат истовремено и повеќе изведби од велешките младинци затоа што содржината на овие текстови најдобро го прикажуваат Велес во тој бурен период меѓу двете светски војни.

Но не е мал ниту потценувачки бројот на оние велешани кои делуваа и со својот пишан збор, покрај револуционерната активност, надвор од Велес, надвор од Македонија. Нивната интензивна работа посебно ќе се афирмира во XIX и првата половина на XX век.

---

[1] Почина во Белград во еден од затворите, каде замина како печалбар и учесник во напредното работничко движење

[2] Македонска академија на науките и уметностите ( МАНУ), фонд Богдан Сираков

[3] Ibidem , (зачувани се во архивските фондови на оваа институција)

Во првите три децении на XX в. Велес беше доста добро афирмиран и преку имињата на двајцата негови синови Љубомир Весов и Илија Кушев, едниот поет другиот раскажувач, а истовремено двајца бранители на нивната родна Македонија. Љубомир Весов дури ќе биде наречен и поет на Македонската модерна. Потекнувајќи од добро ситуирано, познато семејство, истиот ќе има можност да се стекне со образование во Солунската гимназија, каде ќе ги направи првите поетски обиди, директно под влијание на руската литература, објавени по неговата смрт.[1]

Истовремено по неговте стапки ќе тргне и Илија Кушев, определувајќи се за прозата. Но дел од она што го напишал ќе остане необјавено и непознато, подзаборавено во некои приватни архиви.[2] Сепак ќе придонесат за изградувањето на македонската литература, посебно за збогатување на велешката, иако ќе делуваат само неполни три децении од својот живот.

Во видни велешани, своето име ќе го запише и ликовниот педагог, собирач на народни умотворби, издавач на весници и списанија, автор на биографски текстови и преведувач, Георги А. Палашев.[3] Целиот свој живот ќе го посвети на воспитувањето на младината, а со тоа ќе се вклучи и во вековната борба на македонскиот народ во извојувањето на своите национални и социјални права и слободи, но како што ќе рече професорот Васил Тоциновски и покрај извонредно богатата и ретка револуционерна, културна традиција, ќе се вброи во колоната на помалку познати пресоздавачи во иднината, подзаборавени, онеправдани.

Уште едно име ќе блесне на велешката литературна сцена. Тоа име гласи Александар Панов-револуционер, поет и новинар кој по завршувањето на прогимназијалното образование во Велес, ќе премине во соседна Бугарија, каде како истакнат Македонец и ќе го положи својот живот. За мене сега особено е важен како велешки литературан деец меѓу двете светски војни, кој иако делувајќи надвор од градот никогаш не го заборави. Потврда за тоа е неговото најпознато литературно, поетско искажување, творбата "Велес".[4] Поминувајќи го поголемиот дел од својот животен век надвор од Велес, тој во ниту еден момент не се осмели да го заборави прекрасниот изглед на градот, неговата историја и традицијата, за кој ќе ги напише следниве стихови:

---

[1] Васил Тоциновски, Гемициските пораки, Велес 2004, 147-158

[2] I bidem, 159-189

[3] Ibid., 193-201

[4] Ib., 210, Песната е превземена од делото на проф. Васил Тоциновски , Гемициските пораки

*Во подножјето на два рида стрмни, голи*
*замислени куќарки слепено блескаат,*
*и мислиш, клисурата тесна ја пробиле*
*една врз друга тажно се редат*

*На залез сонцето мижурка од високо*
*воздухот е пресит од прав и од топлина.*
*Одблесок кружен во пространството широко*
*прозорци возвраќаат, мижуркаат в светлина.*

*И само Вардар ноќум, облеан од месечината*
*си лади душа со мерка за свои морни гради*
*и збор шепотат тажен во заспнатата*
*нестивнатите, вечно матните води.*

*Пред зинатите врати на дрвени балкони*
*До доцна често старци пијат и седат*
*и чашките со ракија ,испиени со здравица*
*и од умора да ги прифатат сал се редат*

*Од  долги години така скриен во клисурата*
*Се таи бесшумно тој малечок град.*
*Молчи тој беден , малечок под небото,*
*но колку пак по дела е голем и богат.*

*Кога спомен мил за него во сеќавањата ни*
*во блесокот кон нас раширени раце*
*со молк притаен и восхит во душите ни*
*длабоко поклонение му правиме ние од срце.*

*Кога во својот живот крај него патник мине*
*и не го познал инаку, но името му го чул*
*тој исто симнува шапка , дур да го одмине*
*се поклонува и прашува: ,,Тоа ли е Велес? ,,*

*Познат е ете тој , на секој во душата*
*макар природата грижливо да го крие,*
*И може некогаш по волја на судбината*
*во утробата на земјата вечно ќе блескоти*

*и се повисоко во широчините на овој небосвод*
*ќе грее ко сонце, со векови ќе трае*
*бесмртно со Создателот- Саваод, се знае*
*Зашто прв од сите тој ја прегрна борбата*
*синџирите да ги скине , ропството да го победи*
*а татковината да види ред и правдин*

*Заедно со борбите први на нашиот род поробен*
*тој го посеа семето и пример ни даде нам*
*бел страв да го љубиме својот народ несреќен,*
*в гради да си носиме оган - голем плам.*
*Тој вдахна вера света, идеал во животот*
*и сила за мили жртви пред олтар свет*
*длабоко во нас в сади независт кон лакомство,*
*да бидеме кон него смртен непријател со завет.*

*Тој мајка е на колку рожби -жртви мили*
*бесмртни по дела, недостижниш по дух !*
*За жалост , сал ние за нив се уште сме глуви*
*за нив родот уште  е молчалив  и глув!*

*И секоја куќа мала во тој град незаборавен*
*светост е ,музеј на некој подвиг смел*
*за маченик безимен , на некој дух ветен*
*за пример да скита в небото без предел...*

*О, Велес , роден крај , ти постојано обновуваш*
*маки робски наши со таговен си вид,*
*и , мислиш, маки наши ни одразуваш,*
*мируваш меланхолично во теснеците скритч!*

*По твоите синови , одраснати тешко ,*
*одгледани во солзи на твоите гради,*
*и твоите подвизи сред минатото страдално*
*борби неподносливи , тажни беди.,*
*на твоите духови кои над тебе шетаат*
*оставиле завет и живот што те следи,*
*и жителите исто , кои денес страдаат-*
*да ги скинат железата на ропства - јарем,*
*ни одредија вечен, како Боговите*
*да следиме и умираме,за тоа што си страдал.*

*И дур стоиш ти, ступкан така во клисурата*
*ќе опстоиме ние во надеж за нов живот,*
*и додека сме живи вон ас чука срцето,*
*ќе го препородиме ние тој наш беден народ.*

*Починуваш таму долу в карпести теснини*
*високо вечно ќе не греш ти како блен*
*и трливиот пат за светли иднини*
*ќе го минеме ние во судниот ден!...*

Во времето кога Велес ќе биде центар на значаен општествено-политички, економски и културен живот, истиот ќе се закити со уште еден лик во литературната и револуционерната дејност, Ганчо Хаџи Панзов кој повеќе делуваше надвор од Македонија отколку во родниот Велес.

Во годините поминати во Париз, 1924 -1936 г, тој како поет, новинар, публицист и револуционер ќе го посвети својот живот на родната Македонија, преку културната борбата што ја водеше. Иако по обем мала, неговата заоставнина има непроценливо значење, особено поемата "Ќе се вратам".

Невозможно е да се избегне ниту името на Коле Неделковски. Колку револуционерно активен, уште повеќе литературно со познатите свои поетски остварувања "Молскавици" и "Пеш по светот", засекогаш ќе остане испишан во културно просветната историја на Велес.

Ќе споменеме само уште едно име, зашто Велес даде многу кои делуваа во периодот меѓу двете светски војни во Бугарија со пишаниот збор, со што ја овековечија историјата на Македонија.

Позната како поет, рскажувач, романсиер, авторка на две книги раскази "Го знаете ли тој крај", кој изобилува со драгоцени вистински настани од секојдневните настани во Велес во текот на XIX в., "На портата", како и на необјавената повест "Ристо на Шаткови",[1] Вестала Тимчева делувајќи во Софија цел свој живот

[1] Ib, 246-266 (Вестала Тимчева родена е во Велес каде ќе го помине поголемиот дел од детството. Потоа заминува на школување во Солун од каде за кратко ќе се пресели во Софија со својот сопруг кеде ќе остане до крајот на својот живот да твори обновувајќи си ги така сеќавањата за родниот Велес, главна тема на сите нејзини дела.)

сепак ќе остане запишана во плејадата велешки културни дејци во времето на обидите за наметнување на србизацијата од страна на Кралството Југославија.

## 6.Театарската традиција на Велес

Велес како град на културата, лулка и тврдина на напредната мисла ќе се покаже како успешен негувач и одржувач на театарскиот живот, кој нема да отстапи од она што беше градено со векови, наспроти обидите на српската власт, во периодот после Првата светска војна, да го креира истиот и искористи за своите потреби.

Театарскиот живот во Велес има долга традиција. Неговите почетоци се поврзуваат со името на Јордан Хаџи Константинов-Џинот и интензивен развој ќе забележи се до почетокот на Балканските и Првата светска војна, кога поради воените дејствија во текот на наредните шест години ќе настапи период на намалување интезитетот на оваа уметност, за веќе во наредниот период истата да се засили, негувана од бројните културно-уметнички и спортски друштва, но и од редовите на целокупното граѓанство без разлика на нивната старосна граница.

Несвесно оваа традиција во Велес токму во меѓувоениот период ќе биде поттикната и насочувана од најмалата и најмладата генерација, која преку детските игри, во кои учествуваа и девојчињата, а кои познаваа за изведување на свои детски претстави, ќе се вбројат во носителите на театарското драмско дело. Често во велешките дворови можело да се види импровизирана сцена, направена од килимчиња и стари чаршави, на која децата од маалата глумеа, даваа "театро".[1]

Тоа е времето кога покрај професионалните театри во Скопје и Битола, дејствуваат голем број аматерски патувачки театри низ Кралството Југославија,[2] од кои нема да биде одминат ниту Велес во кој најчесто престојувала трупата на Михајло Лазиќ.[3] Организирана на Солунскиот фронт, со веќе подготвен репертоар, оваа група во текот на повеќе од шест месеци, секоја недела и

---

[1] Иван Ивановски, Против заборавот, Скопје 1987, 101-103

[2]Јелена Лужина, Последниот Балкански Скомрах. Во: Монографија на Петр Прличко, Скопје 2004, 28 (По доаѓањето во било кој град, овие патувачки театри го привлекувале на следниов начин вниманието од локалното население, односно во акција стапиваат една маркантнамашка будала со голем шешир, една предизвикателна убавица која штом ќе прошета низ главниот сокак, се што е машко рафлексивно ќе ја пикне раката в џеб, еден веш и зборлест управник кој на брзина ќе умее да ги шашардиса локалниот градоначалник(за дозвола за играње) и доколку беше ептен неизбежно локалниот поп...И тоа е се што е потребно за истата вечер претставата да бите масовно посетена, а корист голема.)

[3] Ристо Стефановски, Славомир Маринковиќ, Народен театар Јордан Хаџи Константинов - Џинот, Велес 1999 г. , 19

четврток, ќе прикажува театарски представи, привлекувајќи го вниманието на младите велешани, кои и активно ќе се вклучат во неговата работа, имајќи пресудна улога во нивното животно определување. Ваквиот повик посебно ќе го прифати познатиот велешки автор и режисер Перица Алексиќ Прличков или едноставно само Петре Прличко, откако и ќе ја добие првата улога во овој театар, поточно улогата на Детето во пиесата "Битката на Косово".[1]

Театарската група на Лазиќ броела околу 15 членови кои 4 пати во неделата прикажуваа вечерни претстави, во неделите и празниците денски, за пошироките народни слоеви за цена од 5 и 3 динари, редовно одвојувајќи по 50 билети гратис за најсиромашните, како и по две претстави за гимназијалците и учениците од основните училишта по цена од 2 динара.[2]

Овде ќе го споменеме и името на Рајна Савова, која успеа да се спротивстави на мислата, која велеше дека театарската дејност за женското дете, значеше недоличност и срам за нејзиното семејство. Вбројувајќи се меѓу имињата на големите театарски имиња, Рајна Савова посебно ќе биде позната и запаметена по изведувањето на улогата во пиесата "Момина клетва", за првпат во 1937 г. пред битолската публика, режирана од Исак Амар, еден од најголемите ентузијасти во Југославија пред и по Втората светска војна.[3]

Самите наслови на претставите : "Ѓидо", "Ивкова слава", "Зона Замфирова", "Шокица", "Зулумќар", "Грнчари", Кнез Иво", "Каплар Милое" и др., укажуваат на обидите за запознавање и ширење на српската историја, јазик и култура. Еден дел од овие први претстави за време српската окупација ќе се изведуваат во велешките кафеани, масовно посетувани од велешките граѓани облечени во најновите облеки, желни за нешто ново и забавно.[4]

После заминувањето на групата, во градот ќе почнат да се формираат театарски секции како дел од спортските, музичките и литературни дружини. Уште во учебната 1919-1920 г. во велешката гимназија ќе се формира ваков вид секција, прдводена од професорите Коста Дошен и Воја Ѓорѓевиќ, која ќе ги собере околу

---

[1] Јелена Лужина , Последниот Балкански ... , op.cit. , 23

[2] Ристо Стефановски, За театарската традиција на Велес, Во:

[3] И. Ивановски, Против ... op.cit., 74-77

[4] Коле Чашуле , Од думањата за Перица. Во:Монографија на ..., op.cit. , 84

себе, веќе познатите Бане Андреев-Ронката, Андо Трајков, Богдана Кушева, Георги Шоптрајанов и Тодор Крајничанец.[1]

Следната учебна 1921-1922 г. гимнастичкото друштво "Соко" формира своја театарска група, која работејќи се до воспоставувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 г. ќе биде позната и надвор од Велес.

Театарската уметност ќе биде прифатена и од обичното граѓанство искористувајќи ја за свое зближување, организирање околу Партијата и нејзините ограноци. Многу работнички друштва како "Напредок", "Горски" во кое со својата дејност како актер и режисер, најмногу ќе се истакна Борис Бегинов,[2] "Слога", "Иднина", "Хајдук" и други, покрај со многуте активности, посебен успех ќе покажат и со театарските.

Најстаро од сите овие погоре споменати друштва е "Напредок", кое афирмирајќи се во периодот од 1923 до 1929 г., преку дејноста на Орце Сребров, Методија Ќамилов, Алексо Демниевски, Трајко Шојлев, Славко Гајдов, Петре Јарчев, Кочо Рацин, Борис Анѓушев, Орце Ковач, Ташко Желков, Ицо Џипун, Марика Пингова, Костадинка Џипунова, Мара Боцева, Мара Јарчева и др.[3] како и преку богатиот репортор со дела од социјален карактер "Слугата Јернеј и неговото право", "Рудари", "На синџир" и др., ќе извршат огромно влијание врз засилувањето на напредното работничко движење и негово успешно поврзување со комунистичката младина од Свети Николе, Куманово и Прилеп. Дејноста на ова друштво, по забраната од полицијата, ќе се обиде да ја обнови и продолжи во триесетите години, драмската група на противпожарното друштво во градот, кое ќе исполни само една претстава, "Огинот".

Доста успешни биле изведбите на "Ревизор" од Гогољ, "Женидба" од Чехов, "Аулуларија", драмски текст од античката литература, "Сомнително лице" од Б. Нушиќ, "Покондирана тиква" од Ј.С.Поповиќ, "Сирано де Бержерак" од Е. Ростан, "На Бадник" од К. Трифковиќ, "Волшебното магаре", "Царев гласник", "Абукасимовите влечалки", "Женски солзи", "Американски бербер", "На залез сонце", "Човекот зборува француски", "Мува" и "Обичен човек" од Б. Нушиќ, како и многу други, од страна на

---

[1] Јордан Леов, Страници од театарското дело. Во: Зборник 100 години Велешка гимназија, Т. Велес 1957,153

[2] И. Ивановски, Против..., op.cit., 28-31

[3] Ј. Леов, Страници од ... , op.cit., 154

друштвото "Горски", кое ќе делува се до предвечерјето на Втората светска војна.[1]

Забележителна е и активноста на УРС-овите синдикати, организатори на работничкиот систем, во театарскиот живот преку културно-уметничкото друштво "Коста Абрашевиќ". Велешките работници и рабитнички често знаеле да се соберат во своите домови и илегално дејствувајки, да дискутираат за се она што се случуваше во Велес. Познати се нивните изведби во "Предавник", "Слугата Јернеј и неговото право", "Закопајте ги мртвите", "Сина крв", "Крадливци", меѓутоа од големо значење и незаборавна е извдбата на познатото драмско остварување на велешанецот Богдан Сираков "Последици од војната".

Текстот забранет од полицијата за пррв пат го поставува и режира Кочо Рацин во 1936 г. со помош на противпожарното друштво од Скопје при гостување во Велес кој обид е и неуспешен.[2] Кон крајот на 1938 г. драмата повторно ќе доживе изведба, меѓутоа тајно, во куќата на кондураџијата Иљо Илков со преименуван наслов "Јово се враќа од војна", по кој ќе следи и јавен приказ во хотелот "Загреб", но и овој пат ке биде прекинат од полицијата.[3]

Своја драмска секција формирало и Занаетчиското здружение во почетокот на триесетите години, чии членови успешно ја спојуваа политичката борба свесно или не со културната преродба.

Прикажувани во просториите на хотел-ресторанитe "Белград" и "Загреб", кафеаната "Балкан", по домовите на жителите на Велес, помагани од патувачкиот театар на Петре Прличко и познатите уметници Тодор Николовски и Димче Трајковски, театарската дејност ќе развие и разгори во Велес еден живот за српската власт мошне деструктивен, која неможејки да го контролира, ограничи и забрани ќе почне паралелно да дејствува, формирајки свои театарски секции како друштвата "Јован Бабунски", "Ек од Вардар" и др. чии членови, српските приврзаници, чиновници и офицери, масовно ќе бидат бојкотирани и подложени на неуспех. Културното живеење на велешани стана дел од нивното секојдневие.

---

[1] Ibid

[2] Васил Тоциновски, Светлина ... , op.cit. , 290-291

[3] Ibidem, 291

## 7.Кината во Велес

Како дел од културното живеење во Велес меѓу двете светски војни, не смее да се заборави ниту она што го постигна и овозможи кинематогравската уметност .

Овој град е еден од ретките кој ќе поседува не само едно туку повеќе кина во периодот мегу двете светски војни, кои ќе овозможат многу поголем напредок на било кое поле, независно дали се работи за опшствено- политички, економски, културно-просветен живот итн.

За прв пат, филмски проекции биле одржани во зимата 1909-1910 г. во кафеаната на Трајко Иванов, организирани од Арсо Петров Картов, кој во Германија се стекнува со познавање на оваа дејност.[1]

По 1918 г. се забележува киното на Ѓоко Михајловиќ и Јоца Димитријевиќ познато како "Биоскоп касина", со околу 2 000 места, сместено во кафеаната "Ада кафези", каде кинопроекциите се одржувале по една во саботите и по две во неделите и празничните денови.[2] Истата кафеана, по пат на лицитација од страна на општината, ќе и се додели на Соколската организација во 1921 г. која дел од паричните средства требало да ги намени за општинската каса, така што овој објект ќе го добие лицето на новиот Офицерски дом.

Поголема активност, киното ќе забележи откако ќе биде организирано од Трајко Ѕиков, кој на истото место во летната бавча на Офицерскиот дом, ќе го заживее летно кино, чии проекции се одржувале 3-4 пати во неделата. Истовремено ќе започне и со изградба на кино на левиот брег на р. Вардар до дворот на затворот, вбројувајќи се во еден од двигателите на културните збиднувања во градот. Киното "Вардар" (денешниот театар "Јордан Х.К.-Џинот"), масовно ќе биде посетувано од граѓаните. Почитувањето и наклонетоста била изразена на еден начин и преку облеката, затоа што не можело да се види велешанец кој недотеран влегувал во оваа културна институција. Но, не секој еден можел да си го дозволи задоволството да присуствува на една кино-проекција,

---

[1] Илинденка Петрушевска, Старите кина во Велес (1900-1944). Во Кинопис, Скопје 1992, 6 (Арсо Петров Картов основното училиште го завршил во родниот Велес, од каде на 17 годишна возраст заминал во Германија престојувајќи во градовите Дрезден и Минхен, каде што покрај другото образование го изучувал и киноапаратескиот занает.Со купениот кинопроектор им ги прикажувал на велешани кратките филмови во кафеаната на Трајко Иванов, а нешто подоцна и во салата на старото училиште Св.Кирил и Методиј)

[2] Ibidem, 8

затоа што билетите чинеле од 3 до 8 динари. Во киното се изведувале и концерти, на кои најчесто била застапена македонската песна, обичаи, фолклор и традиција.

Од 1929 г. Велес ќе добие уште едно кино и тоа како дел од хотелот "Белград" сопственост на Милан Војницалија. Почнувајќи од Трајко Наков и Томе Ќерамитчиев, ова кино ќе доживее повеќе свои закупци се до 1940 г., кога "Капитол" ќе го добие најупорниот од сите киноапаратери, Лазар Кртев.

Велешани за сите филмови со денови се подготвувале, совладани од емоциите, испишувајќи и лепејќи плакати на сите јавни институции во главните улици, или организирајќи за некои од нив дури и артистичко-музичка поворка заради нивно реламирање, но и привлекување вниманието на граѓаните. Посебни впечатоци оставиле филмовите како: "Рапсодија", "Малиот трубач", "Црниот орел", "Освојувач на жени", "Дивите орхидеи", "Волга волга", "Човек без страв", "Еротикон", "Генерал", "Човек од небото", "Закон на преријата", "Отело", "Брачен триаголник" и др.[1]

Во ова време кога ќе постои зборот забрана во вистинска смисла и употребуван на секое поле киното ќе претставува голем достиг за градот како една културна институција која позитивно ќе делува во одбивањето на српскиот начин на живеење и зачувување на она македонското во себе.

[1] Ibid, 12-13

## 8.Музичкиот живот во Велес

Креирањето на музичкиот живот во град како Велес од страна на српската власт, ќе биде само еден од доказите на нејзиниот огромен неуспех во обидот за наметнување на својот сопствен режим, како една од мерките во искоренувањето на македонскиот корен, кој напротив не знаеше ниту да се исуши ниту пак да се искорени

Негуван преку училишниот систем, културните организации и друштва, но пред се во кругот на велешкото домашно жариште, музичкиот живот ќе даде многу позитивни рзултати.

Поврекето од овие имиња забележани од српската власт ќе бидат испратени на школување и надоградување на своите квалитети во српските универзитети надвор од Македонија, убедени дека истите ќе го зацврстат и шират српството на една територија која никогаш не била нивна. Преку ваквите постапки тогашната власт можеби на еден начин, ненамерно, делувала и постапувала позитивно, овозможувајќи им на многумина Македонци што е можно повисоко и поквалитетно образование, мислејќи дека вложениот труд ќе резултира со за нив наменета добивка, создавајќи од нив кадар кој ќе се посвети само на афирмирањето на нивната родна земја. Пример за тоа е познатата оперска уметничка Данка Фирфова,[1] Живко Фирфов, Стефан Гајдов и др.

Во периодот меѓу двете светски војни, музичкото живеење ќе се одбележи со основањето на првото работничкото, културно-просветно друштво "Абрашевиќ", раководено од млади напредни работници.[2] Истовремено ќе се формира и музичкото друштво "Напредок", раководено од Петре Јарчев, кое најдолго ќе успее да го негува и одржи македонскиот дух посебно преку револуционерните песни на својот репертоар. Зад оваа музичка активност се криела успешна политичка дејност која ќе биде и причина во периодот на злогласната "Обзнана"за прогоните на се што е напредно, вбројувајќи ги тука носителите на музичките активности.

[1] Бојан Ортаков, Данка Фирфова. Во Еден век музички живот, Велес 1988, 89-93 (Како солистка во гимназискиот хор, за време настапот на еден свечен концерт во 1933-1934 г. на кој присуствувал и пратеник од тогашното Министерство за просвета од Белград, Данка Фирфова по негова писмена препорака заминала за Белград каде по пет години Српската музичка школа кај професорката Наталија Илиќ.Подоцна учела и пеење кај Христо Брмбаров, Цирила Медведова-Шкерјанец и Људовит Киш. ВоВелес се враќа во 1942 г. од кога започнува и нејзината професионална музичка дејност.)

[2] Живко Фирфов, Еден век музички живот. Во: Сто години ... , op.cit., 175



*Членови на мандолинскиот оркестар "Напредок" 1924 г.*

Во 1925 г. формиран е камерен оркестар раководен од Илија Настов. Но на иницијатива на значајни музички имиња од градот како Стефан Гајдов, Живко Фирфов, Ѓорѓи Минов, Ганчо Пајтонџиев, Лазо Лукаров и Петре Ќупов културно просветната дејност на младината ќе биде интензивно потпомогната со формирањето на музичкото друштво "Гром".[1] Стефан Гајдов ќе основа и мандолински оркестар во кој ќе ја заземе улогата на негов диригент, извршувајќи ја истата се до неговото заминување во Белград станувајќи дел од познатото музичко училиште "Мокрањац".[2] Поцна името на друштвото ќе биде преименувано во "Горски", во чии состав освен музичката секција ќе постојат уште спортска и драмска.

Поради активната политичка дејност ова друштво ќе престане да постои во 1926 г. за веќе во истата година да се создаде ново музичко друштво "Победа" со уште помасовно членство, кое како и другите е со краток век на постоење, 1929 г.

Токму тогаш ќе се расформира, односно забрани и музичката секција на "Соколското друштво", чии приврзаници нешто подоцна ќе го образуваат "Душтвото на ложилницата" кое ќе располага со свој хор, тамбурашки и дувачки блех оркестар "Цар Душан", кој со своите настапи во Македонија и надвор од неа во градови како Осиек, Љубљана, Сараево ќе забележат голем успех, како со музичка дејност така и со политичката.[3] Ова пеачко-музичко друштво редовно одржувало годишни собранија на иницијатива на неговиот претседател и останатите членови од управата, на кои се презентирале дотогашните реализирања и достигнувања. Иако организирано од редовите на самото велешко граѓанство, друштвото несомнено морало да дејствува во согласност потребите на власта само за да може да се продолжи неговото егзистирање, затоа што неговите членови вешто знаеле секое ангажирање од власта да го искористат и за своите потреби водени и организирани од напредното движење во градот. Така познати се учествата на друштвото за време осветувањето на споменикот подигнат во чест на загинатите "наши хери" кај Томиславлево, Велешко, потоа било дел од одржаниот парастос за паднатите борци кај Брегалница во 1931 г., како и од приемот во Белград организиран по повод споменот во чест на смртта на Кралот Караѓорѓевиќ.

[1] Ibidem
[2] Јелица Тодорчевска, Стефан Гајдов. Во: Еден ..., op.cit., 67
[3] Сутка Оцедова , Приказната на Борис Ржаров. Во: Еден век... op.cit. 136



*Млади велешани*



Значајни резултати, стимулативни за активирањето на српската власт во градот ќе постигне и остави зад себе музичката секција, како дел од спортското друштво, во редовите на Монополот.[1]

Постигнатиот дотогашен успех ќе ја стимулира српската власт, во отпочнувањето со паралелно создавање музички друштва, како "Јован Бабунски" и "Јека са Вардара", кое му било доверено на Стеван Гајдов како раководител на тогашниот насила формиран хор, во кои за кратко време партиска организација ќе ги распростани своите корени. Истата во овој период ќе се обиде својата пропагандна цел да ја оствари и преку организирањето и доведувањето на музички друштва од другите градови, за поуспешно ширење на својата музичка традиција и наметнување на истата врз ова граѓанство, истовремено принудувајќи ги да се покоруваат на сите услови кои ги поставувала како знак на благодарност за дотогашните српски достигнувања. Познати се посетите и концертите, презентирани од страна на црковно-граѓанското друштво "Кајмакчалан" од Битола, мешовити хорови од Скопје и сл., проследени со игранки и културни програми во салите на некој од велешките хотели. На 11 март 1933 г. во Велес ќе гостува скопското пеачко друштво "Мокрањац" во чиј состав имало 70 хористи, од кои 40 машки и 30 женски вокали предводени од Мил.Шијачки, кое ќе приреди еден световен и еден духовен концерт во салата на киното "Вардар", презентирајќи го српското музичко творештво.[2] За својот дочек во градот ова скопско друштво, во дневниот печат "Вардар" ќе напише:

"Велешката станица беше преполна. Не дочекува и соколското друштво со својата блех музика. Претседателот на друштвото Војислав Радовановиќ се поздравува со претседателот на општината Никола Цураковиќ, сресkиот началник В.Николиќ, многу граѓани, претсаставници на бласта и корпорации.

Прозорците се начичкани.Велешани излегоа да не поздрават. Пред скромните дуќани стојат мајсторите, калфите и чираците кои ни се насмевнуваат, симнувајќи ја капата не поздравуваат.

Концертот во салата на киното "Вардар" започна со националната композиција "Хеј нек плану" по која следуваа "Међумурске песме", "Вече на селу", "Јесен" и "Магдо мори Магдо". Велешани кои се многу музикални (според зборовите на

---

[1] Ѓорѓи Малковски, Монополот ... , op.cit, 38

[2] В."Вардар"

Никола Цураковиќ во Велес може да се најдат праку 500 музички инструменти, посебно мандолини и гитари) покажаа голем интерес.

После концертот следуваше игранка која траеше до 1 часот по полноќ. Тогаш речиси сите присутни го напуштија киното, упатувајќи се кон хотелот "Јадранска круна", каде веселбата е продолжена до раните утрински часови.

Наредниот ден после богослужбата во црквата Св.Пантелејмон, одржан е помен на гробот на војводата Бабунски каде се говорело за заслугите на овој бесмртен јунак за неговата четничка дејност. Посетата на друштвото заврши во неделата после одржаниот духовен концерт".

Музичката активност како и целокупната просветна дејност во Велес ќе биде потпомогната и од УРС-овите синдикати работејќи под влијанието на КП, кои во 1936 г. ќе бидат иницијатори за отпочнување на курс за младината по нотно свирење на виолина и мандолина, организиран од Филимон Цеков, тогашен претседател на Месниот синдикален одбор.[1] Истиот ќе биде укинат и забранет од полицијата во наредната 1937 г., меѓутоа неговите посетители ќе се здобијат со теоретско и практично знаење од обласга на музиката. Ќе научат да свират валцер, танго, фокстроти и др. игри, меѓутоа и стекнат познавања од теоретските содржини на музиката. Истата година повторно се направил обид за отпочнување на еден ваков курс, овој пат раководен од Иван Николов-Танго чии членови своите знаења ќе ги презентираат на организираните игранки, матинеа, излети и повечеринки.[2]

Но, како и да е, музичката историја од периодот меѓу двете светски војни ќе биде збогатена со видни велешки имиња како: Стојан Алчев, Стеван Гајдов, Живко Фирфов, Данка Фирфова Северова, Кирил Спировски, Димко Хаџи Манев, Цветанка Лининова-Фирфова и многу други, како сведоци за едно време кога македонското име, народ и територија беа забранети, заборавени дека постојат на иницијатива на сите оние кои се бореа за нивно приграбување и претопување во рамките на нивните граници.

Освен во рамките на друштвата, велешани доста често знаеле да се дружат и на познатите игранки, матинеа, серенади под велешките чардаци, потоа излети надвор од градот на места покрај Вардар, Бабуна и Тополка, во близината на манастирот Св.Димитрија, Дурутовец, Пешти итн., на кои македонската песна, оро и збор биле неизбежни. Посебно интересни и незаборавни за

[1] Митко Илиев, Музичко образование на работничката младина. Во:Еден век ... , op.cit. , 132
[2] Ibidem, 135

младите велешанки, биле матинеата, во недела попладне од 2-6 часот. Токму на овој вид дружења меѓу младите, истите често знаеле и да ја изберат најубавата девојка на вечерта, која додека играла се случувало да добие писменце од келнерот, во кое се опишувала нејзината убавина.[1]

На тој начин младината успевала интензивно да се дружи понекогаш заборавајќи на се она што ги опкружува.

## 8.1Велешките серенади

Балканските, како и Првата светска војна не допринесоа за целосно нарушување на секојдневниот живот во Велес. Војните не значеа ниту заборав на она што внесуваше радост во велешкото семејство, меѓу кои ќе се вбројат и серенадите.

Во периодот меѓу двете светски војни речиси секое велешко маало имало организирано своја тајфа за подготвување серенади составени од велешките гимназијалци, односно од секој кој знаеше да свири на некој инструмент (неизбежно виолина, хармоника, гитара, прим-мандолина и дајре) или умееше да пее.[2] Овие тајфи најчесто биле составени од пет до шест членови. Внесувајќи живост во вечерните часови серенадите останувале длабоко врежани во срцето на секој велешанец или секоја велешанка, кои ги имаа доживеано. Серенади биле изведувани и од припадниците на тогашните културни и спортски друштва, кои стекнувајќи се со основни познавања од музиката на тогаш организираните многубројни, но краткотрајни курсеви по музика, истите ги докажуваа преку изведувањето на серенадите, или пак на матинеата организирани во Офицерскиот дом или на било кое друго место или институција.

Повод речиси и да не постоел, велешани самите си го создавале. Често можело да се слушне звукот на инструментите во некоја куќа до доцните вечерни часови, како ги оттргнува домаќините и сите присутни од секојдневието. Кога некому требало да се честита завршено образование, стапување во брак, крштевање и сл. тука била присутна серенадата. Серенадите исто така биле изведувани за време на празниците, посебно имендените кога неочекувано на

[1] Од разговорот со Ружица Арсова-Нацева од Велес

[2] Трајко Нечев, Серенади, Скопје 2005 г. , 8

некој од славениците ќе му се приредело на негово огромно задоволство.

Меѓутоа не можат и не смеат да се заборават ниту серенадите кои биле наменети за младите велешанки. Собирајќи се на одредено место, односно куќа, во предвечерните часови кога сеуште сите биле будни во семејството, тајфата од младите велешанчиња започнувала со приредување на серенади под прозорците на речиси секоја млада девојка во маалото, која на нивно и свое огромно задоволство појавувајќи се на прозорецот, често знаела да им се придружи во пеењето на македонската народна песна.

Најчесто се пееле љубовни песни или песни карактеристични за девојката, но во било каква песна неизбежно се споменувало и нејзиното име.[1] Тоа биле моменти кога младите јавно, но притаено ја изразувале преку песната заемната љубов, мометн споделени со и меѓу саканите, но и моменти поминати во пријатна атмосвера на велешкото семејство, кое токму тогаш знаело како да се развесели и изрази своите чувства.

На серенадата честопати се гледало конзервативно. Пред се тука се уште постоел оној страв од нарушување на традицијата присутен кај постарата генерација, како и блиското утре во чаршијата, каде коментарите биле неизбежни.

Но некои од оваа генерација, односно родителите на девојката, гледајќи позитивно на овој чин, со задоволство ги поканувале младите изведувачи на својот чардак, каде со домаќинот ќе запееле по некоја од убавите стари велешки песни. Често ово вид на вечеринки станувал дел од блиското соседство, така што велешкиот чардак, двор или дом бил исполнет од младата и постарата генерација.

На овој начин во велешките маала и тесните стрмни сокаци, серенадите ја нарушувале и надополнувале тогашната празнина на секое велешко семејство, кое покрај борбата за секојдневен опстанок, имале право да почувствуваат радост и веселба во својот дом. Така свесно или несвесно велешани преку серенадите успеале да ја зачуваат семејната македонска, велешка традиција која значеше многу во продолжувањето на македонското ЈАС, кое се наоѓаше во голема опасност од претопување и исчезнување.

---

[1] Начесто се пееле песните како: "Ајде дали знаеш ем паметиш Милице", "Не кажувај либе добра ноќ","Белото Маре" и др.,некои од тогаш актуелните танци итн.

## 8.2Велешката чалгија и народна песна

Кога се говори за музичкиот живот не може, а да не се спомене и познатата надалеку велешка чалгија, дел од доста богатиот духовен живот на овој град. Во периодот меѓу двете светски војни, истиот располагал со 4 до 5 чалгиски состави, од кои најдобар и надалеку познат бил чалгискиот состав на Јован Тончов, во кој уште се сменуваат Исмаил Мачето(Мачев), Ало Тончов и Ристо Трпчев .[1]

Велешката чалгија, односно чалгаџиската тајфа, ја сочинуваат 5-6 инструменти меѓу кои: лаут, ут, дајре, канон, виолина (позната меѓу народот како ќемане) и кларинет (познат како грнета). Иако тајфата, музички неписмена, свирејќи без микрофон, музиката која ја произведувала од овие инструменти, знаела да се слушне мошне далеку, делувајќи така мирно, градски, еснафски. Сепак присутно било заедничкото вежбање и одржување на инструментите, за да можат добро да се подготват и во најдобро светло презентираат.

Чалгаџиите не го познавале значењето на зборовите "не знам, не можам и не сакам". Во секој момент биле подготвени да ги задоволат желбите на секој, кој го почитувал чалгаџискиот звук, за што и чесно биле наградувани.[2] Се среќавале секаде каде што ќе бидат повикани, односно повод како и да не постоел. Па така, не поетоела свадба во Велес, па дури и надвор од него, каде чалгаџиите одејќи пред младоженците или качени на пајтон, секогаш дотерани, и давале посебно обележје и внимание, одвојувајќи ја и правејќи ја различна од другите. На овие свадбени веселби, проследени со денови од чалгиската музика, задолжително во неделата бил свирен свадбениот марш, песната за одењето по кумот и невестата, потоа невестинското оро и сл. Музиката запирала само кога младоженците влегувале во црква и кога сватовите го поминувале мостот.[3] За причинетото задоволство

---

[1] Боривое Цимревски, Чалгиската традиција во Македонија, Скопје 1985, 17

[2] Секој чалгиски состав бил различно наградуван. Имено исплатувањето на тајфите многу зависело од нивната умешност и популарност, меѓутоа и од средината каде свиреле и договорот кој ќе го постигнеле со домаќините.)

[3]Боривоје Цимревски, Чалгаџиската ..., op.cit.,19 (Овој обичај има две толкувања. Имено велешките свадби биле масовно посетувани од поширокото роднинство во маалото или пак, во дел од градот, така што на богатите свадби можело да има и повеќе од 500 сватови. Поднапиените сватови честопати во моментот кога го минувале мостот пееле и играле, од што слабите и дрвени конструкции на мостот се кршеле и епилогот на свадбата трагично завршувал. Според толкувањето на Ало Тончов пак, се вели дека, кога се одело по невеста од источната на западната страна на градот, свирењето би траело најмалку два часа, така што кога се поминувало на мостот, чалгаџиите престанувале да свират, искористувајќи го тоа место за свој одмор.)

чалгаџиите секогаш биле дарувани со претходно подготвени дарови од невестата.

Чалгијата била дел од секојдневните семејни веселби во домовите на велешани, кои и имале направено дури и посебно место каде овој музички состав требало да биде поставен, како домашните слави, имендени и др. верски празнувања, не избегнувајќи ги во никој случај Божиќ, Велигден, потоа за време на панаѓурите, односно онаму каде народот масовно се собирал, не познавајќи за разлика меѓу христијанската и муслиманската куќа, каде најчесто чалгаџиите биле повикувани за време одржувањето на турските свадби и празници како сунетот.

На своите седенки, пред дуќаните или во кафеаните, занаетчиите знаеле да ги повикаат чалгиите и насладуваат со задоволството, кое им го овозможува народната чалгаџиска музика, посебно за време на нивните еснафски, патрони, црковни заштитници. Звукот на чалгијата често можел да се слушне и за време на погребите, како последна желба на покојникот.

На тој начин и во едно време кога туѓи сили и влијанија беа на патот кон одземањето и променувањето на македонската, традиција, велешката чалгија успеа да се истакне како едена од многубројните несовладливи пречки на тој пат. Чалгијата во градот живее и денес, одржувана од Тончовата чалгија, именувана по името на последниот од старите чалгаџии Ало Тончов, запаметувајќи се како една од најстарите и најверните создавачи и негуватели на велешката, македонска народна песна, меѓутоа не со значењето каково што го поседуваше во меѓувоениот период.

Во овој град ќе се создадат и испеат многу народни песни, љубовни, обредни, хумористични, коледарски, мрсни песни, печалбарски, револуционерни, сведочејќи за едно време зпаметено како по онеправданоста и срамот кој беше нанесен така и по опстојувањето на овој народ кој во текот на таа борба создаде значајна народна, културно- историска традиција.

Невозможно е да се заборават песните како: "Белото Маре", "Во влашкото маало жолти куќи високи", "Се посврши сербез Донка","Младата Маџирка", "Елено ќерко Елено", "Отвори Ленче пенџерче" , "Бела љубов , црн живот", "На којник дуќан да имам", "Ја викнале Пандора на афион", "Бовчата на Пандора", "Дафино вино црвено", "Бог да го просто Миле Поп Орданов", "Еј го фатија Петрета Михов"[1] и многу други песни, чии главни ликови го

[1] Никифор Смилевски, Песната и коренот, Велес 1992, 15-74

наджививеале и периодот меѓу двете светски војни. Секоја од нив крие своја вистинска приказна, така што и ден денес се пеат предизвикувајќи воодушевеност, истовремено оставајќи трага за едно значајно минато од историјата на градот. Една од најубавите според мене народни песни, која потекнува од меѓу воениот период, по кои несомнено веднаш се препознава Велес и денес пее на целата територија на Македонија е песната "Во влашкото маало жолти куќи високи" [1]во која се вели:

*Во влашкото маало жолти куќи високи.(2)*
*Ој Јанино баш Јанино, жолти куќи високи.(2)*

*На порти ми седеше Никето на Цибреви*
*На порти ми седеше, бело чевре везеше.(2)*
*Ој, Јанино баш Јанино, бело чевре везеше,(2)*

*Оздола иде млад Миле, млад Миле на Џајкови.(2)*
*Ој, Јанино баш Јанино, млад Миле на Џајкови.(2)*
*Млад Миле на Џајкови, оварда без пет пари*
*Дај ми го Нике чеврето, ќе ти дадам шест пари.*
*Што ќе ми Миле шест пари, ќе ти го дадам без пари.(2)*

Во антологијата на велешките народни песни според податоците на Томе Саздов,[2] се вројува и една од најубавите воопшто македонски песни "Калеш бре Анѓо", кој како своевиден аргумент ја посочува масовната застапеноста на ова женско име во велешкиот крај. Меѓутоа речиси сите постари велешани со кои разговарав во текот на подготовките на магистерскиот труд, на ова прашање одговорија негативно, со сомневање дека токму оваа песна навистина може да е велешка народна песна.

Музичкиот живот во Велес во овој перид не може да се замисли ниту без името на основоположникот на македонската етнокореологија Ганчо Пајтонџиев, кој токму тогаш бил професор по гимнастика во велешката гимназија, но музиката т.е. народното оро и игра ќе бидат негова најголема преокупација.[3]Во 1935 г. ќе биде испратен на курс во Белград организиран од Соколската

[1] Песната е превземена од делото на Никифор Смилевски, Песната и коренот, 19-22
[2] Томе Саздов, Велешките народни песни во периодот меѓу двете светски војни. Во: Литературата во Велес и Велешкомеѓу двете светски војни, Скопје - Титов Велес 1995, 65-69
[3] Јелица Тодорчевска, Ганчо Пајтонџиев Прв Македонски Етнокореолог. Во: Литературата во ... , op.cit., 81-83

организација на Кралството Југославија под раководство на Љубица С. Јанковиќ, знаење кое подоцна ќе го искористи за време основањето на Институтот за фолклор во Скопје во 1950 г. кога ќе се најде меѓу првите вработени среучњаци.[1]

[1] Ibidem

## 9.Спортот и спортското живеење во Велес

Уште една страствена дејност ќе биде одлика, со која ќе се закитат велешани токму во времето кога ќе се прават обиди за расцепување на македонскиот народ. Истиот се посилно ќе се врзува и обединува преку културното живеење, од кое не ќе може да се оддели ниту спортското живеење во Велес, кое во времето меѓу двете светски војни предводено и организирано од најнапредната младина предводена од КПЈ ќе постигне видни резултати.

Најзастапен, најактуелен од спортските игри бил фудбалот. Постојат три верзии за појавувањето на првата фудбалска топка во Велес од која најприфатлива, односно најблиска до вистината е онаа која вели дека топката ја донел познатиот велешки трговец Тодор Васков по неговиот престој во Лондон во 1919г.[1]

Токму таа година на самиот ден Илинден ќе се формира и првиот фудбалски клуб "Напредок", како работнички спортски клуб, со изразита политичка концепција и карактер,[2] на чело со Петре Ковач, како негов прв претседател, кој ќе се одржи се до 1929 г. Од самото формирање, овие клубови ширејќи ја спортска и политичка дејност, ќе се најдат под ударите на српската власт, која доста често и ќе ги забранува. Поради тоа за краток временски период ќе бидат формирани повеќе спортски клубови под друго име, но со исти членови и приврзаници.

Паралелно со народните, ќе почнат да се формираат режимски спортски клубови. Во текот на 1919г. ќе биде создаден и првиот од овој вид клубови "Шумадија", набрзо расформиран поради бојкотирањето од страна на граѓаните. Истата судбина ќе ја доживее и клубот "Бабунски" основан од српските офицери во Велес.

Пролетта на Ѓурѓовден 1921 г. во месноста "Дервен", кај Рамина ќе се формира спортскиот клуб "Горски", чии прв претседател бил Димко Нечев, познат бербер во Велес, кој постоеше заедно со својата драмска и музичка секција се до 1937 г. За да опстане од постојаните притисоци на власта, овој клуб постојано си го менувал името. Од зачуваните фотографии и прикажувањето на постарите

---

[1] В."Вардарски глас"

[2] Борис Поп Ѓорчев, Продонесот на велешкиот спорт во развитокот на градската организација на КПЈ и напредното работничко движење. Во Прилози за историјата на физичката култура во Македонија, Скопје 1975, 26-27

велешани, неговите членови имале црно - бели дресови, патики и високи чорапи, еден вид заштитна униформа по која се препознавале.[1]

Отогаш започнуваат да се одржуваат и првите фудбалски натпревари на тогашното игралиште "Кај ливадите", во рамките на Скопскиот под сојуз, чии терени биле секогаш преполни од присуството на велешаните. Најчести гости во Велес биле скопските екипи ССК и Славија, Тиверија од Струмица, Југославија од Прилеп и Работник од Битола.[2]

Во овој клуб била застапена една генерација, забележана како спортски, уште повеќе револуционерно активна. Доволно е да се споменат имињата на: Димко Страчков, Ѓорѓи Босилков, Никола Босилков-Капетанката, Борис Топузлиев, Јордан Лазеревски-Цвајот, Благој Левков, Киро Нецинов и многу други. Доста често овој клуб одржувал годишни собранија, организирани од потесното членстви презентирајќи го дотогашното активирање и здобиените резултати на ова спортско друштво, согласно и со своите пропратни секции како музичката, драмската и литературната.

Во 1924 г., од страна на работничкото граѓанство се формирал спортскиот клуб "Вардар", кој наредната година ќе се присоедини со клубот "Слога", формиран од монополските работници.

Со најдолг век на постоење и делување се одликува фудбалскоит клуб "Планински", формиран на 24 мај 1926 г. во месноста Којник, подоцна преименуван во "Победа", кој според некои неофицијални податоци покрај спортската, со својата музичка и театарска дејност, ќе брои околу 500 членови и приврзаници. Истиот често ќе гостува надвор од Велес. За време на своето постоење ќе има организирано повеќе пријателски натпревари, со спортски клубови од другите градови како Гевгелија, Неготино, Свети Николе и др. Во рамките на клубот израснала и првата генерација фудбалери како: Ѓорѓи Бусилков, Никола Бусилков-Капетанката, Борис Топузлиев, Јордан Лазов-Цвајот, Коле Влаин, Киро Нецинов, Орце Змиичето, Ѓоре Нецинов, Стево Контролорот, Благој Пуцев, Пецо Самарџиев, Благој Левков, Драгиша Наредникот и др.[3]

По тригодишна пауза, односно после воспоставувањето на Шестојануарската диктатура, дури во 1933 г. ќе се формираат клубовите како: "Балкан", "Будуќност", "Хајдук", "Граѓански",

[1] Од разговорот со Благој Маџаров од Велес, на ден 23 август 2005 г.

[2] В."Вардарски глас"

[3] Ibidem

"Горски - Кушев", одлика на секое маало во градот.[1] Спортските клубови претставувале и места за политичко делување. При сите тие средби во градот и надвор од него се разнесувале илегални материјали, се разменувале идеи, се вршело засилено организирање и обединување на македонците во обидите за отфрлување на српската власт. Меѓутоа доста често овие спорски клубови ги искористувала и тогашната власт за свои цели. Така за време одбележувањето на спомен годишнината на Кралот Петар, влста знаела да организира фудбалски натпревари проследени со масовни народни собири на велешките фудбалски игралишта, каде јавно се говорело за заслугите на кралската династија и изразувало безусловна посветеност, преку "доброволната" заклетва на сите велешки спортисти кон припадниците на таа династија.

Сите овие спортски друштва ќе се стават во одбрана на идеата за своја поскорешна слобода, иако тоа доста често ќе значи судир со власта. Истите понекогаш и јавно ќе го покажуваат народното незадоволство.Така за одбележување е настанот кога фудбалерите на "Слога" по повод 1 Мај 1934 г., заминале во Штип, истакнувајќи ги на возилото црвените знаменца, додека пак самите учесници биле закитени со црвени каранфили, за што неизбежна била и противреакцијата од државните власти.[2]

Освен фудбалот како спортска игра доста актуелна била и гимнастиката чии познавања ќе бидат дел од Велес благодарение на неговиот целокупен развој, но и од самото население кое било заинтересирано за секој можен напредок.

Првите гимнастички друшта во Македонија, биле формирани како резултат на амбициите на големобугарската пропаганда, чии мисионери основале гимнастички друштва "Јунак", во повеќе македонски градови и села.[3] Идејата за основање на овој вид гимнастичкио друштво во Велес се јавила спонтано, меѓу неговите сограѓани, кои на 1 март 1909 г. на покана од претседателот на музичкото друштво "Славеј", меѓу другото ќе го основаат и гимнастичкото друштво Велешки јунак, кое во почетокот ќе ги користи просториите на училиштето "Св. Кирил и Методиј".[4]

---

[1] Борис Поп Ѓорчев, Придонесот на ..., op.cit., 32

[2] Ibidem, 35

[3] М-р Драган Петковски, м-р Душан Станимировиќ, Гимнастичкото друштво "Велешки јунак" од 1909-1912 г. Во Прилози за историјата на физичката култура во Македонија, Скопје 1977, 85

[4] Ibidem, 86-95, (за основачи на друштвото се сметаат: Тод. Данов, Никола Димов, Димче Војнов, Дим. Г.Крајничанац, Орде Габеров, Ал. Шукарев, Т. Д.Ангелов, П. Милев, Пет. К.Ничов, Лазар Кицов, Ив.Ризов, Ив.Стефанов и Андон Кирков. Ова прво интернационално гимнастичко друштво имало свој управен одбор, свое знаме како и посебна униформа за

Во периодот меѓу двете светски војни, поточно од 1922-23 г. гимнастиката во градот ќе добие својство на најактуелна спортска игра, после фудбалот, која според Расписот од 19 јануари 1920 г., била помагана од наставниците по телесно вежбање со помош на своето стручно образование.[1]

Носител и организатор на гимнастиката ќе биде Соколското друштво и неговата управа, составена од старешина, секретар, благајник, началник, ревизор и членови. Неговиот дом се до 1925 г. се наоѓал на левата страна на реката Вардар, кај тогашниот дрвен мост (мало мовче), кога поплавен од надојдените води на реката Вардар ќе ја загуби својата функција и намена.[2]

Од 1925 г. па се до 1931 г. соколското друштво активно ќе се организира во просториите, односно дворот и ходниците на основното училиште "Св.Кирил и Методиј". После 1929 г. друштвото ќе стане дел од новоформираниот Сојузот на Соколите на Кралството Југославија.

Во 1932 година, за потребите на ова друштво, велешката општината ќе дозволи откуп на турската џамија во маалото "Брзорек" со следнава површина: должина 16,5 м и ширина од западната страна 10 м и јужната 8,15м.[3] На овој простор условите дозволувале извршување на соколските активности во многу поволни услови.

За своите потреби и развој на гимнастичките вештини, соколското друштво, преку новоформираното претседателство, начелство и предњачки збор ќе овозможи купување на одредени справи и други реквизити, заземајќи активно учество во повеќето тогашни случувања, како на спортски така и на политички план. Членовите на соколското друштво, учениците од Гимназијата и

---

своите членови: црвена кошула, сиви панталони,долги црни чорапи,бела широка лента префрлена преку десното рамо и подврзана кај левиот колк, како и фес на главата(во друштвото членувале многу Турци поради што униформата, неибежно било да се прилагоди на нивните потреби). Својата дејност ова друштво ќе ја прекине во 1913 г.)

[1] Душан Станимировиќ, Основање на соколските друштва во Македонија од завршувањето на Првата светска војна до април 1923 г.Во: Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, Скопје 1977, 59-60

[2] Слободанчо Калинов, Развојот на гимнастиката во Титов Велес од 1909-1975 г., Скопје 1989, 19 (Дипломска работа во ракопис на Факултетот за физичка култура)

[3] ДАРМ, Скопје, ф.Вакуфско-Меарифско повереноство-Велес 1919-1939, несреден фонд (Џамијата сопственост на Вакуфската "Медреса-Дворови", била одземена од страна на Општината и доделена на Соколското друштво, без лицитација и исплатување на вредноста која била проценета на најмалку 40 000 дин. Поради таквата постапка и непоседувањето на тапија, Медресата поднела и кривична тужба до Вакуфско-меарифската дирекција во Скопје, која завршила безуспешно)

основните училишта, како и голем број на занаетчии и работници од Монополот, речиси секогаш биле дел од претставите органнизирани од тогашните културно-уметнички и спортски друштва, работнички и владини. Така во 1933 г. велешките соколи со својата музичка секција организирале концерт во хотелот "Балкан" во Кавадарци кој забележал виден успех.

Навлегувањето на политичките елементи во Соколското друштво власта се обидувала да ги спречи, преку поставување српски претенденти во неговите први редови. Истата дури била иницијатор и за подигнување на споменикот познат како Весник на слободата-во чест на првиот српски војник кој влегол во Велес и паднал како жртва, од страна на Соколското друштво.

Доста чести биле и соколските слетови, како во градот така и надвор од него, односно во подалечните простори на Кралството Југославија, организирани по повод разни просрпски празнични, државни и верски одбележувања.

На соколскиот слет во Загреб во 1934 година учествувале и млади личности влучени во напредното работничко движење, како Страхил Гигов, Љубе Зафир, Никола Гогов, Димче Мирчев, Кочо Рацин и др.

Во 1935 година на Сесловенскиот собор во Софија, соколското друштво со помош на партиската организација ќе овозможи учество на на околу 45 членови и на 89 на Јуначкиот собор во Софија, во 1939 г.[1] Каде и да патувале, на кој и да било слет да учествувале младите соколи не ги заборавале национални интереси. Секогаш успевале да се поврзат со тамошните работнички организации, разменувајќи како свои мислења така и илегален пропаганден материал, разни брошури и друга литература. Срадствата за патување тешко ги обезбедувале, меѓутоа често се организирале соколски јавни часови, па целокупниот приход се наменувал за посиромашните велешки соколи, кои не успевале да си обезбедат финансиски средства за учество на слетовите надвор од градот. Овие јавни часови претставувале вистинска сензација за граѓаните, затоа што тој ден била формирана огромна поворка од млади соколи, кои предводени од плех музика поминувале покрај главната улица на градот, или на спортските игралишта, изведувајќи дел од гимнастичките вежби, кои се разбира можеле да се изведуваат паралелно од сите учесници во од.[2]

---

[1] Слободанчо Калинов, Развојот на ... op.cit., 21

[2] В."Вардар"

Веќе од 1938 г. друштвото ќе добие и свој дом, хотелот "Белград" сопственост на познатиот велешки поет Милан Војницалија, даден на лицитација по неговото банкротирање и заминување во Бугарија, Софија и истиот ќе го користи се до 1971 г.

Сите оние млади велешани, кои не ќе ја има можноста да бидат членови на соколското друштво, ќе направат обиди за меѓусебно организирање во своите домови. Така Страхил Гигов во своите Сеќавања, дава податоци за спортскиот клуб "Вардар", формиран во неговата куќа заедно со уште неколкумина 13-14 годишни велешанчиња меѓу кои: Ѓорги Сокол, Андреа Цветков, браќата Чачамовци, Панче Сирак, Славко Славков, Трајко Црвен, Љубе Кузев и др.[1] Истите овие, за мошне кратко време ќе успеат самите да изработат еден вид разбој, вратило и др. справи, преку кои ја задоволиле својата желба за гимнастичките изведувања.

Соколството и гимнастиката во периодот меѓу двете светски војни имаа огромна улога во развојот на напредната велешка мисла и движење и нејзино распространување на пошироки простори. Организирано и водено од потребите на српската власт која гледала во Соколството институција за телесно и духовно воспитување, во чекор со својата национална традиција, истото ќе добие спротивен карактер, наклонет кон македонските потреби.

Во последните години на овој српски период, во Велес ќе се забележи уште една спортска активност како што е одбојката. За првпат ќе ја играат гимназијалците, кон крајот на 1938 г., под влијание на тогашниот директор Драгољуб Поповиќ, најголем приврзаник на овој спорт.[2] Подоцна овој спорт ќе се рашири и врз целото граѓанство кое на теренот покрај Мало Мовче на р.Вардар знаело како да живее иако онеправдувано, асимилирано , денационализирано тн.

Спортските активности, односно телесното воспитување, во овој период, за време на празници, со закон биле забранети од српската власт, кој за негово непочитување предвидувал дури и парична казна од 5-500 динари или издржување казна затвор, во рок од 5 дена.[3]

Спортот во Велес ќе допринесе да се појават и многу значајни спортски имиња со право запишани во спортската историја како: Киро Брезев-Брезето, Јован Талаков-Егејчето, Бранко Анастасов Прија, Ганчо Панов- Пиштолот и други. Како потврда за ваквиот

---

[1] С. Гигов, Сеќавања ... , op.cit, 25-26

[2] Железничарски-одбојкарски клуб "Борец", 1956-1976, Титов Велес 1977, 5-6

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф. Општина Велешка 1918-1941, к. 1, 9.234.1/ 12

живот во Велес, постојат многубројни архивски документи, фотографии, записи, лични сведоштва се разбира од периодот меѓу двете светски војни.

## IV.Здравството во Велес меѓу двете светски војни и хуманитарните здруженија

Здравствената дејност во Велес има значајна и богата традиција оставена од минатото, поточно од годините на XVIII и XIX в. кога истовремено во градот благодарение на издигнатиот граѓански слој, токму тука ќе почнат да се појавуваат и првите учени лекари, дипломирани фармацевти, бабичката служба итн. Истите, како и условите настанати во текот на Балканските и Првата светска војна ќе ги постават основите на здравствената дејност, во периодот кој следуваше непосредно по нив.

Во периодот по завршувањето на шест годишните војни, здравствената дејност во градот ќе ја извршуваат, покрај болничката, два лекари и Мисијата на американските жени, како и лекари веќе затекнати во градот: д-р Панче Васков, д-р Антун Сасо, д-р Стеван Мишиќ и д-р Иван Виноградски.[1] Велес ќе поседува државна болница, здравствена станица и приватни амбуланти на велешките лекари, сместени во нивните домови.

Американската мисија на жените, извесно време се грижела за здравствената состојба на населението, во рамките на воената болница, која се наоѓала во кругот на касарните. Истиот овој персонал по воспоставувањето на српската власт во градот, поради зголемените потреби, ќе отвори нова болница сместена на улица "Прилепска" бр.1 во куќата на Надија Бегова, покрај Вардар позната како "The Amerikan Womens hospital" се до средината на 1922 г., кога ќе биде преземена од д-р Антун Сасо именувана како "Околиска болница во Велес" и преселена во зградата на детската болница, односно превземена по повлекувањето на оваа женска мисија од градот.[2] Односно оваа болница изградена уште во турко време, по завршувањето на првата светска војна ќе биде раководена од Мисијата на американските жени во Велес се до 1922 г., кога ќе

---

[1] Д-р Никола Стојановски , Доктор Панче Васков, Велес 2003 , 81

[2] Д-р Никола Стојановски, Здравствена култура во Велес и Велешко од минатото до крајот на 20 в., Велес 1999 , 130 (Д-р Сасо дипломирал на медицински факултет во Прага во 1919 г. кога и ќе биде поставен за привремен хонорарен лекар во Велешкиот срез..По наредба од Министерството за народно здравје на Кралството СХС тој ќе ја превземе привремената болница од Мисијата на американските жени, а во 1928 г ќе биде поставен за Управник на Државната болница во градот. Дејноста како лекар ќе ја извршува се до 19 мај 1936 г. кога и го напуштил градот)

биде превземена од Министерството на војската и морнарицата на Кралството СХС, како Државна болница.

Овие кадри, меѓу кои посебно се истакнувал д-р Панче Васков, во овој период, ќе превземат драстични мерки и интензивно организараат разни видови на курсеви, наменети за подобрување на здравствената дејност меѓу самите граѓански редови и нивна одбрана од болестите, кои земаат се поголеми размери, како маларијата чиј број на заболени знаел да се движи  и до повеќе од 300 во текот на само една година, потоа туберкулозата и се почестите појави на половите венерични болести како сифилис и гонореа, последица на процесот на проституција, една од последиците и оставнините на војните и многубројните војски.

Велешката болница била доста опремена и подготвена. Подигната на ридот над касарните, оддалечена од градот само 1 км, болницата имала три згради, широк двор и градина, располагајќи истовремено со 26 одделенија, од кои 7 соби за болни, 1 соба за операциона сала, 2 соби за заразни болести, простории за аптека, магацин, кујна, перална, бања, санитарен чвор, просторија за болничари, соби за администрација и управник, амбуланта, соба за прием на болни, простории за болни деца и капела, водоснабдувањето се вршело преку Раштанскиот водовод, додека затоплувањето преку метални печки, еден вид ќумбиња на дрва.[1] Сите потребни материјални средства, болницата во градот ќе ги добива преку Министерството за социјална политика и народно здравје.[2]

Болницата со наредба на Министерството за народно здравје од 1924 г., овозможувала и бесплатни свои услуги, за лица заболени од заразни болести, деца помали од 10 години, воени лица, државни службеници како и сите категории на работници. Имено според законот за осигурување од 14 мај 1922 г. се предвидувало осигурување на работниците од страна на работодавачите за во случај на болест, несреќа, изнемоштеност, старост или смрт, да имаат можност да се обратат во окружно биро од Белград со своја експозитура во Велес.[3] Меѓутоа како што работодавачите ретко,

---

[1] Ibidem, 135

[2] Буџет бановинских раснода ..., op.cit., 90 (Паричните средства биле наменети за исплатување на болничкиот кадар, канцелариските материјални потреби, поштенско, телеграфски и телефонски трошоци, за одржување на зградите, нивна поправка, одржување на болничкиот парк и огради, за транспортни тошоци, исхрана на болните и вработениот кадар, набавка на лекови и друг сличен материјал итн.Така за 1938-39 г. целокупните расходи и потреби на болницата во Велес, изнесувале  343 907 дин.)

[3] Ристо Христов, Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1918-1944), Скопје 1994, 133

нередовно и нецелосно ги наплатувале придонесите за осигурување, така и осигурениците тешко го остварувале своето основно право на бесплатно лекување, добиено преку лекарите на бироата. Имено оваа служба во Велес, односно нејзините лекарски кадри работеле по два часа дневно, така што ретко кога можеле да се задоволат сите потреби на велешкото работништво, кое и доста често се жалело од оваа здравствена служба.[1]

Болничкиот кадар во текот на целиот меѓувоен период, односно се до 1941 г. постојано ќе се менува, но секогаш ќе има на располагање еден или двајца доктори, еден аптекар, повеќе болничари како и чесни сестри задолжени за нега на болните. Истиот најчесто ќе биде доведуван од српските делови на Кралството по наредба на Министерството за народно здравје, одговорно за негово поставување на просторите во Вардарскиот дел на Македонија.

Амбулантската дејност во градот непосредно после 1918 г. ќе ја извршуваат велешките лекарите, директно од своите домови, се до изградувањето на здравствената станица во градот, на просторот каде подоцна била подигната антималаричната станица (денес здравствената станица "д-р Панче Васков"), а на иницијатива на д-р Панче Васков.[2] Во 1929 г. во непосредна близина на основното училиште "Св.Ѓорѓи", почнала да функционира здравствена станица која имала улога на антималарична, раководена од д-р Ана Вајс. Антималарична станица била подигната и во велешкото село Извор. Изградувањето на двете станици од овој вид имало големо значење, затоа што во периодот меѓу двете светски војни појавата на маларијата во редовите на локалното население била честа, одземајќи и доста животи.

Искористувајќи ја активноста на одделението на социјална политика и народно здравје, за формирање на "Месни дружини за чување на народното здравје", д-р Панче Васков, презел извесни активности за формирање на истите и во градот, сметајќи дека тие ќе помогнат во подигнувањето на здравствената состојба на локалното, велешко население.[3] Истовремено во градот ќе се формира и друштво на Црвениот крст, иницијатива на српската власт, која ќе принуди многумина од велешките граѓани да влезат меѓу неговите редови.[4]

---

[1] Ibidem , 145

[2] Д-р Никола Стојановски, Здравствената .... , op.cit. , 153

[3] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.4 , 9.3.20.4/1-4

[4] Ibidem

За здравствената дејност во градот, односно грижата за новороденчињата и била доверена на бабичката служба. Имено со наредба на Министерството за народно здравје во Велес, била определена и доделена функцијата општинска бабица, на личност која мора да има завршено одредено образование за таа дејност, бирајќи се на општински конкурс.[1] Оваа служба свои корени има уште од XIX в., кога истата ја извршувале велешанки без било какво образование од областа на здравството, како во градот така и во велешките села.[2]

Од триесетите години самата општина ќе превзема низа мерки за подигнување на хигиенските услови во градот, меѓу кои и онаа доделена на општинскиот лекар, д-р Панче Васков, која предвидувала постојана контрола во сите јавни институции, како кафеани, хотели, ресторани, дуќани и сл., затоа што доста чести биле заразните заболувања потикнати од нехигиенските услови во овој вид објекти.

Велес е еден од градовите во кои доста добро ќе функционира и аптекарската дејност, познавајќи за истата уште од 1765 г. кога во градот ќе биде отворена и првата аптека од страна на Анастас Ѓорѓов, надоплнета и доизградена од многубројните учени фармацевти во градот.[3]

Во периодот меѓу двете светски војни ќе бидат отворени повеќе приватни аптеки меѓу кои оние на Ефтимија Дочевиќ во 1921 г., Александар Станојевиќ во 1923 г. која се наоѓала во центарот на градот, аптеката на Андреа Карпузов од левата страна на реката Вардар, потоа аптеките на Тошановиќ Никола, Смиљковиќ Нада и Дељовиќ Панче.

Градот ќе познава и доста голем број на народни, тн. надри лекари и лекарки кои со помош на природни растителни лекови, мелеми ќе овозможат лекување на поголем број на болести, инфекции и сл. Повеќето од нив се припаднички на женската популација. Меѓу познатите во Велес се издвојувала баба Пандора.[4]

---

[1] Ibid, (Според архивските документи како прва бабица во периодот меѓу двете светски војни се споменува Даринка Стојановиќ. Меѓутоа Никола Стојановски ги споменува уште Цицилија Дунковиќ, Крамитровиќ Видосава, Алчевиќ Ирина или Јефина , Аранѓеловиќ Нада, Васиљевиќ Градинка, Васиљевиќ Татјана или Светлана и др.)

[2] Д-р Никола Стојановски, Здравствената ..., op.cit., (Познати бабици од тоа време биле: Ана Цилакова, баба Ката, Ката Органова, Сава Чушкова, Сава Шуркова, Донка Црвенкова и др.)

[3] Ibidem, 87-89 Меѓу најпознатите фармацевти во Велес се споменуваат:Анастас Ѓоргов, Петре Опашот, Василаки, Лефтер, Харитон Ђ дипломирани на Атинскиот универзитет, потоа познатиот Андреја Карпузов, Милан Крепиев, Иван Крајничанац, Лазар Огњеновиќ и др.

[4] Од разговорот со Благојка Јованова Дртлиева

Ваквата дејност на еден начин со векови се пренесувала меѓу семејните генерации така што од нив денес познати се голем број на домашни лекови кои се одлична замена на фармацевтските.

Здравствената состојба во Велес непосредно по 1918 г. била доста нарушена, како последица на штотуку завршените војни. Разрушеноста на земјата, многубројните жртви, нискиот стандар и сл., ќе бидат причина за појавата на многу заразни заболувања и непосредни нивни човечки жртви. Големи размери остварила маларијата, туберкулозата, дифтеријата, менингитисот, шарлахот, сифилисот, гонереата и др. болести, кои видно ќе успеата да ја намалатат бројната состојба на населението. Тогашното Министерство за народно здравје во Белград, во соработка со општинската власт ќе превземе низа мерки кои ќе бидат насочени кон нивно неутрализирање, отсранување и уништување.

Општинската власт дури и ќе издаде посебни наредби кои се однесувале на жртвите на овие болести, односно во начинот на нивното погребување, посебно на починатите од шарлах, кои според советите на велешките лекари се завиткувале во бели чаршафи натопени со сублимат и закопувале од постари лица, постапка која била надгледувана директно од лице, одредено од самата власт во градот.[1]

Ќе бидат организирани и поголем број на предавања од областа на хигиената, заштитата и спречувањето на разните болести, на кои посебно не се отпорни децата и тн.

Истите за време егзистирањето на Народниот универзитет, ќе добијат засилен интензитет, затоа што тогашната управа на оваа институција во градот ќе доведе повеќемина истакнати личности, повеќето доктори или професори, кои ќе одржат повеќе предавања од областа на здравствената дејност. Донекаде имаа одредена позитивна улога, иако беа тоа српски наклонетици, пропагатори на српската асимилаторска и денационализаторска власт.

Како и да е во периодот меѓу двете светски војни, велешани спаѓале во редот на оние граѓани кои можеле да добијат соодвњетно лекување за повеќе болести, за што ќе придонесат веќе подигнатите здравствени институции и едуцираниот кадар, чиј број се повеќе се зголемувал од редовите на велешката средина.Сепак не може да се оспори бројната смртност која се појавувала, резултат на нискиот животен стандар, условите и секојдневието кое

---

[1] ДАРМ, ПО Велес, ф.Општина велешка 1918-1941, к.1, 9.3.1.67/799

го наметнувала српската власт, потпомогната од развојот на тогашните настани во светски, европски и балкански размери.

## V. Улогата на велешанката меѓу двете светски војни

Во периодот меѓу двете светски војни, велешката жена ќе се пројави како доста актуелна и присутна на секое поле. Имаше заначајна улога и истата можеме да ја сретнеме и опишуваме во многу нејзини функции, дел од нејзиниот секојдневен живот.

Примарна улога во која доминираше, секогаш истакнуваше, но и без која не можеше да се замисли, е улогата што ќе ја наметне во семејството, како мајка и како водителка на целокупното домаќинство. Велешанката во оваа улога се гледаше себеси како жена која треба да изроди деца и истите да ги подигне и насочи во правилна насока. Со таа мисла беше задоена уште пред да стапи во брачната заедница, кога од кругот на потесното семејство, секогаш патријахално воспитувана, се подготвуваше за улогата, која набргу требаше да ја превземе. Со самото стапување во брак и формирањето на семејството, велешанката беше задолжена за задоволување на сите семејни потреби. Понекогаш тоа преставувало и голема тешкотија, затоа што се работело за многучлени семејства. Но жената истовремено ќе биде и единката, која ваквите семејства и ќе ги одржува зближени во текот на годините.

Целокупните потреби од храна, облека, обувки и сл., семејството секогаш ги остварувало преку неговите женски претставници. Речиси секоја велешанка поседувала разбој или машина за шиење, најнеопходни за неа, преку кои доаѓала до изработувањето на облеката, зашто токму во овој период повеќето велешки семејства и немале можности да дојдат до готови изработки, односно до облека купена од тогашните продавници, кои во градот и не се забележувале. Имено ја изработувале потребната горна и долна облека, како разни видови на блузи, фустани, шајачни пантолони за мажите и децата, чаршави од бурунџок- вид материјал, наменет само за изработка на овие чаршави, изработки од волна и сл.

Не постоела домаќинка која не поседувала грнчарки производи за употреба во домаќинството, како разни по големина и форма, грниња, бардачиња, стомничиња, земјени тави и тенџериња, врчви, земјени казани за печење ракија, чинии, чаши, вазни, каленици и сл, потоа бакарни добро калаисани казани, котли, арании, ѓумови, дрвени или поцинкувани корита, познати уште како аранија итн.

Меѓутоа во домовите на побогатите женски претставнички, се почесто се сретнувал порцеланот и стаклото, како еден од основните прибори за јадење, но и дел од украсните декоративни предмети.[1] Со тоа тие се одделувале од жените, припаднички на понискиот социјален слој.

Секогаш била наклотета кон својот сопруг, потчинувајќи му се во поголемиот дел од барањата, како на главен пратставник на семејството. Градот бил сведок на многубројни отстапувања од тоа правило, за што потврдуваат се почестите разводи, како и се послободните размислувања на велешанката за начинот на живеење. Имено ретко, но сепак можело да се слушне за жени кои живееле сами, чии домови на еден начин претставувале сврталишта на дел од велешаните, или пак жени кои поради разни причини стапувале во брак и по неколку пати.[2]

Нејзината улога била забележителна за време на семејните празнувања и сите други христијански празници, кога требало да ја подготви трпезата и пречека гостите. Познати биле нејзините подготовки на месо од свинска глава со компири, лук и кромид; *чомлек*-свински нозе и месо печено во фурна; *елбасан тава*-јагнешко месо прелиено со јајца и кисело млеко; *каплама*-дроб сарма со дарбија, односно варен бел и црн џигер, слезенка, срца и бубрези кои заедно со ориз се прекриваат со дарбијата и печат во земјена тава; *ширден*-овчко месо полнето со ориз, ситни парчиња од кормушки, печено во бакарна тепсија, некалаисана, ставена под вршник; посна и мрсна сарма; *бунгур*, претрупана варена нелупена пченица; *пинџур* од пиперки, домати и црни патлиџани, печен во маалските фурни; *маџун*; *домата* која најмногу се мачкала на леб и сл; од благата велешката домаќинка најчесто ги подготвувала: *јатма шеќер*-леблебија со шеќер, *шеќерлеме* од сало оформувано со посебен калап, *фурми* кои се подготвувале од брашно, гриз и цекова вода(прецедена, стоена вода со пепел) попарени со шеќер, падобранци, баклава, разни топени торти, слатката од смокви, дињи, лубеница, пекмез од тиква и грозје, познатиот мармалад од кајсии и сл.

Речиси секоја велешанка задолжително правела и зимница. Имено во нејзиниот подрум често можеле да се пронајдат барени пиперки, црни патлиџани, краставици ставени во врчви, зелка, туршија, месо во дрвени садови, посолувано одозгора, за да може подолго време да се користи, пастрма сушена на чардакот од

[1] Од разговорот со Благојка Јованова Дртлиева од Велес
[2] Од разговорот со Јован Босотов



*Велешанки во маалото "Долни пат"*



*Велешанка на карпата Цуцка*
*(во непосредна близина на манастирот Св.Димитрија)*

дворовите, јуфки од чие тесто на децата знаеле да им направат колачи и сл. Подготовките на дел од овие велешки специјалитети и зимници, се вршеле колективно во кругот на оние жени кои имале широки дворови, при што до израз доаѓало и нивното дружење.

Не секоја велешанка можела да си ги дозволи сите овие подготовки, така што нејзиното семејство доста често знаело да се задоволи и со обичен леб со расолница, буковец, испечени лути или благи суви пиперки, леб намачкан со лук, вода и оцет или свинска маст, леб со мигдали или кајсии, топеница и сл.[1], послужувајќи се со нешто подобри закуски само за време празничните денови.

Неизбежни за неа биле и подготтовките за свадбените обичаи, кога секоја добра и вредна домаќинка, доаѓала до израз низ целата велешка чаршија, преку подготвениот рачно изработен чеиз и свадбените бовчи, носени на пајтон, набљудувани од будното око на љубопитните велешани.

Речиси се во домот било нејзина изработка, се разбира она што можело рачно да се направи. Често истото се подготвувало за време колективното собирање на велешанките во маалата, во дворовите, една од можностите за меѓусебното дружење, запознавање и зближување, но и размена на стекнатите искуства и мисли од секојдневието. Токму овде тие ќе се појават како продолжувачки и обновувачки на велешката семејна драдиција, не заборавајќи да ги испеат велешките народни и други македонски песни, раскажат народните приказни, обноват сеќавањата за народните обичаи, верувања, обреди и сл. Можност за дружење, проследено со извршување на своите домашни обврски, велешанките ќе пронајдат и покрај водите на Вардар, Бабуна и Тополка, каде еднаш годишно ќе се соберат за да ги исперат тешките и долги килими, дипли, јамболии и тн.

Обврската за семејството често морала и самата да ја извршува, во отсуство на домаќинот за време неговиот прастој на печалба, надвор од градот, или како жена-вдовица, какви што градот многу познаваше за време и после воените години. Нивната улога во тоа тешко време не беше завидна. Беа принудени сами да се борат за својот и опстанокот на своето потомство, оставајќи ги понекогаш гладни или пак да се борат со црниот тврд леб кој го меселе од пченично, ржано и пченкарно брашно.Овие жени, но и многу други велешанки во периодот меѓу двете светски војни, неизбежно мораа да работат каде ќе сигнат, по туѓите куќи како измеќарки, по

[1] П. Пановски, Патување ..., op.cit., 34

полињата и нивите како аргатки-афионарки тутунарки, во државните претпријатија најчесто и во најголем број како монополки, потоа на пазарот како жени кои ги продаваат своите рачни изработки блузи, ѕиври, чорапи и сл. од волна, подготвените мелеми со кои лекуваа од разни болести како жолтица, далак, црвен ветер, избеган папук и сл., потоа како собирачки на дрва, лушпи од мигдали и сл., каде возрасната граница не постоеше, но и не се забележуваше, затоа што оваа велешанка-девојка, мајка или баба, настојуваше да ја победи сиромаштијата, која им ја наментнуваше тогашното време на живеење.

Одејќи одлучно од една во друга куќа на познатите трговци, мануфактуристи, индустријалци и др. познати поимотни семејства, велешанката ќе работи од утро до мрак, извршувајќи ги сите домашни работи не познавајќи за зборот не можам, или не сакам. Во некои од ваквите домови ќе наиде на топол прием и разбирање, кое ќе допринесе за олеснување на и така тешката суровост со која се соочуваше.

Во доста голем број, велешанките ќе се сретнат како аргатки-афионарки и тутунарки, односно како жени-наемни работнички, кои својот целодневен труд го понудуваат за цена од само 10 динари. Имено "бројни аргатки афионарки во рана пролет требаше да окопуваат речиси стотици хектари засеани со афион, а веќе во мај и јуни истите афионарки мораа со раце да ја фатат и засечат секоја одделна афионска чушка. Секое утро, особено на Којник можеше да се видат поголеми или помали групи од велешанки, забрадени, ослабени, облечени во стари и искинати алишта, како се собираа западно под Јаворот кај маалската чешма на Којник, носејќи мотики, гребла, тесли и по едно врзулче во кое е завиткано една до две корки сув леб, кромид или лук, чекајќи да дојдат производителите или нивните посредници и договорат за дневната срамна заработувачка."[1] Сето тоа многу сликовито е опеано во песната

Вештините на велешанката биле крајно достојни за респектирање и воодушевување. Во овој временски период таа својата компатибилност, креативност, водени од желбата за нешто подобро, што поубаво и помодерно, ќе ја покаже преку одгледувањето на свилената буба. Гледајќи на оваа дејност како можност за добивање на свила, но и како дополнително

---

[1] П. Пановски , Грст пожолтени... op.cit., 29-64 ( Тешкото секојдневие на аргатките-афионарки, мошне сликовито е опеано во песната "На Којник дуќан да имам".)

заработување и допринесување во семејството, повеќето велешки жени од своите домови, правеле место за одгледување на гасеници. од кои по создадените услови се добивало свилени кожурци, искористувани понатаму за доаѓање до познатата и квалитетна свила(коприна). Во тоа многу им помагаше присуството на црницата, од чии лисја, поставувајќи ги меѓу дрвените полици ги хранеле гасениците, чекајќи истите да ги создадат околу себе кожурците со златно жолта боја, кои или им ги продавале на трговците или пак ги зачувувале за себе, продолжувајќи понатаму со процесот се до добивањето на свилата, како материјал кој пред се го користеле за свои изработки.[1]

Овие велешанки ретко ја имале можноста за стекнување со соодветно образование. Но и да ја имале, покрај основното, единствено можеле да се вбројат во редовите на женското занаетчиско училиште, каде покрај теоретските познавања од областа на тогаш наметнатата српска традиција, култура, јазик и историја, се стекнувале со одредени познавањата, односно вештини од областа на кројачкиот занает. Денес Велес има се уште живи наследнички од овој вид училишта, кои се уште се занимаваат со терзискиот занает, меѓу кои ќе ја издвојам баба Ружица Арсова-Нацева, сега 86 годишна и се уште активна шнајдерка.

Недостатокот на едукација, велешката жена, силно ќе го почувствува во моментите кога и беше потребно советување за лична заштити од несакани инфективни болести, меѓутоа и од непредвидени бремености. Абортусот, како еден начин за прекинување на бременоста, во периодот меѓу двете светски војни бил забранет дури и со закон.[2] Сепак доста често било прикриеното абортирање, кое најчесто знаело и смртно да заврши. За таа намена во градот, од 1934 г. ќе постои и школска амбуланта и детски диспанзер со советувалиште за мајки и деца, каде работеле еден лекар и една медицинска сестра[3], како дел од здравствената станица, каде дел од велешанките ќе имаат можност да се здобијат со одредени, потребни познавања за секојдневниот живот и зачувување на своето здравјеи здравјето на своите деца. Велес познавал и многу свои сограѓанки кои потекнувале од редовите на

[1] Ibidem, 95-96 (Крајниот производ го добивале прво преку варењето на кожурците во котел со врела вода.Од така врелите кожурци извлекувале нишки кои се завиткувале со прсти, се пределе во тенки влакна од сјајна златна природна свила.За извлекување на еден свилен конец потребно било да се појават околу дваесет тенки нишки влакненца од кожурците, а само од еден кожурец велешанката можела да испреде влакно долго од двеста метри до илјада метри)
[2] ДАРМ, Скопје, ф. Министерство за внатрешни работи, к.1 , 1.1037.1.1/ 178
[3] Никола Стојановски, д-р Панче ... op.cit., 86







*Изгледот на велешанките*

побогатите слоеви. Истите многу повеќе ќе бидат наклонети кон воведувањето на модерното, европско влијание во своите домови, преку кое овие жени ќе дојдат во допир, благодарение на функциите кои што ги извршувале нивните сопрузи во градот и надвор од него, во границите на поголемите европски градови.

Преку нив ќе имаат можност да ги добијат тогаш модерните креации во облеката, внатрешниот ентериер во домот, приборот за јадење, промените во однесувањето и сл. Поголемиот дел од велешкате жени секогаш внимавале на својата облека. Најчесто можеле да се сретнат со фустани секогаш под колениците, од разни видови на материјал, еднобојни или шарени, со јака на вратот, со разни декоративни украси на нив, потоа дел од нив можеле да си дозволата и соодветен накит, часовници, ташни преку рамото, црни чевли со едно ремче, големи топуци или пак дрвени налани. Нивните коси речиси секогаш биле долги, извиткани со еден вид витлери кои самите ги правеле, или пак со загреана маша, и неизбежно врзани или сплетени.[1] Женски фризери не постоеле, така што сами се грижеле за својата коса или пак оделе кај велешките бербери, односно кај најпознатиот од нив Петре Меанџиев, кој меѓу другото знаеле да направи и андулација на нивните коси. Редовен украс на главата биле и шапките или беретките, кои најчесто ги носеле поимотните жени и девојките. Летно време, во текот на прошетките, можеле да се видат и со чадор, како заштита од сонцето. Велешанката доста често знаела да користи и дел од козметичките средства, носени од трговците во градот, како разни помади и црвило за усните, но и тоалетни води сретнувани кај оние од трговските и индустриски претставнички семејства. Дел од тие козметички средства и самата знаела да ги подготви, посебно белилото за лице.

Сепак, најважно од се по кое ќе се издвојуваат и меѓусебно разликуваат еден дел од велешанките, е нивната можност за стекнување на високо образование на факултетите надвор од границите на Македонија и Кралството СХС, односно Кралството Југославија. Имено од овие редови најчесто потекнувале и најобразованите велешанки, сретнувани во градот како познати наставнички, лекари и сл. жени кои можат да се наречат и добри полиглоти, умеејќи да говорат дури и по неколку странски јазици, меѓу кои посебно ќе се издвојат Павлина Хаџи Панзова и најзината ќерка Руменка Хаџи Панзова.[2] Меѓу овие велешанки можеме да ја

[1] Од разговорот со Галаба Солева од Велес на ден 10 октомври 2005 г.

[2] В. Тоциновски, Домашни библиотеки ..., op.cit., 71

споменеме и Василка Шукарева, која по завршувањето на Економскиот факултет во Загреб, заминала во Виена за усовршување на германскиот јазик, истовремено посетувајќи го и школото за дами, каде меѓу другото се изучувало и свирењето на пијано.[1]

Една од нив, Дара Хаџи Панзова, ќе биде позната и како вешт и добар трговец, за што сведочат и многубројните документи, зачувани меѓу фондовите на архивите во Велес и Скопје, од кои може да се сознаат умешностите на оваа жена, во водењето на трговските работи, меѓутоа и во улогата на лихвар кој ќе заработува од локалното население.[2]

Поголемиот дел од овие жени, припаднички на поимотните слоеви, во своите домови имале вработено жени- измеќарки, кои ги заменувале во извршувањето на сите домашни работи како чистењето, подготвувањето на храната, перењето, односно се под што се подразбирало задоволување на сите потреби во домаќинството, од страна на женската популација. Овој вид на жени имале многу поголеми можности за своето издигнување и посветување на лично внимание. Доста често ќе имаат можности да патуваат, одат на одмори, посебно актуелни оние поминати по тогаш познатите лековити бањи и тн., присуствуваат и организираат многубројните свечани прославувања во градот, секогаш како претставителна придружба на нивните сопрузи, за време пречекувањето на многубројни гостувања и посети од друштва, организации, поединци од различни карактери , со што ќе се вбројуваат како носители на новото и модерното во градот.

Велешката жена во периодот меѓу двете светски војни ќе почне да се сретнува и во работничките редови. Имено, принудена да го напушти својот дом и семејство, фрлена во вителот на жестоката капиталистичка експолоатација, таа ќе започне да го продава својот труд како неквалификувана работничка, станувајќи основна работна сила во тутунската индустрија.[3]

Работата во Монополот женската популација ќе ја започне уште како 14 годишно девојче. Ставајќи му крај на детството, кое и најчесто го немаше, поради исполнетоста само со работа, овие млади велешанки од самото отворање на Монополот ќе стојат пред неговите врати, молејќи за вработување, секогаш претставувајќи се

---

[1] Ј. Жабева-Папазова, Историја на ... , op.cit. , 34

[2] ДАРМ, Скопје, Личен фонд Дара Хаџи Панзова, к. 1, несреден фонд

[3] Вера Весковиќ-Вагели, Осми Март и напредното движење на жените во Македонија, Скопје 198527

за повозрасни, подигнувајќи се на прсти, задскриени меѓу толпата народ за да изгледаат доста повисоки, способни за работа.[1] За ова работно место, често биле потребни и дополнителни убави зборови за нив, или пак ургирања од блиски луѓе до оние кои и биле задолжени за вработувањето. За друг подобар избор, овие велешанки и не знаеле, единствено им преостанувало во раните утрински часови, додека градот се уште не бил расонет, препознавајќи ги по тропотот од дрвените налани-ганди, да се упатат во Монополот како сезонски работнички, борејќи се со опстанокот во секојдневието.

Токму оваа средина, ќе биде една од можностите за вклучувањето на велешанката во напредното движење. Имено истата ќе почне да се сретнува во тогаш младинските, синдикални и партиски организации, создадени од редовите на Монополот, борејќи се заедно рамноправно со велешаните, за извојувањето на своите права, насочени кон намалувањето на безмилосното угнетување, 14 часовниот работен ден, кој често знаел да биде и подолг, зголемување на дневниците итн.[2] Секогаш ќе биде меѓу првите редови на сите организирани штрајкувања во оваа работна институција, особено во оние од јануари 1939 г. кога обединети со целокупното граѓанство БАРАА РАБОТА, БАРАА ЛЕБ, докажувајќи со тоа дека се луѓе достојни за почит, кои единствено сакаат, како признати Македоци, да работат во услови кои ќе им овозможат пристоен живот, без гладување и страв од губење на правото за работа. Кај овие работнички, прогресивноста била присутна во севкупниот начин на живеење. Меѓу поистакнатите монополки се споменуваат имињата на: Милка Чучукова, Веса Малата, Злата, Магда, Пандорка, Вера Андова Црната, Нада Црната, Дона Белештева, Менка Буричкова, Македонка Ставрева, Трајанка Леова, Вера Алвaџиева, Ѓула Апцева, Слоботка Аџиева, Деса Коцева, Велика Стојкова, Нада Карастојанова, Нада Јовашова и др.Истите ќе бидат дел од тогашниот монополски хор, кој заедно со мандолинскиот и дувачкиот оркестар, ќе успее да настапува во многу градови како Штип, Кочани, Струмица, Кавадарци, Гевгелија, Прилеп, Битола, Куманово, но и во градови надвор од границите на Македонија како Опленац, Белград и др. каде неизбежно ќе се слушнат народни песни како "Се собравме велешките сватови" од познатиот велешанец Стефан Гајдов, "Работници сме ние монополски и тутунското лисје е наш барјак",

[1] Од разговорот со Рада Лазарова од Велес, на ден 18 јули 2004 г.

[2] Ѓ. Малковски, Монополот во ... , op.cit. , 21-41

"Бучи, бучи море Адријатско", "Петлите пеат", "Девојко, танко високо" и др.[1]

Во целокупниот меѓувоен период, велешанката најмногу ќе се истакне преку своите активности во речиси сите културно-просветни друштва. Како дел од нив тие ќе успеат да внесат извесни промени во тогашното секојдневие. Многу од нив како Филимена Пенина, Рада Кушева, Марија Хаџи Панзова, Марија Коробарова, Перса Зографова, Алабашева, Ленче Пројчева, Кона Арсова, Павлина Аџи Панзова, Софија Ефремова, Ката и Донка Ќурдови, Роса Подолешова, Роса Бојаџиева и др. познати како жени-артистки, уште од од времето на првата и средината на втората деценија на XX в.,[2] ќе остават видливи траги, преку своите наследнички меѓу кои Марика Пингова, Костадинка Ципунова, Мара Боцева, Маре Јарчева, Вера Војницалиева, Стефанка Манушева, Марика Дебарлиева, Даница Чокалова, Сараевка Бојаџиева, Василка Котева Магда Ташева и др. кои успешно ќе се носат со улогата на изведувачки во театарските претстави.

Секогаш ќе бидат дел од спортско-музичките друштва, формирани во гимназијалните редови или од редовите на работничкото граѓанство, каде беше собрана целокупната напредна младина од велешката чаршија, велешката интелигенција, работништвото. Сепак и самата српска власт ќе направи обид за организирање на велешанката, така што во градот ќе организира женски друштва како "Кнегиња Зорка", "Коло на српските сестри" и сл, во кои мошне брзо ќе навлезе влијанието и раководството на КПЈ, како и прогресивните жени во градот под чие координирање, истото и ќе функционира.

КП ќе се покаже како единствена партија која пристапуваше кон решавањето на женското прашање кое би се постигнало само преку револуционерна борба. Активноста на жената ќе стане овде се повидлива во периодот од 1935 г. кога таа активно ќе се вклучи во редовите на сите женски друштва и Синдикати, каде ќе се најдат многу работнички, младинки и интелектуалки меѓу кои Руменка Хаџи Панзова една од главните организаторки се до својата смрт на жените во градот и нивното омасовување во радовите на напредното движење, потоа Веса Дусниева, Вера Мирчева, Илка и Маца Карбева, Нада Бутникошарева, Вера Мирчева, Нада Мицова, Коцка Алчева, Пенка Сучкова, Васа Капчева, Родна Илиева,

---

[1] Ibidem, 48-49

[2] Јордан Леов, Страници од театарското дело. Во: Сто години ... , op.cit. , 151-152

Милка Зарезанкова, Зора Габер, Васа Медарова, Нада Петрова, Фила Крстева, Нонча Камишова, Благојка Џолева, Маца Овчарова, Фила Крстева, Вера Бабунска, Зора Габерова Александра Пејкова и др.[1]

1939 г. во градот постоело и едно женско друштво познато како "Феминистишко движење", во кое припадничките биле вклучени во тогаш формираните читачки групи, познати по многубројните активности, како собирање на потписи за добивање право на глас, испраќани во Белград, потоа собирање на храна, облека која најчесто ја правеле самите со купената волна, претежно од велешките мајки со повеќе деца за да се избегне сомнителноста кај полицијата и обувки за Шпанските доброволци, како и потписи за нивно пуштање од логорите и сл.[2] Дел од нивната задача ќе биде собирање на парични средстава со кои полесно би ги постигнале погореспоменатите цели.

Овие велешанки ќе се обидат да стапат и во соработка со младите активистки од Скопје и други градови, на чија иницијатива и ќе се организираат во многубројни групи, во кои ќе се разработуваат многу илегални партиски материјали, одржуваат предавања и сл. Вакви воспитни групи составено од 5 до 8 членови, биле формирани речиси во сите велешки маала, меѓу кои посебно се истакнувале оние од Прцорек, Влашкото маало, Дворови и Сармаале, меѓутоа и во редовите на Гимназијата.[3] Доста често, велешанките ќе се вбројат и меѓу раководителите на функции како секретар, главен раководител на одредени читачки групи и тн.

Истите овие велешанки ќе се пројават како едни од главните организаторки на многу излети, вечеринки, матинеа, меѓутоа и на прославувањата по повод Осми март. Имено, велешката жена, носејќи ги во себе се уште свежите лузни од војните и делбата на татковината, болката по загубите во семејството и разорениот дом, во столетието на Октомвриската револуција зачекорувајќи како наемна работничка, аргатка и дискриминирана личност, успешно ќе ја започне борбата за полна еманципација водена заедно со

---

[1] Централен комитет на Сојузот на комунистите на Македонија- Велес, Реконструкција на Партиската организација, Фактографски материјал за историјата на бившата Титоввелешка партиска организација во текот на Народната револуција 1919-1944, Скопје 1957

[2] Марија Јовановиќ, Некои форми од активноста ан жените и младинките во Велес во 1941 г. Во Велес и Велешко 1941 г., Материјали од научниот собир "Велес и Велешко во НОВ 1941 г." одржан на 19 и 20 април 1972 г. во Титов Велес, Титов Велес 1973 , 126

[3] Централен комитет на Сојузот на комунистите на Македонија, Реконструкција на Партиската ... , op.cit., 84 - 85

напредното движење во градот.[1] Така Феминистичкото друштво, во 1935 г. во градот, по повод Осми март, организира серија предавања, од кои зачуван е еден реферат под наслов "Улогата на феминизмот во општеството и првите почетоци на феминистичкото движење", денес сопственост на Перо Коробар.[2] Во 1937 г. под организаторство на Руменка Хаџи Панзова, студентка на Филозофскиот факултет во Скопје, ќе биде одржана осмомартовска прослава во близина на манастирот Св.Димитрија, на која присуствувале многу велешанки. За овој настан Благојка Демниева се сеќава: "состанокот се одржа кај Тополка, кај манастирот. Руменка ни прочита реферат за животот на жените во Советскиот Сојуз и ни говореше за борбата на жените за правото на глас, за подобри услови и тн. За првпат се слушна песната за жената "Губи се жалосна прошлост, а ми жене...". Во 1938 и 1939 г. празникот 8 Март беше масовно прославенСе собравме токаш во Монополот каде што имаше на работа многу жени. Бевме весели и среќни.Го прославувавме нашиот празник и го замислувавме денот кога ќе го славиме во слобода со добиени права.".[3] Во прославата се вклучувале и постарите жени за кои биле организирани седенки, како и вечеринки за младите девојки.

Прославувањето на празникот велешанките го одбележувале на места покрај реките Вардар, Тополка и Бабуна, во околните села како Башино Село, во близината на манастирот Св.Димитрија, во месноста Дурутовец, Пешти, но често и во кругот на своите домови. Неизбежни биле претходно подготвените реферати на разни прогресивни теми, рецитации, приредби и сл., како и партиските материјали и гласила од кои, меѓу велешанките, најактуелно било списанието "Жена данас", чиј разнесуван број во градот изнесувал секогаш од 70 до 100 броја.[4]

Најмасовно и незаборавно било прославувањето во 1940 г. кога повеќе од 500 жени, работнички, ученички, студентки, тој неделен ден организирале излет покрај р.Тополка.[5]

Неизбежни било учеството на жената и во првомајските празнувања, кога заедо сите велешки семејства масовно го напуштале градот сместувајќи се во неговата блиска околина, далеку од очите на српските владини третставници и полицијата.

---

[1] В. Весковиќ-Вангели, Осми март ..., op.cit., 27-28
[2] Ibidem, 32-33
[3] А ИНИ, Сеќавања на Нада Бутникошарева
[4] Ibidem
[5] Н. Кирков, Работничкото ... , op.cit. , 61-62

Спомените редовно ги овековечувале, преку заедничките фотографии.

Од досега презентираното може да се види и заклучи улогата на велешанката, која се појавува со многу свои функции, но најнапред како обединител и носител на своето семејство, поднесувајќи многу жртви. Иако се разликуваа меѓусебно, секоја од нив допринесе за одржувањето на реалниот секојдневен живот, внесувајќи извесни промени помеѓу традиционалното и новото. Меѓутоа секогаш остана достојна на своите велешки корени, нешто што ќе го докаже преку масовното активирање во напретното движење раководено од КП, како и во годините на Втората светска војна и НОБ, но во периодот кога нејзината земја се обновуваше и изградуваше како слободна македонска територија.

Нејзиното секојдневие низ сите домашни, општествени и работни обврски, беше вткаено во секојдневниот живот со кој пулсираше градот Велес меѓу двете светски војни.

# ЗАКЛУЧОК

Балканските и Првата светска војна ќе означат еден период кој за Македонија значеше нешто подмолно, неправедно, срамно за нејзината историја, но кое сепак остана запишано и како еден бурен период кога нејзиниот народ постојано и на секој начин ќе се бори за свое обединување, останување во целост и продолжување и одржување на своите корени.

Поделена на три дела, истата во континуираниот тек на меѓувоениот период ќе се докажува како сопственост на Кр. Југославија, Бугарија и Грција.

Тогашните случувања нема да бидат непознати, односно нема да го одминат ниту еден град како Велес, кој во овој временски период како составен дел од Кралството СХС-Југославија, во текот на целото негово егзистирање, засилено ќе ги почувствува процесите на асимилација, денационализација, колонизација итн., односно целокупните последици кои се подразбираа и неминовно следуваа после неговото присоединување. Тоа значеше континуирана и макотрпна борба неполни три децении со српското влијание, кога мораше да биде "српски град" населен со "многубројно српско население".

Новата режимска власт значеше неопходни промени во општествено-политичкиот, економскиот, културно-просветниот, религиозниот, односно во целокупниот семеен секојдневен живот со кој се соочуваше, велешкото, односно целокупното македонско население.

Промените ќе започнат преку засиленото воспоставување на српската власт, која значеше доведување и поставување на многуброен административен апарат во сите домени, воведување закони, црковни ограничувања, воведувани преку нововоспоставениот просрпски ориентиран црковен апарат, разни даночни оптоварувања, бескруполозни малтретирања, затворања, ограбувања, убивања на локалното население итн. Нема да биде занемерувачка улогата, која ја презентира преку културно-просветните институции, отворајќи основни и средни училишта, училишта за возрасни, формирајќи библиотеки и читални, разни музичко спортски друштва. Истата ќе приредува манифестации, организира предавања и екскурзии, т.е. се она што значеше културна пропаганда.

Имено оваа власт ќе се обиде да навлезе и распространи меѓу корените на ова велешко, македонско население, нешто кое означуваше навлегување во целокупното катадневие со кое постојано се судруваше. Сакаше да пронајде начин да се впие во секоја и најмала пора, продре и онаму каде тоа небеше возможно, а тоа можеше да го изведе само преку секојдневниот живот, живот кој значеше опстанок и продолжување на македонското потекло, кое позади себе го носеше претешкиот товар, создаден од вековната историја, тредиција, вера, култура, односно вековното македонско име запишано во границите на една земја како Македонија.

Токму таквото однесување на српската власт, ќе делуваат револтирачки врз велешкото население, кое блегодарение на основите на својата традиција остана непокорен, несовладлив, во што најмногу придонесе велешкото семејство со сите свои обичаи, навики, заедничкиот соживот, процесите и промените во чаршијата која ја сочинуваа припадниците на различните социјални слоеви, односно велешката, македонска крв, која не престана да тече низ вените на вистинскиот Македонец.

Во овој временски период, велешани успешно ќе знаат да го соединат и наклонат кон своите потреби, новото влијание со традиционалното, давајќи му повеќе свој белег, односно колорит. Затоа и во едно време на засилена асимилација, денационализација и колонизација, незаборавни останале велешките маала и старите куќи, велешките занаетчии со своите дуќани со карактеристични кепенци, наредени едни до други, потоа работниците и нивите обиди за остварување на своите грашански и социјални права во рамките на секојдневието во кое егзистираа, богатите трговци и нивните пространи, добро опремени и снабдени дуќани, социјалните меѓусебни и семејни односи, велешката чаршија, сведок на сите случувања, позитивни или негативни, шегите кои и денес се раскажуваат, друштвата во кои се организираа граѓаните, без разлика на националната припадност и социјален статус, штрајкувачките масовни движења, излетите, вечеринките, матинеата, серенадите, велешките чалгии и сл, меѓутоа и нивниот соживот со турското население во градот.

Сето тоа преставуваше секојдневие кое велешани го доживуваа секојдневно, постојано челичејќи се за да можат да допринесат за полесното согледување на неуспехот на српската режимска власт, уште во почетокот на нејзиното воспоставување.

Да се запрашаме што постигна таа? Изгради една млада борбена и добро едуцирана генерација, со право запишана низ страниците на македонската историја. Велес ќе биде град на плејада културни дејци како: Кочо Рацин, Коле Неделковски, М. Војницалија, Б.Сираков, К. Димов - Мал Кире, Ангел Ж. Димов, Боро Мокров, Данчо Зографски, В. Ѓорѓов, Ѓ. Ј. Солев, Н. Солев, Ганчо Х. Панзов, И.Кушев, Љ. Весов, А. Палашев, А. Панов, В. Тимчева и многу други, кои со пишаниот збор, покрај револуционерната дејност ќе го афирмираат Велес како град на културата, музички дејци-Стефан Гајдов, Живко Фирфов, Д. Фирфова и др., развиен спортски живот и тн. Изгради и една засилена семејна традиција која знаеше како да ја почитува, не дозволувајќи да се измени од нечии амбиции, односно се разви се она кое режимот не го посакуваше. Изгради, односно формира велешко семејство, кое знаеше како да ги задржи своите верски, национални и државни празнувања, пренесувајќи ги на своите идни поколеннија. Успеа да создае слика за градот на која многумина кои поминуваа покрај него, му се восхитуваа, емоции денес зачивани во старите велешки песни, едни од најдобрите прикажувачи на минатото.

Меѓутоа сето тоа ќе успее да го постигне со идејата за обединување на Македонија, поттикнувана и охрабрувана од напредното движење чиј најголем организатор, тогаш беше КПЈ и СКОЈ- евската организација. Но и тоа беше дел од секојдневието кое неизбежно се наметнуваше врз ова велешко граѓансто.

Токму заради тоа секојдневие кое побудува воодушевување, неопходно е и истото зачува, запамети и наметне на секое следно поколени за да не се заборави и заштити од глобализацијата која преку широко отворени порти навлегува токму во секојдневието во кое ние, денешните велешани живееме.

Локалната историја е големо богатство и гордост за еден град и неговото население. За да може да се дојде до потполно афирмирана и изградена интелектуална личност, истата треба беспрекорно да се знае, почитува одржува и продолжува, зашто во спротивно може да се загуби дел од својот сопствен идентитет, момент кога престанувате да функционирате како еден Македонец. Срамот е неизбежен за секого, доколку сето ова што го одбележавме со овој магистерски труд, велешани не го имаат врежано во своите мисли. Можеби токму тој ќе биде причина за зголемување на интересот кај читателите, посебно велешките, кои можат да добијат доста солидни познавања за еден значаен временски период, посебно за неговиот секојдневен живот.

# КРАТЕНКИ

АИНИ-Архив на Институтот за национална историја
ВМРО-Внатрешна македонска револуционерна организација
ДАРМ-Државен архив на Република Македонија
ДСС-Друштво Св.Сава
ИНИ-Институт за национална историја
ЈРЗ-Југословенска радикална заедница
КП-Комунистичка партија
КПЈ-Комунистичка партија на Југославија
КПМ-Комунистичка партија на Македонија
КУМНЗ-Комунистички универзитет на националните малцинства на запад
МАНУ-Македонска академија на науките и уметностите
МПЦ-Македонска православна црква
НРМ-Народна Република Македонија
НРПЈ-Независна работничка партија на Југославија
НУБ-Народно универзитетска библиотека
ПО-Подрачно одделение
СКОЈ-Сојуз на комунистичката омладина на Југославија
СПЦ-Српска православна црква
ЦК-Централен комитет

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## ИЗВОРИ

### Необјавени архивски материјали

1. Државен Архив на Република Македонија (ДАРМ), Скопје

Фонд Банска управа на Вардарска бановина, Скопје (1921-1941)
Фонд Вардарска финансиска дирекција (1926-1941)
Фонд Врховно повеAccording to reнство за аграрна реформа, Скопје (?-1941)
Фонд Обласна полициска управа -Титов Велес (1941-1944)
Фонд Скопска Митрополија-Скопје (1919-1941)
Фонд Православен епископ Велешко-дебарски-Битола (1913-1920)
Фонд Филозофски факултет-Скопје (1920-1941)
Фонд Трговско индустриска комора-Скопје (    -1941)
Фонд Занатска комора-Скопје (    -1941)
Фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија-Белград (1919-1941), ксерокскопирана архивска граѓа добиена од С.Р Југославија

Фонд "Свети Сава"

Гонд Здружение на глумците во Кралството Југославија-Секција во Скопје (    - 1941)
Фонд Македонска военоинспекциска област
Фонд Окружни и обласни муфтијства-Велес (1921-1941)
Фонд Вакуфска управа-Велес (1920-1931)

Семејни и лични фондови:

а.Семејни фондови:

Фонд Богданови, трговци- Титов Велес; 1904-1919
Фонд Дебарлиеви, трговци- Титов Велес;1906-1945
Фонд Машови, трговци- Титов Велес; 1848-1912
Фонд Пешеви, трговци- Титов Велес; 1904-1930
Фонд Ризови, трговци- Титов Велес; 1843-1925

б.Лични фондови:

Алексов Ѓорѓи, трговец-Титов Велес 1872-1933
Ковачев Борис, трговец-Титов Велес 1913-1946
Крајничанац Ѓорѓи, трговец-Титов Велес 1890-1922
Кртев Асен, адвокат- Титов Велес 1920-1945
Хаџи Панзова Дара, трговец-Титов Велес 1867-1933

Микрофилмови (м.ф.)
2 042
345
347
348
852

Државен архив на Република Македонија, Подрачно одделение Велес

Фонд Општина Велешка (1918 -1941)
Фонд Министерство за просвета-Белград (1919-1940), ксерокскопии
Фонд Мемоарски материјали (1900-1945 )
Фонд Команда на Велешкиот воен округ (1921-1941)
Фонд Православна црква Св.Пантелејмон( 1884-1941)
Фонд Православна парохија Велешка во Велес (1934-1939)
Фонд Тутунова станица Велес
Фонд Велешко Шарлаганџиско друштво (1929-1933)
Фонд Првостепен суд Велес (1918-1934)
Фонд Градски НОО Велес (1944-1945)

Семејни и лични фондови:

а.Семејни фондови:

Фонд Браќа Галистојанови, трговци со колонијална стока-Титов Велес (1768-1922)
Фонд Поп Ѓорчеви, трговци со колонијални стоки-Титов Велес (1837-1942)
Фонд Јован и Димитар Киркови, трговци со колонијални стоки-Титов Велес (1886-1942)

Фонд Петар Милев-Тодор Здравев, трговци со колонијални стоки, текстил и жито-Титов Велес (1868-1934)
Фонд Браќа Добреви, трговци со мешовите стока-Титов Велес (1868-1912)
Фонд Браќа Каранфилови, трговци со жито, месо, пастрма и алкохолни пијалоци-Титов Велес (1876-1910)
Фонд Браќа Хаџи Мишеви, трговци со мешовита стока-Титов Велес(1883-1937)
Фонд Хаџи Ничеви-Ристо и Јован, трговци со мешовита стока-Титов Велес (1903-1947)
Фонд Ќупев-Танев, трговци со крупна стока и земјоделски производи-Титов Велес (1924-1946)
Фонд Хаџи Петрушеви, трговци-Велес (1880-1918)

б.Лични фондови:

Фонд Лазар Крендев, трговец со колонијална стока и чевли-Титов Велес (1836-1944)
Фонд Тодор Алексов, трговец со мешовита стока-Титов Велес (1865-1922)
Јован Хаџи Панзов, трговец со текстил и мануфактура-Титов Велес (1881-1923)
Фонд Василев Анѓел, трговец со мешовита стока-Титов Велес (1901-1930)
Ецов Анѓел, трговец со колонијални стоки-Титов Велес (1924-1930)
Фонд Милан Ѓорев Војницалиев, трговец-Велес (1904-1938)
Фонд Асен Кртев, трговец-Велес (1929-1935)

Архив на Институтот за национална историја (АИНИ), Скопје

Мемоарски материјали за Велес
Сеќавања на Бане Андреев - Ронката

Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје
Фонд Богдан Сираков

Народен Музеј на град Велес- користени фотографии

# ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ


- ВМРО (обединета), документи и материјали, кн.I, (Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев), Скопје 1991
- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први и втори, "Универзитет Кирил и Методиј" , Скопје 1981
- Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914.Избор, редакција и коментар д-р Глигор Тодоровски, Скопје 1979
- Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, Скопје 1981
- Ćulinović Ferdo, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb 1968
- Ferdo Šišić, Dokumenti o postanku Kraljevine Srba, Nrvata i Slovenaca 1914-1919, Zagreb 1920

# ЛИТЕРАТУРА


- Ѓорѓи Абаџиев, Балканските војни и Македонија, ИНИ, Скопје 1958
- Стефанъ Аврамов, Революционерните борби вь Азоть (Велешко) и Поречието-София, Македонскијать научень институть, п-ца Глушковь, 1929
- Перо Алексовски, Развојот на планинарството во Титов Велес и Јакупица, Општински Планинарски Сојуз Титов Велес, Титов Велес 1986
- Верољуб Андоновски, ВМРО-подем и раскол, Нова Македонија, Скопје 1992
- Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје 1966
- Александар Апостолов, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија, Гласник на ИНИ бр.1, Скопје 1972
- Александар Апостолов, Струи, влијанија, организации и партии во Македонија во периодот на создавањето на Кралството Југославија, Гласник на ИНИ бр. 1-2, Скопје 1962
- Коста Балабанов, Антоние Николовски, Димитар Ќорнаков, Споменици на културата во Македонија, Мисла, Скопје 1980
- Јован Белчовски, Афтокефалноста на МПЦ, Скопје 1972
- Крсте Битоски, Положбата во Вардарска Македонија за време бугарската окупација (1915-1918), Гласник на ИНИ, год. 4, Скопје 1960
- Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија, второ издание, Култура, Скопје 2003
- Буџет бановинских расхода и прихода Вардарске Бановине за 1938-39 г., Краљевско банска управа Вардарске Бановине, Штампарија "Јужна Србија", Скопје 1938
- Вера Есковиќ-Вангели, Досие Брашнаров, Магор, Скопје 2003
- Вара Весковиќ-Вангели, Осми Март и напредното движење на жените во Македонија (1939-1945), Архив на Македонија, Скопје 1985
- Велес низ вековите, Општина велешка, Велес 2003

- Велес и Велешко во НОВ-1941, Општински одбор на Здруженијата на Борците од НОВ-Титов Велес, Титов Велес 1973 г.
- М. Р. Гавриловиќ, Развитак банкарства и привреде у Јужној Србији, Скопје 1931
- Михајло Георгиевски, Културно-просветната и политичката улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, Култура, Скопје 1989
- Страхил Гигов, Сеќавања, НИК "Наша книга", Скопје 1973
- Гласник Скопског научног друштва
- Јосиф Гонев, Неколку документи за „Белиот терор„ во Велес и Велешко во 1924 г., ГИНИ, год.25, бр.2-3, Скопје 1981
- Кокан Грчев, Архитектонските стилови во македонската архитектура од крајот на 19 в. и периодот меѓу двете светски војни,
- Кокан Грчев, Црковното градителство во Македонија 1918-1940, Институт за фолклор "Марко Цепенков", Скопје1998
- Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Македонска книга Скопје 1989
- Коста Дошен, Словенскосербско училиште Св.Георгија у Велесу, Летопис Матице Српске, кн.310, св.1, Нови Сад 1926
- Еден век музички живот., Графичар а.д. Титов Велес 1988
- Јулијана Жабева-Папазова, Историја на македонската пијанистичка уметност 1900-2002, Графопринт, Велес 2004
- Железничарски одбојкарски клуб "Борец", 1956- 1976, Титов Велес 1977 г.
- Зборник на спомени на активистите од југословенското, революционерно, работничко движење, Книга трета, Култура, Скопје 1961
- Тодор Г.Зографски и Димче А.Зографски, КПЈ и ВМРО(обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920- 1930, ИНИ Скопје 1974г.
- Данчо Зографски, Одбрани дела, том I, II и V , Наша книга, Скопје 1986
- Иван Ивановски, Против заборавот, Македонска книга, Скопје 1987

- Доне Илиевски, Афтокефалноста на македонската православна црква, Заедица за издавачка дејност при НИП "Нова Македонија", Скопје 1972
- Доне Илиевски, Смислата на некои отпори против автокефалијата на македонската православна црква, ИНИ, Скопје 1970
- Историја на македонскиот народ , книга трета, ИНИ Скопје 1963 г.
- Историја на македонскиот народ , том 4, ИНИ Скопје 2000
- Марија Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918- 1929), НИО "Студентски збор", Скопје 1983 г.
- Васил Кънчов, Избрани Произведения, том втори, Наука и Искуство, Софија 1970
- Горан Калоѓера, Рацин у Хрватској, Риека 2000
- Иван Катарџиев , Борба до победа 2, Скопје 1983
- Иван Катарџиев, Македонија спроти втората светска војна, Скопје 1999 г.
- Никола Кирков, Одбрани дела I, Скопје 1983 г.
- Никола Кирков, Работничкото движење во Велес, Центар за информирање и издавачка дејност "Полог" Тетово, РО НИП "Нова Македонија", Скопје 1979
- Перо Коробар, Панко Брашнар, Графичар а.д. Титов Велес 1992 г.
- Перо Коробар, Панко Брашнар, Културен Живот, Скопје 2003
- Перо Коробар, Кочо Рацин во моите сеќавања, Скопје 1998 г.
- Драги Костадиновски, Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на српската православна црква (1919-1941), Менора, Скопје 1995
- Коста Костиќ, Наши нови градови на Југу, Српска књижевна задруга, Београд 1922
- Никола Илија Лазаревски, Монографија-мојот живот од раѓањето до вчера, Графо Б & С-Скопје, Скопје 2003
- Јордан Леов, Побратими I и II дел, Наша книга, Скопје 1980

- Литературата во Велес и Велешко меѓу двете светски војни, Културно-просветна заедница на Македонија, Културно-просветна- заедница на Титов Велес, Скопје- Титов Велес 1995 г.
- Ѓорѓи Малковски, Монополот во Велес 1919-1945, СОЗТ "Југотутун" Скопје, РО за обработка на тутун "Нада Бутникошарева" Титов Велес ЦО, Титов Велес 1988 г.
- Ѓорѓи Малковски, Борба за слобода, Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ, Титов Велес, 1989
- Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, ИНИ Скопје 1954
- Зорица Мечкаровска, Мирјана Недева, Никола Ќурчиев, Мимоза Димковска, Во старата велешка одаја, 1-ва книга, Велес 2004
- Тодор Мировски, Стопанството на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, МАНУ, Скопје 1998
- Монографија на Петре Прличко, Магор Скопје 2004
- Лазо Мојсов, Васил Главинов прв пропагатор на социјализмот во Македонија, Главен фонд на народниот фронт на Македонија, Скопје 1949
- Трајко Нечев, Серенади, Графотисок, Скопје 2005 г.
- Часлав М.Никитовиќ, Занатство Јужне Србије , Скопје 1934
- Марула Николовска, Градските куќи од XIX в. во Македонија, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Југореклам, Скопје 2003
- Коста Новаковиќ, Македонија Македонцима! Земља замљорадницима!, Историски архив "Чачански глас", Чачак 1966
- IV Научен Собир, Библиотекарството во Велес и Велешко, Друштво за наука и уметност Титов Велес 1991 г.
- V Научен Собир, Панко Брашнаров-Живот и дело (1883-1951), ИНИ-Скопје, Друштво за наука и уметност-Титов Велес, Титов Велес 1991
- Јеремија М.Павловиќ, Стари живот и обичаи народни у Јужној Србији, Издање књижарнице Рајковиќ и Ћуковиќ, Београд 1926

- Манол Пандевски, Учителското движење во Македонија 1893-1912, Култура, Скопје 1962
- Манол Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија (1908-1912), Култура, Скопје 1965
- Петар Пановски Пецо, Патувања кон белите мугри, Студентски збор, Скопје 1991
- Петар Пановски, Грст пожолтени фотографии, Медис-информатика, Скопје 1994
- Петар Пановски, Никој без искуство не може да знае што било, Друштво за наука и уметност, Велес 1998
- Илинденка Петрушевска, Старите кина во Велес (1909-1944), кинопис, Скопје1992
- Прилози за историјата на физичката култура во Македонија, Комитет за физичката култура на СР Македонија, Скопје 1975, 1976, 1977
- Миодраг Ал. Пураковиќ, Попис цркава у Старој српској држави, Скопје 1938
- Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски и македонската национална свест, НИП Ѓурѓа Скопје 1996
- Миливое М. Савиќ, Занати и Индустрија у присаједињеним областима и занати у старим границама Краљевине Србије, Штампарија Доситеј Обрадовиќ, Београд 1914
- Коста Сидовски, Индустријата на територијата на НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни, Скопје 1961
- Стеван Симиќ, Велешки манастир Св.Димитрија, Стара Србија, 1923
- Стеван Симиќ, Велешка гимназија у школској 1922-1923, Штампарија "Стара Србија", Скопје 1923
- Првош Сланкаменац, Школе у Јужној Србији, Посебен отпечаток од "Летописа Матице Српске", књ.307, св.3
- Ј.Саво Скоко, Други балкански рат, књига I и II, Војноисториски институт, Београд 1968
- Никофор Смилевски, Коледарски велешки песни, Ситомак Велес 2000
- Никифор Смилевски, Оттргнато минато, Македонско радио, Скопје 1994
- Никифор Смилевски, Песната и коренот, Графичар а.д. - Титов Велес, Македонска радио-телевизија, Македонско

радио-Скопје, Друштво за наука и уметност - Титов Велес, Титов Велес 1992 г.

- Кочо Солев Рацин, Сеќавање на современиците, Наша Книга, Скопје 1987
- Деса Спасовска, Историското значење на куќата на Шоптрајанови во Велес, ИНИ Скопје 2003
- Александар Спасов, Кочо Рацин, Матица Македонска, Скопје 1992
- Споменица двадесетпетгодишњице ослобоћења Јужне Србије 1912-1937, Јужна Србија, Скопје 1937
- Српска Православна Црква,1920-1970 г., Споменица о 50-годишњици воспоставља̀ња српске патријаршије; Светог архиерејског синода СПЦ, Београд 1971 г.
- Ристо Стефановски, Славимир Маринковиќ, Народен театар "Јордан Хаџи Константинов-Џинот", Велес 1999 г.
- Сто години Гимназија Кочо Рацин, Општински одбор на ССРНМ, Титов Велес 1961
- Сто дваесет години Гимназија Кочо Рацин, Велес 1980
- Петар Стојанов, Македонија во периодот на Првата светска војна, Завод за Културно-просветен и наставен филм на СРМ, Скопје 1969
- Петар Стојанов, Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912-1913, ИНИ, Скопје 1979
- Tito.Gradovi, ŠIP "Srbija", Beograd 1977
- Васил Тоциновски, Поет изгнаник, Култура, Скопје 1990 Г.
- Васил Тоциновски, Гемиџиските пораки, Друштви за наука и уметност, Велес 2004 г.
- Васил Тоциновски, Моќ на поетската реч, Скопје 1980 г.
- Васил Тоциновски, Светлина и текови, Наша книга, Скопје 1987 г.
- Васил Тоциновски, Коле Неделковски, Матица Македонска, Скопје 1997 г.
- Васил Тоциновски, Низ книжевниот континуитет, Македонска книга, Скопје 1996 г.
- Васил Тоциновски, Тајни и трајни пораки, Дирекција за култура и уметност, Скопје 2003 г.
- Глигор Тодоровски, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни 1913/14, Гласник на ИНИ бр.1, Скопје 1966

- Глигор Тодоровски, Административно територијалната поделба и пописите на населението во Вардарскиот дел на Македонија по балканските војни до крајот на Првата светска војна, "Прилози"-МАНУ, Скопје 1987, 18/1-2
- Јов. Ф.Трифуновски, Македонска градска насеља, Штампарија Давидовиќ, Белград 1947
- Глигор Тодоровски, Македонија по распарчувањето 1912/13-15, Матица Македонска, Скопје 1995
- Александар Трајановски, Непознатиот Рацин; новопронајдените Рацинови картички, Мисла, Скопје 2000
- Миленко С.Филиповиќ, Етнолошке белешке из северних велешких села, Прештампано из „Гласник етнографског музеја у Београду„- књига 7, Београд 1932
- Стојан Христов, Православни светилишта во Титовелешкиот крај, Просвета Куманово, Титов Велес 1987 г.
- Ристо Христов, Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1918-1941), УНИЈА, Скопје 1994
- Ристо Христов, Трудбеничките општествени слоеви во Македонија (1918-1941), Унија, Скопје 1994
- Ристо Христов, Градското стопанство во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни низ архивски извори, Историја, год.88-89/XXIV-XXV, бр.1-4, Скопје 1991
- Ристо Христов, Селото во вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни, Мисла, Скопје 1993
- Надежда Цветковска, Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935-1941), Скопје 1996
- Христо Чочков, Град Велес, Печатница Петъръ Глушковъ, София 1929
- Боривоје Цимревски, Чалгиската традиција во Македонија, Македонска книга, Скопје 1985
- Тодор Шоптрајанов, Сто години гимназијално образование во Велес, Култура, Скопје 1960 г.
- Ханс Лотар Штепан, Македонскиот јазол, АЗ-БУКИ, Скопје 2004

## СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ

- Сп."Велес"
- Сп."Јужна Србија"
- Сп."Јадранска стража"
- В."Вардарски глас"
- В."Социјалистичка зора"
- В."Јужни преглед"

## СЕЌАВАЊА - СВЕДОЧЕЊА НА СОВРЕМЕНИЦИ

Славко Николов
Јордан Мецанов
Ружица Арсова Нацева
Благојка Дртлиева Јованова
Никола Танев
Благојка Танева Јованова
Јован Босотов
Галаба Солева
Игно Тасков
Благој Христов
Никифор Смилевски
Митко Апостолов
Рада Лазарова
Ристо Ристов
Благој Маџаров
Андреа Панов
Љупчо Солев
Нијазим Мустафовски
Ќемал Салиев